Врз основа на член 6 од Законот за земјоделство и рурален развој (“Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 21 декември 2014 година, ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА

## ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

## ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2020 ГОДИНА

Скопје, декември 2014

# СОДРЖИНА

**АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ 7**

**ВОВЕД 9**

**ДЕЛ I. ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ И ПОЛИТИКИТЕ НА ДРЖАВНА ПОДДРШКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 13**

**1.1 Природни карактеристики и состојби во руралните средини во Република Македонија 13**

1.1.1 Географски, почвени и климатски услови ... 13

1.1.2 Структура на земјоделското земјиште како предуслов за развој и конкурентност на секторот ... 15

1.1.3 Демографска и образовна структура на руралното население ... 17

1.1.4 Пристап до услуги за руралното население ... 18

1.1.5 Техничка и социјална инфраструктура во руралните средини ... 19

1.1.6 Структура и карактеристики на руралната економија ... 21

**1.2 Економски развој и конкурентност на земјоделско-прехрамбениот сектор 22**

1.2.1 Генерални состојби во македонската економија ... 22

1.2.2 Економски развојни состојби во земјоделството ... 24

1.2.3 Подсекторска производна структура во земјоделството ... 27

1.2.4 Економски развојни состојби во преработувачката индустрија ... 30

1.2.5 Рибарство и аквакултура ... 32

**1.3 Земјоделството, биодиверзитетот и животната средина 34**

1.3.1 Агро-биодиверзитет ... 34

1.3.2 Земјоделството и животната средина ... 35

**1.4 Шумарство и ловство 37**

1.4.1 Состојби во шумарството ... 37

1.4.2 Политики во шумарството и ловството ... 38

**1.5 Водостопанство 39**

1.5.1 Состојби во водостопанството ... 39

1.5.2 Политики и досегашни реформи во секторот за наводнување ... 41

**1.6 Влијанието на климатските промени на земјоделството и руралните средини 41**

**1.7 Образование и трансфер на знаење 44**

1.7.1 Структура и поставеност на образовниот и истражувачки систем ... 44

1.7.2 Трансфер на знаење ... 48

**1.8. Политики за развој на земјоделството и руралните средини во периодот на спроведување на НСЗРР 2007-2013 година со проценка на влијание 49**

1.8.1 Преглед на политиките во земјоделство и руралниот развој како дел од реализација на НСЗРР 2007-2013 ... 49

1.8.2 Влијание на земјоделска политика на развојот на земјоделскиот сектор, подсекторите и економичноста на земјоделските стопанства ... 56

**1.9 Главни слабости кои го попречуваат развојот на земјоделскиот сектор и руралните средини и предизвици во следниот програмски период – SWOT Анализа 62**

**ДЕЛ II. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ, ПОЛИТИКИ И МЕРКИ ЗА ПЕРИОДОТ 2014–2020 ГОДИНА 68**

**2.1 Стратешка цел за развој на земјоделството и руралните средини 68**

**2.2 Прилагодување на националната земјоделска политика кон Заедничката земјоделска политика на ЕУ 79**

**2.3 Преглед на визијата на развојот на земјоделските подсектори во периодот 2014-2020 година 82**

Растително производство ... 82

2.2.1 Градинарско производство ... 82

2.2.2 Лозарство и винарство ... 84

2.2.3 Производство на тутун и останати индустриски култури ... 86

2.2.4 Овоштарство ... 88

2.2.5 Жито и производство на добиточна храна ... 89

Сточарско производство ... 91

2.2.6 Овчарство и козарство ... 94

2.2.7 Говедарство и производство на млеко ... 94

2.2.8 Свињарство ... 97

2.2.9 Живинарство ... 98

2.2.10 Пчеларство ... 101

**2.4 Специфични цели за развојот на земјоделството и руралните средини со политики и мерки 103**

1 Реструктурирање и модернизација на земјоделско - прехранбениот сектор ... 103

1.1 Модернизација и конверзија на постоечките земјоделско-прехранбени бизниси 106

1.2. Започнување на нови земјоделски бизниси и преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија ... 121

1.3 Консолидација, окрупнување на земјиштето и подобрување на мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште ... 127

1.4 Хоризонтална интеграција на субјектите во земјоделско-прехранбениот сектор 132

1.5 Уредување на правниот статус на земјоделските стопанства ... 135

2 Уредување на пазарите, организација на прехранбениот синџир и подобрување на квалитетот на земјоделските производи ... 136

2.1 Модернизација на физичката постбербена и маркетинг инфраструктура ... 139

2.2 Вертикална интеграција и подобрување на пазарните односи ... 140

2.3 Спроведување на минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи ... 146

2.4 Уредување и интервенции на пазарите со земјоделски производи ... 151

2.5 Воведување на повисоки стандарди за квалитет и заштита на квалитетот на земјоделските производи ... 156
2.6 Промоција на македонските земјоделско-прехранбени производи ... 159
3 Подобрување на условите за живот и одвивање на економските активности во руралните средини ... 163
3.1 Обезбедена одржливост на економските активности во руралните средини 165
3.2 Реновирање и изградба на руралната инфраструктура ... 173
3.3 Подобрена социјална сигурност на руралното население ... 177
3.4 Подобрување на положбата и улогата на руралната жена ... 178
3.5 Заживување на депопулационите рурални подрачја ... 180
4 Континуиран пристап до знаењето и инвестирање во човечкиот капитал во земјоделството ... 182
4.1 Воспоставување на ефикасен советодавен систем во земјоделството ... 183
4.2 Континуирано образование за земјоделците – задолжителни обуки и демонстративно-показни стопанства ... 188
4.3 Истражување во земјоделството во приоритетни области ... 190
5 Комплетирање на функционалноста на системот за безбедност на храната ... 192
5.1 Безбедност на храната ... 194
5.2 Безбедност на храната за животни ... 198
5.3 Нуспроизводи од животинско потекло ... 199
5.4 Здравствена заштита на животните од аспект на безбедност на храната – зоонози 200
5.5 Благосостојба на животните ... 201
5.6 Ветеринарно-медицински препарати ... 201
5.7 Безбедноста на храната во делот на примарното растително земјоделско производство ... 202
5.8 Заштитата на потрошувачите ... 203
6 Одржливо управување со природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени ... 204
**6.1 Зачувување и унапредување на шумскиот фонд** ... 206
**6.2 Зголемување на аквакултурното производство и одржливо рибарење** 211
6.3 Поширока примена на агроеколошкиот пристап во македонското земјоделско производство ... 216
6.4 Биодиверзитет - заштита на автохтоните раси и сорти ... 224
6.5 Ефикасно справување со отпадот од земјоделството, производство и употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството ... 226
6.6 Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени ... 229
**ДЕЛ III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2020 233**
**3.1 Правно уредување на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020 233**
**3.2 Процес на оперативно планирање на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020 234**
**3.3 Финансирање на НСЗРР 2014-2020 236**
**3.4 Обезбедување на соодветен институционален капацитет за спроведување на целите и политиките на НСЗРР 2014-2020 239**
3.4.1 Доуредување на надлежностите за политиките во земјоделско-прехрамбениот сектор 239
3.4.2 Земјоделски информативен систем и Интегрираниот систем за администрација и контрола ... 240

3.4.3 Зајакнување на институционалниот капацитет на релевантните институции ..... 246
**3.5 Следење на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020 248**
**3.6 Оперативен план за спроведување на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 249**
**ПРИЛОЗИ 306**

# АКРОНИМИ И КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АПРЗ | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| АСИПИ | Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија |
| Агенција за СИПИ | Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија |
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ВРМ | Влада на Република Македонија |
| ГИС | Географски информативен систем |
| ГМО | Генетски модифицирани организми |
| ДЗП | Добра земјоделска пракса |
| ДИЗ | Државниот инспекторат за земјоделство |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДЗПиЗЖС | Добра земјоделска пракса и заштита на животната средина |
| ЕУ, ЕУ-15, ЕУ-25, ЕУ-27, ЕУ-28 | Европска унија со - X број на земји членки по проширувањето во (2004 год.: ЕУ-25, во 2007 год.: ЕУ-27 и во 2013 год.: ЕУ-28) |
| ЕУРОСТАТ | Статистика на Европска унија |
| ЕК | Европска Комисија |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| Закон за ЗЗ | Закон за земјоделско земјиште |
| Закон за ЗРР | Закон за земјоделство и рурален развој |
| ЗИС | Земјоделски информативен систем |
| ЗПИС | Земјоделски пазарен информативен систем |
| ЗЗП | Заедничка земјоделска политика (на ЕУ) |
| ЗЗРР | Закон за земјоделство и рурален развој |
| ИФАД | Меѓународен фонд за развој на земјоделството (на ОН) |
| ИСАК | Интегриран систем за администрација и контрола (Integrated Admistration and Control System IACS) |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош (Instrument for pre-accession на ЕУ) |
| ИПАРД | Инструментот за претпристапна помош за рурален развој |
| ИБРД | Меѓународна банка за реконструкција и развој |
| ИКТ | Информациска и комуникациска технологија |
| ФАДН | Мрежа на сметководствени податоци од фарма FADN (Farm Accountancy Data Network) |
| ФАО | Организација за храна и земјоделство на Обединетите Нации |
| ха | хектари (10.000 квадратни метри) |
| HACCP | Анализа на опасноста и критични контролни точки |
| хл | хектолитри (100 литри) |
| кг | килограм |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |

| | |
|---|---|
| МРФ | Македонска риболовна федерација |
| МБПР | Македонска банка за поддршка на развојот |
| $м^2$ | квадратни метри |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МФ | Министерство за финансии |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МСП | мали и средни претпријатија |
| НСЗРР | Национална стратегија за земјоделство и рурален развој |
| УКИМ | Универзитет „Св Кирил и Методиј“ - Скопје |
| УХМР | Управа за хидрометеоролошки работи |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| PGI | Заштитена географска индикација |
| PDO | Заштитено именување на потеклото |
| Програма за ФПЗ | Програма за финансиска поддршка во земјоделството |
| Програма за ФПРР | Програма за финансиска поддршка во руралниот развој |
| ППГ | Постојани подсекторски групи |
| РМ | Република Македонија |
| РР | Рурален развој |
| СЕУРОП | Европски систем за класификација на трупови |
| SWOT | Анализа на јаки страни, слаби страни, можности и закани |
| СБ | Светска банка |
| СТО | Светска трговска организација |
| СИЗП | Систем за идентификација на земјишни парцели (LPIS на англиски) |
| СКЗЗ | Секторот за консолидација на земјоделско земјиште (при МЗШВ) |
| ССО | Систем на стручно образование и обука |
| СО | Стручно оспособување |
| Сл. весник на РМ | Службен весник на Република Македонија |
| ТУ со ИПАРД | Тело за управување со ИПАРД (при МЗШВ) |
| т | тони |
| ЦЕФТА 2006 | Договор за слободна трговија за централно-европските земји CEFTA 2006 |
| СМО | Заедничко организирање на пазарите во ЕУ (Common Market Organization) |
| СДЦ | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| “ | содржината иста како во претходното поле (во Оперативниот план) |
| / | нема фискални имликации, или нема дополнителни фискални импликации (во Оперативниот план) |
| UNFCCC | Рамковна конвенција на Обединетите Нации за климатски промени (United Nations Framework Convention on Climate Change) |

Применет курс на денарот во однос на еврото 1 € = 61.5 денари

# ВОВЕД

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година е главен долгорочен стратешки документ во областа на земјоделството и руралниот развој на кој се базира поставувањето и спроведувањето на целите, политиките и мерките за развој на земјоделството и руралните средини во Република Македонија.

Стратегијата за претстојниот период 2014-2020 година е втор стратешки документ од овој тип после **Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2007-2013 година, документ кој преставуваше основа за повторно воведување на сериозни и организирани политики во земјоделството и руралниот развој** после нивното целосно укинување во средината на деведесетите.

Стратегијата од 2007 година овозможи донесување на неопходната правна рамка во сите области на земјоделството и безбедноста на храната и воспоставување на потребните институционалните услови за спроведување на политиките преку зајакнување на постојните институции, но и формирање на целосно нови. Така во периодот од 2007-2013 година беа основани Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за храна и ветеринарство и воспоставени потребните информациони системи, како и систем од регистри и бази на податоци за спроведување на политиките на поддршка и безбедност на храната. Со донесување на основниот системски Закон за земјоделство и рурален развој од 2007 година, на целокупниот сет на акти од областа на безбедност на храната, како и прилагодувањето на останатите законски акти, македонската политика во земјоделството поприма значителни елементи на соодветната Заедничката земјоделска политика (во понатамошниот текст ЗЗП) на Европската унија (во понатамошниот текст ЕУ). Согласно член 6 од овој закон, Национална стратегија за земјоделство и руралниот развој се донесува заради долгорочно планирање на националната земјоделска политика во насока на остварувањето на законски дефинираните секторски развојни цели.

Стратешката одлука за повторното воведување на сеопфатни земјоделски политики сепак беше реално овозможена со одлуката на Владата на Република Македонија за позиционирање на земјоделството како еден од приоритетите на владините економски политики и секако алоцирањето на значително повисоки средства наменети за овие политики со континуирано зголемувачки износ на годишна основа. Позитивниот нагорен тренд на издвојувања во земјоделството и руралниот развој продолжува и во периодот после 2009 година, и покрај негативното влијание на глобалната економска криза.

Посветениот пристап кон земјоделството и руралните средини во претходниот стратешки период резултираше со прекинување или ублажување на негативните тенденции на намалување на физичкиот обем на производство како последица на непостоењето на одржлива земјоделска политика пред 2007 година, и постепено придвижување кон позитивни трендови на пораст, поизразени кај подсекторите со компаративни предности. Во овој период со зголемување на поддршката и инвестирањето од страна на државата, македонскиот земјоделски сектор покажува позитивни перформанси на просечната стапка на раст на земјоделскиот БДП од 3,2%,

зголемено вработувањето во секторот и продуктивноста на трудот и континуиран годишен пораст на извозот кој достигна половина милијарда евра годишно.

Во вакви услови новата **Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 го одразува континуитетот на интересот на македонската држава за развојот на земјоделството и руралните средини**, сега преку понатамошно унапредување на веќе постоечките политики и зголемување на нивната ефикасност. **Крајната цел останува понатамошно подобрување на конкурентноста** на земјоделскиот сектор на отворениот и променлив пазар и одржување на развојот на руралните средини преку оптимално користење на ангажираните природни ресурси.

После поставувањето на поволни услови за функционирање на деловните субјекти во секторот преку обезбедената финансиска поддршка, бенефицираните социјални, даночни и кредитни политики, **целосното искористување на развојниот потенцијал на земјоделскиот сектор, зголемување на конкурентноста и во голема мерка самиот развој на руралните средини во периодот кој предстои, зависи од промената и подобрувањето на крајно неповолната структура на земјоделското производство**. Справувањето со структурните проблеми ќе биде насочено кон активно третирање на главната причина за ваквите состојби - малите и фрагментирани земјишни парцели, потоа недоволната техничко-технолошка опременост која е резултат на долгиот период на дезинвестирање, несоодветната сортна и расна производна структура и лошата старосна и полова структура на руралното население. Еден од приоритети во следниот период ќе биде и подобрување на хоризонталната интеграција на чинителите во секторот на пазарна основа и зајакнување на вертикалните договорни врски.

Во насока на модернизацијата на секторот и подобрување на условите за живот и работење во руралните средини е предвидено значително **зголемување на средствата за кофинансирање на приватните инвестиции во земјоделските стопанства и преработувачки капацитети, и особено оние кои ќе бидат инвестирани во руралната инфраструктура и наводнувањето**. Нивното учество во вкупниот износ на издвоени средства за државна поддршка ќе изнесува најмалку 35%.

Целосното ефектуирање на вложените државни средства во земјоделството и успешноста на трансформацијата на субјектите во секторот во пазарно-ориентирани чинители со конкурентни производи, директно е условено од **подобрување на пристапот на земјоделците до знаењето и иновациите**. Во оваа област се планира воспоставување на нови системи за обезбедување на квалитетни совети за земјоделците и систем на континуирано неформално образование.

**Заокружувањето на функционалноста на системот на безбедност на храна и одржливото управување со природните ресурси со особен акцент на примена на агроеколошкиот пристап** се исто така едни од важните приоритети опфатени со стратегијата.

Покрај наведените стратешки и специфични цели во шесте области на интервенција споменти погоре, во Националната стратегија се претставени и состојбите во земјоделството, преработувачката индустрија и руралните средини со идентификуваните проблемите, како и политиките и мерките вклучени во Оперативниот план кои ќе бидат спроведени заради нивно надминување.

Заедничкиот европски модел на политики во земјоделството транспониран преку обврските превземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, е неизоставен хоризонтален принцип и цел во програмирањето на македонските земјоделски политики и во следниот период. Дополнително, при креирањето на политиките и мерките во предвид се земени се поизразените климатски промени и напорите за намалување на нивното негативно влијание врз земјоделското производство.

Согласно закон, спроведувањето на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој, односно нејзиниот оперативен план се реализира преку петгодишната Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој, Програмата за претпристапните средства од петтата компонента за земјоделство и рурален развој - ИПАРД и годишни програми за финансиска поддршка во земјоделството и за финансиска поддршка на руралниот развој. Структурата на спроведување на националната стратегија е презентирана на Слика 1.

Слика 1. Преглед на структурата на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година




Политиките за развој на земјоделството и руралните средини вклучени во стратегијата се базирани на консезус постигнат помеѓу институциите, пред се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст МЗШВ) односно Владата на Република Македонија од една страна, и интересните групи - руралното население, земјоделците и нивните здруженија, преработувачите на земјоделски производи и стручната јавност, кои беа активно вклучени во процесот на неговото подготвување.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 е усогласена со останатите стратешки и плански документи во областите на земјоделството, рибарството и безбедноста на храната и шумарство. Последните две области се подетално уредени со засебни стратешки документи, додека со Националната стратегија е обезбедена меѓусебна усогласеност на целите, политиките и мерките.

Подготовката на стратегијата беше поддржана од страна на Агенцијата за храна на Обединетите нации (ФАО) преку Програмата за техничка соработка[1] за што министерството изразува особена благодарност.

[1] Проект TCP/MCD/3403 - Support to the Development of National Strategy for Agricultural and Rural Development (NSARD) 2014-2020

# ДЕЛ I. ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ И ПОЛИТИКИТЕ НА ДРЖАВНА ПОДДРШКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Дел I од стратегијата е претставен прегледот на општите развојни трендови на економијата, демографијата и вработеноста во Република Македонија, состојбите во земјоделскиот сектор, преработувачката индустрија, рибарството и шумарството, како и осврт на руралната економија и животната средина. Прегледот се заснова на развојни трендови и показатели при што се користат официјални статистички податоци од Државниот завод за статистика и податоци од регистрите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во делот I е вклучен и прегледот на политики за развој на земјоделството и руралните средини во изминатиот стратешки периодот 2007-2013 година со проценка на влијание, како и преглед на главните слабости кои го попречуваат развојот на земјоделскиот сектор и руралните средини (SWOT Анализа) со предизвиците во следниот програмски период.

## 1.1 Природни карактеристики и состојби во руралните средини во Република Македонија

### 1.1.1 Географски, почвени и климатски услови

Територијата на Република Македонија географски се наоѓа во југоисточна Европа на Балканскиот полуостров со географска положба помеѓу 40°51’ и 42°22’ северна географска широчина, и 20° 27’ и 23° 02’ источна географска должина. Македонија е континентална земја со три големи природни езера: Охридското, Преспанското и Дојранското езеро. Површината на територијата изнесува 25.713 км2 од кои 857 км2 се водена површина.

Територијата на земјата е претежно планинаска (79% од вкупната територија), а останатиот дел се низини (19%) и природните езера (2%). Околу половина од вкупната територија е земјоделско земјиште, а околу 44% се земјиште под шуми.

Водните тела во Македонија ги сочинуваат трите природни езера, 15 вештачки езера, 25 глечерски езера и речни извори. Во земјата има 4.410 извори на вода од кои околу 1.100 се поголеми извори. Реките во Република Македонија припаѓаат на три речни сливови: Егејски, Јадрански и Црноморски при што Егејскиот слив е најголем (опфаќа 87% од територијата на земјата односно површина од 22.075 км2). Реката Вардар е најголемата река во овој слив. Долината на реката Вардар игра важна улога во економијата и комуникациски систем на земјата. Низ долината на реката Вардар се протега главниот транспортен коридор од Западна и Централна Европа до Јужна Европа и на Егејското Море.

Табела 1: Територија на Република Македонија

| | ха (000) | **% од вкупна територија** |
|---|---|---|
| 1. Вкупно земјиште | 2.461 | 98,0 |
| 1.1 Земјоделско земјиште | 1.261 | 50,1 |
| 1.2 Шумско земјиште | 1.092 | 44,3 |
| 1.3 Останато | 108 | 4,4 |
| 2. Водни текови вклучително и езерата | 56 | 2,0 |
| **Вкупна територија** | **2.517** | **100,0** |

Извор: ДЗС, 2013

Слика 2. Употреба на земјоделското земјиште на ортофото карта на Република Македонија




Извор: СИЗП дигитализација на физички блокови по употреба на земјоделско земјиште на податоци од авионско снимање од 2009 година

Според релјефните карактеристики, вкупната територија има ридско-планинската структура со најголема процентуална застапеност на површините во висинска зона од 200 до 2000 метри надморска височина (44% од 500-1000; Табела 2).

Табела 2: Површини по висински зони

| Висинска зона | Површина во км2 | % |
|---|---|---|
| До 200 м | 744,10 | 2,89 |
| 200 – 500 | 5.769,10 | 22,44 |
| 500 – 1000 | 11.317,32 | 44,01 |
| 1000 - 1500 | 5.741,68 | 22,33 |
| 1500 - 2000 | 1.786,54 | 6,95 |
| Над 2000 | 354,26 | 1,38 |

Извор: ДЗС, 2013

Според варијететот на почвените карактеристики, Македонија претставува природен музеј на речиси сите почви кои се наоѓаат во Европа. Планините се составени од неваровнички карпи, вклучувајќи кварцит и различни силикатни карпи, како и варовнички карпи во вид на чист варовник, мермер и доломити. Басените се составени од лесни седименти и мала количина на млади вулкански карпи. Ридските терени покрај водените басени се составени од морски и езерски седименти. Косиот терен се состои на колувијални и флувиоглацијални депозити.

Како резултат на географска положба и топографија, климата во Република Македонија спаѓа во три различни групи: медитеранска, планинска и континентална. Генерално во Република Македонија доминира континенталната клима која се карактеризира со релативно студени и влажни зими и топли и суви лета. Врнежите се нередовни и во мали количина низ целата земја, односно во просек годишните врнежи изнесуваат 733 мм. Средната годишна количина на врнежи во планините е околу 1.000-1.500 mm, а во котлините 600-700 мм. Најниски просечни количини на врнежи има во Овчеполието - до 490 мм. Овие услови често резултираат со недоволно количество на врнежи што во комбинација со доцните пролетни мразови и удари од град се ограничувачки фактор за интензивно земјоделското производство на отворено во овој регион. Медитеранска клима е карактеристична во јужните делови на земјата (гевгелиско-валандовската котлина, Дојран и Струмичко-радовишка клисура), а по течението на Вардар достига и до Скопје. Оваа клима се карактеризира со долги и суви лета и благи и врнежливи зими. Просечните годишни врнежи од дожд во области со медитеранска клима се прилично ниски односно помалку од 500 mm. Планинската клима е карактеристична за пределите над шумскиот појас и температурите се намалуваат со зголемување на надморската висина. Оваа клима е карактеристична за планинските масиви.

### 1.1.2 Структура на земјоделското земјиште како предуслов за развој и конкурентност на секторот

Според последните статистички податоци (2013), 1.261 илјади ха или околу 50% од вкупната површината на територијата на Република Македонија е категоризирана како земјоделско земјиште. Околу две третини од земјоделското земјиште е во категорија на пасишта, а остатокот е обработено земјоделско земјиште. Ораниците и бавчите завземаат најголем дел од обработливите површини во 2013 година (81%), додека, овоштарниците и лозјата учествуваат со околу 7%. Житните култури се одгледуваат на околу 40% од површините под ораници.

Табела 3: Земјоделско земјиште (во 000 ха), 2007-2013

| **Површина** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Земјоделско земјиште, од кое** | **1.077** | **1.064** | **1.014** | **1.121** | **1.120** | **1.268** | **1.261** |
| 1.1 Обработливо земјиште, од кое | 526 | 521 | 513 | 509 | 511 | 510 | 509 |
| 1.1.2 Ораници и бавчи | 431 | 424 | 420 | 415 | 415 | 414 | 413 |
| 1.1.3 Овоштарници | 13 | 14 | 14 | 14 | 14 | 15 | 15 |
| 1.1.4 Лозови насади | 23 | 22 | 21 | 21 | 21 | 21 | 22 |
| 1.1.5 Ливади | 59 | 61 | 58 | 59 | 61 | 60 | 59 |
| **1.2. Пасишта** | **550** | **542** | **500** | **611** | **608** | **757** | **751** |
| **2. Рибници и рибишта** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |

Извор: ДЗС, 2014

Околу една третина од обработливо земјоделско земјиште (173 илјади ха) е под системи за наводнување и околу 80 илјади ха под системи за одводнување.

Земјоделските стопанства располагаат со вкупна површина од 369.270 ха на земјоделско земјиште. Вкупната искористена земјоделска површина од земјоделски стопанства е 315.863 ха.

Просечната големина на обработливо земјиште по земјоделско стопанство во 2012 е 1,85 ха земјоделско земјиште. Во однос на податоците од 2007 година се забележува зголемување на просечната големина на земјоделско стопанство (во 2007 индикаторот изнесувал 1,37 ха по земјоделско стопанство) (ДЗС, 2007). Сепак над 58% од земјоделските домаќинства се во категоријата на земјоделски стопанства кои обработуваат помалку од 1 ха земјоделска површина, а околу 20% се во категоријата на земјоделски стопанства со 1-2 ха наспроти европскиот просек од 50 ха. Според системот за идентификација на земјишните парцели (СИЗП) при МЗШВ, најголем број на парцели се со големина под 0,2 ха.

Графикон 1: Структура на земјоделските стопанства според површината која што ја обработуваат.




Извор: ДЗС, 2013

Дополнително, земјиштето е поделено на поголем број на парцели, вообичаено 5 по стопанство, додека добар дел имаат помеѓу 7-10 парцели[2].

Индивидуалните земјоделски стопанства користат над 80% од обработливото земјиште, а останатитиот дел од земјиштето е во државна сопственост (МЗШВ, 2012).

Малите земјоделски стопанства и фрагментацијата на земјоделското земјиште се најголемите проблеми за македонското земјоделство, што резултира со неефикасна употреба на земјоделското земјиште. Необработеното напуштено земјиште е исто така сериозен проблем за понатамошен развој на секторот.

### 1.1.3 Демографска и образовна структура на руралното население

Според последниот попис на населението во Република Македонија во 2002 година популацијата брои вкупно 2.022.547 жители, со релативно мала просечна густина на насление од 80 жители/км2 во споредба со 115 жители на км2 во ЕУ.

Најголема концентрација на населението е во урбаните центри, со 23,1% во Скопје-главниот град, 5% во Куманово, 4% во Битола, 3,5% во Тетово, 3% во Велес, а 24% во други помали градови (кои се до 15.000 жители). Најгусто населен е Скопскиот регион со 336,7 жители на км$^2$; а Вардарскиот регион (38 жители/км$^2$) е најмалку населен регион со само 7,4% од вкупното население.

Територијалната дистрибуција на населението во Република Македонија покажува дека околу 44% од вкупното население живее во рурални подрачја. Од вкупно 1.767 населени места во државата, во 1.746 населени места живеат помалку од 10.000 жители. Голем дел од селата или се целосно напуштени (151 населени место нема регистрирана популација според пописот 2002) а 633 населени места имаат изразено мал број на жители односно под 100 жители.

[2] Според анкета на подрачни единици на МЗШВ.

Според последните проценки на населението во 2013 година, бројот на населението се зголеми на 2.064.032. Сепак, зголемувањето на населението во 2013 во споредба со 2002 година е најкарактеристично за Скопскиот регион т.е. 80% од вкупниот пораст на населението. Согледувањата на ниво на руралните општини, укажуваат дека скоро сите рурални општини имаат пад на бројот на населението.

Просечната возраст на населението во Македонија е приближно 40 години, а речиси 61% од населението е на работоспособна возраст (меѓу 15 и 64). Според половата структура на населението 68,8% од мажите се меѓу 15-64 години и 67,7% од жените се помеѓу 15-64 години.

Во последните триесет години, земјата се соочува со сериозен синдром на стареење на населението. Од 1981 до 2013 година, бројот на млади луѓе (0-19 години) се намали од 41% до 23,9% во вкупното население, додека населението на возраст од 65 години и над се зголеми од 8% до 12%.

Според пописот од 2002 година, во Македонија околу 96% од вкупното население со старост од над 10 години е писмено. Поголем дел од неписменото население е од женскиот пол 5,5%, додека неписмени мажи се 1,7%. Бројот на лица без образование во 2002 година изнесувал 67.358 односно 4,2%, а со некомплетно основно образование 219.507 односно 13,8%. Најголем дел од неписменото население се наоѓа токму во руралните средини, кои се најпогодени и од највисок степен на сиромаштија (48%), споредено со останатите урбани средини (40%) и градот Скопје, кој има најмала стапка на сиромаштија (12%) (ДЗС, 2012).

Образовниот систем секако игра важна улога во намалувањето на нееднаквостите меѓу урбаните и руралните средини. Ниската стапка на образование во руралните области се должи на: иселување на младо и работоспособно население, недостаток или мал број на образовни институции, изолирање на неразвиените села и сл.". Образовниот проблем е очигледен и меѓу невработените, бидејќи во 2010 година 10,97% од нив имаат високо или универзитетско образование; мнозинството (53,8%) имаат средно образование, а останатите 35,2% не поседуваат квалификации.

Околу 18% од младата популација (на возраст 15-25 години) е невработена и учествува со 19% во бројот на невработените. Во државата, покрај развиен систем на формално средно и универзитетско образование, постои недостаток од дополнително (неформално) образование и обука особено во насока на преквалификување на работна сила и доквалификација.

### 1.1.4 Пристап до услуги за руралното население

Пристапот до услуги (банкарски, поштенски, транспортни, здравствени, образовни, културни, телекомуникациски итн.) е ограничен за населението во руралните средини. Иако во последниов период направени се низа напори за подобрување на пристапот до услуги во руралните средини, сеуште значителен дел од населението во селата се соочува со ограничен или нема пристап до овие услуги. Растојанието помеѓу селата и градовите особено негативно влијае врз обезбедување на пристап до услуги.

Зголемена достапност на основните училишта за децата од руралните средини и квалитет на образовните институции е во фаза на постојани инвестиции од страна на Министерството за образование. И покрај тоа, постои недостаток на планирани инвестиции во социјална инфраструктурата во сите општини. Генерално, се инвестира во капитални инвестиции во објекти за децата од предучилишна возраст, основните и средните училишта. Нема инвестиции за изградба на пензионерски домови и центри за ран детски развој (градинки и детски центри). Особено во селата недостасуваат повеќенаменски центри за развој и јакнење на социјалниот живот на жителите (младински и пензионерски клубови, објекти за културни содржини – кино претстави, забавен живот на младите, спортски активности итн.). Во последниве години преку Агенцијата за млади и спорт постојано се инвестира во спортски терени во руралните средини, но недостасуваат објекти за спортски и културно-забавни содржини од затворен тип.

Со цел да се постигне политика за достапност на здравствена заштита на населението, Министерството за здравство прави дополнителни напори за да се развие систем за примарна мрежа на здравствени установи и доведување на здравствениот систем до населението. За оваа намена 16 нови здравствени установи се изградени во руралните области и се очекува помеѓу 35-40.000 луѓе да добијат услуги во примарната здравствена заштита. Воедно преку Министерството за здравство се финансираат мобилни лекарски екипи за редовни посети на селата – т.н. проект „рурален доктор“.

Обезбедување на транспортни услуги на ниво на општина најчесто се субвенционира од страна на локалната самоуправа, а транспортот на децата до основните школи се финансира од буџетот на Министерството за образование. Сеуште основни транспортни услуги не се достапни или се тешко пристапни за околу 20% од населението во руралните средини и тоа претежно во руралните општини. Селата кои гравитираат околу градовите се соочуваат со проблемот на нередовни транспортни линии кои најчесто се два пати во денот или во одредени неделни термини.

Телефонска мрежа (фиксна линија и мобилна телефонија) ја покрива целата територија на државата. Инсталирањето на т.н. „интернет киосци“ во селата за потребите на основните училишта допринесе кон зголемено користење на интернет услугите. Ширењето на интернет има неверојатен раст во последните години од 1,5% во 2000 година на 58,3% од домаќинствата во 2012 година. Национални и локални телевизиски, вклучувајќи кабелски и сателитски и радио се достапни низ целата земја. Со дигитализацијата на сигналот во 2013 година се зголеми и квалитетот на преносот и во најодалечените населени места.

## 1.1.5 Техничка и социјална инфраструктура во руралните средини

Државните институции како и локалната самоуправа се наоѓаат во седиштето на општината. Исто така основните услуги за руралната популација - средни и/или стручни училишта, здравствена заштита, банкарски канцеларии, културни објекти итн. се претежно концентрирани во седиштата на општините.

Посебен проблем е високото учество на руралното население кое живее во помали населени места. Од вкупно 1.767 населени места во Република Македонија, 964 населени места со население од 1 до 1.000 жители. Во овие населени места живеат околу 11% од селското население.

Општини имаат значителни проблеми за одржување на квалитетот и пристапот до основните услуги во населените места со мала популација. Дополнително на населените места со мала популација, треба да се додаде и фактот што населените места без постојана популација сепак се посетени сезонски од сопствениците на куќите и неретко овие населени места се со голем туристички потенцијал кој за да се искористи треба да се обезбеди соодветна техничка и социјална инфраструктура.

Населението кое живее во руралните области ужива понизок квалитет на живот од оние кои живеат во урбаните области поради што постои континуиран тренд на миграција на младите луѓе од селата во градовите, или во последно време и надвор од државата. Ова резултира со губење на највиталното работоспособно население од руралните средини и постепено опустошување на селата. Затоа постои потреба преку политиките за рурален развој да се зголемат инвестициите во инфраструктурата и инвестиции во ревитализација на селата со цел истите да станат привлечни места за млади луѓе и претприемачите да живеат и работат во нив.

За да се постигнат овие цел потребно е промовирање на мерки за јакнење на човечкиот потенцијал во руралните области, воспоставување на индустриски зони за мали производствени и услужни индустрии или деловни центри, развој на рурални задруги, како и промовирање на вмрежување на здруженија и локални заедници за да се изгради руралниот човечки капитал.

Потребата за подобрување на патната мрежа во руралните средини е означен како висок приоритет, како во подолните села (51%) и во планинските села (54%). Квалитетот на физичката и социјалната инфраструктура во руралните области во изминатиот период е влошен поради недоволното инвестирање во развојот на инфраструктурата и одржувањето. Ова резултира во намалување на квалитетот на животот и се заканува на способноста на руралните средини за да се одржи нивната популација и да привлече инвестиции.

Вкупната должина на патната мрежа во земјата е 13.278 км, од кои 1.116 км се автопати, 3.806 km се регионални, а 8.566 km се локални патишта. Железнички транспорт е слабо развиен и вклучува мрежа од 699 км на отворена линија. И покрај тековните владини и општински инвестиции во патната инфраструктура (модернизација и проширување), има уште потреба од инвестиции во локалната патна инфраструктура, особено земајќи во предвид дека состојба со локалната патна мрежа е на ниско ниво и во смисла на развиеност и во смисла на квалитет. Зајакнатите инвестиции во развој и модернизација на железничкиот сообраќај и поврзување на руралните средини со овој вид на транспорт значително ќе придонесе кон мобилност на трудот и обезбедување на транспорт на земјоделските производи.

Пристап до комунални системи односно системи за вода за пиење и канализација со пречистителни станици за испуст се истакнат проблем особено во поголемото помали населени места. Во отсуство на канализациски системи нашироко се користат индивидуални септички јами (најчесто земјени) или неконтролирано

испуштање на отпадните води. Уделот на руралното население со канализација е мал односно околу 17,7% од вкупната рурална популација.

Електричната енергија е достапна на 99,75% од населението во руралните области и е овозможена од страна на добро развиена пренос и дистрибутивната мрежа со доволен капацитет електрични извори на енергија (1.430 MW) кои овозможуваат редовно снабдување. Електричната мрежа за снабдување на објектите за домување во руралните средини не се модернизира за да овозможи редовно непрекинато снабдување со енергија на домашните апарати и уреди. Исто така напонот на електрична енергија не е на ниво од потребните 220 волти за функционирање на светлосните уреди и апаратите за домаќинство. Воедно, земјоделските површини не се поврзани со електрична енергија која е потребна за воведување на модерни системи, автоматизација и компјутеризација.

Околу 60-70% од населението користи организиран јавен систем за собирање на отпадот преку јавните претпријатија организирани на ниво на општини. Населението во руралните средини, особено во селата со мал број на жители, нема организиран систем за собирање и одлагање на отпад и истиот го одлагаат самостојно преку диви депонии. Притисокот од недостиг на систем за собирање и организирано одлагање на отпадот е сериозен проблем за руралните средини особено за селата кои се оддалечени од седиштата на општините. Недостиг на организиран комунален систем е голем проблем и за бизнисите кои се активни во овие области. Селекција на отпад и третирање на отпадот е карактеристичен само за поголемите урбани центри.

### 1.1.6 Структура и карактеристики на руралната економија

Руралната економија воглаво е претставена од малите претпријатија (вклучително и микро претпријатијата) кои својата економска активност ја фокусираат на локалните/регионалните пазари. Речиси сите претпријатија од примарното земјоделско производство се лоцирани во претежно руралните региони. Прехранбената индустрија (освен за месни преработки и кланици) се наоѓаат во руралните средини поради близината на суровините од земјоделството.

Земјоделството и приходите од земјоделската дејност и поврзаните преработувачки и услужни дејности се сеуште одржлив извор на приход за руралното население. Напорите за промовирање на претприемништвото и занаети во руралните области вон земјоделската дејност се ограничени со нискиот образовен статус на работната сила и недостиг на професионално искуство. Примената на мерките за поттикнување на претприемништвото во руралните средини преку грант поддршка за капитални инвестиции од ИПАРД во основање на микро и мали бизниси во рурални средини, идентификуваа дека постои недостаток на зрели бизнис идеи и претприемачки вештини и знаења. Новите бизниси се ограничени од ниски приходи и ниската куповна моќ на руралните жители и заситеност од дејност кои бараат ниска почетен капитал (мали продавници, ресторани, услуги). Во моментов недостатокот на почетен капитал е значајна бариера за развој на одржливи бизниси во руралните средини особено.

Генерално пристапот на мали и средни претпријатија до бизнис консултантски услуги и советодавни услуги е слаб, особено во руралните средини. Министерството за економија преку Агенцијата за поддршка на мали и средни претпријатија поддржа создавањето на мрежа на советници и ваучер систем за користење на консултантски услуги за развој на бизнисот. Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството нуди лимитиран обем на информативни услуги за земјоделските бизниси. Недостасува советодна поддршка за претприемништво и самовработување во рурални средини. За поддршка на самовработувањето, Агенцијата за вработување доделува „меки" кредити за основање на бизнис и самовработување. Главниот интерес за користење на оваа мерка е во земјоделството, трговија и услуги, а најнизок е интересот во занаети.

## 1.2 Економски развој и конкурентност на земјоделско-прехрамбениот сектор

### 1.2.1 Генерални состојби во македонската економија

Изминатиов период развојот на економијата на Република Македонија се соочуваше со негативните последици од глобалната рецесија која започна во 2009 година. Како резултат на превземените фискални и монетарни мерки за одржување на макроекономската стабилност, влијанието на економската криза резултираше со еден од најмалите падови на БДП во европските економии од -0,9% во 2009 година и -0,4% во 2012 година. Во 2013 макроекономските индикатори бележат забрзано заздравување на економијата и зголемување на индустриското производство и инвестициски вложувањата во основни средства. Стапките на раст на БДП во 2013 се позитивни и се проценуваат на 2,9% до крајот на 2013 година.

Во текот на периодот од 2007 до 2012 година, забележано е благо опаѓање и на стапката на невработеност, која во 2007 година имала вредност од 34,9%, а во 2012 година е намалена на 31,0% (Табела 4). Во 2013 стапката на невработеност достигна најниско ниво во последните 20 години од 29%. По региони, најниска стапка на невработеност е забележана во Југо-источниот регион (18,8%), а највисока стапка на невработеност од 44,9% е забележана во Северо-источниот регион. Стапката на невработеност во претежно руралните региони е повисока од националниот просек и изнесува околу 42%, а стапката на невработеност во Скопскиот и Пелагонискиот регион изнесува 27,3% односно е под националниот просек во 2013 година.

Високиот степен на невработеност претставува еден од круцијалните фактори и за високата стапка на сиромаштија, која што во целиот период се движи во просек од 30%, достигнувајќи највисока вредност од 31,1% во периодот на економската криза (2009 година). Најранливи групи во однос на сиромаштијата се повеќечлените домаќинства со 5 или повеќе членови, т.е околу 40% од домаќинствата (Табела 4).

Табела 4: Избрани макроекономски показатели, 2007-2013

| **Индикатори** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП (тековни цени) мил. € | 6.095 | 6.772 | 6.767 | 7.109 | 7.544 | 7.585 | 8.112[2] |
| Додадена вредност (тековни цени) мил. € | 5.253 | 5.829 | 5.837 | 6.167 | 6.494 | 6.563 | 7.083 |
| Стапка на раст % | 6,5 | 5,5 | -0,4 | 3,4 | 2,3 | -0,5 | 2,7* |
| БДП по глава жител **€** | 2.982 | 3.308 | 3.300 | 3.459 | 3.665 | 3.680 | 3.930[2] |
| Инфлација % | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 | 1,4 |
| Бруто инвестиции % | 24,6 | 26,8 | 25,9 | 25,5 | 26,2 | 29,4 | n.a |
| Инвестиции во основни средства % | 19,6 | 21,0 | 19,9 | 19,1 | 20,6 | 23,0 | n.a |
| Вработеност 000 | 590,2 | 609,0 | 629,9 | 637,9 | 645,1 | 650,6 | n.a |
| Стапка на невработеност % | 34.9 | 33,8 | 32,0 | 32,0 | 31,4 | 31,0 | 29 |
| Стапка на сиромаштија % | 29,4 | 28,7 | 31,1 | 30,9 | 30,4 | n.a | n.a |
| Девизен курс МКД/€ | 61,18 | 61,27 | 61,40 | 61,16 | 61,50 | 61,50 | 61,58 |

Извор: ДЗС[1] ревидирани податоци според ЕСС 2010[2] претходни податоци, НБРМ, 2007-2014

Следниве економски сектори има најголем удел во структурата на БДП во 2013 година: Терцијарниот сектор - Финансиско посредување; Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности; Други комунални, општи и лични услужни активности (вклучени се и импутираните станарини) – 20,5%; Трговија на големо и на мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (13%), а од примарниот сектор - Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода, управување со отпад, санација на околината учествува со 14%. Само земјоделството (вклучително и шумарство и рибарство) се проценува дека учествува со 8,9% во БДП во 2013 година.

Како и во повеќето економии, малите и средни претпријатија (во понатамошниот текст МСП) се најдоминантни во структурата на економски чинители. Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активните деловни субјекти во Република Македонија во 2013 година изнесува 71.290 од кои 96% се МСП. МСП се исто така важни во однос на создавањето работни места, бидејќи во просек над 80% од вкупната вработеност во земјата е во МСП. Според бројот на вработени, 92% од вработените лица во 2013 година биле вработени во мали и средни претпријатија, од кои околу 85% се со бројот на вработени помеѓу 1 и 9.

Националниот просек е 36 деловни субјекти на илјада жители или 32 мали и средни претпријатија на 1.000 жители. Бројот на активни МСП е повисок од просечниот број на МСП во земјите на ЈИЕ (23 на 1.000 жители), но е далеку под просекот на ЕУ-28 од 45 на 1.000 жители. Просечниот број на претпријатија по илјада жители во

руралните општини (општини со седиште во село) е 18 во споредба со 36 во урбаните општини (со седиште во град).

Нешто повеќе од третина од активните претпријатија се во секторот за трговија на големо и мало; преработувачка индустрија (11%), сообраќај, складирање и врски (9%) и градежништвото (6,1). Овие сектори сочинуваат повеќе од три четвртини од вкупниот број на активни претпријатија и 65% од вработените лица се во овие сектори. Бројот на активни претпријатија во земјоделството (вклучително и шумарство и рибарство) учествува со околу 4% (односно 2.866) од кои 90% се со вработени од 1-9, а две претпријатија се со повеќе од 250 вработени. Најмала застапеност по број на активни претпријатија имаат секторите: Рударство и вадење на камен со 164 субјекти или 0.2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 132 субјекти или 0.2%.

Евидентна е рамномерна дистрибуција на претпријатијатијата по региони. Сепак околу 70% од големите претпријатија со над 250 вработени се лоцирани во скопскиот и Пелагонискиот регион односно во урбаните населени места.

### 1.2.2 Економски развојни состојби во земјоделството

И покрај релативниот пад на учеството на земјоделскиот сектор во бруто додадената вредност во изминатиов период, земјоделството заедно со ловство, шумарство и рибарството бележи годишен пораст во апсолутен износ со кој го задржува стабилно учеството во БДП на околу 10% во последниве 10 години.

Стабилниот развоен тренд е задржан и во поглед на вработеноста. Од вкупното активно население во 2012 година, 17,3% од вкупната вработеност е остварена во земјоделството. Од вкупниот број на вработени и ангажирани лица во земјоделскиот сектор, 77% се вработени со економски статус како „неплатен семеен работник“ со полно или скратено работно време. Најголемиот дел од вработените (84%) и припаѓаат на старосната група од 25-64 години старост. Просечната нето плата во земјоделството за 2012 година изнесувала 15.641 МКД, или 5% зголемување од нето износот во 2011 година.

Во изминатиот период пристапот до македонскиот пазар на земјоделско-прехранбени производи беше дополнително либерализиран со завршување на транзициониот период на намалување на царинските стапки во 2008 година согласно обврските превземени со приемот во Светската трговска организација, и во 2011 година согласно Договорот за Слободна трговија со ЕУ. Од 2007 година после неговата ратификација, почна со примена ЦЕФТА 2006 Договорот потпишан во 2006 година, преку кој во изминатиот период се постигна целосен безцарински режим на трговијата во регионот.

И покрај значителниот пораст на извозот на земјоделско-прехрамбени производи, достигнувајќи за прв пат вредност од над половина милијарда евра (504 милиони евра) во 2013 година, Република Македонија е нето увозник на земјоделско-прехрамбени производи и тоа особено на месо и месни преработки, риби и рибни производи, јужно овошје, пченица, сточна храна итн. Извозот на земјоделските производи, особено конкурентните производи како тутунот, овошјето и зеленчукот,

виното, јагнешкото месо се движи од 14,1-18,6% во вкупниот извоз на државата, додека увозот од 11,5 до 13,8%.

Со пристапувањето на Република Хрватска, ЕУ-28 е дефинитивно најзначајниот траговски партнер на Република Македонија со 50% учество на страната на вкупниот извоз и увоз со земјоделско-прехранбени и рибни производи. После следат земјите потписнички на ЦЕФТА 2006 Договорот со учество во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи од 36,5% и учеството на вкупниот увоз од 24,7% (во 2013 година). Внатре во двата трговски блока над 80% од трговската размена се одвива со само пет земји.

Со околу две третини од вкупниот извоз, односно увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи отпаѓа на трговијата со примарни земјоделски производи, додека преработените земјоделски производи учествуват со околу една четвртина. Учеството на рибите и рибните производи во трговската размена е незначајно.

График 2. Процентуално учество на примарните, преработени и риби и рибни производи во вкупниот извоз и увоз на земјоделско-прехрамбени производи (во 2013 г.)







Извор: ДЗС, обработка МЗШВ

Бруто додадената вредност во земјоделството ја создаваат 192.675 земјоделски стопанства регистрирани според последниот земјоделскиот попис спроведен во 2007 година. Од вкупниот број земјоделски стопанства 99% се индивидуални земјоделски стопанства а 1% (односно 297) се земјоделски претпријатија. Во 2013 година бројот на земјоделските стопанства е намален на 170.885, а бројот на земјоделските претпријатија е зголемен на 304.

Табела 5: Земјоделски статистики, 2006-2013

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| Бруто додадена вредност: земјоделство, шумарство, ловство и рибарство | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бруто додадена вредност (тековни цени) | мил. ЕУР | 491,8 | 544,4 | 774,9 | 700,3 | 723,6 | 705,8 | 690,9 | 690,9 |
| Учество во БДВ од сите активности | **%** | **10,2** | **10,4** | **13,3** | **12,0** | **11,7** | **10,9** | **10,5** | **10,5** |
| **Вработеност: земјоделство, шумарство, ловство и рибарство** | | | | | | | | | |
| Број | 000 | 114,5 | 107,4 | 119,5 | 116,6 | 126,9 | 120,9 | 112,5 | 129,3 |
| Учество во вкупна вработеност | **%** | **20,1** | **18,2** | **19,6** | **18,5** | **19,9** | **18,7** | **17,3** | **18,9** |
| **Трговија со земјоделско-прехранбени производи** | | | | | | | | | |
| Извоз на земјод.-прехранбени производи | мил. ЕУР | 313,1 | 341,1 | 378,5 | 357,8 | 423,7 | 468,6 | 478,93 | 504,0 |
| Учество во вкупен извоз | **%** | 15,4 | 13,4 | 14,10 | 18,60 | 16,90 | 14,70 | 15,38 | 15,69 |
| Увоз на земјод.-прехранбени производи | мил. ЕУР | 358,6 | 452,7 | 534,4 | 499,8 | 532,2 | 620,6 | 679,36 | 654,5 |
| Учество во вкупен увоз | **%** | 11,2 | 11,4 | 11,50 | 13,80 | 12,90 | 12,30 | 13,42 | 13,17 |
| Трговски биланс на земјод.-прехранбени производи | мил. ЕУР | -45,5 | -111,6 | -155,9 | -142 | -108,5 | -152,0 | -200,4 | -150,5 |

Извор: ДЗС, 2006-2014

Околу една половина од земјоделските стопанства се специјализирани за производство на поледелски култури или се со мешовито производство (растително и сточарско). Од вкупниот број економски класификувани земјоделски стопанства, повеќе од половината или 58,2% се класификувани во најниската прва класа со приходи до 2.000 евра, а многу мал дел се специјализирани во дејноста. Скоро половината од сите земјоделски работници се неплатени бидејќи се членови на земјоделски домаќинства.

Табела 6: Број на земјоделски стопанства според типот на земјоделското производство

| **Тип на земјоделско производство** | **Вкупно стопанства** | **Семејни земјоделски стопанства** | **Земјоделски претпријатија** |
|---|---|---|---|
| Специјализирано за поледелски култури | 42.192 | 42.143 | 49 |
| Специјализирано за градинарство | 15.013 | 14.995 | 18 |
| Специјализирано за повеќегодишни култури | 30.392 | 30.347 | 45 |
| Специјализирано за тревопасен добиток | 24.199 | 24.169 | 30 |
| Специјализирано за домашни животни што | 7.760 | 7.730 | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| се хранат со семе и зрнеста храна1) | | | |
| Мешано растително производство | 25.456 | 25.438 | 18 |
| Мешано добиточно производство | 10.556 | 10.553 | 3 |
| Мешано растително - добиточно производство | 36.552 | 36.536 | 16 |
| Некласификувани стопанства | 555 | 467 | 88 |
| **Вкупно** | **192.675** | **192.378** | **297** |

Извор: ДЗС 2011 (Типологија на земјоделски стопанства –соопштение)

### 1.2.3 Подсекторска производна структура во земјоделството

Растителното производство доминира во вредноста на земјоделското производство со просечно учество од 74,5% во вкупната вредност. Остатокот од 25,0% отпаѓа на добиточно производство, додека многу мал дел (0,5%) опфаќаат услугите во земјоделството. Сличен сразмер помеѓу вредноста на растителното производство и сточарството е евидентиран и во земјите од регионот, за разлика од европските земји каде односот помеѓу растителното и сточарското производство е воедначен.

Табела 7: Учество на поединечни производи во вредноста на земјоделското производство во периодот 2010-2012 година

| Потсектори | 2010 (%) | 2011 (%) | 2012 (%) | Просек (2010-2012) |
|---|---|---|---|---|
| **Растително производство** | **74,12** | **74,89** | **74,52** | **74,51** |
| Жита | 7,13 | 10,94 | 8,84 | 8,97 |
| Индустриски растенија | 8,13 | 6,71 | 7,12 | 7,32 |
| Фуражни растенија | 6,12 | 5,93 | 5,59 | 5,88 |
| Градинарски производи | 39,38 | 37,21 | 38,48 | 38,35 |
| Овошје | 10,28 | 10,77 | 11,24 | 10,76 |
| Вино | 3,08 | 3,34 | 3,25 | 3,22 |
| **Добиточно производство** | **25,35** | **24,62** | **25,02** | **25,00** |
| Добиток | 11,91 | 11,79 | 11,51 | 11,74 |
| Добиточни производи | 13,44 | 12,82 | 13,51 | 13,26 |
| **Производство на земјоделски производи** | **99,47** | **99,51** | **99,54** | **99,51** |
| Услуги во земјоделството | 0,53 | 0,49 | 0,46 | 0,49 |
| **Земјоделско производство** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Извор: ДЗС, 2010-2012

Вкупната вредност на земјоделското производство во период 2010-2012 бележи пораст и покрај благиот пад на добиточното производство од 2% во 2011 година.

Поединечно по земјоделски под-сектори, градинарското производство со 38,35% има најголемо учество во вкупната вредност на земјоделското производство. Вредноста на производството на житните култури се движи во просек од околу 9% учество во вкупната вредност на земјоделското производство. Во период 2008-2012 евидентиран е пад на вкупното производство на пченица и пченка, како и нивните приноси по ха (Табела 7). Производството на житни култури во количина задоволува околу 45% од домашните потреби.

Табела 8: Производство на житни култури, 2008-2013 година

| | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | | **2010** | | **2011** | | **2012** | | **2013** | |
| **Пченица** | 271.117 | 3.076 | 243.137 | 3.044 | 256.103 | 3.346 | 214.963 | 2.696 | 258.960 | 3.200 |
| **Пченка** | 154.237 | 4.751 | 129.045 | 4.508 | 126.096 | 4.264 | 115.928 | 3.973 | 131.043 | 4.220 |
| **Јачмен** | 146.372 | 3.01 | 126.315 | 2.951 | 129.509 | 3.153 | 90.384 | 2.201 | 125.565 | 2.990 |

Извор: ДЗС, 2014

Наспроти негативните трендови во производството на житни култури, градинарското производство има забележителен потенцијал за раст, што се гледа и во зголемувањето на уделот на зеленчукот во вкупната површина под растителни култури, од 11% во 2008 година, до 20% во 2012 година.

Табела 9: Производство и принос на градинарски култури, 2009-2013 година

| | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха | Вкупно Производство | кг/ха |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | | **2010** | | **2011** | | **2012** | | **2013** | |
| **Домати** | 145.395 | 25.370 | 168.010 | 29.658 | 165.642 | 29.411 | 145.818 | 25.974 | 130.960 | 23.999 |
| **Пиперки** | 154.771 | 18.342 | 168.150 | 19.843 | 153.842 | 18.174 | 166.247 | 19.273 | 152.153 | 17.898 |
| **Компир** | 204.717 | 15.134 | 200.125 | 15.351 | 192.675 | 14.321 | 168.859 | 12.788 | 189.590 | 14.007 |

Извор: ДЗС, 2014

Тутунот опфаќа над 80% од вкупната површина под индустриски култури. Во периодот од 2008 до 2011 година има континуирано зголемување на производството и

приносите на тутун (1.001 кг/ха во 2008 година, 1.392 кг/ха во 2011 година). Останатите индустриски култури како што се сончоглед, маслодајна репа и шеќерна репа полека исчезнуваат од производната структура на индустриски култури и покрај потенцијалот на маслодајните семиња и репа за производство на био-горива. Растот на фармацевстката индустрија како и кондиторската индустрија ја наметнува потребата за развој на производството на афионот.

Во однос на извозната вредност, по тутунот, виното е втор по важност од земјоделските извозно ориентирани производи. Сепак, лозовите насади во земјата се со неповолна старосна структура, најмногу поради фрагментацијата на парцелите, а на подолг период и поради ниските инвестиции. Повеќе од 60% од лозовите насади се постари од 15 години и треба да се обноват со цел да се одржат квантитативните и квалитативните производни потенцијали. Потенцијали на Р. Македонија се евидентни и кога приносите на грозје за производство на вино се споредуваат со голем дел од ЕУ или земјите од Западен Балкан кои произведуваат вино.

Фуражните култури опфаќаат мал дел од вкупната обработлива површина во земјата. Најголем удел од фуражните култури се под луцерка, која е од особено значење за сточарското производство, додека другите фуражни култури учествуваат со значително помал удел (МЗШВ, 2011). Недостатокот на добиточна храна (оттука и нејзината висока цена) е еден од главните ограничувачки фактори за развојот на сточарството и негативно влијание на структурата на трошоци во производството на месо и млеко.

Добиточното производство учествува со 25% во вкупната вредност на земјоделското производство во 2012 година, каде што производството на млеко придонесува со речиси 50% во вкупната вредност. Во однос на одгледувањето на добиток, сточниот фонд во земјата изнесува 365.868 условни грла, просечно со 2,14 условни грла по земјоделско стопанство (ДЗС, 2013). Бројот на добитокот има релативно стабилен тренд, со мало намалување на бројот на млечни крави во периодот 2008-2009 година (Табела 1). Интензивното и полуинтензивното сточарско производство се помалку застапени поради недостатокот од сопствено производство на добиточна храна и потребата за инвестиции, додека екстензивното производство е соочено со предизвикот на недостаток на работна сила особено во подрачјата со ограничени можности на производство каде постојат услови за овој тип.

Над 95% од производството на млеко се произведува од страна на индивидуални земјоделски стопанства.

Табела 10: Главни сточарски категории (000), 2006-2013 година

| Големина на стадо | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Говеда** | 255 | 254 | 253 | 253 | 260 | 265 | 251 | 238 |
| - **Млечни крави** | 94 | 130 | 130 | 114 | 125 | 137 | 123 | 127 |
| **Свињи** | 167 | 255 | 247 | 194 | 191 | 197 | 177 | 167 |
| **Овци/Кози** | 1.332 | 944 | 950 | 755 | 778 | 767 | 732 | 732 |
| **Коњи** | 41 | 31 | 31 | 29 | 27 | 25 | 22 | 21 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Живина** | 2.585 | 2.264 | 2.226 | 2.118 | 1.995 | 1.944 | 1.776 | 2.202 |
| **Пчели** | 68 | 58 | 62 | 53 | 76 | 65 | 53 | 68 |

Извор: ДЗС, 2006-2013

Но, и покрај поволните географско-климатски услови, одгледувањето на овци покажува тренд на опаѓање, со скромен раст, забележан во 2010 година. Трендот на намалување е најмногу поради екстензивно-номадскиот начин на одгледување на овци и миграцијата на населението во урбаните средини. Околу 95% од овците се чуваат кај индивидуалните земјоделски домаќинства и одгледувањето на овци во најголем дел се одвива во индивидуални и мали семејни фарми со големина на стадо од 20 до 200 овци (МЗШВ, 2012).

Покрај најзастапените земјоделски култури значителен потенцијал за развој и понатамошно искористување имаат органското производство и култивирањето на лековитите, ароматични и зачински растенија. Последните во досегашната пракса воглавно се собираат од дивата флора и се предаваат на откупните центри на фармацевтските куќи, додека затапеноста на оние кои се култирвираат е само 15%.

## 1.2.4 Економски развојни состојби во преработувачката индустрија

Бруто додадената вредност во преработувачката индустрија се проценува на учество од 3,3% во БДП и 18,9% учество во вкупната вработеност во 2013 година. Развојот на преработувачката индустрија во последните пет години е стабилен и се должи на пораст на продуктивноста на трудот земајќи во предвид дека порастот на вредноста на производството е без пораст на вработеноста во секторот. Производите од преработувачката индустрија на земјоделски производи учествуваат со 30,9% во вкупниот увоз на земјоделско-прехрамбени производи и 14,1% во вкупниот извоз на земјоделско-прехрамбени производи. Најзначајни извозни производи се јагнешко месо, бисквити и вафли и преработки од зеленчук. Основни извозни пазари се пазарите на ЦЕФТА земјите и ЕУ-28.

Стабилното производство во периодот од 2008 до 2012 се должи и на континуираната побарувачка на странските купувачи за македонски преработки и проширување на пазарните дестинации за извоз. Зголемената присутност на малопродажните синџири и промена на начин на живот на населението исто така има особено влијание на развојот на овој сектор. Поволните инвестициски политики за модернизација на технологијата на проеизводството и обезбедената поддршка исто така имаат свој удел во развојот.

Од вкупно 7.918 активни претпријатија регистрирани за преработка во 2013 година, 445 се регистрирани како оператори со храна од кои 437 за преработка на земјоделски производи и производство на храна од растително и животинско потекло и пласирање на храна на пазарот, 2 за рибни производи и 4 за производство на сточна храна (МЗШВ, АХВ, 2014). Најголем удел во операторите со храна имаат преработувачите на овошје и зеленчук (23,3%), производители на вино (18%) и објекти за преработка на млеко и производство на млечни производи. Од вкупниот број на

одобрени оператори за храна, вкупно 6 се одобрени за извоз во ЕУ од кои 4 кланични капацитети за извоз на јагнешко месо и 2 капацитети за преработка на млеко односно за извоз на свежо млеко во ЕУ.

Табела 11: Број на одобрени оператори за храна

| **Овошје и зеленчук** | **Вино** | **Млеко и млечни преработки** | **Месни преработки и кланични капацитети** | **Преработка на житни култури** | **Производство на јајца** | **Преработка и пакување на мед** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **104** | 80 | 78 | 58 | 53 | 60 | 4 |
| **ВКУПНО: 437** | | | | | | |

Извор: МЗШВ, АХВ, 2014

Со донесување на нов Закон за безбедност на храната во 2010 година усогласен со регулативите на ЕУ, правните лица кои се вклучени во обработка на производите од животинско потекло се должни да ги надградат своите претпријатија до целосна усогласеност со прописите за безбедност на храна на ЕУ. Во период 2010-2012, АХВ изврши категоризација на постојните објекти за производство на храна од животинско потекло. Преработувачи на храна од животинско потекло, кои се оценети дека не се во согласност со барањата на Европската унија, може да продолжат да ја вршат својата дејност под условите на локализирани активност односно пласман на регионални пазари каде се одвива производната активност до една година пред денот на пристапување на Република Македонија кон Европската Унија.

По спроведување на оценувањето и категоризација на операторите со храна (животинско потекло) од страна на АХВ, 39 од претпријатијата се промовирани во повисока категорија, 31 остануваат во истата категорија, а 15 ја намалиле категоријата подолу од онаа во која биле првично оценети. 35 објекти за преработка на храна од животинско потекло се одобрени за локализиран активност, а 55 објекти - операторите со храна им е доделено привремено одобрување, или се уште се во фаза на целосно одобрување. Преоценка и следење на објектите се врши еднаш во годината во зависност од категоријата на ризик за постепено усогласување со стандрадите за безбедност на храна согласно ЕУ. Следењето се врши согласно планови за усогласување поднесени од операторот за храна до АХВ. Операторите за храна кои се одобрени за локализирана активност немаат обврска да поднесат планови за усогласување, но доколку не превземат активности за усогласување на истите ќе им биде одземено одобрувањето пред пристапување на Република Македонија во ЕУ.

Основен проблем на преработувачката индустрија останува ниското искористување на производствените капацитети воглавно поради сезонскиот карактер на снабдување со суровина, но и на неколку други фактори, како што се: проблеми со пристап до поволни финансиски средства; општ недостаток на договорно производство со добавувачите на суровини – земјоделски стопанства односно дезорганизирана понуда, недостаток од квалификувани работници во преработувачка сезона, недостаток на соодветни капацитети за складирање на суровини и готови производи, развој на нови производи со додадена вредност, добро дизајниран заеднички маркетинг и дистрибуција и примена на иновации и нови технологии.

## 1.2.5 Рибарство и аквакултура

Рибарство има незначителна удел во националниот БДП од само 0,1% во 2013. Вработувањето во рибарскиот сектор е исто така на многу ниско ниво, со годишен просек од 142 вработени во 2012 година. Вработувања во рибарскиот сектор се поврзани со излов на риба и аквакултура како и услуги во рибарството. Република Македонија како континентална земја е нето увозник на риби и производи од риби. Претежно се увезуваат риби и производи од морски видови. Учество на риба и рибни производи во вкупниот увоз на агро-прехранбени и рибни производи од ЕУ-27 во 2012 година беше 1,3%.

Вкупно производство на риба произлегува од аквакултура и улов при стопански риболов, кој се одвива само во природните езера. Во Република Македонија, на крајот на 2013 година, регистрирани се 96 субјекти со инсталирани капацитети за производство на приближно 3070 тони риба и тоа: 1.756 тони пастрмка и 1.320 тони крап и други видови риба. Најголем број на регистрирани субјекти за производство на риба се пастрамски рибници (45).

Табела 12: Производство од аквакултура и улов од стопански риболов

| Вид на риба | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| | Вк./кг | Вк./кг | Вк./кг | Вк./кг |
| **Пастрмка** | 724.595 | 836.766 | 828.872 | 781.883 |
| **Крап** | 342.309 | 454.793 | 417.072 | 347.634 |
| **Сом** | 10.200 | 4.100 | 5.942 | 9.187 |
| **Јагула** | - | - | 2.931 | 3.885 |
| **Останато** | 13.250 | 25.800 | 55.900 | 106.696 |
| **ВКУПНО** | **1.090.354** | **1.321.459** | **1.310.717** | **1.249.285** |

Извор: ДЗС, 2014

Генерална карактеристика на рибничките капацитети е тоа што доминираат рибници со релативно мали производствени капацитети до 20 тони годишно (Табела 13).

Табела 13: Структура и големина на инсталирани рибничките капацитети

| Вид одгледувана риба | Број на рибници во одредена група, согласно капацитетот, изразено во тони | | | | Вкупен број рибници |
|---|---|---|---|---|---|
| | До 20 т | 20 – 50 т | 50 - 100 | Над 100 т | |
| **Пастрмка** | 21 | 16 | 5 | 3 | 45 |
| **Крап во кафези** | 18 | 4 | 3 | 1 | 26 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Крап класично** | 12 | 1 | 2 | 1 | 16 |
| **Комбинирани** | 6 | 3 | - | - | 9 |
| **ВКУПНО** | 57 | 24 | 10 | 5 | 96 |

Извор: МЗШВ, 2014

Во последните седум години се спроведуваат активни мерки за поддршка на рибниот сектор како и мерки и активности за користење на рибите од риболовните води, за планско експлоатирање на рибите на одржлив начин, заштита на рибите, контролиран излов, подобрување на постоечките и имплементирање на нови риболовни техники за вршење стопански риболов, а се со цел зачувување на природните ресурси и снабдување на пазарот со квалитетна и безбедна храна (риба). Исто така, за дел од риболовните води се предвидуваат и активности за враќање на традиционалниот начин на риболов (на пр. мандри во Дојран), а со тоа и на заживување на руралните подрачја. Посебен акцент се посвети на дефинирање на риболовните води во правец на воспоставување на основа за развој на риболовниот туризам во земјава.

За зголемување на производството и квалитетот на рибите во рибничките капацитети и нејзиниот непречен пласман на пазарот предвидени се мерки кои се во согласност со европските трендови во делот на аквакултурата. Аквакултурното производство во Република Македонија во голем дел се одвива во руралните области и предвидените мерки се комбинација на зголемување на производството со можност за реализирање на други економски активности како руралниот туризам, со што се отвора можноста за нови вработувања и задржување на населението во овие области.

Покрај производството на риба (стопански риболов и аквакултура) посебно внимание е посветено на организирањето на рекреативниот риболов и планирање на критериуми и предуслови за воспоставување на систем кој ќе овозможи јакнење на свеста на големиот број рекреативни риболовци, зачувување и одржливо користење на природните рсурси, заштита на автохтоната популација на риби, посебен однос кон ендемичните видови риби, збогатување на риболовните води со атрактивни видови риби за риболов, воспоставување на предуслови за дефинирање на атрактивни риболовни води, одржливо стопанисување со рибите и развој на риболовниот туризам во земјата.

Дополнителни активности за зачувување и заштита на автохтоните (домородни) и загрозените видови риби, заштитата на видовата разновидност и одржувањето на бројноста на рибните популации  треба да се зајакне за зачувување и подобрување на состојбата на хабитатите, редуцирање или отстранување на инвазивните видови риби, како и преку порибување на риболовните води со квалитетен порибителен материјал од автохтони видови риби добиен во регистрирани репроцентри во земјава.

Управувањето, стопанисувањето и аквакултурата на рибите, нивната заштита и ставање во промет, производството на порибителен материјал, установите здружувањето и финансисрањето, како и други прашања од областа на рибарството и аквакултурата се уредени со Законот за рибарство и аквакултура.

## 1.3 Земјоделството, биодиверзитетот и животната средина

### 1.3.1 Агро-биодиверзитет

Автохтоните сорти на растенија и раси на добиток го сочинуваат националниот агро-биодиверзитет поради нивната вековна адаптација на локалните услови на адаптирање. Бројот на автохтони сорти/видови кои се користат во земјоделското производство е доказ за богатиот агро-биодиверзитет. Сепак, интензивното земјоделско производство се повеќе изискува примена на комерцијални и високоприносни видови со повисока продуктивност кои ги истиснуваат и загрозуваат автохтоните раси на добиток и растителни сорти.

Најголемиот дел од растителното земјоделско производство се состои од примена на комерцијални сорти, најголем дел увезени од странство, и само мал број на локално развиени видови главно создадени од страна на научниот кадар на Институтот за земјоделство во Скопје. Според Националната листа на автохтоните земјоделски растенија и раси на добиток, постојат 410 автохтони растителни сорти на различни видови. Врз основа на оваа листа, министерот пропишува начинот на следење и анализирање на состојбата на автохтоните видови врз основа на нивното ниво на загрозеност и обезбедува дополнителни мерки за зачувување, собирање и складирање на потребните генетски резерви и нивната употреба за земјоделско производство. Според Регулативата на Советот (ЕЗ) бр 870/2004, во 2012 година МЗШВ е формирана комисија за заштита на автохтони видови и подготвува програма за понатамошни мерки за заштита. Во 2013 година, Ген-банка (дел од Земјоделски институт) одржува колекцијата на 2.666 примероци од 89 различни видови. Најголем процент на оваа збирка се состои од овошни култури (вклучувајќи виновата лоза), со вкупен број на 1.042 примероци. Житарици претставуваат 29% од колекцијата семето на ген-банка. Според материјалниот статус, мнозинството се домашни или локални популации/сорти (1.187) собрани во текот на изминатите десет години.

Автохтоните раси на добиток иако се со изразена ниска продуктивност, истите се целосно адаптирани на локалните услови на одгледување. Во текот на изминатите 50 години, сепак, беа воведени нови, попродуктивни раси како оригинали или со вкрстување со автохтоните видови. И оригиналните воведени попродуктивни раси и вкрстени раси со локалните раси се присутни на сточарските земјоделски стопанства. Вкрстувањето меѓу автохтони раси и увезени раси се познати во препознатливи локални раси:

- Буша е локална раса на говедо која се одгледува во планинските подрачја. Според официјалните статистички податоци, расата на крави „Буша“ сочинува 30% од вкупниот број на говеда.
- Праменка (овца) е претставена со три соја: Каракачанска, Овчеполка и Шарпланинка. Додека „каракачанската овца“ се смета за загрозен сој, класифицирани ФАО во 2000 година, другите два соја се широко користени во овчарството.

- Домашна (балканска) коза. Иако се цени декаодгледувањето на овој вид на коза е во пораст, сепак тешко е да се направи јасна дистинкција на оваа раса од останатите. Најчесто овој вид на коза се во различни бои (бела, сива и разнобојни), со извонредна долга коса и остри рогови.
- Локална примитивна свиња се одгледува во регионите на Македонска Каменица, Струмица и Свети Николе. За утврдување на оваа раса неопходни се теренски и лабораториски истражувања за јасно дефинирање на бројната состојба и статус.

### 1.3.2 Земјоделството и животната средина

Земјоделската активност има големо влијание на животната средина – позитивно од аспект на одржување на пределите со екстензивни земјоделски активности (на пр. полу-номадско овчарство и говедарство, подигнување на овоштарници во ерозивни подрачја), но и негативно влијание на водите и почвите.

Еколошки проблеми поврзани со водите и почвата се (а) загадување со ѓубрива и пестициди (особено во производните региони на интензивно одгледување на овошје и зеленчук), (б) губење на органските материи во почвата (поради интензивни моно-култури, мало користење на органски ѓубрива, угарење или зелено ѓубрење), (в) деградација на хумусниот слој поради суша или обилни врнежи.

Сепак ерозија на почвата е еден од најважните еколошки проблеми предизвикан од земјоделски активности во Република Македонија. Комбинација на природни непогодности (косиот терен, почвени структури и појава на интензивни дождови), несоодветното користење на земјиштето (уништување на природната флора, конверзија на пасишта за интензивно земјоделско производство, создавање на големи парцели преку уништувањето на заштитни појаси) и земјоделски практики (прекумерно пасење, користење на монокултури, ограничена примена на органски материи, орање на стрмни падини, недостиг на производни техники за заштита на почвата, недоволно користење на земјиштето за зимски култури) придонесува за забрзување на процесот на ерозија. Во моментов се проценува дека 38% од земјата се соочува средна до тешка ерозија, со вкупен годишен губиток на почва од околу 17.100.000 $м^3$. Ерозија на почвата резултати во големи количини на седимент завршуваат во вештачки и природни акумулации, што доведува до намалување на складирање или проток капацитет на вода и оштетување на критични хидраулична инфраструктура.

Земјоделската активност во голема мера влијае и на околната флора и фауна. Во моментов во Република Македонија се превземаат интензивни активности за идентификација на живеалишта на диви животни, птици и пеперутки како и диви растенија. По утврдување и прогласување на НАТУРА 2000 региони во Република Македонија, треба да се прилагодат низа земјоделски практики за заштита на дивите видови со примена на агро-еколошки производни активности (одложена жетва, косење во време на несење на дивите птици, но и во периоди на цутење на ретки растенија, дислокација на пчелни семејства од хранилишта на мечки итн.).

Од аспект на заштита на водите и почвата, интензивното сточарство се смета за основен извор на нитрати, чие неконтролирано управување доведува до дисбаланс на почвените компоненти и загадување на околните површински и подземни води. Освен строгата регулатива за заштита на извори за водоснабдување на населението и заштита на површинската вода од загадувачи, во Република Македонија не постојат утврдени „ранливи зони на нитрати“ од сточарска активност.

Поради постигнување на задоволително ниво на спречување опасност од загадување се воспоставуват правила на добра земјоделска пракса која на доброволна основа ќе ја спроведуваат земјоделците и се спроведуваат сеопфатна програма за обуки и промоција на правилата за добра земјоделска пракса.

Со правилата за добра земјоделска пракса се уредуваат следните практики: периоди кога треба да се избегнува расфрлање на ѓубривата по почвата, начин на употреба на ѓубривата по стрмни терени, на почви заситени со вода, на почви во близина на водотеци, начин на изградба и капацитети на садови за чување на измет од добитокот, постапка за употреба на ѓубривата (вклучително и дози).

Започнувајќи од 2013 година исплатата на директните плаќања во земјоделството (субвенции) е условена од исполнување на барањата пропишани во Листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина при вршење на земјоделската дејност. Со Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина при вршење на земјоделската дејност се уредуваат:

- Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на почвата. Во овој дел се опфатени прашања поврзани со: а) Одржување на содржината на органска материја и биолошката активност на почвата и примена на агротехнички мерки, б) Заштита на почвата од ерозија, в) Примена на ѓубрива од органско потекло и минерални ѓубрива, г) Одржување на содветна реакција на почвата (Ph вредност).
- Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на водата. Во овој дел во три точки се третира проблематика која се однесува на: а) Копање на бунар на површина во состав на хидромелиоративните системи, б) Користење на вода од систем за наводнување и в) Заштита на објекти за наводнување и одводнување.
- Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса при заштита на растенија. Во овој дел од Правилникот внимание е посветено на: а) Избор на производи за заштита на растенија, б) Примена на производи за заштита на растенија, в) Мониторинг на болести на растенија и г) Заштита на здравјето на луѓето при примена на производите за заштита на растенијата.
- Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина при одгледување на животни. а) Идентификација и регистрација, и пријавување на движење на животните, б) Спроведување на мерките за здравствена заштита на животните, в) Контрола на заразни болести на животните, особено болестите лигавка и шап, класична чума кај свињите и син јазик, г) Процена на влијанието на

животна средина, д) Складирање на арско ѓубриво, ѓ) Локација на бали за складирање на силажата.

## 1.4 Шумарство и ловство

### 1.4.1 Состојби во шумарството

Територијата под шуми во Република Македонија изнесува 988.835 ха, од кои 82% се лисјарски, 12% четинарски и 6% мешани шуми. Според потеклото, шумите се класифицираат како:

- високостеблени, кои зафаќаат помалку од 30% од вкупната површина под шуми и учествуваат со 61,6% во вкупната дрвна резерва и
- нискостеблени, кои зафаќаат 70% од вкупната површина под шуми и учествуваат со 38,4% во вкупната дрвна резерва.

Вкупната дрвна маса изнесува 74.343.000 м³, а вкупниот годишен прираст 1.830.000 м³ со просечен годишен прираст од 2,02 м³ по хектар. Планираниот годишен сечив етат изнесува околу 1.300.000 м³, а се користи околу 70% од истиот.

Околу 80-85% од сечата е наменета за огревно дрво. Регионално, најбогат регион со шуми е југозападна Македонија со околу 180.000 ха, а најсиромашен е Скопскиот регион со околу 125.000 ха. Дистрибуција на шумска покривка во целата земја е нерамномерна во однос на квантитет и квалитет. Високостеблените шуми со добар квалитет се наоѓаат по должината на државната граница, далеку од индустриски и населени места и човечко влијание. Низок квалитет нискостеблените шуми се наоѓаат во централните делови на земјата, а нивната состојба резултираше делумно од климатските услови, а делумно од човековите активности.

Шумите во државна сопственост зафаќаат 90,14% од вкупната површина под шума, а по дрвна резерва нивното учество е 92,2%. Шумите во приватна сопственост зафаќаат 9,86% од вкупната површина под шума и учествуваат со 7,8% во вкупната дрвна резерва. Постојат повеќе од 200.000 парцели во сопственост на околу 65.000 домаќинства, во просек 0,6 ха по домаќинство. Вработувањето во шумарскиот сектор се проценува меѓу 0,3% -0,5% од вкупната вработеност.

Шумарството учествува со помалку од 1% во националниот БДП, а учеството на дрвната индустрија (примарна и секундарна преработка на дрво, мебел, хартија и целулоза, итн) во БДП е 2,5-3%. Економските, социјалните и еколошките функции на шумите се од огромно значење за одрживиот развој на општеството и за подобрување на квалитетот на животот, особено во руралните и планински подрачја.

Иако земјата има голем потенцијал за развој на шумарството, ограничувачки фактори се: големиот процент на деградирани шуми и шикари и слабиот квалитет на дрвната маса, поради што таа повеќе се употребува како огревно дрво, а многу малку како техничко дрво. Дрвната индустрија се соочува со недостиг на современа опрема и

системи за автоматизација кои не се произведуваат во земјата. Нивото на инвестиции е многу низок, особено во странските директни инвестиции. Во последниве години се забележува растечки интерес за одгледување на брзорастечки дрва за индустриски потреби.

Главните закани и проблеми во стопанисувањето со шумите се: бесправната сеча и други незаконски активности, шумските пожари при што на годишно ниво (1998 - 2012) во просек се опожарува површина од околу 10.344 ha, сушењето на шумите настанато поради климатските промени или напад од штетни инсекти и болести. Сето ова води кон огромни економски и еколошки загуби во шумарскиот сектор.

Слабо-развиената шумска патна инфраструктура го попречува развојот на шумарскиот сектор. Недоволната отвореност на шумите со шумски патишта влијае врз брзото, кавалитетно и ефективно извршување на стручните работи во шумите, но и на навремената интервенција при појавата на шумски пожари.

### 1.4.2 Политики во шумарството и ловството

Надлежна институција за политиката во шумарството во Република Македонија е МЗШВ, додека стопанисувањето на државните шуми се врши од страна на јавното претпријатие "Македонски шуми". Шумите во националните паркови се управувани од страна на јавните претпријатија за управување со националните паркови и природни резервати (Маврово, Пелистер, Јасен и Галичица).

Сопствениците на приватни шуми се организирани во Национално здружение на сопственици на приватни шуми "Приватни шуми“. Здружението е од клучно значење за сопствениците преку кое тие активно учествуваат во креирањето на политиките, носењето на законите и во користењето на средства од финансисата програма за шумарството.

Политиките за развој на шумарството се утврдуваат со Програмата за проширена репродукција на шумите преку која се финансираат следниве мерки:

- подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта;
- мелиорација на деградирани шуми и шикари;
- нега на шумски култури;
- санирање на опожарени шумски површини;
- превентивна заштита на шумите и шумските култури;
- сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари;
- обезбедување на семе и на шумски саден материјал;
- обезбедување на садници за пошумување земјиште во приватна сопственост;
- изградба на инфраструктурни објекти во шума и

- техничко опремување за спроведување на проширената репродукција на шумите.

Секоја година со програмата, се обезбедени садници од различни шумски видови кои се користат за пошумување на голини во приватна сопственост (дистрибуција базирана на официјално барање од сопствениците).

Дополнително на активностите, и координирано со државните институции, невладината организација "Ден на дрвото - засади ја својата иднина", под влијание на светската кампања „милијарди дрва“ започната во 2006 година од страна на Обединетите нации за животна средина (УНЕП) како одговор на предизвиците на глобалното затоплување, во 2008 година започна со еколошката акција "Ден на дрвото - засади ја својата иднина".

Во рамките на проектот за централно управување со кризи со финансиска помош од JICA се развива национален систем за рано предупредување за шумски пожари "Македонскиот Шумски пожар информативен систем (MKFFIS)". Првично тестирање на системот треба да започне од средина на 2014 година.

МЗШВ во соработка со центарот за известување, дијагноза, и прогноза - оддел при Факултетот за шумарство и врз основа на детални анализи, изготвува годишен извештај за здравствената состојба на шумите со препораки за мерките кои треба да се преземат за да се спречи ширењето, или искоренување на одредени штетници и болести кај шумските видови. Мерки на превенција, како воздушно прскање против штетници и болести на зимзелени шуми на секои три години, се финансирани од страна на буџетот на МЗШВ.

## 1.5 Водостопанство

### 1.5.1 Состојби во водостопанството

Врз база на податоците од Водостопанската основа (1974), со изградба на хидромелиоративни системи (ХМС) реално може да се обезбеди наводнување на околу 400.000 ha или на околу 80% од вкупните обработливи површини. Сепак, во изминатиов период изградени се системи за наводнување на околу 173.000 ha или околу 42,25% од вкупните површини за наводнување. Со детална мрежа за наводнување се покриени околу 120.000 ha површина, која поради недоволно функционирање на инфраструктурата за наводнување, пренамена на земјоделското во градежно земјиште и изградба на градежни објекти е доста намалена. Инаку, во рамките на хидросистемите, хидромелиоративните системи и системите за наводнување, во функција на наводнувањето изградени се 17 големи брани и над 100 мали брани и околу 1.400 km главни канали, односно околу 7.000 km детална каналска мрежа од цевководи и канали.

Најголем дел од системите за наводнување се градени во втората половина од минатиот век, особено по донесување на Законот за финансирање и изградба на

хидромелиоративни системи во Македонија во 1957 година. Со овој закон се опфатени најголемите хидромелиоративни системи „Брегалница“, „Тиквеш“ и „Струмица“ со вкупна површина од 72.881 ha. Останатите системи за наводнување вклучувајќи го и хидросистемот „Стрежево“ се градени некаде до почетокот на девеесетите години од минатиот век.

Од 1991 година, започна процес за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето во Република Македонија. Со овој проект започна четвртиот период во изградбата на хидромелиоративните системи, а главна цел беше рехабилитација системите за наводнување „Брегалница“, „Тиквеш“ и „Полог“ со вкупна можна површина за наводнување од 38.000 ha, како и преструктуирање на навонувањето во целата држава.

Според анализите направени за периодот 1987-2000 година, процентот на искористеност на системите за наводнување се намалува. Намалувањето на користењето на системите се движи  од 67,5% искористеност во 1987 на 34% во 2000 година, а најмалиот процент на искористеност од само 12.4% или 15.203 ha е забележан во 2002 година. Во 2013 година, околу 22,7% од инсталираниот капацитет се користи за наводнување. Најголем процент на искористеност на капацитетите е кај водостопанство “Тиквеш“, при што ефикасноста на користење на системот за наводнување во 2008 година се движи околу 54%, додека во 2012 година тој достигнува до 62%. Ваков тренд се забележува и кај другите системи за наводнување, освен кај “Берово“, “Преспа“, “Полог“ и “Охрид-Струга“, каде искористувањето на системите се намалува, или пак воопшто не се наводнува.

Нискиот процент на искористеност на капацитетите во голема мера се должи на застареност на системите за наводнување, со недоволно одржување и реконструкција на истите и што понатаму резултира со ниска наплата на воден надоместок во однос на процент на искористеност на наводнувани површини. Расцепканост на површините и необработување на истото претставува дополнителен проблем за ефикасно организирање и користење на системите за наводнување.

Согласно податоците за состојбата со изградени системи за одводнување во Република Македонија, истите покриваат околу 80 илјади хектари обработливо земјиште.

Табела 14. Изградени системи за одводнување во Република Македонија

| **Реден број** | **Подрачје покриено со систем за одводнување** | **Површина за одводнување (ha)** | **Главен реципиент** |
|---|---|---|---|
| 1 | "Скопско поле" | 6.600 | р. Вардар |
| 2 | "Пелагонија" - "Битолско поле" | 30.000 | р. Црна |
| 3 | "Прилепско поле" | 24.150 | р. Блато |
| 4 | "Струшко поле" | 2.680 | р. Црн Дрим |
| 5 | "Струмичко поле" | 9.000 | р. Струмица |
| 6 | "Кочанско поле" | 6.000 | р. Брегалница |
| 7 | "Овче поле" | 1.700 | р. Азмак |
| 8 | "Преспанско поле" | 1.800 | Голема Река |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 81.930 |

Извор: МЗШВ, 2013

Основен проблем во функционирањето на систем за одводнување е намалена пропусна способност на главните канали, поради обраснатост со вегетација и присуство на нанос. Иако се спроведени акции за чистење на речните корита и каналите, сепак потребно е нивно редовно одржување. Исто така, неизграденоста на деталната каналска мрежа, како и оштетување на постојната детална мрежа, претставуваат проблем во функционирањето.

### 1.5.2 Политики и досегашни реформи во секторот за наводнување

Согласно моменталната состојба на поголем дел од системите за наводнување и одводнување во Република Македонија, рехабилитација на истите преставува еден од клучните фактори за зголемување на ефикасноста на искористување на системите и подобрување на земјоделското производство. Иако, овој процес е приоритетен и неминовен за обезбедување на одржливост на системите за наводнување и одводнување, сепак треба да се даде акцент и на инвестициите во нови системи и објекти, особено таму каде нема покриеност со системи за наводнување и одводнување.

Мерките за подобрување на ефикасноста и одржливоста на постоечкиот модел на управување со хидромелиоративните системи се во правец на доуредување на законската регулатива и односите помеѓу водостопанствата и водните заедници, подобрување на организацискиот и техничкиот капацитет на водостопанствата и водните заедници, подобрување на состојбата со одржување на инфраструктурата и објектите во рамки на системите за наводнување, подбрување на наплатата на водниот надоместок, воведување на база на податоци за корисниците и површините што ќе се наводнуваат во рамки на системите за наводнување.

## 1.6 Влијанието на климатските промени на земјоделството и руралните средини

Анализите на влијанието на климатските промени врз земјоделскиот сектор укажуваат дека сите потребни параметри потребни за земјоделското производство се во насока на создавање негативно влијание врз земјоделското производство. Најважните фактори кои предизвикуваат ограничувања во земјоделското производство се дефицитот на вода и појавата на периодична суша, како и зголемување на микро-регионите со сува клима.

Климатските промени ќе имаат негативно влијание во речиси сите важни земјоделски региони, но најголемите промени се очекуваат во централниот и

југоисточниот дел на земјата. Ранливи под-сектори се: земјоделски култури, земјоделското земјиште и сточарство. Следниве култури се дефинирани како особено ранливи групи и под негативно влијание на климатските промени:

- Лозови насади / грозје како најважна култура во повардарскиот регион;
- Доматите како најважна градинарска култура во претежно градинарскиот земјоделски регион во југоисточниот дел на земјата (Гевгелија, Струмица);
- Зимската пченица како најважна житна култура во Скопје - Куманово и Овче Поле;
- Јаболка во регионот на Преспа / Охрид, особено Ресен;

Луцерка како култура со многу голема потреба од вода и огромно значење во сточарскиот сектор, која е загрозена во сите земјоделски региони на земјата, особено за пелагонискиот регион.

Доколку овие култури кои се високо подложни на ризиците од климатски промени се одгледувани без наводнување, веќе во 2025 се очекува драстично намалување на приносите во погодените географски области и култури, како резултат на климатските промени за неколку десетици проценти во зависност од типот на културата.

Намалување на зимската пченица ќе резултира со намалена снабденост со храна, бидејќи оваа култура е од суштинско значење за исхрана на населението. Намалување на производството на грозје ќе влијае не само на земјоделските производители, но исто така и на индустријата за производство на вино која во моментов покажува брз развој. Намалување на производството на луцерка ќе значи намалување на сточарското производство и зголемен дефицит на добиточни производи (млеко, месо, итн), со дополнително негативно влијание врз снабденост со храната на домашните пазари.

Производството на пченица и пченка без наводнување кое е карактеристично за региони со континентална агро-еколошка зона, предвидувањата се дека поради зголемена влажност во овие региони приносите може да се зголемат и до 10% до 2025 година, а речиси во сите останати региони на Македонија се предвидува пад на родот на пченица и пченка до 25% до 2050 година. Бидејќи пченката е летна култура, истите проекции може да се прикажат и за ефектите на климатските промени на производството на зеленчук, односно драстичен пад на приносите.

Негативните влијанија на климатските промени врз земјоделството во земјата се зголемува, односно појавата на неповолните климатски настани зачестува. Климатските настани во 2007/2008, 2011/2012 и 2013 година, со долги сушни периоди и топлотни бранови доведе до значително губење на производство. Недостаток на вода во летниот период предизвикува значителен недостаток на влага за летните култури и кај едногодишните култури. Наводнувањето во ранливите региони кои се погодени од климатските промени со појава на суша е од огромно значење за опстанокот на земјоделското производство и агро-биодиверзитетот.

Земајќи во предвид дека значителен дел од руралното население зависи од приходите од земјоделството за нивно издржување, руралните заедници се особено

ранливи на ризиците кои се јавуваат како резултат на климатските промени. Овој ризик е дополнително засилен со релативно ниска продуктивност на Македонија како резултат на недостаток на адаптивен капацитетот на сегашната клима и неповолни климатски настани. Овој дефицит се однесува на сложен збир на фактори, вклучувајќи нарушувања и недостатоци во земјоделските пазарите (на инпути и производи); лош квалитет на јавните услуги во области како земјоделски образование, советодавни услуги, истражување и системи за пазарни информации; недостаток на структурни промени на ниво на земјоделски стопанства, недостаток на пристап до финансии; неодржливо управување со почвите; недоволна развиеност на системите за наводнување во смисла на капацитети но и на техники за наводнување со заштеда на вода; висока ранливост од природни опасности, како суши, поплави, мразови, град и силно невреме.

Потребни се мерки за адаптација за заштита на природни катастрофи, заштитата на животната средина и одржливо управување со ресурси, како и за адаптирање на климатските промени. Овие мерки се потребни повеќе со цел да се намали ранливоста на сегашните климатски промени, отколку заштита од идните екстремни временски услови.

Примена на мерки за адаптација кон климатските промени, резултираат со зголемен принос и намалување на негативните ефекти од климатските промени. Промена на времето за сеидба или за наводнување може да придонесе за значително подобрување на приносите. Исто така, како соодветни мерки за адаптација кон климатските промени се сметаат и одгледување добиток, кој е генетски отпорен на топлина, специјално подготвена храна и примена на техники за хранење за време на периоди на зголемена топлина, подобрување на условите за сместување со соодветна вентилација, ладење и климатизација во одгледувалиштата и следење на продуктивноста наспроти климатските промени особено во сушни периоди и топлотни бранови.

Сепак, најзначајните влијанија на климатските промени во земјоделството се поврзани со деградација на почвата, свлечишта и салинизација (солена почва). Одговор на овие ризици е во примена на одржливи земјоделски практики и користење на земјиштето, добро управување со водите, заштита на биодиверзитетот и заштитни мерки за превенција на ерозија на почвата (шумски појаси во низини, пошумување на земјоделско земјиште во ерозивни подрачја итн.).

Сите овие мерки се во насока на намалување на ранливоста на земјоделските системи и заштита на рурална егзистенција на надворешни шокови како што се во случајов климатските промени.

Високо ниво на влијание од климатските промени е изразено во шумарскиот сектор. Главните извори на изложеност и придружните влијанија за шумите се зголемување на температурите со истовремено намалување на врнежите, што ќе резултира со зголемување на фреквенцијата на шумски пожари, како и промени во продуктивноста на шумата во смисла на био-маса.

## 1.7 Образование и трансфер на знаење

### 1.7.1 Структура и поставеност на образовниот и истражувачки систем

Формалното образованието во земјоделството се одвива во средните земјоделски училишта, високи стручни школи и високо образовните институции. Неформалното образование не е институционализирано и се спроведува нередовно, во рамките на национални и меѓународни проекти.

Основната платформа на која се гради системот на стручно образование и обука (во понатамошниот текст ССО) е средното стручно образование со четиригодишно и тригодишно времетраење. Законот за СОО[3] предвидува и два облика на пост-средно стручно образование и обука (мајсторски испит и специјализација); меѓутоа, овој вид на образование се реализира според програми изработени во 1989 година и веќе подолго време покажува голем број слабости. Дополнително, како најнизок облик на стручно образование е стручното оспособување (во понатамошниот текст СО) наменето за возрасни и кое дава ниски нивоа на квалификации или оспособеност за работни места. Најчести корисници на оваа понуда се лицата без квалификации[4]. Структурата на македонското земјоделство се карактеризира со голем број на индивидуални и мали земјоделски стопанства чии човечки ресурси се карактеризираат со релативно ниско образовно ниво.

Оттука, а согласно со спецификите на земјоделското производство, потребно е специфично-скроено неформално образование за земјоделците што ќе обезбеди континуиран систем за обуки за подобрување на нивните квалификациите, особено за управување со земјоделското стопанство, примена на нови технологии, примена на пазарни стандарди за квалитет и безбедност на храна, а ќе се спроведува во месеците кога има намалена земјоделска активност со цел да се максимизира нивното учество.

Во Република Македонија постојат во 24 средни училишта се нуди биотехничко образование (11 средни училишта за земјоделско-ветеринарна струка, 5 за прехранбена струка или 8 за шумарско-дрвопреработувачка струка). Бројот на ученици драматично опаѓа од година во година и интересот за овие струки е многу низок. Во учебната 213/2014 во овие средни училишта се запишале 2.450 ученици односно половина од бројот на ученици во учебната 2011/2012 година.

Високото образование од областа на земјоделските науки и прехранбените технологии се одвива на четирите државни универзитети: Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје го сочинуваат шест институти со 64 наставници и 12 стручни соработници. Се организира настава на 10 студиски програми на прв циклус студии (поледелство; градинарство и цвеќарство; анимална биотехнологија, преработка на земјоделски производи, заштита на растенија, екоземјоделство, овоштарство со лозарство; лозарство и винарство; квалитет и безбедност на храна; и агроекономика), 7 студиски програми на

---

[3] Сл. Весник. 71/2006

[4] МОН. 2013. Стратегија за стручно образование и обука 2013-2020. Скопје, нацрт текст

специјалистички студии (агроекономски развој; агроменамент; тутун; механизација; заштита на растенија; семепроизводство и контрола на семе во нивски култури; производство на семе и саден материја од градинарски култури), 7 студиски програми на втор циклус студии (растителна биотехнологија; анимална биотехнологија; преработка на земјоделски производи од анимално потекло; менаџмент на природни ресурси и животната средина во земјоделството; квалитет и безбедност на храна, фитомедицина) и 6 студиски програми на трет циклус студии (агроекономика; анимална биотехнологија; квалитет и безбедност на храна; менаџмент на природни ресурси и заштита на животната средина; растителна биотехнологија; заштита на растенија - фитомедицина).

Шумарски факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје вработува 17 наставници и 2 стручни соработници. Се организира настава на 4 студиски програми на прв циклус студии (шумарство; пејзажно дизајнирање; екоинженеринг и екоменаџмент; озеленување и унапредување на животната средина), 7 студиски програми на втор циклус студии (мелиорација на деградирани шуми и шикари; одгледување на шумите; подигнување на шумски култури; генетика и облагородување на шумските видови дрвја и декоративните растенија; шумска политика и менаџмент во шумарството; шумарски техники и операции; управување со земјиште и вода во планински екосистеми; уредување на шумите; заштита на шумите и дрвото со неколку модули: заштита на дрвото; шумарска и хортикултурна ентомологија; шумарска и хортикултурна фитопатологија; и заштита на шумите и зелените површини; проектирање и подигање на зелени површини; дендрологија и фитоценологија; ловство).

Ветеринарен Факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, го сочинуваат три институти со 21 наставник и 12 стручни соработници. Се организира интегрирана настава на прв и втор циклус студии (ветеринана медицина), и 2 студиски програми на трет циклус студии (ветеринарна медицина; и безбедност на храна).

Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје има 14 наставници и 1 стручен соработник. Се организира настава на 4 студиски програми на прв циклус студии (инженерство на мебел и дрво; дизајн на мебел и ентериер; механичка технологија на дрвото; проектирање и технологија на мебел и ентериер), и 1 студиска програма на втор циклус студии (дизајн и технологија на мебел и ентериер).

Факултет за биотехнички науки Универзитет Св. Климент Охридски – Битола остварува образование на 4 студиски програми на прв циклус студии (квалитет и безбедност на храна; преработка на анимални производи; менаџмент во биотехниката; и тригодишни студии за фармерско производство); и 6 студиски програми на втор циклус студии (квалитет и безбедност на храна; преработка на анимални производи; менаџмент во биотехниката, фармерството и агробизнисот; фармерството и агротуризмот; и фармерско производство ).

Технолошко-Технички Факултет Универзитет Св. Климент Охридски во Велес реализира наставно-образовен процес на 2 студиски програми на прв циклус студии (прехранбена технологија и биотехнологија; и нутриционизам), и 2 студиски програми на втор циклус студии (управување со квалитет; и безбедност на храна).

Ветеринарен факултет Универзитет Св. Климент Охридски во Битола со 6 наставника и 11 стручни соработници спроведува интегрирана настава на прв и втор циклус студии (ветеринарна медицина).

Земјоделски факултет – Универзитет Гоце Делчев во Штип опфаќа пет институти со 17 наставници и 10 соработници. Се организира настава на 12 студиски програми на прв циклус студии (агроменаџмент; градинарство; енологија; лозарство; фитомедицина; преработка на анимални производи; поледелство; рурален развој; рурален туризам; биологија и општа насока), 5 студиски програми на втор циклус студии (фитомедицина; енологија; преработка и контрола на анимални производи; лозарство и биотехнологија; генетика и селекција) и 3 студиски програми на трет циклус студии (заштита на растенија; наука за земјиштето и хидологија; и растително производство).

Факултетот за прехранбени технологии и исхрана - Државниот универзитет во Гостивар е со 2 студиски програми на прв и втор циклус студии (прехранбена технологија; и исхрана).

Високо образовните институции, научните институти и Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ претставуваат главни истражувачки центри во областа на земјоделството. Нивните материјални и човечки ресурси се основа за висококвалитетни истражувања и резултати. Развојот на човечките ресурси се спроведува во рамките на високо образовните институции, и мерките за поттикнување на иновациска дејност. Затоа, неоходна е поддршка за континуирано надградување на наставно-научниот кадар од областа на земјоделството.

Опремувањето на институциите во голема мера се спроведува од обезбедените средства преку меѓународни проекти. Со проектот за опремување на лаборатории за научна и апликативна дејност се опремени и акредитирани нови лаборатории во рамките на овие институции. Целта на овој проект е комерцијализација на националните лаборатории за потребите на бизнис секторот, а со тоа заштедување на време и финансиски средства. Акредитирани лаборатории од биотехничките науки се: лабораториите на Институтот за храна и Ветеринарниот Институт при Ветеринарниот Факултет во Скопје; лабораториите за квалитет на семе од земјоделски растенија, на почва, вода, ѓубрива и растителен материјал, на тутун и тутунски производи и на автентичност и квалитет на тутунска суровина при Научен Институт за Тутун - Прилеп; лабораторијата за тестирање на мебел при Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер; лабораторијата за заштита на растенија и животна средина при Земјоделски Факултет – Штип; лабораторијата за вино и алкохолни пијалоци при Земјоделски Институт – Скопје и Државната фитосанитарна лабораторија при МЗШВ.

Досега, степенот на вложување во истражување и развој е на многу пониско ниво од другите земји членки од ЕУ. Трошокот за истражување и развој на државните образовни институции изнесува 0,09% од БДП, владиниот трошок изнесува исто толку, а вложувањата на приватиот бизнис сектор изнесуваат само 0,04% од БДП5. Национална програма за научно истражување и развој (2012-2016) предвидува значително зголемување на трошоците за истражување и развој односно

[5] World Bank, 2013a, Country paper series: Former Yugoslav Republic of Macedonia. Western Balkans Regional R&D Strategy for Innovation Technical Assistance Project.” Washington, DC: World Bank.

достигнување до 1% од БДП за наредните пет години и 1,8% до 2026. Исто така се предвидува учеството на бизнис секторот да достигне до 50% во вкупните трошоци за истражување и развој, затоа што зајакнувањето на врските помеѓу бизнис секторот и истражувачките институции е најисплатлив начин за зголемување на капацитетот за иновации на една земја. Сепак, иако се направени повеќе обиди за нивно зголемување сеуште постои простор за нивно подобрување[7].

Денешната состојба со истражувањата во земјоделството е отежната во обезбедување на постојани финансиски средства, во однос на одржување на постоечките инфраструктурни истражувачки капацитети и во развојот и усвојувањето на нови методологии. Како резултат на ваквата состојба, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, изготви проект[8] за модели за развој на целни истражувања во земјоделството со која би се воспоставил брз и ефикасен систем на истражувања во функција на развојот на науката и образованието во земјоделството и храната. Целта на проектот е воспоставување на конкурентски основи при доделувањето на научно-истражувачки проекти од ресорните министерства (МОН, МЗШВ, МЖСПП), дефинирање на моделите за развој на апликативни истражувања применливи за АПРЗ и моделите применливи за малите и средни претпријатија од областа на земјоделството и преработките на храна, а со тоа и зголемување на флексибилноста и капацитетот на истражувањето.

Како институција за поддршка на меѓуинституционална соработка за поттикнување на истражувањата, иновациите и трансферот на знаење, во областа на земјоделството и храната се сретнуваат[9]: (1) Центарот за применети истражувања и перманентно образование во земјоделството како дел од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, основан во 2003 година со поддршка на ГТЗ; (2) Национален центар за развој на иновации и претприемнчко учење основан во 2009 година, поддржан од Австриската кооперација за развој; (3) Центарот за иновации основан во 2010 година со поддршка од Проект за конкурентност на УСАИД.

Центрите за започнување на нови бизниси и бизнис инкубаторите го поттикнуваат претприемачкото однесување и ги поддржуваат компаниите во зачеток преку заедничко користење на ресурси и услуги во вид на совети и обуки за менаџмент, маркетинг итн. Во Македонија се идентификувни[10]: (1) Бизнис центарот за развој на земјоделството – Струмица основана во 1997 година од Светска банка; (2) ПСМ Фондација основана во 2005 година со поддршка од СИНТЕФ и Институт Отворено општество, наменето за млади до 35 годишна возраст; (3) Центар за развој на нови бизниси при Универзитет Св. Кирил и Методиј, основан во 2006 година со поддршка на Австриската кооперација за развој и пред сé наменето за студенти и скоро дипломирани; (4) Фондација Бизнис Стартап Центар Битола, основана во 2010 година, а поддржана од Министерството за надворешни работи на Холандија.

---

[6] Влада на РМ, 2013, Стратегија за иновации на РМ 2012-2020. Скопје: Влада на Република Македонија

[7] Влада на РМ, 2013, Стратегија за иновации на РМ 2012-2020. Скопје: Влада на Република Македонија

[8] ФЗНХ, 2011, Модели за развој на целни истражувања во земјоделството. Скопје: Факултет за земјоделски науки и храна

[9] WBC, 2011. Innovation Infrastructures: The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Co-ordination of Research Policies with the Western Balkan Countries. (Available at:wbc-inco.net)

[10] WBC, 2011. Innovation Infrastructures: The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Co-ordination of Research Policies with the Western Balkan Countries. (Available at:wbc-inco.net)

Преку здружување на група на фирми и институции кои се локациски и стратешки блиски, кластерите претставуваат значаен двигател на иновации и подобрување на конкурентноста[11]. Во Македонија се идентификувани следниве кластери: Македонски кластер за производство на приклучна земјоделска механизација и опрема за сточарското производство (БИПОМ-М во Битола); ДЗГ „Еснафи“ Кластер за мед; МАП – Кластер за преработка на зеленчук и овошје; Кластер за туризам во Осоговскиот прекуграничен регион Крива Паланка; Фондација – Тиквешки вински пат, Кластер за вино[12]; Агро Хеликс – Велес, Кластер за полжави[13]. Сепак, постојните кластери не успеваат успешно да го поттикнат развојот на иновациите и комерцијализацијата на новите производи, а главна причина за ова е недостатокот на комплементарност на постојните кластери[14]. Оттука, развојот на кластерското здружување во Република Македонија е дел од мерките во Програмата за поддршка на конкурентноста, иновации и претприемништво[15].

## 1.7.2 Трансфер на знаење

Знаењето само по себе не е доволно доколку не се примени во пракса. Затоа, трансферот на знаење е еден од клучните елементи за развој. Трансферот на знаење во земјодеслвото, каде што како краен корисник се јавува индивидуалниот земјоделски производител најчесто се врши преку националната советодавна служба. Советодавните услуги во пракса се обезбедуваат и од страна на агробизнис секторот и финансиските институции со цел привлекување на коминтенти и обезбедување сигурен пласман на своите производи, како и од преработувачката индустрија во процесот на осигурување на квалитетни инпути за своето производство. Сепак, советодавните услуги од овој тип се ограничени на мал број субјекти и со помал опсег на делување.

Една од водечките инститиции за трансфер на знаење во земјоделството е Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (во понатамошниот текст АПРЗ)[16] е основана со Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник 3/98) и со поддршка од Проектот од Светска банка. АПРЗ функционира како орган на државната управа, има својство на правно лице и е самостојна во својата работа. Целта на АПРЗ е да овозможи трансфер на знаења и информации и нивна имплементација кај земјоделските стопанства во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ и пошироко, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од земјоделските стопанства преку теренски посети. АПРЗ функционира на целата

[11] WBC, 2011. Innovation Infrastructures: The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Co-ordination of Research Policies with the Western Balkan Countries. (Available at:wbc-inco.net)
[12] http://macedoniawineroute.com/
[13] WBC, 2011. Innovation Infrastructures: The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Co-ordination of Research Policies with the Western Balkan Countries (available at:wbc-inco.net)
[14] Влада на РМ. 2013. Стратегија за иновации на РМ 2012-2020. Скопје: Влада на Република Македонија
[15] Влада на РМ, 2014. Програмата за поддршка на конкурентноста, иновации и претприемништво (Сл.весник, Јан/2014)
[16] www.agencija.gov.mk

територија на Република Македонија, во 30 градови, групирани во шест региони со Дирекција во Битола и 44 дисперзирани канцеларии во руралните средини. Севкупните општествени околности во државата и законската регулатива ја обликуваат АПРЗ во национална советодавна служба како водечка институција во давањето на советодавните услуги во областа на земјоделството.

Со цел подобрување на квалитетот на советодавните услуги на земјоделскиот сектор во фаза на подготовка е нов модел кој ќе овозможи побрз трансфер на знаење и ќе одговори на пазарните барања за зголемување на конкуретноста, но и на барањата на политиките. Специфични цели кои треба да се постигнат со реформата на советодавниот систем се: зголемување на стручноста и мотивираноста на советниците, зголемување на квалитетот на обезбедени советодавни услуги, зголемување на бројот на корисници, слободен избор на советник, зголемен надзор од државата, вертикална поврзаност меѓу научно-истражувачките институции и советодавните институции и усогласување на советодавниот систем според Заедничката земјоделска политика на ЕУ.

Најдобриот начин за пренесување на знаењето е доколку земјоделците самите се уверат во веќе применетата нова и напредна технологија на производство. Тоа може да се постигне преку демонстративни земјоделски стопанства за презентирање на најдобрите техники и технологии на земјоделското произвдоство. Организацијата на ваквите стопанства да се организира при високо-образовните и истражувачките институции, каде покрај демонстративните огледи ќе се организираат и истражувачки опити, испитувања во врска со трансфер на технологии и селекциска работа во растителното и сточарското производство.

## 1.8. Политики за развој на земјоделството и руралните средини во периодот на спроведување на НСЗРР 2007-2013 година со проценка на влијание

### 1.8.1 Преглед на политиките во земјоделство и руралниот развој како дел од реализација на НСЗРР 2007-2013

Врз основа на препознаеното значење на земјоделскиот сектор, согласно првата Национална стратегија за земјоделство и рурален развој, почнувајќи од 2007 година **Владата на Република Македонија го вброи земјоделството во еден од своите економски приоритети**, понатаму спроведувајќи комплементарни и сеопфатни политики. Во насока на подигнување на секторската конкурентност и подобрување на условите за живот во руралните средини, беа поставени сите неопходни правни и институционални услови за воведување на новите политики на поддршка согласно потребите на секторот и позитивните искуства на земјите кои спроведуваат организирана земјоделска политика. Во насока на реализација на новите

политики беа алоцирани значително поголеми финансиски средства за таа намена во однос на претходниот период.

**Првата Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2007-2013 година беше усвоена од Владата на Република Македонија на 29-ти јуни 2007 година**. Според Националната стратегија, општата развојна визија е преточена во следните долгорочни секторски стратешки цели како основа за земјоделски и рурален развој и формулирање на идната земјоделска политика:

*„Да се зајакне земјоделството за да може да биде конкурентно на интегрираните регионални пазари на Европската Унија и југоисточна Европа преку мерки за зголемување на ефикасноста на земјоделското производство, обработка и пласман и да се изградат соодветни ефективни јавни и приватни институции; да се подобрат приходите на фармата; да се осигура дека потрошувачите имаат пристап до безбедна, здрава храна; да се оптимизира користа од лимитирана почва, шума и водени ресурси, на начин соодветен на околината; и да изградат витални рурални заедници преку одржлив рурален развој."*

Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2007-2013 година **е реализирана во најголем дел од предвидените политики, мерки и очекувани резултати**. Зголемувањето на меѓународната конкурентност на земјата која е потребна за одржлив економски пораст и поголема вработеност, како главна цел, е евидентно преку постојаното **зголемување на извозот** на земјоделско-прехрамбени производи од нивото од 318 милиони евра во 2006 година, на 504 милиони евра во 2013 година (или за 58%).

Заради спроведување на амбициозните цели на стратегијата, врз основа на одлука на Владата на Република Македонија почнувајќи од 2007 година се започна со **значително издвојување на средства од буџетот на државата** кои од почетните помеѓу 5-7 милиони евра годишно, до 2013 година достигнаа 135 милиони евра годишно. Со ова е повеќекратно надмината проекцијата во стратегијата за висината на средствата наменети за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во износ од 20 милиони евра.

Дополнително, покрај средствата за финансиска поддршка во земјоделството, во периодот помеѓу 2007 и 2013 година значително се зголемија износите издвоени за администрирање на политиките во земјоделскиот сектор преку буџетите на органите на државна управа. Така од почетните 3 милијарди денари издвоени за земјоделските услуги во буџетот на државата за 2006 година, износот во 2013 година е зголемен за 200 % на близу 10 милијарди денари. Воедно издвојувањата за земјоделството во националниот буџет го имаат удвоено учеството достигнувајќи високи 5,5% во 2013 година, со што се едни од најголемите намени за поединечните политики на Владата.

Табела 15. Износи на планиран национален и буџет на МЗШВ во период 2006-2013 во 000 денари

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МЗШВ** | 2.929.971 | 2.443.840 | 3.123.929 | 1.932.875 | 1.679.546 | 1.520.581 | 1.430.443 | 1.197.656 |
| **АФПЗРР** | / | / | 2.733.000 | 4.465.646 | 6.068.110 | 7.053.757 | 7.931.335 | 8.264.719 |
| **АХВ** | / | / | / | / | / | 445.628 | 409.211 | 356.864 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АПРЗ** | 47.065 | 48.480 | 74.500 | 76.500 | 65.731 | 58.740 | 70.050 | 66.990 |
| **УХМР** | 82.482 | 97.656 | 117.627 | 140.636 | 126.681 | 126.177 | 111.207 | 96.522 |
| **Вкупно земјодел. услуги** | 3.059.518 | 2.589.976 | 6.049.056 | 6.615.657 | 7.940.068 | 9.204.883 | 9.952.246 | 9.982.751 |
| **МК Буџет** | 126.347.984 | 123.576.610 | 141.262.822 | 172.971.092 | 161.838.801 | 168.069.270 | 174.619.777 | 181.420.619 |
| **Учество** | 2,42% | 2,10% | 4,28% | 3,82% | 4,91% | 5,48% | 5,70% | 5,50% |

Извор: Сл. весник на РМ, бр: 120/05, 139/06, 160/07, 166/08, 156/09, 161/10, 180/11 и 167/12

Од алоцираните средства, најголем дел е предвиден за политиките на финансиска поддршка во земјоделството.

**Политиките на поддршка беа поставени да овозможат дополнување на приходите на земјоделското и рурално население и создавање на услови за инвестирање во земјоделскиот сектор** во насока на подобрување на конкурентноста на македонското земјоделско производство. Политиките обезбедуваа подеднаков пристап на потенцијалните корисници кои ги исполнуваат критериумите без преферирање на категории и победници, особено бидејќи во периодот пред 2007 година најголем дел од земјоделските производители воопшто и немаа пристап до поддршка обезбедена од страна на државата. Во периодот од 2007 до 2013 година за програмите на финансиска поддршка се исплатени вкупно 507,12 милиони евра од националниот буџет на Република Македонија. Детален преглед на исплатени средства за државна поддршка во земјоделството и руралниот развој по политики за периодот 2007-2013 година е презентиран во Прилог 1 на оваа стратегија.

Графикон 3. Преглед на исплатени финансиски средства по области на финансиска поддршка за период 2007-2013 година




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2.012 | 2.013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка во земјоделството | 986.679.701 | 2.642.659.747 | 3.998.245.115 | 5.500.696.835 | 5.742.858.228 | 5.245.464.319 | 5.579.177.347 |
| Рибарство и аквакултура | 5.717.899 | - | 10.574.438 | 27.550.340 | 35.338.702 | 46.164.861 | 33.564.745 |
| Рурален развој | 75.000.000 | 132.199.966 | 294.467.842 | 199.826.976 | 4.282.424 | 140.410.964 | 488.098.444 |
| вкупно | 1.067.399.607 | 2.774.861.721 | 4.303.289.404 | 5.728.076.161 | 5.782.481.365 | 5.432.042.156 | 6.100.842.549 |

Извор: АФПЗРР, 2014

Пропорцијално најголем дел од средствата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, **околу 95% беа наменети за политиките на директни плаќања**, додека остатокот беше наменет за мерките за рурален развој и помал дел за рибарството. Почнувајќи од 2007 година финансиска поддршка на приходот остварена преку директните плаќања постепено ги опфати сите значајни земјоделски подсектори - конкурентните, но и дел од неконкурентите кои се препознаени како стратешки важни од различни причини.

Во изминатиот стратешки период **се започна и со спроведување на исклучително важните политики на рурален развој** насочени кон подобрување на конкурентноста на производните дејности во руралните средини и условите за живот на руралното население преку кофинансирање на инвестициите. Мерките за поддршка беа насочени кон инвестициите за модернизацијата на земјоделските стопанства, преработка и маркетинг на земјоделските производи за реструктуирање и надградба според стандардите на ЕУ, за диверсификација на економските активности во руралните средини и подобрување на руралната инфраструктура.

Покрај од националниот буџет, од крајот на 2009 на Република Македонија и беа ставени на располагање дополнителни средства наменети за рурален развој во висина од **65 милиони евра од предпристапните ИПА фондовите на ЕУ**. На ова претходеа низа спроведени активности за подготовка и акредитација на ИПАРД 2007-2013 Програмата, воспоставување на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатмошниот текст АФПЗРР) и Телото за управување со ИПАРД. Оперативната структура воспоставена во 2007 година се стекна со правото за управување со европските ИПАРД средства на крајот од 2009 година после постигнување на потребниот капацитет, организација и спроведување на процедурите и методологии согласно регулативата на ЕУ. Користењето на ИПАРД средствата се реализираше преку 8 повици за интерес реализирани до крајот на 2013 година, додека недоволната абсорбција на средствата беше предмет на континуирани активности за подобрување на опфатот на мерките и олеснување на пристапот на корисниците.

Иако исплатата на мерките од политиката на рурален развој во изминатиот период постепено се зголемува и во 2013 година достигна околу 8 милиони евра годишно, спроведувањето на мерките и абсорбцијата на средствата од националната програма и уште повеќе од ИПАРД програмата поради нивниот инвестиционен карактер, претставуваше предизвик и за корисниците и за вклучените институции.

Како резултат на воведување на новите мерки и олесување на пристапот кон поддршката, **бројот на корисници на мерките на финансиска поддршка е многукратно зголемен** од 13.000 корисници во 2006 година на околу 100.000 стопанства во 2013 година. Сепак бројот на корисници на мерките на поддршка кој изнесува 52% од вкупниот број на 192.000 земјоделски стопанства според пописот за земјоделство, зборува за таргетирана политика насочена кон стопанствата со дефиниран минимален развоен потенцијал.

Во периодот до 2013 година се обезбеди поврзување на политиките на поддршка со одржливото управување со ресурсите. Согласно Правилникот за

минимални услови за добра земјоделска и заштита на животната средина, директните плаќања се условени со **исполнување на барањата за вкрстена сообразност**. Од 2007 година како дел од агроеколошките мерки редовно се поддржуваат органските производители, а од 2013 година се започна со поддршка и на биодиверзитетот.

Значителното зголемување на средствата и бројот на аплицираните мерки на финансиска поддршка наметна потреба за **поставување на Интегрираниот систем за администрација и контрола** на политиките на поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст ИСАК), кој е воспоставен со сите негови детали, интегриран и функционален. Дополнително заради подобрено планирање на земјоделските политики во изминатиот период беа воспоставени и остварена оперативна функционалност и на **под-системите кои преставуваат дел од Земјоделскиот информативен систем** (во понатамошниот текст ЗИС), и тоа: Мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (во понатамошниот текст ФАДН) и Земјоделски пазарен информативен систем (во понатамошниот текст ЗПИС).

Покрај преку финансиската поддршка, земјоделските стопанства беа поддржани и со **намалување на ДДВ од 18 на 5%** за земјоделската опрема, механизацијата и ѓубривата и ослободување од плаќање на данокот на добивка (до 300 илјади денари приход од земјоделска дејност), односно пониско паушално плаќање за приходите до 1,3 милиони денари. За земјоделците беа обезбедени и помали **преференцијални социјални плаќања** во однос на другите категории на социјални осигуреници за ист износ на идни социјални поволности. За поддршка на инвестициите, преку Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд во состав на Македонската банка за поддршка на развојот, **обезбедени се рурални кредити за сите земјоделски намени** со субвенционирани поволни услови во однос на висината на годишната каматна стапка.

Како посебно значајни мерки за поддршка на земјоделците во изминатиот период се издвојуваат и напорите за **поддршка на формирањето и функционирањето на задруги и зајакнување на договорното производство**. Поддршката за формирање и функционирање на земјоделски задруги е воспоставена во програмите за рурален развој континуирано од 2011 година, додека во 2013 година со донесување на новиот Закон за земјоделски задруги обезбедено е дополнително проширување на поддршката[17].

За пресретнување на зголемениот интерес за занимавање со земјоделска дејност како резултат на поволната клима креирана од политиките на државата, се превзедоа мерки за подобрување на достапноста на земјоделците до слободното нераспределено земјиште во државна сопственост преку закуп и плодоуживање. Во овој период се **распределни 59.544 ха на 8.719 земјоделци** или во просек по околу 7 ха по стопанство, за разлика од перидот пред 2007 кога вкупните 98.150 ха беа распределени на 411 стопанства, односно во просек 239 ха по стопанство. Паралелно се превземени законски измени за спречување на раситнувањето на земјоделското

[17] Преку дополнителните мерки кои вклучуваат: организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи, помош за премии за осигурување во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурување на производните капацитети на земјоделската задруга од мал обем и 80% за осигурување на производните капацитети на земјоделската задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000 денари на годишно ниво и инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на набавката.

земјиште, **создадени се институционални услови за воведување на политиките на консолидација на земјиштето**, како и започната е уште една голема структурна реформа која се однесува на мобилизација на пазарот со земјиште, а тоа е **процесот на приватизација на земјоделското земјиште** во државна сопственост.

Табела 16. Распределено земјиште во државна сопственост до 2006 година и во периодот 2007-2013 година

| | **до 2006** | | **2007- 2013** | |
|---|---|---|---|---|
| | Распределено земјиште површина ха | Број на корисници | Распределено земјиште површина ха | Број на корисници |
| **Редовни огласи** | 98.150 | 411 | 59.504 | 8.603 |
| **Плодоуживање** | 0 | 0 | 40 | 116 |
| **Вкупно** | 98.150 | 411 | 59.544 | 8.719 |
| **Просечно ха по корисник** | 239 | | 7 | |

Извор: МЗШВ, 2013

Во насока на подобрување на вертикалната инеграција во секторот како еден од најголемите проблеми, со измените на ЗЗРР од 2010 година **се обезбеди уредување на пазарите на земјоделските производи, односно условите и начинот за вршење на трговија со земјоделски производи**, вклучително регистрирање на откупувачите со земјоделски производи и извозниците кои треба да исполнат пропишани услови. Исто така беа воспоставени задолжителни договорни односи при откупот на земјоделските производи. Оваа регулација придонесе кон подигнување на свеста на субјектите за потребата за договорно производство и примената на фер деловни односи во трговијата со земјоделски производи, а целосното профункционирање и подобрување на договорните односи останува обврска на учесниците во секторот во следниот период.

Согласно ЗЗРР од 2007 година е формиран, и во континуитет функционира **Националниот совет за земјоделство и рурален развој**. Со измените на законот од 2010 година е уредено социјалното и економско партнерство во секторот кое опфаќа препознавање на партнерите од секторот и **формирање на постојани групи на подсекторска основа**, како форма на континуиран јавно-приватен дијалог и интеграција на вертикална основа.

Во последните две години, Владата исто така особено внимание посветуваше на **подобрување на маркетинг инфраструктурата** со обезбедување услови за инвестирање во нови откупни логистички центри кои треба да го помогнат пласманот на земјоделските производите, пред се од помалите производители.

Во врска со **зголемената безбедност на храната** активностите планирани со стратегијата во оваа област се реализирани во целост, со дополнително и квалитетно

регулирање на институционалниот аспект преку формирање на Агенцијата за храна и ветеринарство како единствено надлежно тело за безбедност на храната во државата. Во изминатиот период донесен е целиот сет на законски и подзаконски акти од областа на безбедноста на храната и обезбеден напредок во имплементација во секоја од областите на безбедноста на храната поединечно. Доизградба на системот на безбедност на храна и интегрирање на сите елементи, следење и поддршка на операторите за исполнување на стандардите, подобрување на контролите и функционалноста на мониторинг програмите, поставување на системот на безбедно остранување на нус-производите од животинско потекло, подобрување на здравствената заштита на растенијата и воспоставување на системот на пасоши на растенијата се областите во кои покрај започнатите активности целосното комплетирање останува да се оствари во следниот стратешки период.

Со **донесувањето на Законот за квалитет на земјоделски производи** и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, во изминатиот период за прв пат се реализираа активности за уредување на квалитетот на земјоделските производи и негова заштита. Спроведувањето на одредбите кај најголем дел од пазарите на земјоделски производи останува предизвик за следниот период. Ова пред се се однесува на градинарските и овошни производи и особено за млекото, за кое е неопходно воспоставување на комплексен контролен систем за тековно следење на неговиот квалитет (и безбедност). Во следниот период треба да се подобри и функционалноста на системот на заштита на земјоделските и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет и промовира заштитата на квалитетот помеѓу потенцијалните корисници.

Покрај **обезбедување на безплатни советодавни служби за земјоделците** преку АПРЗ кои се отценети како недоволни во однос на потребите на секторот и потребната поддршка на започнатите реформи, во претходниот период не се направени позначајни реформи согласно планираниот стратешки концепт во поставување на ефективен систем за креирање и пренос на знаење во земјоделството (истражување, неформалното образование и советодавни служби). Подобрувањето на знаењето на земјоделците и трансферот на современите технологии е неопходен предуслов за значително придвижување на промените во секторот во насока на негова модернизација и поголема конкурентност, и оттаму сериозен предизвик во следниот период.

Хоризонтален принцип во реализирањето на сите реформи во законодавството, институциите и политиките во изминатиот стратешки период преставуваше **прилагодувањето кон acquis на ЕУ кои се однесуваат на земјоделството, безбедноста на храната и рибарството,** предвидени во поглавјата 11, 12 и 13. Донесените закони и подзаконски акти во областите во надлежност на МЗШВ во значителен степен се усогласени со законодавството на унијата, а степенот на усогласеност е потврден со испраќањето на овие акти во Европската комисија (во понатамошниот текст ЕК) и нивно одобрување.

## 1.8.2 Влијание на земјоделска политика на развојот на земјоделскиот сектор, подсекторите и економичноста на земјоделските стопанства

*... влијание на земјоделските политики на развојот на земјоделскиот сектор*

Со зголемување на поддршката од страна на државата и следствено зголеменото приватно инвестирање, земјоделството од амортизер на негативните социјални и економски ефекти од периодот на транзицијата и падот на индустриското производство, во изминатиот стратешки период постепено станува **економска активност за обезбедување на постојани приходи** за се поголем дел од вклучените економски субјекти. Македонскиот земјоделско-прехранбен сектор постепено ја подобруваше својата економска исплатливост и привлечност за влегување на нови субјекти, но и напуштање на секторот на субјекти кои во него се наоѓаа од шпекулативни намери.

Во овој период македонскиот земјоделски сектор **покажува генерално позитивни перформанси во своето функционирање и знаци на преминување во фаза на развој**. Реализираните политики директно влијаеа на прекинување или ублажување на негативните тенденции на намалување на физичкиот обем на производство кои беа резултат на непостоењето на одржлива земјоделска политика пред 2007 година, и постепено придвижување кон позитивни трендови на пораст, поизразени кај подсекторите со компаративни предности.

Така учеството на додадената вредност на земјоделството во националниот БДП се одржува на релативно стабилно ниво помеѓу 9 и 10 проценти. Помеѓу 2007-2013 година, апсолутниот износ на БДП во земјоделство, шумарство и рибарство е зголемен за 45%, а просечната годишна стапка на пораст на земјоделскиот БДП е 3,2% (и покрај единственото намалување во 2010 во ист износ предизвикано од влијанието на светската економска криза). Зголемување бележат и вработувањето во секторот и продуктивноста на трудот за 4,6% годишно или за 27,6% за целиот период споредено со вредностите во основниот период (2006 година).

Табела 17. Преглед на растот на земјоделското производство и на вкупното производство по години 2007-2013[1] (во милиони денари)

| Година | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013[2] | прос. стапка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП вкупно** | 372.889 | 414.890 | 414.622 | 437.296 | 464.187 | 466.703 | 499.559 | |
| **БДП земјоделство, шумарство и рибарство** | 33.308 | 47.478 | 42.997 | 44.258 | 43.405 | 42.493 | 48.170 | |

Извор: ДЗС, [1] - ревидирани податоци според ЕСС 2010, [2] - претходни податоци

Во текот на периодот е остварено и зголемување на земјоделското земјиште за 18%, воглавно заради зголемување на пасиштата. Имајќи ги во предвид фактот на

истовремeното зголемување на бројот на земјоделски стопанства со поголем производни земјишни капацитети, може да се заклучи дека **применетите политики во изминатиот период имаа позитивно влијание на подобрување на структурата на стопанствата од аспект на просечната големина**. Трендот на зголемување на производните капацитети по стопанство се потврди и на последното големо структурно истражување спроведено од страна на ДЗС во 2013 година, кое покажа поголема просечна земјишна површина по стопанство од 1,85 ха, за разлика од податоците од Пописот на земјоделството од 2007 година кога просечната големина на изнесуваше 1,37 ха по стопанство.

Дополнително, согласно податоците бројот на земјоделски стопанства со големина помалку од 0,5 ха е намален за 18,9% додека тие со големина од 0,5 до 1 ха за 17,5 %, додека бројот на стопанствата со големина од 8 до 10 ха бележи зголемување за 17,7 %.

Зголемувањето на продуктивноста на трудот придонесе кон постепено зголемување на конкурентноста на секторот и **континуиран годишен пораст на извозот кој во 2013 година за прв пат помина преку половина милијарда евра** годишно и го достигна историски највисокото ниво досега. Сепак нето-трговскиот биланс со просечна вредност од 120 милиони евра годишно останува негативен како резултат на увозот на производите со висока цена од сточарско потекло пред се месото, житата и производите од континенталните поледелски култури како сончогледовото масло и шеќерот. Во структурата на увозот значително учествуваат прехрамбените производи со додадена вредност и производите за кои не постојат услови за производство во Република Македонија.

Графикон 4. Преглед на извоз, увоз и трговски биланс на земјоделско-прехрамбени производи за периодот 2007-2013 година




| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 278,6 | 318 | 346,6 | 378,5 | 357,8 | 423,7 | 468,6 | 478,93 | 504,00 |
| Увоз | 348,1 | 367,4 | 461,5 | 534,4 | 499,8 | 532,2 | 620,6 | 679,36 | 654,50 |
| Баланс | -69,5 | -49,4 | -114,9 | -156 | -142 | -108,6 | -152 | -200,43 | -150,50 |

Извор: ДЗС, обработка МЗШВ

Во изминатиот период **политиките на поддршка беа и во насока на ублажување на негативните ефекти од сериозните пазарни флуктуации и надворешни шокови** предизвикани од глобалните трендови на светската економска криза и намалување на побарувачката (најизразено кај лозарството и виното), зголемување на цената на инпутите (во првиот дел од стратешкиот период), појавата и пропаѓањето на еден од најголемите откупувачи на млеко во државата и потоа најголемиот производител на свинско месо, појавата на штетници во градинарското производство и болести кај добитокот и ценовните промени кај пченицата.

Во услови на заострена конкуренција поради намалената куповна моќ и засилениот светски интервенционализам, мерките на финансиска поддршка успеаа да го задржат нивото на пазарното учество на македонското земјоделство на надворешните пазари и за одредени производи истото да го зголемат. Заради ублажување на последиците од ваквите влијанија и настани во просек годишно се издвојуваа помеѓу половина и 2,5 милиони евра за дополнителни интервентни мерки реализирани преку зголемување на износите на редовните мерки на финансиска поддршка. Без обезбедената финансиска поддршка, состојбите во македонското земјоделско производство би биле значително полоши и најмногу би се одразиле врз најранливата група - сеуште нетрансформираните ситни земјоделци кои се доминантна категорија во секторот.

*... влијание на политиките на поддршка на економичноста на земјоделските стопанства*

Висината на директните плаќања по единица производ е помеѓу 4 и 36% **од висината на откупната цена** и највисока е кај тутунот, грозјето, пченицата и млекото (36%, 26%, 24% и 19%). Доколку се додаде и интервентната субвенција за откупот на винското грозје само тогаш висината на директните плаќања надминува над 50% од пазарната цена.

Учеството на **приходите од директните плаќања во вкупните приходи** (приходи од реализација на производите плус износот на директните плаќања) е различно по подсектори и се движи помеѓу 7-65%. Најголемо значење во вкупните приходи субвенциите имаат кај пченицата и винското грозје (65% и 63%), потоа следат овчарството, тутунот, градинарството (зелка и пипер под заштитен простор), јаболката (помеѓу 20 и 40%), а најмало учество имаат доматот под заштитен простор, производството на млеко, оризот и јаболката каде директните плаќања учествуваат со од 7-15%.

Сепак од аспект на реална поддршка на приходот и подобрување на економичноста на работењето на земјоделските стопанства, а со тоа и задржување на интересот за производство, директните плаќања најголема улога имаат кај производството на млеко и грозје каде **приходите од продажба** се доволни скоро колку за покривање на трошоците на производството, по што следува одгледувањето на овци со 34% повисоки приходи од продажба во однос на субвенциите. Овој процент е повисок кај другите поконкурентни производи како градинарските производи, оризот и тутунот.

*... влијание на политиките и поддршката во периодот 2007-2013 година на развојот на земјоделските подсектори*

Финансиската поддршка на земјоделството во изминатите неколку години имаше позитивно влијание на зголемување на обемот на производството кај конкурентните, извозно-ориентирани земјоделски производи со различен интензитет по подектори, како и на задржување на постојниот обем на производство кај подсекторите со помала конкурентност.

Генерално, **индустриските и фуражните култури** имаат зголемено производство, кое претежно е резултат на зголемување на приносите. **Тутунот** е најзначајната индустриска култура со 35% од површините и прв извозен земјоделски производ. Неговото производството во изминатиот период достигна износ и над 30.000 тони, што покрај со пазарната побарувачка се доведува во директна врска со значајното зголемување на финансиската поддршка на тутунот. Во анализираниот период евидентен е и порастот на просечната откупна цена.

**Градинарските производи** имаат најзначајно учество во вредноста на земјоделското производство со околу 30% и со тенденција за натамошен развој. Кај вкупното градинарско производство и поединечно по производи евидентен е тренд на зголемување на површините и особено на производството, односно продуктивноста во однос на периодот пред 2007 година. Зголеменот обем на производството се движеше кон 900.000 тони, за разлика од просечното производство од околу 700.000 тони пред периодот на воведување на поддршката.

Втората најважна група на земјоделски производи во македонското растително производство после зеленчукот – **овошјето,** во последниот седмогодишен период како резултат на зголемените инвестиции кофинансирани од државата во подигање на нови насади, покажува пораст на површините и обем на произведено количество во просек од околу 200 илјади тони годишно[18]. Со поддршката на инвестициите во маркетингот и изградба на нови логистички центри, постепено се надминуваат евидентираните слабости на одвивање на постбербените активности во импровизирани и несоодветни услови.

**Лозарското производство и производството на вино** придонесуваат со околу 17%-20% во земјоделскиот БДП. Поради отстство на инвестиции за реконструкција на насадите во досегашниот период, македонските лозови насади се карактеризираат со генерална неповолна староснa структура[19]. За прв пат по подолго време после континуирниот пад, како резултат на воведените субвенции[20] во 2008 година е евидентирано зголемување на површините и производството на грозје.

[18] Најголемо годишно производство на овошје е забележано во 1982 година (205 илјади тони). Во периодот од 1985-1990 година просечното производство изнесува 167 илјади тони, а во периодот на деведесетите со отсаство на државни политики следи драстично намалување до просечни 150 илјади тони во периодот пред 2007 година.

[19] Од над 60% од насадите постари од 20 години, а околу 40% од нив се на крајот на својот продуктивен циклус (>25 години) и треба да се заменат.

[20] Износот на поддршка за подигање нови насади е зголемен од 32.000 ден во 2006 година на 140.000 денари во 2010 година плус 40.000 ден/ха за одржување на веќе постојните насади.

Трендот на стабилизирање на падот продолжува и во следниот период со постепеното зголемување на вкупните површини на над 20.000 ха[21].

Во овој период бројот на винарски визби е двојно зголемен, од 40 регистрирани винарски визби во Република Македонија во 2006 година на 81 винарски визби регистрирани во 2013-та, со вкупен капацитет на преработка од над 2 милиони хектолитри и капацитет на преработка и чување на виното од 1.700 хл. Ова придонесе кон поголема побарувачка на винското грозје и промена во ориентацијата кон производство на квалитетно вино, односно намалување на учеството на наливното вино во вкупниот извоз од вообичаените 90% на 80% во 2013 година и зголемување на вредноста на цената по шише.

Со интервентните мерки на поддршка за лозарите и винарските визби, подсекторот успеа да ја надмине големата криза на намалена побарувачка со помалку негативни ефекти, помал пад и од 2011 година побрзо да обезбеди заздравување, постигнувајќи максимален девизен ефект од 55,7 милиони евра од извоз на вино веќе во 2012 година. И покрај кризните моменти во најтешките 2009 и 2012 година, извозот на вино е поголем од најдобрата година во периодот пред 2007 година.

Како резултат на отвореноста на пазарот и генералната неконкурентност на производството на **житни култури** поради ситните парцели и ниските приноси, општите трендови на производство се карактеризираат со големи годишни флуктуации во зависност од цената и временските услови. Падот на површините засеани со **жита** кој е постојан во временскиот период во последните 20 години, во периодот од 2008-2013 година е намален, а производството е стабилизирано на околу 550.000-600.000 тони годишно.

Во последните неколку години со мерките за регулирање на пазарот со пченица и позитивните движења на светските пазари се постигнуваа цени кои надминуваа и преку 12 денари за кг пченица, што овозможи услови производството на овој стратешки производ да се задржи на нивото на проектирани минимум 60% од домашната потрошувачка. Зголемувањето на производството во иднина е предмет на примена на агротехнички мерки во насока на зголемување на приносот.

Во поглед на бројната состојба во **сточарството**, во последните седум години се забележува пораст кај бројот на овците, козите, свињите и говедата, додека тренд на намалување се забележува во бројот на живината.

Заради значително зголемените субвенции за развојот на **овчарството**, особено од 2009 година наваму со воведување на поддршка за сите одбележани грла, запрен е опаѓачкиот тренд[22], а бројот на овците и извозот на јагнешко месо е стабилизиран на околу 760.000 грла, односно 12,5 милиони евра. Во истиот период е забележано благо зголемување на продажната цена за килограм јагнешко месо (од 3,96 на 4,52 евра).

Сличен тренд на стабилизирана состојба на околу 240.000 илјади грла се забележува и кај **говедата**, пред се поради порастот на бројот на молзните крави. Како

---

[21] Според системот за идентификација на земјишни парцели со кој е направена детална дигитализација на обработливите површини по употреба на земјиштето, површините на лозови насади се значително поголеми од статистички евидентираните и изнесуваат 33.200 ха.

[22] Според податоците на МЗШВ и проценката на експертите, статистичките податоци за бројот на овците од 1,2 милиони во 2006 година и околу 800.000 илјади во 2007 и 2008 година се нереално високи и неколку пати над вистинската бројка во тоа време.

резултат е намалено количеството на увозено говедско месо, но вредноста е зголемена поради повисоката увозна цена. Производството на **кравјо млеко** од просечно 350 милиони литри во периодот 2007-2013 година е далеку над просекот од околу 200 милиони литри во периодот 2002-2006 година. Континуираното субвенционирање помогна и во надминување на негативните ефекти кај производителите на млеко од нарушувањето на пазарот предизвикано со влезот и напуштањето на пазарот на преработувачки капацитет со значителна големина и удел во пазарното учество. Откупната цена на млекото е стабилна помеѓу 16 – 20,7 ден/л (освен во 2008 г. кога драстично е поголема во споредба со остатокот од периодот и изнесува 24 ден./л како резултат на претходно споменатата ситуација). Повисоката просечна откупна цена и зголемената субвенција од 3,5 ден/литар (плус поддршката по грло добиток), се добра основа за понатамошно зголемување на производството во следниот период.

Побрзиот развој на сточарскиот сектор е оптоварен со наследената неповолна структура, пред се во делот на расната застапеност каде и покрај подобрувањето сеуште преовладуваат недоволно продуктивни раси, потоа во малата големина на фармите без строга специјализација, недоволното сопствено производство на фуражна храна, ниско ниво на обученост на одгледувачите за поквалитетно и попродуктивно производство. Домашно производство на производи од животинско потекло во голема мера останува зависно од увозните суровини и додатоци за производство на добиточна храна.

Од овие структурни причини, започнатите позитивни трендови кај сточарските подсектори се сеуште недоволни за задоволувањето на потрошувачка на свежо месо, и особено на потребите на извозно растечката месно-преработувачка индустрија[23] која суровината целосно ја задоволува од увоз. Ова е особено изразено кај **живинарството**, каде увозот на пилешко месо претставува најголем дел од вкупниот увоз на агро-прехранбени производи[24]. Специјализираното производство на бројлери е во рана фаза на развојот со сериозни потешкотии поради недостаток на организирани деловни субјекти во целиот ланец на страната на понудата.

Развојот на **органското производство** во Република Македонија е директно поврзано со воведувањето на организираната политика на поддршка од 2007 година што резултираше со драстичен пораст на површините и грлата со органско производство и на вкупниот број на органски производители што заедно Македонија ја вбројуваат во земјите лидери во органското производство во регионот. Сепак развојот на пазарот на органски производи и нивната препознатливост не ги следеа позитивните состојби во производството, поради што обемот на органско производство во последните неколку години е во инверзна фаза на прилагодување согласно реалните состојби на пазарот.

[23] Преработките од месо на страната на извозот во 2013 година изнесуваат 14 милиони евра.
[24] Живинарството кое е фокусирано на производство на јајца, во текот на последните дваесет години покажува постојан тренд на опаѓање. Производството на живинско месо е само една четвртина од бројлери и остатокот е од несилки.

## 1.9 Главни слабости кои го попречуваат развојот на земјоделскиот сектор и руралните средини и предизвици во следниот програмски период – SWOT Анализа

Врз основа на анализата во претходните делови, клучните предности, слабости, можности и закани (SWOT) за развој на руралните средини во Македонија се сумирани како следи:

| Предности | Слабости |
|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и прехранбената индустрија** | |
| - Богатата традиција во производство на различни примарни производи и преработена храна;<br>- Висок природен потенцијал за земјоделско производство и производство на дрвна маса;<br>- Добар имиџ на македонските земјоделски и прехранбени производи реработувачката индустрија во земјите од регионот;<br>- Земјоделско-прехранбениот сектор е претставуван од страна на функционални здруженија и стопански комори кои се активни чинители за креирање и спроведување на политики за развој<br>- Достапни образовни капацитети и функционален образовен систем во областа на земјоделството, шумарството и прехранбената индустрија; | - Дуална структура на земјоделството со голем удел на мали земјоделски стопанства со многу мали просечени производни капацитети по стопанство;<br>- Висок степен на парцелизација на земјоделското земјиште и приватно шумско земјиште со органичен пристап на вода и патчиња до парцелите;<br>- Ниско ниво на образование, несоодветни квалификации, деловни и менаџерски вештини на работната сила во земјоделството и руралната популација;<br>- Недостаток на сезонска работна сила во земјоделството и стареењето на работната сила во руралните средини;<br>- Амортизирана опрема и средства за работа и примена на застарени технологии;<br>- Неповолна сортна и расна застапеност;<br>- Недостаток на сопствен капитал и отежнат пристап до кредити на малите земјоделски стопанства особено;<br>- Слаба интеграција на синџирите за храна и недостиг на вертикална и хоризонтална интеграција;<br>- Ниска продуктивност во земјоделството и прехранбената индустрија;<br>- Значителен удел на стари нискостеблените шуми;<br>- Висок удел на земјоделски производи со ниска додадена вредност - необработени или полу-преработени производи во извозната структура на земјоделско-прехранбени производи и недоволна диверсификација по извозни дестинации;<br>- Неразвиен систем за стручна обука во земјоделството,прехранбената индустрија и шумарството и недоволна пристапност до квалитетни советодавни услуги;<br>- Слаба интеграција на истражувачките |

| | |
|---|---|
| | капацитети за развој на земјоделството и шумарството и бавно темпо на иновации во земјоделско - прехранбениот сектор |
| **Животна средина** | |
| - Поволен агро-еколошкиот потенцијал;<br>- Богата биолошка разновидност;<br>- Разновидна почва и висока природна вредност на обработливо земјиште;<br>- Постоење на долгогодишно искуство на примена на традиционални одржливи практики во земјоделството; | - Интензивна урбанизација на земјоделско земјиште;<br>- Уништувањето на природните живеалишта преку дренажни, орање, градежни активности и употребата на ѓубрива и хемикалии;<br>- Неодржлива употреба на хемикалии во земјоделството;<br>- Неефикасно користење на природните ресурси, вклучувајќи ги и експлоатирање;<br>- Несоодветно користење на вода за наводнување и неефикасни системи со големи загуби на вода, итн;<br>- Постојан тренд на деградација на почвата особено под притисок на монокултури;<br>- Висок ризик за оштетување на шумите од природни катастрофи;<br>- Намалување на површини под пасишта и деградација на висински пасишта; |
| **Рурални области** | |
| - Голем број на зачувани рурални заедници со богат историски и културни традиции;<br>- Присуството на патна инфраструктура со обезбедениот пристап до релативно помали населени места во руралните средини<br>- Воведени ИКТ технологии кои обезбедуваат можности за подобрување на пристапот до услугите и развој на нови бизниси;<br>- Зголемени инвестиции во рурална инфраструктура вклучително и рехабилитација на училишта и здравствени установи во рурални средини; | - Стареењето на населението, негативен раст на населението и миграција надвор од рурални средини особено на младото и женско население;<br>- Намалување за вработување на руралните работна сила (низок образовен статус, отсуство на претприемачки дух);<br>- Високо зависност од земјоделството и слаби можности за работа во не-земјоделски сектори;<br>- Руралната сиромаштија и социјална исклученост;<br>- Слабиот пристап и низок квалитет на основните услуги за населението во руралните средини (училишта, здравствена и социјална заштита, пенетрација на ИКТ, одмор и рекреација);<br>- Деградирана или отсуство на основна инфраструктура (патишта, водоснабдување и канализација);<br>- Слаб социјален капитал за локален развој |
| **Можности** | **Закани** |
| **Земјоделство, шумарство и прехранбената индустрија** | |
| - Нови технологии во земјоделството, прехранбената индустрија и шумарството;<br>- Зголемување на приходите и зголемување на домашната побарувачка | - Губење на специјализирана работна сила во земјоделството и шумарството, поради миграција;<br>- Зголемување на трошоци на инпути и |

| | |
|---|---|
| за земјоделски и прехранбени производи со висок квалитет;<br>- Подобрен пристап до пазарите на ЕУ и пенетрација на алтернативни пазари;<br>- Зголемување на домашната финансиска поддршка и поддршката на ЕУ за подобрување на конкурентноста на земјоделството, шумарството и прехранбената индустрија;<br>- Зголемување на странските инвестиции;<br>- Зголемен интерес за основање на задруги и за заеднички маркетинг и пласман;<br>- Отварање на нови откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук; | намалување на достапно земјоделско земјиште;<br>- Зголемување на трошоците за бизнис да прилагодување на постојано зголемување на квалитетот, безбедноста на храната и стандардите на животната средина;<br>- Зголемената конкуренција на домашниот пазар; |
| **Животна средина** | |
| - Зголемување на свеста за животната средина;<br>- Нови технологии: за заштеда на енергија и производство на обновлива енергија;<br>- Голем интерес на примена на агро-еколошки практики и органско земјоделско производство. | - Глобалните климатски промени и ризиците поврзани со природни катастрофи (т.е. поплави, несреќи, пожари, суша);<br>- Губење на биолошката разновидност;<br>- Зголемување на загадувањето поради интензивирањето на земјоделството, индустриски активности, транспорт и туризам;<br>- Употреба на комерцијални сорти и видови доведува до исчезнување на традиционалните и автохтони сорти и раси. |
| **Рурални области** | |
| - Зголемување на побарувачката за руралниот туризам на домашниот и меѓународниот пазар;<br>- Зголемување на странските инвестиции;<br>- Поддршката на ЕУ за диверзификација на економски активности, подобрување на основните услуги во руралните области. | - Намалување на руралната популација<br>- Зголемената мобилност на руралната работна сила надвор од државата;<br>- Зголемени барања за квалитетот на работната сила за бизниси;<br>- Зголемената конкуренција на домашниот пазар;<br>- Зголемување на диспаритетите помеѓу руралните и урбаните области во економскиот развој, образованието и пристапот до основните услуги. |

Иако позитивните поместувања се евидентни во делот на зголеменото производство кај поголем дел од подсекторите и зголемениот извоз, развојот на земјоделството и руралниот развој и влијанието на земјоделските политики за постигнување на позначајно зголемување на обемот на производството и приходите на земјоделците се ограничени од неповолните структурни и други состојби во секторот.

Поголемиот дел земјоделските стопанства имаат мешовита производствена структура и мала површина на земјоделско земјиште по стопанство која дополнително е сериозно фрагментирана. Ваквата состојба преставува голем ограничувачки фактор на подобрување на конкурентноста, особено доколку земјишните капацитети се споредат со капацитетите на конкурентните регионални и пошироко европски

земјоделски економии[25]. Ова придонесува на страната на понудата да доминираат голем број на мали субјекти со ограничени производствени можности кои продуцираат неусогласен квалитет на производите, додека побарувачката се карактеризира со недоволна конкуренција, особено во делот на маркетингот со земјоделски производи. Како резултат, хоризонтална интеграција е нефункционална, вертикалните односи најчесто конфротирачки наместо договорни, а дистрибуција на остварената вредност и неизблансирана во корист на откупувачите.

Поради отсуство на државна политика на поддршка, периодот до 2007 година е карактеризиран со процес на континуирано дезинвестирање во сите фази на земјоделското производство, почнувајќи од примарното земјоделско производство, постбербените и маркетинг активности, кои како резултат се карактеризираат со недостаток од соодветна инфраструктура, економија на обем и посветеност кон следење и адаптација кон потребите на надворешните пазари.

Наведените структурни слабости имаат ограничувачко влијание на продуктивноста, економичноста, големината на приходите и на крајот на зголемувањето на самата конкурентност. Ова исто така влијае и на имплементираните производни пракси во примарното земјоделско производство кои не се доволно ориентирани кон постигнување на повисок квалитет на производот.

Големината на земјишни парцели го условува и малиот број на грла по сточарско земјоделско стопанство и истите се недоволни за да обезбеди одржливост на нивното функционирање[26]. Ваквата состојба во говедарството значи недостаток на сопствено производство на добиточна храна и предизвикува потешкотии во постигнувањето на соодветни хигиенски услови кои неповолно влијаат на квалитетот на финалниот производ (млекото). Дополнително застапените раси се со слаб генетски капацитет и недоволно продуктивни.

Сортната структура на повеќегодишните насади е неповолна со доминација на сорти кои не се барани на светските пазари. Покрај несоодветната сортна застапеност која не одговара на барањата на потрошувачите особено на странските пазари, кај повеќегодишните насади евидентна е и големата старост и нискиот интензитет на насадите. Иако во периодот 1960-1980 година беа изградени голем број ладилни капацитети денес само мал дел од нив се користи за складирање на овошје и зеленчук. Постбербените активности се одвиваат во претежно импровизирани и несоодветни услови кои може да понудат квалитетни плодови само 2-3 месеци и предизвикуваат големи губитоци кои кај поедини сорти и години поминуваат и повеќе од 30%.

Поради отсаството на инвестиции во технологијата и маркетингот, сеуште најголемиот дел од извезеното вино се пласира како наливно со цени кои се по неколку пати пониски од цената на флашираното вино. Нискиот степен на додадена вредност, недостатокот на маркетинг концепт и потребата за модернизација е

[25] За споредба просечната големина на земјоделски имот во Грција е 4.4 ха, во Италија 6.1 ха, во Португалија 9.3 ха, а во сите останати ЕУ-15 земји се движи помеѓу 17-70 ха (Германија 32 ха, Франција 42 ха, Англија 69 ха, Шпанија 21ха)

[26] 75% од вкупниот број одгледувачи на говеда имаат нископродуктивни 1-3 крави со ниско годишно производство на млеко од 2-3 илјади л/крава, потоа 60% од свињите се во сопственост на индивидуалните производители со големина од околу 1-3 маторици, односно стада со вкупно 15-20 грла, чија технологија се одликува со низок интензитет на репродукција и селекција.

генерален проблем на македонската преработувачка индустрија. Застарените технологии на одгледување во примарното производство резултираат со ниски приноси и квалитет на производот. Како резултат во извозот со над 70% преовладуваат примарните земјоделски производи кои се пласираат на многу ограничен број, претежно традиционални пазари.

Инвестираните капацитети во преработувачката индустрија се недоволно искористени со застарена технологија. Степенот на усвоени стандарди за квалитет и безбедност на храната е уште низок со недоволно внимание кон еколошките прашања што резултира со мал број индустрии кои имаат дозвола да извезуваат во ЕУ.

Населението во руралните средини претежно има понизок животен стандард и недостаток од квалитетна физичка и социјална инфраструктура поради што мигрира во урбаните средини или надвор од државата, а руралните средини имаат влошувачка неповолна старосна структура, ниско ниво на образование и висока невработеност. Алтернативното вработување надвор од земјоделските стопанства и можноста за генерирање на дополнителни приходи се сеуште многу ограничени. Населението во руралните средини покрај со ниско ниво на образование, се карактеризира и со недостаток на обуки и генерално со конзервативен став кон промени за воведување на новини во производството.

Иако во претходниот период е направен одреден прогрес, услугите за поддршка како што се пазарните информации, кредитите и особено советодавни услуги се сеуште недоволно развиени и недостапни до земјоделците и руралното население, што има неповолно влијание на трансферот на нови знаења и ниската стапка на вложување во земјоделските стопанства.

Оттука посериозното зголемување на земјоделската конкурентност и развојот на рурланите средини е можен со надминување на наведените слабости, особено во насока на:

- постигнување на оптимални структури на земјоделските поседи во делот на големината, формата и целовитоста на расположливото земјиште, како и промена на структурата на стопанствата, посебно од аспект на големината на ангажираните капацитети
- промена на расниот состав и подобрување на генетската структура во сточарството и на сортна структура во растителното производство
- модернизација на технологијата во земјоделско-прехрамбеното производството и постбербените активности заради зголемување на обемот на производство, специјализација на примарното земјоделско производство и диверзификација во преработувачката индустрија
- подобрување на руралната инфраструктура, пред се во делот на инфраструктурата во населените места, руралните патишта и секако наводнувањето
- окрупнување на производството на малите производители наменето за пазарот и подобрување на вертикалните договорни врски меѓу пазарните субјекти

- подобрување на знаењето на земјоделците за попродуктивните нови технологии на производство обезбедно преку функционални форми на трансфер на знаење
- спроведување на земјоделството со почитување на одржливоста на природните ресурси и заштита на животната средина
- континуирано следење на ризичните точки од аспект на безбедноста на храната и ефикасно справување со нарушувањата

# ДЕЛ II. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ, ПОЛИТИКИ И МЕРКИ ЗА ПЕРИОДОТ 2014–2020 ГОДИНА

Во Дел II од стратегијата е претставен примарниот стратешки приоритет и специфичните цели на земјоделската политика во шестте области на интервенција, како и очекуваните резултати и индикатори од спроведувањето на националната земјоделска политика во периодот 2014 – 2020 година.

Во контекст на постигнувањето на стратешката и специфичните цели преку спроведување на предвидените политики и мерки, презентирана е и визијата на развојот на секој од најзначајните подсектори на растителното и сточарското земјоделско производство во следниот седмогодишен период.

## 2.1 Стратешка цел за развој на земјоделството и руралните средини

Во изминатиот стратешки период 2007 – 2013 година, **беа повторно воспоставени основите за планирање и спроведување на модерна земјоделска политика во Република Македонија** преку формирање на соодветни институции, донесување на потребното законодавство и издвојување на значителни финансиски средства за поддршка на развојот на земјоделството и руралните средини.

Воведувањето и спроведувањето на земјоделските политики во периодот од 2007 до 2013 година овозможи услови кои **придонесоа кон запирање или стабилизирањето на претходните негативни трендови на континуирано намалувањето на обемот и вредноста на земјоделското производство, и постепено придвижување кон позитивни стапки на раст**, поизразени кај подсекторите со компаративни предности.

Сепак зголемениот конкурентски притисок од либерализацијата на трговијата со земјоделски производи[27], дополнително изострен поради негативното влијание на светската економска криза и зачестената нестабилност на меѓународните пазари со земјоделски производи, сеуште претставува сериозен предизвик за најголемиот дел од македонското земјоделство. **И покрај започнатите промени, македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор уште се наоѓа во почетната фаза на пролонгирано и бавно преструктуирање[28]**. Најголемиот дел од македонските земјоделски стопанства, поради својата структура не се во состојба рамноправно да се натпреваруваат со конкурентските земјоделски производи на европските и светски производители во однос на висината на производствените трошоци и маркетинг карактеристиките на производите.

[27] Особено со зачленувањето на Република Македонија во СТО во 2003 и со потпишување на трговскиот дел од Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и ЦЕФТА 2006
[28] Како резултат на влијанието од значителниот пад на развојниот потенцијал на секторот предизвикан од колапсот на земоделско-прехранбените комплекси во текот на неуспешната приватизација, и целосното укинување на државната поддршка во втората половина на 90-те.

Подобрената конкурентност во изминатиот период изразена преку континуираното зголемување на извозот на македонските производи кој надмина половина милијарда евра е охрабрувачка, но **значителното подобрувањето на општата конкуреност на секторот и искористување на реалниот развоен потенцијал е невозможно без промена на постоечката структура**, особено во делот на големината на расположивите производни капацитети по земјоделско стопанство, техничко-технолошката опременост, хоризонталната и вертикална интеграција. Покрај производните, значително неповолни останувaат и главните карактеристиките на руралното население пред се во однос на вработувањето, старосната и полова структура и миграциите, од кои директно зависи одржливоста на развојот на руралните средини. Структурните состојби во значителна мерка го ограничуваат и интензитетот на позитивните ефекти од државните политики за развој на земјоделството и руралниот развој.

Вистинската големина на структурните проблеми наједноставено се согледува кога земјишните капацитети на македонските земјоделски стопанства се споредат со капацитетите на конкурентните регионални, и особено пошироко со најразвиените европски земјоделско-прехранбени економии. Од аспект на перспективното вклучување на македонскиот аграр во единствениот европски пазар со зачленување во ЕУ, ваквата структура при непроменети услови ќе претставува сериозна закана по понатамошното опстојување на поголемиот број од македонските земјоделски стопанства.

Оттука, имајќи ги во предвид стратешките цели на националната земјоделска политика во Република Македонија утврдени со системскиот Закон за земјоделство и рурален развој[29], **примарен стратешки приоритет на националната земјоделска политика во периодот 2014 – 2020 година останува**:

***"Зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехрамбената индустрија, развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси"***

Во насока на постигнување на стратешката цел, во следниот период **земјоделскиот сектор во Република Македонија треба целосно да се ориентира кон потребите на потрошувачите и пазарните сигнали, да ја зголеми својата ефикасност во работењето, економијата на обем и адаптибилност на промените**

---

[29] Стратешките цели на националната земјоделска политика во Република Македонија утврдени со системскиот Закон за земјоделство и рурален развој

- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението во доволни количини,
- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,
- одржлив развој на руралните подрачја, и
- оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина.

**во насока на обезбедувањена производ со поголема додадена вредносткој е атрактивен и квалитативно поразличен од конкуренцијата.**

Политиките во следниот стратешки период кои треба да го поддржат секторот во постигнување на ваквите очекувани промени, го рефлектираат **континуитетот на веќе етаблираната грижа на македонската држава за развојот на земјоделско-прехранбен сектор и руралните средини**. Развојот на земјоделството како доминантна економска активност во руралните средини на еколошки-одржлив начин и обезбедувањето на подобрени услови за живот и работа на населението во руралните средини, продолжуваат да бидат едни од приоритетите на владините економски и социјални политики во следниот период.

Потврдувајќи го специфичниот, повеќезначен карактер на земјоделството и одржливиот развој на руралните средини, исто како и во изминатиот период на операторите со земјоделско-прехранбени производи ќе им биде обезбедена **посебна државна поддршка на доходот, на нивните инвестиции и на социјалната состојба.**

***... финансиски имликации на политиките***

За спроведување на поставените земјоделски политики ќе бидат издвоени дополнителено зголемени средства од буџетот на Република Македонија во однос на средствата кои се издвојуваа до 2014 година. Така за 2014 година се планирани 140 милиони евра, а од 2015 година и во следниот период се планира годишно издвојување на износ од 150 милиони евра наменети за поддршка на развојот на земјоделството и руралните средини. Вкупниот износ наменет за политиките на директна финансиска поддршка во земјоделството и руралните средени за целиот стратешки период изнесува **1.040 милиони евра**. Заедно со средствата наменети за функционирање на институциите во земјоделскиот сектор, вкупните издвојувања на државата за земјоделството ќе се движат во **висина од најмалку 5% од буџетот на Република Македонија на годишно ниво**. Во овие средства не се пресметани фискалните загуби во буџетот на државата кои се резултат на сериозна поддршка на земјоделците преку преференцијалните политики во фискалната, социјална и кредитна свера како резултат на намалување на даноците за земјоделските производители (Данокот на додадена вреност и Персоналниот данок на доход), намалените придонеси за задолжително социјално осигурување и сувенционираните кредитни линии. Дополнителни национални финансиски средства наменети за политиката на руралниот развој, се издвоени за кофинансирање на дел (25%) од јавниото учество во инвестициите поддржани преку ИПАРД програмата.

***... промена на неповолна структура на секторот***

Главниот приоритет за подобрување на општата конкуреност на секторот претставува промената на постоечката неповолна структура на земјоделски стопанства која треба постепено да се трансформира во насока на зголемување на економијата на обем и модернизација на техничко-технолошката опременост. Заради искористување на максимумот од лимитираните капацитети, субјектите треба значително да ја подобрат продуктивноста на ангажираните фактори на производство. Стопанствата кои неможат значително да ја подобрат својата структура или продуктивноста, треба да извршат конверзија на постојните непрофитабилни бизниси

во бизниси кои генерираат поголеми приходи од единица површина, или чие производство е повеќе барано на пазарите.

Со политиките за консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште кои ќе започнат во следниот период, директно ќе се таргетира основната причина за неповолната структурна поставеност – малите и фрагментирани земјишни парцели. Реструктуирањето на секторот треба да се движи во насока на зголемување на бројот на земјоделските стопанства со поголеми ангажирани капацитети, и намалување на учеството на многу малите стопанства. Инвестициите за преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија ќе бидат директно и посилно поддржани.

Сепак побрзи резултати во надминувањето на фрагментираната понуда и нејзина концентрација, може да се постигнат со подобрување на хоризонталната интеграција од деловен облик, особено со формирањето на задруги. Процесот ќе се интензивира преку зајакнувањето на менаџерскиот капацитет на задругите, обезбедување на советодавна поддршка во периодот на нивно зајакнување и непосредна промоција на бенефитите од пазарното здружување.

Сортната и расната застапеност ќе биде предмет на осовременување, намалување на просечната старост на насадите и приближување до преференциите на потрошувачите. Сегашната структура ќе се подобри и со обезбедување на релевантни податоци за соодветноста на културите и сортата или типот за дадени производни региони.

Преку започнувањето на нови земјоделски бизниси од страна на млади земјоделци ќе се одржува економската кондиција на земјоделската дејност и обезбеди одржливост на руралните средини.

Предвидената трансформација на големината на стопанствата и преработувачките капацитети, и подобрувањето на нивните перформанси во работењето е можно преку зголемени инвестиции кои ќе се кофинансираат од буџетот на државата и предпристапните средства на ЕУ. Зголемениот капацитет на производство, модернизацијата и подобрената продуктивност на земјоделските стопанства и преработувачките капацитети ќе овозможат проширување на физичкиот обем на земјоделското производство и отворање на нови работни места во руралните средини. Земјоделските стопанства треба да постигнат повисоко ниво на специјализација, а преработувачките капацитети диверзификација на сортиментот.

***... организација на пазарите, вертикална интеграција и квалитет***

Зајакнувањето на вертикалната интеграција и воведување на договорните односи како нормална пракса помеѓу примарните производители и откупувачите на земјоделските производи треба да обезбеди поголема извесност во деловното планирање и поголема усогласеност на пазарот со земјоделски производи. Регулацијата на односите помеѓу пазарните субјекти ќе биде унапредена преку доследно применување на одредбите за уредување на пазарите од Законот за земјоделство и рурален развој и законите кои го уредуваат производството на специфичните производи вино, тутун и афион. Постигнувањето на стабилни кооперантски односи директно ќе се стимулира со спроведување на интеграциони

проекти за зајакнување на пазарните односи помеѓу дефинирани субјекти во конкретен вредносен синџир.

Приоритет во следниот период останува целосното спроведување на законските одредби за постигнување на минималните стандарди на квалитет кои треба да најдат полна примена од страна на операторите со земјоделски производи. Значителното подобрување на квалитетот и маркетингот на земјоделските производи е особено приоритетно прашање за подсекторите на свежите зеленчук и овошје и млекото.

Поддржаните инвестиции во воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук треба да ја зголемат побарувачката по обем и подобрат квалитет на понудените услови за земјоделсците. Една од конкретните таргетирани цели на политиката во следниот период е модернизација на откупните места по селата во Струмичкото поле и државното предфинансирање на регионален маркетинг логистички центар за градинарски производи за поголем број трговски субјекти.

Со цел надминување на редовните циклични состојби на нарушување на пазарите ќе се доуреди и спроведе систем на интервенции на дел од пазарите со земјоделски производи, пред се пазарот на јајца и свежо свинско месо. Преку државно предфинансирање на инвестиции од заеднички подсекторски интерес, односно зајакнување на вертикалната соработка со преработувачите, во овие подсектори ќе се овозможи трајно решавање на ситуациите на сезонски вишок на производи кои го нарушуваат пазарот и производството.

Во следниот период извозот на македонските земјоделско-прехрамбени производи треба да се диверзифицира по асортиментот на извозните производи и извозни дестинации со позасилено присаство на недоволно застапените пазари, а додадената вредност ќе се подобрува преку заштита на квалитетот и воведување на повисоки пазарни стандарди.

***... подобрување на условите за живот и водење бизниси во руралните средини***

Одржливиот развој на руралните заедници ќе се обезбедува со подобрени услови за живот кои се поврзани со постоењето на солидна јавна инфраструктура во, и надвор од населените места и со обезбедување на приходи на руралните домаќинства од вршење на економските активности, во прв ред земјоделството, кои се доволни за задоволување на потребите на членовите и се на приближно ниво со приходите на населението во урбаните средини. Покрај подобрувањето на урбаната инфраструктура, фокусот на интервенциите на политиките ќе биде поставен пред се во обновување и изградба на економската и транспортна инфраструктура која има влијание на развојот на економските активности. Приоритетна област на инвестиции ќе претставува инвестирањето во наводнувањето како предуслов за земјоделски активности во најголем дел од државата.

Приходите на руралното население остварени од земјоделска дејност како примарна економска активност во руралните средини, ќе се поддржуваат со нивно дополнување преку финансиската поддршка во форма на директни плаќања. Во следниот период плаќањата ќе го задржат постигнатото ниво по единица површина/грло/производ и ќе бидат условени со исполнување на пропишаните минимални барања за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

Заради обезбедување на дополнителни приходи на земјоделските стопанства, покрај земјоделството ќе се поддржува и започнувањето на други неземјоделски активности.

Социјалната сигурност на жителите во руралните средини кои се занимаваат со земјоделство ќе се обезбеди преку поволности за гарантирање преференцијални услови во однос на осигурениците од другите дејности.

Посебен третман на политиките ќе биде обезбеден за руралните средини во ридско-планинските подрачја и подрачјата со неповолни услови за производство.

***... обезбеден пренос на знаење до земјоделците***

Без овозможување на континуиран трансфер на знаење за подобрување на човечките ресурси во земјоделството неможе да се очекуваат ефикасно спроведување на ниту една од предвидените политики и мерки кои треба да водат кон постигнување на крајната цел – зголемување на конкурентноста на земјоделското производство и одржлив развој на руралните средини. Една од клучните цели во следниот период ќе биде воспоставување и одржливо функционирање на ефикасен национален советодавен систем во земјоделството во Република Македонија кој ќе испорачува квалитетни советодавни услуги насочени во поддршка на процесот на реструктурирање на стопанствата во успешни и конкурентни бизнис субјекти.

Вториот елемент од системот за подобрување на знаењето на учесниците во земјоделскиот сектор е воспоставување на континуирани и задолжителни обуки и едукација во земјоделството за подобрување на квалификциите на земјоделските производители. И на крајот, напредокот на секторот нема да биде потполн без профункционирање на организиран целно-насочен систем на истражување во земјоделството. Акцентот ќе биде ставен на апликативните истражувања за олеснување на адаптирањето на современите технологии во македонски услови, насочени пред се кон надминување на евидентираните слабости во производството и за целосно искористување на потенцијалите.

***... комплетиран систем на безбедност на храната***

Заокружувањето на системот на безбедноста на храната е следниот значаен приоритет на политиките во периодот до 2020 година. Функционирање на континуирана и интегрирана здравствена заштита на растенијата и животните заедно со благосостојбата на животните, гарантира заштита на здравјето на населението и на тој начин исполнување на очекувањата на потрошувачите. Од друга страна зголемената безбедност на храната на сите нивоа е важен предуслов за зголемување на конкурентната позиција на земјоделско-прехранбените производи на домашниот и особено на странските пазари. Во следниот период треба значително да се подобри безбедноста на суровото млеко, заврши прилагодувањето на операторите за храна согласно законските стандарди за безбедност на храна и воспостави систем за безбедно отстранување и уништување на производите од животинско потекло.

Особено подобрување ќе се направи во воспоставување на сите елементи на функционалниот интегриран систем за здравствена безбедност на растенијата. Главните елементи на системот се следење и контрола на болестите на растенијата преку спроведување на мониторинг програми како услов за поставување на систем на пасоши на растенијата и поставувањето на систем на следење и контролата на

квалитетот на средствата за заштита. Дополнително, за заштита на здравјето на потрошувачите ќе биде зголемена контролата на остатоците од пестициди во примарните земјоделски производи преку системот на мониторинг програми и редовни лабараториски испитувања.

***... примена на одржливи еколошки практики во земјоделството***

Македонскиот модел на развој на земјоделството во следниот стратешки период ќе биде модел на одржливо земјоделство кое води сметка за заштитата на животната средина и биодиверзитетот. Активностите на земјоделските стопанства треба да го спроведуваат концептот на „зелено“ земјоделство како логичен и природен начин на извршување на нивните земјоделски активности. Примената на минималните барања кои се однесуваат на одговорно управување и заштита на почвата и водата, правилната употреба на хемиски препарати и унапредување на ефикасноста на користењето на природните енергетски ресурси дефинирани како барања за вкрстена сообразност, ќе биде поставена на поширока основа на примена од страна на поголем број на земјоделци. Исто така ќе отпочне реализацијата на проектот за организирано отстранување на амбалажата од употребените пестициди.

Поддршката на органското производство кое се базира на екстензивни методи на култивирање кои немаат негативно влијание на природата и обезбедуваат здрава храна за населението ќе продолжи и во следниот период. Во следниот период органското производство треба да ја подобри својата препознатливост на домашниот пазар и да ги зголеми капацитетите за пласман на надворешните пазари. Одржливото искористување на ресурсите и условите во шумарството во развојот на руралните заедници и зачувување и унапредување на шумскиот фонд, како и зголемување на аквакултурното производство во земјава особено од автохтоните видови, одржливото рибарење и заштита на рибите, ќе бидат дел од целите во одржливото управување и унапредување на природните ресурси и живиот свет.

***... намалено штетно влијание на климатските промени***

Ризиците од неповолните влијанија од зголемувањето на температурите, промените во количините и распоредот на врнежите и зголемената зачестеност, како и интензитет на екстремните временски непогоди, стануваат особено чуствително прашање за Република Македонија. Земјата се наоѓа во зона на очекувани значителни климатски промени, со најголемо влијание на земјоделството како основна економска активност на населението во руралните средини. Оттука при дизајнирањето на политиките во следниот период како хоризонтално прашање, но и засебна цел во предвид е земена потребата за прилагодување на земјоделството кон се поизразените климатски промени. Во таа насока превземените чекори треба да ги пресретнат и ублажат ефектите на негативните надворешни влијанија врз стабилноста на приходите на земјоделските производители и развојот на земјоделската економија.

***... силен инвестиционен циклус во земјоделството и руралните средини***

Во насока на постигнување на целите на националната политика во земјоделството и руралниот развој во следниот период ќе биде иницииран сериозен инвестиционен циклус во земјоделскиот сектор, кој особено ќе биде поттикнат преку

целосно финансираните инвестиции во јавни добра од страна на државата и преку кофинансирање на приватните инвестиции. Кон поддршката на инвестициите ќе биде насочено целокупното предвидено зголемување на издвојувањата за земјоделството и руралниот развој предвидени за периодот после 2014 година. Така до крајот на планскиот период, релативното учество на средствата за рурален развој (од национални и ЕУ фондови) ќе се удвои во однос на 2013 година и ќе изнесува најмалку 35% од вкупно алоцираните средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Слика 5. Алокација на финансиски средства во милиони евра за периодот 2014-2020 година по клучните политики




***... поголема искористеност на ИПАРД средствата***

Покрај преку зголемените национални издвојувања, за остварување на стратешките развојни цели на националната политика ќе бидат мобилизирани средствата од предпристапниот ИПАРД инструмент кои се на располагање на македонското земјоделство. Во таа насока ќе се обезбедат услови за подобрување на ефикасноста на искористеност на веќе вклучените ИПАРД мерки преку нивно дополнително модифицирање според потребите на секторот, но и со започнување на спроведување на нови мерки од ИПАРД II програмата кои се во процес на акредитација или ќе започнат да се акредитираат во следниот период. Такви се мерките за: техничка помош, рурална инфраструктура, агроеколошки мерки, ЛИДЕР и др. Зголемувањето на искористувањето на ИПАРД средствата ќе се подобрува преку обезбедување на поврзаност на одобрениот ИПАРД проект со сервисирање на кредитирањето, воведување на гарантен инструмент при обезбедувањето на

кредитните средства и подобрени советодавни услуги за подготовка на инвестициониот проект.

***... очекувани резултати и индикатори***

Како резултат од доследното спроведување на предвидените политики и мерки до крајот на стратешкиот период се очекува:

| |
|---|
| **Резултат 1. Продолжување на позитивните трендови на подобрени производни резултати на секторот на зголемено производство и извоз** на македонските земјоделски производи на поголем број странски пазари |
| Индикатори:<br>✓ просечна годишна стапка на пораст на вредноста на земјоделското производство (GAO) од 3,7 %. Очекуваниот вкупен пораст на вредноста на сточарското производство е 30%, или годишно со стапка од 3% - 5%. Очекуваниот вкупен пораст на вредноста на растителното производство за периодот е 20%, односно годишен пораст од 2% - 3%. Порастот на вредноста на производството е поради очекуваното зголемување на површините/бројот на животни и приносите, а кај сточарското производство и поради очекуваното поизразено зголемување на цените на производите<br>✓ остварен просечен извоз на земјоделско-прехрамбени производи од околу половина милијарда евра. Како резултат на зголеменото производство и покрај поголемата потрошувачка, се проценува дека нето увозот на жита, говедско и свинско месо ќе се намали помеѓу 5-10 %. Нето извозот се очекува благо да се зголеми кај тутунот и посериозно за најизвезуваните: градинарски производи, виното и јагнешкото месо. Следствено нивото на самодоволност на најголем дел од производите треба да се зголеми за околу 10%, а вкупниот негативен земјоделски трговски баланс да биде помал за околу 11% од сегашниот просек од 120 милиони евра<br>✓ за најмалку 15% зголемен апсолутниот износ на вредноста на извозот на земјоделско-прехрамбени производи на нетрадиционалните извозни дестинации (пазарите надвор од топ 9 извозни дестинации од ЕУ-28 и ЦЕФТА во 2013 година) |
| **Резултат 2. Зголемени јавни финансии за развој на земјоделството и руралните средини со поголемо алоцирање на средствата за поддршка на капиталните инвестиции преку програмите за рурален развој** |
| Индикатори:<br>✓ 1.040 милиони евра од буџетот на Република Македонија издвоени за програмите од политиките на директна финансиска поддршка во земјоделството и руралните средени за периодот 2014-2020 година. Издвојувањата на буџетот на РМ за земјоделството на годишно ниво ќе изнесуваат околу 5%<br>✓ учество на средствата за програмите за рурален развој (од национални и ЕУ фондови) во вкупната алокација на средставата за поддршка на земјоделството и руралниот развој ќе се удвои во однос на 2013 година и ќе изнесува најмалку 35%<br>✓ акредитирани и редовно објавувани 4 нови мерки од ИПАРД II програмата за периодот 2014-2020 година и зголемена абсорбцијата на ИПАРД средствата за |

периодот 2014-2020 година на најмалку 50%

**Резултат 3. Зголемен обем на инвестиции во земјоделско-прехрамбениот сектор во однос на изминатиот период.** Средствата за рурален развој ќе бидат наменети за изградба на јавни добра во земјоделството и за кофинансирање на приватните инвестиции за подобрување на конкурентноста на земјоделските стопанства и преработувачките капацитети. Инвестициите во земјоделско-прехрамбениот бизнис ќе придонесат кон модернизација, специјализација и поголема пазарна ориентираност на производителите и преработувачите, намалување на производните трошоци, подобрување на продуктивноста на факторите за производство и зголемување на развојниот потенцијал во согласност со реалните компаративни предности. Поддршката на инвестициите ќе влијае на понатамошно поттикнување на интересот за инвестирање и влегување на нови субјекти во секторот и креирање на нови работни места во руралните средини. Посебен поттик во растителното производство се очекува да се постигне со подобрување на наводнувањето преку планираните инвестиции во овој сегмент, каде реформираниот институционален систем ќе овозможи редовно наводнување на постоечките и новоопфатените земјоделски површини. Инвестициите во руралната инфраструктура треба да овозможат подобрување на условите за живот и економските активности во руралните средини.

Индикатори:

- ✓ пораст од 17% на стапката на инвестициите во основни средства во земјоделско-прехрамбениот сектор (Gross fixed capital formation) за целиот период, односно просечна стапка на пораст од 2,5 % годишно
- ✓ во земјоделството, стапката на инвестициите во основни средства за целиот период се очекува да изнесува 15 %, односно просечната годишна стапка од околу 2 %
- ✓ во прехрамбената индустрија, стапката на инвестициите во основни средства за целиот период се очекува да изнесува 23 %, односно просечната годишна стапка од 3,2 %
- ✓ вклучувајќи ги и капиталните инвестиции во наводнувањето, вкупниот пораст на стапката на инвестициите во основни средства во земјоделско-прехрамбениот сектор за целиот период се очекува да биде 30%, односно просечната годишна стапка од 4,3 %
- ✓ издвоени по 20 милиони евра за инвестиции во наводнувањето годишно и реализирани најмалку 60 милиони евра до крајот на стратешкиот период
- ✓ завршени инвестиции во големите капитални проекти: „Наводнување на јужната долина на реката Вардар“, „Речани“ на Оризарска река, брана „Конско“– Гевгелија, „Маркова река“ – Куклиш, потоа во изградба на 10 нови микроакумулации, проширување на ХС „Стрежево“, како и реализирани другите активности согласно „Планот за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015-2025 година“
- ✓ формирано и функционално АД „Водостопанство на Македонија“, реформиран и поставен одржлив системот на наводнување и одводнување во државата
- ✓ реализирани најмалку 500 инфраструктурни проекти во руралната инфраструктура за решавање на приоритетните комунални проблеми на жителите во руралните средини

**Резултат 4. Подобрена продуктивност на факторите на производство – продуктивноста на трудот и земјиштето.** Зголемените инвестиции треба да придонесат кон подобрување на продуктивноста на главните фактори на производство во земјоделството – трудот и земјоделското земјиште, односно да

придонесат кон зголемување на просечната нето додадена вредност по годишно ангажиран труд во земјоделството, т.е. ха користено земјоделско земјиште

Индикатори:

- ✓ годишен раст на продуктивноста на труд од 2 %
- ✓ годишен раст на продуктивноста на земјиштето од 3%

**Резултат 5. Зголемување на приходите на земјоделските производители.** Мерките на поддршка ќе имаат позитивно влијание на зголемување на приходите на земјоделските производители. Реализацијата на директните плаќања како надополнување на приходите на земјоделците покрај одржување на земјоделското производство ќе влијае и на обезбедувањето на социјална стабилност на руралното население, особено во подсекторите со недоволна компаративна предност

- ✓ исплатени 700 милиони евра директни плаќања за дополнување на приходите на населението во руралните средини кои се занимава со земјоделство
- ✓ зголемени приходи на земјоделските стопанства во просек за околу 20% за целиот период или со годишен пораст од 2,8%

**Резултат 6. Подобрување на структурата на земјоделското производство** од аспект на големината на расположливо земјоделско земјиште по земјоделско стопанство

Индикатори:

- ✓ зголемена просечната големина на расположливо земјоделско земјиште по земјоделско стопанство на најмалку 2 ха, односно за вкупно 8 % во однос на 2013 година, додека просечниот број на парцели намален за 4 парцели по стопанство во просек
- ✓ намалено учество на малите земјоделските стопанства (≤ 0,5 ха) во вкупниот број на земјоделски стопанства за 15% и зголемен за 10 % бројот на стопанствата со големина над 0,5 ха

**Резултат 7. Подобрен систем на безбедност на храна.** Системот за безбедност на храната ќе биде заокружен и функционален во обезбедувањето на навремено и ефикасно справување со ризиците по безбедноста на храната за потрошувачите

Индикатори:

- ✓ задржани ниските стапки на заболувања кај животните кои се третираат со програмите за здравствена заштита на животни
- ✓ завршено спроведување на корективни активности за исполнување на стандардите од страна на операторите со храна од животинско потекло согласно индивидуалните планови
- ✓ воспоставен мониторинг на појава на болести на растенија и систем на пасош на растенија
- ✓ нештетно отстранување и уништување на отпад и нус-производи од животинско потекло во рамките на функционален систем

**Резултат 8. Поставен и функционален Национални советодавен систем во земјоделството**. Функционирањето на ефикасен и одржлив советодавен систем во земјоделството ќе обезбеди континуиран трансфер на знаење за примена на напредни и профитабилни технологии на производство и маркетонг до земјоделците

| |
|---|
| Индикатор:<br>✓ советодавниот систем во земјоделството базиран на концепт на побарувачка и вклучување на приватни даватели на услуги воспоставен и функционален во обезбедување на совети на поголем број земјоделци во однос на 2013 година<br>✓ воспоставени 10 демонстративни земоделски стопанства и нивно вклучување во системот на обуки на земјоделците<br>✓ најмалку 20% од корисниците на финансиската поддршка ќе бидат корисници на советодавните услуги од Националниот советодавен систем во земјоделството и системот за континуирано образование на земјоделците |
| **Резултат 9. Агроеколошката компонента е интергален дел на македонското земјоделско производство**. |
| - спроведување на редовно пошумување со најмалку 5 милиони садници годишно<br>- аквакултурното производство до 2020 година зголемено за 50% во однос на количините произведени во 2012 година со паралелена заштита на природните ресурси и акцент на автохтоните видови<br>- барањата за вкрстена сообразност се однесуваат на барем 75% од корисниците на финансиска поддршка до 2020 година<br>- воведени и спроведувани најмалку три нови агроеколошки мерки во програмите за рурален развој и исплатен најмалку три пати поголем годишен износ за агроеколошките мерки во однос на 2013 година<br>- обезбедена одржливоста на органското производство и зголемена препознатливост и потрошувачка на домашниот пазар<br>- активни мерки за намалување на влијанието на климатските промени врз земјоделството вклучени во програмите за финансиска поддршка и обезбедено редовно следење на ефектите од промените |

## 2.2 Прилагодување на националната земјоделска политика кон Заедничката земјоделска политика на ЕУ

Поради превземената обврска за прилагодување на националната земјоделска политика кон Заедничката земјоделска политика на ЕУ, основните одредби од корпусот на европските политиките во земјоделството и руралниот развој се земени во предвид при дефинирањето на стратешките чекори елаборирани во продолжеток. Прилагодување на политиките, институциите и законодавството во земјоделско-прехрамбениот сектор кон ЗЗП на ЕУ, претставуваат најсложеното поглавје од преговарачкиот процес за членство во ЕУ поради обемноста и комплексноста на промените кои се предвени во предпристапниот процес.

Планирањето и спроведувањето на политиките на поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој се во постојана динамика на прилагодување кон

ЗЗП на ЕУ[30]. Оттука покрај изборот на одговори на националните земјоделски политики кои најдобро го поддржуваат долгорочниот развој и конкурентска способност на македонското земјоделство, како обврска од евроинтегративниот процес, нивната содржина и форма е ставена во корелација со основните принципи на ЗЗП на ЕУ се до нивно целосно усогласување при приемот на државата како земја членка на Унијата. Ваквиот пристап во процесот на планирање бара постојано следење на промените и реформите на ЗЗП, што во конкретниот случај значи антиципирање на реформите во ЗЗП за новиот плански периодот до 2020 година.

Предпристапното прилагодување кон *acquis*-то преку превзементите реформи имаат за цел да го зголемат капацитетот на домашната економија да функционира со условите на единствениот европски пазар. Прилагодувањето треба да придонесе кон приближување на перформансите на македонските земјоделски производители кон европските стандарди за квалитет, безбедност на храната и побарувачката во поглед на цената, квалитетот и очекувањето на потрошувачите. Самото прифаќање на европските мерки во суштина го поддржува преструктуирањето на секторот во насока на зголемување на секторската конкурентност. Целта на реформата на националната политика, нејзиното преструктурирање и прилагодување кон ЗЗП во предпристапниот период е и да се намали негативното, а да се зајакне позитивното дејство од ЕУ интеграцијата.

Македонската политика во земјоделството и руралниот развој уште во поставувањето на своите стратешки цели е усогласена со ЗЗП на ЕУ. Целите на ЗЗП се соодветно транспонирани како цели на националните земјоделски политики уредени во системскиот Закон за земјоделство и рурален развој уште од 2007 година. Почнувајќи одтогаш, македонската легислатива, институциите (од кои дел целосно новоформирани како дел од овој процес) и политиките кои се спроведуваат, имаат значајни елементи на релевантните во ЕУ.

Во следниот период главниот предизвик во овој контекст ќе биде доследна имплементација на веќе прилагоденото законодавство со дополнителни промени поради следење на ЗЗП како „движечка цел“. За одредени хоризонтални прашања и системи и во други области ќе биде постигната и целосна усогласеност со *acquis*-то на ЕУ до крајот на стратешкиот период. Постепеното прилагодување на националните политики со европските треба да финализира со нивно целосно усогласување во имплементацијата до приемот на државата како земја членка на унијата. Динамиката и обемот на овој процес во значителна мерка ќе зависи од постигнатиот напредок во самиот процес на пристапување и започнувањето на предпристапните преговори.

Сепак главните елементи на понатамошно прилагодување кон ЗЗП во следниот период ќе се огледа во:

- обезбедување на доволно национални и ЕУ средства за развојот на земјоделството и руралните средини

---

[30] Заедничката земјоделска политика (Common Agricultural Policies) е комплексен систем на правни прописи, буџетска поддршка и директни јавни интервенции кои влијаат на состојбата во земјоделството и руралните средини во Европската Унија чија регулација се извршува преку заеднички органи и со заеднички буџет. Процесот на интеграција во ЗЗП се состои од хармонизација на законодавство, изградба и зајакнување на институциите и реформа на политиката.

- понатамошно јакнење на мерките за рурален развој кои ќе изнесуваат најмалку 35% од вкупно издвоените средства наменети за кофинансирање на инвестициите за модернизација и прилагодување на стопанствата и преработувачите кон стандардите на унијата, диверсификација на економските активности во руралните средини, развивање на ЛИДЕР пристапот и во најголем дел за подобрување на руралната инфраструктура и особено наводнувањето
- обезбедување на постепено преминување на постојната шема на директните плаќања кон „декаплинг“ шемата на директни плаќања
- зголемување на зелената компонента на македонското земјоделство со сериозен акцент на условеноста на директни плаќања со барањата за вкрстена сообразност и проширувањето на агроеколошките мерки
- понатамошно надградување на хоризонаталните системи пред се елементите на ИСАК, ФАДН и ЗПИС во насока на постигнување на целосна усогласеност согласно европските прописи и нивна подобрена корисност во креирањето и следењето на политиките
- поддршка на малите семејни земјоделски стопанства и особено зајакнување на нивното пазарно присаство преку формирање на задруги
- поддршка за младите земјоделци со надополнување на основните, со дополнителни плаќања од 5% за првите 5 години од превземањето на стопанството
- обезбедување на функционалност на системот за поддршка на групи и организации на производители
- подобрување на вертикалната интеграција преку т.н. интегрирани проекти за јакнење на пазарнатите синџири
- воведување на елементи на Заедничката оганизација на пазарите (Common Market Organizations) преку формирање на пазарни одбори за дефинирани пазари и воведување на инструменти на ограничено регулирање на пазарот само во услови на изразени кризни состојби
- имплементација на минималните стандарди за квалитет претходно усогласени со европското законодавство и обезбедување на целосно функционалност на системот на заштита на квалитетот
- понатамошно зајканување на функциите на Агенцијата за храна и ветеринарство и останатите чинители во достигнување на висок степен на усогласеност со европските политики за безбедност на храната во спроведување на веќе прилагодената легислатива, особено во: политиките на ефикасна здравствена заштита на животни и следливост на болести, имплементација на системот за нештетно отстранување на нус-производите од животинско потекло, примена на стандардите од страна на операторите согласно категоризацијата и вклучување на земјоделските стопанства, подобрување на квалитетот на млекото, спроведување на мониторинг програмите и следење на нивото на резидуи, благосостојба на животните, ветеринарно-медицинските

препарати, воведување на системот пасоши на растенијата, заштита на потрошувачите, итн

- воспоставување на Национален советодавен систем во земјоделството усогласен со препораките за Farm advisory system и воведување на систем за задолжителни обуки и едукација во земјоделството
- превземање на мерки за намалување на влијанието на климатските промени како дел од политиките на финансиска поддршка
- спроведување на мерки за ефикасното справување со отпадот, производството и употребата на енергија од обновливи извори и подобрување на енергетската ефикасност.

Директната интер-релација во програмирањето и имплементацијата помеѓу националниот и европскиот систем е воспоставена преку кофинансирање на дел од политиките на рурален развој со средствата од петтата компонента на Инструментот за предпристапна помош - ИПА (во понатамошниот текст ИПАРД).

Чекорите кои ќе бидат превземени во насока на акедитирање на дополнителни мерки од ИПАРД II програмата и обезбедување на институционални услови за поддршка на инвестициите треба да ја зголемата абсорбцијата во следниот период.

## 2.3 Преглед на визијата на развојот на земјоделските подсектори во периодот 2014-2020 година

Во контекст на постигнувањето на генералните стратешки цели преку спроведување на предвидените политики и мерки, во продолжеток ќе биде презентирана визијата на развојот на секој од најзначајните подсектори на растителното и сточарското земјоделско производство во следниот стратешки период. Остварувањето на поставените целите значи директно надминување на главните идентификувани слабости во секој од подсекторите поединечно.

## Растително производство

### 2.2.1 Градинарско производство

Како подсектор со удел од околу една третина во земјоделското производство - најголем од сите подсектори, градинарството се очекува и понатаму да го задржи стабилниот тренд на пораст на производството, приносите и извозот. Поради извозната ориентираност на секторот, динамиката на ваквите движења во најголем дел ќе зависат од побарувачката на надворешните пазари, но секако и од зголемувањето на конкурентоста на домашното производство преку надминување на клучните идентификувани слабости.

Стабилноста на извозот во услови на променливи движења на пазарите ќе се подобри доколку се **обезбеди диверсификација во асортиманот и на извозните дестинации**. Во следниот период предизвик претставува пробивањето на македонското градинарско производство надвор од традиционални пазари на југоисточна Европа со производи кои се побарувани од страна на потрошувачите на тие пазари. Потенцијално перспективни се пазарите на земјите на поранешниот Советски сојуз, и земјите во централниот и северен дел од ЕУ. Поради континуирано зголемувачката конкуренција, задржувањето на препознатливоста и имиџот на квалитет на македонските производи и на веќе постоечките традиционални пазари треба да остане континуирана цел на деловните субјекти во секторот, чии активности во таа насока ќе бидат поддржани од страна на политиките.

Подобрувањето на маркетингот со градинарски производи е еден од приоритети за подобрување на општата конкурентност на македонското градинарско производство. Условите за извршување на постбербените активности особено во клучните производни региони треба значително да се унапредат за да се гарантира зачувување на квалитетот. **Покрај поддршка на индивидуалните инвестиции, во главните градинарски региони ќе биде поддржана реализацијата на поголеми инвестиции - регионални пазарни логистички центри** кои треба да ги подобрат условите и конкуренцијата во откупот на земјоделските производи. Како резултат се очекува постигнување на униформност и концетрација на производството, и поизбалансирана дистрибуција на вредноста од продажбата на производите во интерес на примарните производители. Заинтересираните субјекти преку инструментот на државно предфинансирање ќе може под поволни услови да се стекнат со соодветни капацитети за складирање и после-бербено управување со производите. Примената на соодветна амбалажа за специфичните пазари каде се бара поголем квалитет, исто така ќе биде поддржана.

Сите субјекти во синџирот ќе биде потребно доследно да ги **спроведуваат и одредбите кои се однесуваат на минималните стандарди за квалитет** на земјоделските производи. **Интеграцијата на индивидуалните производители во задруги и почитување на законските одредби за регулирање на пазарот** особено во делот на договорното производство, треба да придонесат кон зајакнување на хоризонталната и вертикална интеграција во подсекторот која сега е незадоволителна до непостоечка. **Градењето на кооперантските односи** помеѓу откупувачите на свежи производи и производителите, но и помеѓу преработувачите на зеленчук и производителите ќе се поддржува и со спроведување на интеграциони проекти за зајакнување на синџирот на додадена вредност кои паралелно со инвестициите во подобрување на пазарната инфраструктура на самите откупни места, ќе вклучат и воспоставување на подолгорочни односи на соработка, обука на земјоделците за примена на исправни агротехнички мерки за подобрување на квалитетот и заштита на природните ресурси.

Договорното производство е особено важно за обезбедување на суровина за преработувачката индустрија и искористување на нејзинот инсталиран капацитет за задоволување на континуираните барања од надворешните пазари. **Договорното производство со преработувачката индустрија и сигурноста на пласманот** на производите може да биде добра замена за производството на други, помалку конкурентни земјоделски производи во регионите каде што има услови за тоа.

Една од областите на градинарството со добри можности за позасилен развој и влијание на подсекторот е **производството во заштитени услови, особено со користење на геотермалните извори на енергија** како најекономичен енергенс. Во таа насока ќе се изработи мапирање на поволните подрачја за оваа намена и поддржи влезот на нови субјекти во овој тип на производство.

Кога станува случај за интензивно производство како градинарството, примената на оптимални агротехнички мерки кои го задржуваат производниот капацитет на земјиштето и не влијаат негативно на расположливите водни ресурси значи обезбедување на одржливост на самото производство. Преку мерките на политиките особено ќе се промовираат **примената на добрата земјоделска практика и заштитата на животната средина** во градинарското производство.

Поради фактот што производството на семенски матерјал во градинарството е процес кој бара ангажман на стручност, финансиски средства и време, не се очекува дека во следниот стратешки период е можен сериозен пресврт во насока на домашно организирање на семепроизводство. Сепак напорите во оваа област ќе бидат фокусирани кон **производство на семе од автохтони градинарски производи** со специфични квалитативни карактеристики кои се потиснати од комерцијалните сорти на пазарот. Покрај ова особен интерес на политиките ќе претставува **започнувањето на производство на домашен посадочен материјал на градинарски производи** во соодветни санитарни услови и популаризација на неговото користење од страна на производителите.

Како особено перспективни во следниот период ќе се **акцентира понатамошниот развој на цвеќарството и производството на зачински и лековити растенија** преку што може да се активираат површините кои не се доволно плодни и структурни за одгледување на градинарски растенија, но и развојот на органско производство на градинарски култури.

### 2.2.2 Лозарство и винарство

Позитивниот тренд на зголемено производство и извоз на трпезно грозје и вино во изминатиот период, и интерес за инвестирање во секторот ќе продолжи и по 2014 година. Во изминатиот период секторот успешно се справи со негативните ефекти од светската економска криза и ги надмина сериозните предизвици настанати со наглото губење на пазарите, особено германскиот каде се пласира најголем дел од количините од винскиот извоз. Кризата од друга страна влијаеше на зголемена ориентација на визбите кон подобрување на квалитетот на виното и диверсификација на извозните дестинации.

И во следниот период **подобрувањето на маркетингот и зголемувањето на просечната извозна цена на македонското вино останува главна цел** за подсекторот кој и понатаму ќе биде силно поддржан од страна на политиките. Очекуваните цели се дека до крајот на планскиот период **учеството на извозот на вино во шише ќе се зголеми за нови 20% во вкупниот извоз и ќе изнесува околу 40%**, додека **учеството на извозот во другите извозни дестинации надвор од**

**традиционалните пазари на југоисточна Европа и ЕУ најмалку двојно ќе се зголеми** во однос на позициите во 2013 година. Во таа насока покрај промоцијата на македонското вино на пазарите на поранешниот Советски сојуз, Кина, САД и недоволно застапените членки на ЕУ, ќе се искористат и поволностите кои стојат на располагање со билатералните договори со ЕФТА договорот, Швајцарија и Турција. Зголемувањето на консумацијата на вино во државата треба исто така да придонесува кон градењето на имиџот на Македонија како винска земја.

Градењето на препознатливоста на македонското вино ќе се базира на двете главни најсилни компаративни предности, **автохтоноста и посебноста на најзастапената сорта вранец и потеклото од географскиот регион Македонија како традиционален вински регион** од каде што произлегува целокупното вино произведено од Република Македонија. Спроведувањето на заштита на географските називи е еден од инструментите за генерирање на поголема додадена вредност на виното.

Квалитетот на виното, покрај преку инвестиции за модернизација на производните капацитети и технологии во производството на вино, ќе се подобрува и преку **промена на структурата на лозовите насади** од аспект на нивната старост и сортната застапеност и преку обуки на одгледувачите за правилна манипулација со винско грозје. Промената на сортната структура во бессемени сорти е особено важна кај **трпезното грозје кое во следниот период ќе биде еден од приоритетните подсектори** имајќи го во предвид неговиот растечки потенцијал за пласман на надворешните пазари.

Паралелно со подобрување на структурата на извозот, една од целите во следниот програмски период останува искористувањето на сите природни услови за зголемување на производството на грозје и вино во Република Македонија[31]. **Реонизацијата на областите погодни за лозови насади** за винско и трпезно грозје заснована на современи научни методи ќе овозможи мапирање на површините во реоните со поволни производни и педолошко-климатски услови за производство кои може да бидат трансферирани во обработливо земјиште за подигање на насади. Ова треба да овозможи услови за пресретнување на зголемениот интерес за подигање на нови насади, вклучително и со учество на странски капитал. Во таа насока продолжува **поддршката за подигање на нови лозови насади**, која ќе биде зголемена за проширување на насадите на ново-конвертирани земјоделски површини.

Со искористување на сите можности, и доколку се реализираат целите за зголемување на обемот на производство, реструктурирање и модернизација на производството во потсекторот, реално е да се очекува понатамошно зголемување на површините под лозови насади и физичкиот обем на производството на вино, кое може да го превземе приматот на примарен извозен продукт со потекло од Република Македонија.

Во услови на скоро целосна подвоеност на лозарството од винарството од корпоративен аспект што креира разлики во планирањето на производството и откупот, вертикалната интеграција и довербата меѓу учесниците ќе се подобрува преку почитување на законските одредби за уредување на пазарот од Законот за вино и

[31] Површините кои се погодни за одгледување на грозје достигнуваат до околу 50.000 ха, а најголемата површина под лозови насади е евидентирана во 1981 година од 38.000 ха.

Законот за земјоделство и рурален развој, и стимулирање на долгорочни кооперантските односи.

Со неискористени потенцијали со можност за развој во следниот период се производството на сувото грозје како производ кој скоро целосно се увезува, како и развојот на винскиот туризам. Посебен предизвик останува и производство на домашен сертифициран лозов посадочен материјал. Иницијативите за инвестиции во сушари за грозје, матичњаци од базен материјал и во капацитети за модерен вински туризам ќе бидат поддржани со кофинансирање на трошоците.

### 2.2.3 Производство на тутун и останати индустриски култури

Македонското производството на тутун е со доминација на ориенталните ароматични типови и е воглавно монопроизводна земјоделска дејност со ограничена можност за замена со економска активност која би обезбедила еквивалентно ниво на приходи поради недостатокот на алтернативни вработувања, и најчесто несоодветните услови за друг тип на земјоделско производство.

Според анализите зголеменото производство за некаде 40% е обезбедено поради финансиска поткрепа од државата, која имајќи го во предвид повеќеслојното значење на ова производство, продолжува и во следниот период. **Финансиската поддршка за тутунот со иста висина како и до 2013 година, останува да се исплаќа линеарно по килограм** откупен суров тутун, бидејќи иако неможе да се изостави влијанието на субјективниот пристап на примена на правилни агротехнички мерки, сепак фактор од најголемо влијание на приносот и квалитетот на тутунот се објективните климатските влијанија.

Во непроменети услови, производството во кое се ангажирани околу 155.000 членови на семејни земјоделски стопанства (или околу 6-8 % од вкупното население во Р. Македонија), **се очекува да се задржи на ниво помеѓу 25.000-30.000 тони годишно**[32]. Сепак како целосно извозен производ чиј откуп зависи директно од барањата на мултинационалните компании кои имаат регистрирани фирми во Република Македонија, **обемот на договореното производство и висината на пазарната цена произлегува од потребите за суровина на светска индустрија за цигари**. Оттука како настан со идно позитивно влијание за секторот во следниот период се отценува влезот на една од најголемите светски индустрии Филип Морис во Тутунскиот комбинат-Прилеп, додека глобалните активности за намалување на консумацијата на цигари може да претставуваат фактор на негативно влијание на тутунопроизводство во државата. Во таа насока се надоврзуваат и обврските кои државата ги има превземено како потписник на Рамковната конвенција за контрола на тутунот (FCTC – Framework Convention on Tobacco Control) во 2006 година за неинвестирање во производството и промоцијата на тутун и постепено намалување на површините со оваа култура. Република Македонија спроведувањето на овие обврски ќе ги усогласи со **непревземање на чекори за понатамошно зголемување на**

[32] Производството на тутунот од аспект на обезбедена егзистенција од производство е препорачлива на површини поголеми од 1 хектар или со зголемување на приносот над 1500 кг/ха.

**нивото на поддршка и активности за промоција на тутунот и тутунските производи во однос на постоечките**. Превземањето на дополнителни активности на долг рок ќе зависи од подобрувањето на економската состојба на главните региони за производство на тутун и обезбедување на алтернативи за вработување на производителите, што не се очекува сериозно да биде променето во претстојниот стратешки период.

**Стриктното уредување на пазарот со тутун согласно Законот за тутун и тутунски производи ќе продолжи да биде предмет на ригорозни контроли** од страна на надлежните органи. Спроведувањето на овие одредби е во интерес на поставување на фер односи за сите учесници, и обезбедување на извесност во производството и откупот. Дополнителни интервенции се можни во делот на утврдување на интерен паритет на откупните цени на суровиот тутун по класи ориентален тутун.

Производството на производи од тутун се очекува да биде поголемо од периодот до 2013 година и истото ќе зависи пред се од менаџерскиот пристап во работењето на двете фабрики за производство на цигари во Скопје и Прилеп.

Производството на останатите индустриски култури исто како и другото поледелско производство е екстензивно и се одликува со ниски приноси кои се драстично под регионалниот и европски просек. Неконкурентноста главно произлегува од малите земјоделски стопанства и фрагментираноста на нивните земјишни парцели кои најчесто резултираат со годишни приходи недоволни за покривање на основните трошоци. Со цел да ги намалат трошоците за производство, производителите се принудени да штедат на обработка на почвата, на вештачките ѓубрива, средствата за заштита што влијае на нискиот и неквалитетен принос.

Дополнително кај најголем дел од индустриските култури поради трговската либерализација, откупните преработувачки капацитети ги преферираат поевтините и поквалитетни увозни суровини. Од ова исклучок може да биде **производството на афион** за кое во државата постојат услови и интерес за откуп и екстракција на алкалоиди од афионските чушки. Со превземените дополнителни интервенции од страна на политиката за стимулирање на интересот на производителите, а при обезбеден и договорен откуп, површините под афион може да достигнат и до 2.000 ха. Кон ова се надополнува и фактот што афионот е култура која традиционално се одгледува во сушни услови, влегува во поледелскиот плодоред и дава можност за производство на ладно цедено масло.

Поперспективниот развој на секторот на индустриски култури во следниот период е **прашање на зголемени приноси преку примена на агротехнички мерки (особено наводнувањето) и избор на соодветни сорти** од страна на семејните земјоделски стопанства кај трудоинтензивни култури, поголема извесност на откупот и модернизација на механизацијата при производството на сончогледово семе и соја од страна на деловниот сектор. **Дел од индустриските култури кои се отпорни на суша и може да се одгледуваат во услови без наводнување, отвораат можности за плодоред, а на одредени локации може да бидат добра алтернатива на неконкурентите житни култури**.

Зголемен интерес се очекува во одгледувањето на маслодајната репка главно заради производство на консумно масло и ќоспе од маслодајна репка за исхрана на

добитокот и особено после започнувањето на исполнување на обврските на државата поврзани со пристапот во ЕУ за задолжително производство на био-дизел[33].

### 2.2.4 Овоштарство

Превземените мерки на земјоделската политика во изминатиот стратешки период за подигнување на нови насади од овошни видови и одржување на постоечките, придонесоа за зголемување на површините под овошните насади и производството на овошје. Подсекторот се наоѓа во фаза на заживување и раст, и имајќи го во предвид интересот и фактот дека вкупната површина е сеуште далеку од потенцијалните можности за одгледување на овошни насади од пред транзицијата, со обезбеден **континуитет на поддршка за овоштарството во следниот период се очекува засадена површина под овошни насади до крајот на стратешкиот период да изнесува не помалку од 17.000 ха**.

При подигањето на насадите во следниот период, ќе се води сметка биолошките карактеристики на видовите, сортите и подлогите да се совпаѓаат со еколошките услови во регионите преку определување на производните подрачја погодни за одредени овошни видови (според реонизацијата на производството) и **обезбеденото мислење за погодност за подигање на овошен насад** на дадената локација. Реструктуирањето на насадите во следниот период е особено важно да се постигне од аспект на **зголемување на интензивноста на насадите**. Новоподигнатите насади треба да имаат интензивен карактер, а во таа насока ќе се поттикне промената на постојната структура со подигањето на **современи интензивни насади на слабо бујни подлоги** како еден од приоритетите на политиките на реструктуирање во следниот период. При подигањето на новите насади ќе се поттикнува користењето на сертифициран саден материјал.

Како резултат на проширувањето на површините, особено со дефицитарните видови за кои постојат солидни услови за развој во државата, но и видовите кои се барани на надворешните пазари (цреша, круша, јаткасто овошје, суптропско овошје), **очекуваното зголемување на производството и извозот во следниот период треба да придонесе кон остварување на позитивен трговски биланс со овошјето**. **Супституцијата во следниот период е очекувана и во делот на преработките и полупреработки** од јаболка, праска, вишна, сливи, сушено овошје за кои има големи количини на суровини кои во свежа состојба се извезуваат по ниски цени, а се увезуваат како скапи преработки. Изградбата на капацитети за преработка и нивна модернизација ќе продолжи да биде дел од обезбедната поддршка за преработувачкиот сектор.

Одржливоста на овоштарското производство ќе биде зајакната со **постигнување на оптимална големина на насади за специјализирани земјоделски стопанства** многу поголема од постоечката големина по стопанство до 1 ha (повеќе од

[33] Пропишани како задолжителен адитив во дизел горивото во сите земји-членки на ЕУ од 20% во 2020 година, иако обврската во овој временски период до 2020 година се чини дека сеуште нема да биде релевантна за Република Македонија.

60% од производителите на овошје), и особено преку **поврзување на производителите во земјоделски задруги** на начин како што се организирани производителите на овошје во европските земји.

Една од целите во следниот период е **обезбедување на домашно производство на саден материјал особено од категоријата сертифициран саден материјал.** За оваа цел ќе се овозможи соодветна поддршка во инвестициите и поддршка на приходите во производството.

Подобрувањето на конкурентноста на овоштарското производство во земјата покрај од производствените карактеристики во голема мерка зависи од промените во маркетингот. Преку кофинансирање на индивидуалните инвестиции, но и изнаоѓање на соодветен модел за **посериозни инвестиции од пошироко регионално значење, ќе треба да се надмине големиот недостаток од современи постбербени складишни капацитети и опрема**, што сега придонесува кон неискористување на поволните ценовни движења во подоцнежните периоди после бербата. Поради се поголемото задоволување на традиционалните пазари со сопствено производство, **диверсификацијата кон нови нетрадиционални извозни дестинации**, особено кон пазарите на ЕУ, Русија и другите бивши советски републики и блиско-источните земји, ќе биде поддржано преку мерките за национална промоција на извозот.

Со интензивирањето на производството се зголемуваат и опасностите од несоодветен третман на животната средина. Паралелно со постигнувањето на целта за попродуктивно производство ќе се иницираат **мерки за заштита на животната средина** и тоа преку задолжителна имплементација на мерките за добра земјоделска пракса, примена на агроеколошките мерки во процесот на производството и соодветно управување со отпадот поврзан со процесот на производство. Посебен приоритет во таа насока ќе биде даден на регионот со најинтензивно овоштарско производство во државата кој истовремено изобилува со исклучителни природни и биолошки особености - Преспанскиот регион.

Промените во секторот од подигање на нови интензивни насади, соодветната примена на агротехнички мерки на одржлив начин до правилно спроведување на постбербените активноти, помеѓу земјоделците ќе бидат промовирани преку **демонстративни насади и наменски советодавни пакети**.

### 2.2.5 Жито и производство на добиточна храна

И покрај тоа што цената на пченицата во последниве неколку години достигнуваше и до 14,8 денари/кг, при принос од 2.900 кг/ха просечните производни трошоци за килограм пченица пресметани за периодот од десет години (2003-2012 година) изнесуваат 12,08 ден/ха. И при услови на задржување на сегашната пазарна цена со постоечките приноси кои се најниски во регионот и повеќе од 2 пати пониски од европскиот просек, македонското производство на пченица единствено може да се **одржува на нивото од околу 60% задоволување на домашните потреби преку продолжување на поддршката за дополнување на приходите**. Имајќи во предвид дека се работи за стратешка култура од аспект на обезбедување на сигурност во

снабдувањето со основниот прехранбен производ за населението на Република Македонија, и покрај изразената неконкурентност целите на политиката во однос на житните култури остануваат непроменети, односно:

- до 2018 година, одржување на оптималното ниво на производство на пченица од домашно производство во сегашни услови од најмалку 60% покриеност на домашната потрошувачка,
- после 2018 година, постепено ублажување на негативниот трговски биланс преку супституција на значителниот увоз на пченица со домашно производство како резултат на зголемена продуктивност на постоечките површини до 80% покриеност на домашната потрошувачка.

Постигнувањето на овие цели е условено од зголемувањето на приносот над 3.500, и кон 4.000 кг/ха преку употреба на сертифицирано семе, примена на соодветни агро-технички мерки во дадени услови на производство и запазување на минималните услови за добра земјоделска практика и заштита на животната средина. Употребата на сертифицираното семе ќе биде задолжителна, а стимулирањето на примена на другите агротехнички мерки и постигнување на поголеми приноси ќе се поддржува со поголеми износи на поддршка. Покрај подобрувањето на приносите, особен фактор на влијание на одржливоста на производството и постигнување на целите за поголемо национално произвоство останува големината на производните капацитети по земјоделско стопанство. Значително придвижување кон наведените цели е невозможно со сегашната доминантна структура на производители со многу мали производни капацитети за производство на поледелски култури. Промената на структурата на производителите на жито и **придвижување кон посакуваната целна категорија на стопанства со капацитети од 10-50 ха, или барем на земјоделски стопанства од втора целна категорија со капацитети од 5-10 ха** е основата за подобрување на состојбите во подсекторот. Процесот на реструктурирање ќе биде поттикнат преку политиките на поддршка.

Поради ограничувањата кои влијаат на продуктивноста, ситните производители со површини помали од 5 хектари кои објективно не може да се прилагодат на типот на технологии потребни за интензивно поледелско производство, ќе ја подобрат состојбата на приходот од своите ограничени земјишни ресурси преку постепено преорентирање кон поинтензивен тип на производство како што се овошјето и зеленчукот, производството на грозје особено трпезно, дел од маслодајните култури, итн. Во таа насока овие производители ќе се поттикнуваат со мерките на поддршка кон **замена на житните култури со алтернативни производи во регионите каде приносот на пченица е значително под 3.000 кг/ха насадени на површини многу помали од 5 хектари**.

Зголемено домашно производство на добиточна храна, особено производство од страна на самите одгледувачи на добиток, е предуслов за конкурентно сточарско производство. Големината на сегашната површина со пченка е доволна да ги покрие домашните потреби доколку просечните приноси се зголемат за околу една половина преку употреба на високопродуктивни хибриди и воведување на нови технологии на производството, пред се во делот на ефикасното наводнување. Во таа насока ќе се **воведат специјални мерки за поддршка придружени со советодавен пакет за адаптирање на напредните технологии**. Поддршка со **повисоки износи во однос**

**на основните плаќања по површина за поледелските култури ќе се обезбеди за производство на добиточна храна, и за основен и сертифициран семенски материјал за житните култури**.

Оризот како единствена извозна житна култура својата стабилност во производството и пласманот ќе ја подобрува преку унапредување на сортниот состав согласно барањата на пазарите, модернизација на преработувачките капацитети и преку градење на препознатливост на кочанскиот (македонскиот) ориз на надворешните пазари. Последното е особено важно за регионалните пазари каде истиот од минатото веќе имаше изградено позитивен имиџ.

## Сточарско производство

Поради недоволниот капацитет за сопствено производство на добиточна храна и зависноста од узвозната храна сточарското производство во Република Македонија останува неконкурентно на генерално ниво. Сепак одредени подсектори каде трошоци за влезните инпути за добиточна храната се помали, како и индивидуални случаји на производство со поголема економика на обем, применети инвестиции во модернизација на технолошките процеси, подобрен генетски состав и сопствено производство на храна, може успешно да се справат со конкурентскиот притисок на домашниот пазар па и на надворешните пазари.

Модерниот сточарски сектор е базиран на знаење, напредна технологија и опрема во одгледувањето и исхраната на животните, развиена ветеринарна наука и ефикасен менаџмент и организација на работењето на стопанствата. Во земјите со развиен сточарски сектор, напредното производство е поддржано преку три столба на развојот: Системот на истражувања и пренос на знаење до одгледувачите, Системот на одгледувачки програми за подобрување на генетската структура и Системот на здравствена заштита на животните. Воведувањето, односно подобрувањето на веќе постоечките системи кои постојат е предуслов за обезбедување на развој во сточарството во Република Македонија во следниот период.

Во насока на обезбедување на генерално позитивни услови и неутрализирање на главните ограничувачки фактори кои го попречуваат развојот на секторот, во следниот период ќе бидат превземени низа мерки за подобрување на условите за бизнис на операторите во сточарскиот сектор кој има најголем придонес во трговскиот дефицит со земјоделските и прехранбени производи.

Една од главните чекори на политиката во таа насока кои треба значително да ја зајакне конкуренентноста на одгледувачите на добиток особено доминантната структура на помалите производители е **намалување на ДДВ за добиточната храна и живите животни од 18 на 5%**. Оваа важна мерка треба значително да придонесе кон зголемување на конкурентноста на сточарското производство преку намалувањето на трошоците на сточарите и заштеда на средства за инвестирање, кланиците и месната преработувачка индустрија, намалување на нелегалната трговија со товен добиток, и на крајот намалување на увозот на месо за домашните потрошувачи. Подобрувањето на состојбата со негативното влијание на добиточната храна на

сточарското производство ќе се надминува и со огласување на **наменски огласи за сточарите за доделување на земјоделско земјиште** во државна сопственост со површина која ќе зависи од бројот на одгледуваните грла. Покрај дополнителната финансиска поддршка за производство на добиточна храна во однос на останатото поледелско производство, од 2015 година ќе започнат да се спроведуваат **интензивни инвестициони активности во пасиштата** за изградбата на водопоила, довод на вода во летен и зимски период за напојување, инфраструктура за пристап и електрификација преку инвестициона програма.

Како и кај останатото земјоделско производство, структурата на примарните производители е многу неповолна од аспект на малиот број на грла по одгледувалиште, додека хоризонталната и вертикална интеграција се скоро непостоечки. Во вакви услови една од целите и во сточарското производство ќе биде промена на неповолната структура со **преминување на земјоделските стопанства од ниска во повисока категорија од аспект на големината** на ангажираните производни капацитети (број на одгледувани грла). Активности од инвестициониот план ќе бидат кофинансирани со висок процент од страна на државата.

Промената на структурата е особено важна и од аспект на генетските карактеристики на стадата. **Подобрувањето на генетскиот капацитет на грлата** за унапредување на производните, репродуктивните и функционалните особини кај овците, козите, свињите и живината ќе се реализира **преку одобрените одгледувачки програми на признатите организации на одгледувачи** како основна единица на системот на одгледувачки пирамиди. Особен приоритет во следниот период ќе биде основањето и одржливото функционирање на овие организации во спроведувањето на комплементарни мерки кои во основа се состојат од современи принципи и методи на одгледување, имплементирани преку одгледувачките програми за поединни видови домашни животни. Правилниот избор на расите, правците на селекција и методите на одгледување, односно континуирано унапредување на производните особини на животните треба да придонесе кон подобрување на продуктивноста кај сите сточарски дејности во однос на сегашниот период.

Покрај несоодветната генетска структура, можеби и посериозен проблем претставува неправилното одгледување, исхрана и профилакса кај говедата. Во таа насока како дел од одгледувачката инфраструкура на признатите организации, но и преку формите на трансфер на знаење (задолжителните обуки, демонстративно-показни стопанства) **ќе се обезбеди специјализиран советодавен сервис за одгледувачите**. Стручната работа во областа на селекцијата на приплодните говеда, подобрувањето на исхраната[34] и соодветна микроклиматска и ветеринарна превентива во голема мерка би им ги намалиле производните трошоци. Со подобрување на овие три сегменти се очекува подобрување на гојноста/млечноста за 20 до 40%.

Генерален проблем за целото сточарско производство претставува и хроничниот недостатокот на работна рака кој ќе биде ублажуван со поддршката за **надомест на трошоците за нето-плата за одгледувачите со полуномадско одгледување** на овци, кози и говеда.

[34] Преку балансирање на оброкот, оптимализација на оброците и крмните смески наменети за исхрана на категориите на говеда и создавање на оброци за говеда според типот и нивото на производство.

Одржливоста на сточарското производство ќе се потпомага преку **поддршка на приходите на земјоделските стопанства** кои се занимаваат со сточарство по одгледувано грло и по единица призвод (литар млеко) предаден во преработувачки капацитет, а проширувањето на самото производство и преку поддршка за задржано женско грло во стадото. Висината и типот на директните плаќања ќе биде на нивото од 2013 година.

Во следниот период продолжува спроведувањето на обемните политики во делот на здравствената заштита на животните и подобрување на безбедноста на храната, со одредени дерогација за традиционалното производство во подрачјата со ограничени услови за производство.

Управувањето со отпадот од сточарското производство ќе се организира на системски начин согласно законските прописи. Во таа насока ќе се постави национален **систем за организирано отстранување и уништување на отпадоците од животинско потекло и ќе се поддржи соодветното складирање на течното и цврсто органско ѓубриво** од одгледувалиштата, согласно принципите на вкрстената сообразност на начин кој нема да ги загадува почвата и водите.

Спроведувањето на **минималните стандарди за квалитет** во сточарството согласно Законот за квалитет на земјоделски производи во најголем дел од подсекторите е на самиот почеток. Затоа ќе се спроведат активности за воведување и примена на СЕУРОП стандардите на линија на колење кај свињарството и говедарството. Кај овчарството примената на СЕУРОП стандардот ќе биде поврзана со специфичностите на пазарот на јагнешко месо и побарувачката на „лесно јагне„ особено на италијанскиот како најголемиот пазар.

Во периодот после 2014 година продолжува започната **организирана грижа за заштита на автохтоните раси добиток**. Во насока на дополнување на приходите на одгледувачите на автохтоните национални раси на животни поради помалата продуктивност во однос на најзастапените меѓународни раси, во првиот период ќе биде обезбеден повисок износ на директни плаќања за праменката, бушата и овчарското куче шарпланинец кое е во функција на одгледување на овци. Согласно обезбедените услови за уматичување, поддршката за останатите автохтони раси понатаму ќе се проширува. Сепак исто толку важна цел покрај самата заштита на расите е постигнување на што поголема економска одржливост на нивното одгледување, кое ќе се постигне со постепено унапредување на производните особини кај контролираните говеда преку одгледувачките програми на признатите организации.

Преработките од месо се произведуваат речиси сосема од разладено и смрзнато месо од увоз. Преработувачката индустрија на месо во Република Македонија поради предимензинираноста по број и по обем на производство и понуда, иако ги задоволува хигиенско-техничките стандари на производство на храна, од аспект на целосната зависност од увозна суровина и квалитетот на производите ориентирани на стандардот на потрошувачите од регионот со пониска куповна моќ, не гарантира долгорочна одржливост и можност за значително зголемување на конкурентноста. Досега поради целосната ориентираност на производство базирано на увозна суровина, оваа индустрија не суштествуваше како интегрален дел од синџирот на вредност и беше генератор на зголемување на нето трговскиот дефицит наместо генератор на развојот на домашното примарно производство. Во следниот период ќе биде посветено внимание на стимулирање на субјектите во вертикалниот ланец за

**воспоставување на кооперантски врски помеѓу домашното производство на месо и месопреработувачката индустрија** заради обезбедување на поодржлив развој и на двата сегменти.

Покрај претходно наведените генерални насоки и цели за развој на подсекторите од сточарското производство и планираните чекори на земјоделската политика во следниот стратешки период од 2014-2020 година, поединечните специфики по подсектори се дадени во продолжеток.

### 2.2.6 Овчарство и козарство

Овчарството и козарството кои во Република Македонија воглавно се базираат на екстензивни технологии и искористување на природните пасишта, за поголем дел од подрачјата со отежнати услови за производство во државата претставуваат **единствена алтернатива во руралната економија и начин за ублажување на руралната невработеност и сиромаштија**.

Имајќи ги во предвид конкурентските предности на овие подсектори кои произлегуваат од намаленото учество во ценовната структура на добиточната храна како најзастапен инпут, како и поради расположливоста на природните ресурси за овој тип на производство во државата, во следниот период во споредба со претходниот се очекува зголемување на основното стадо. **Очекувањата за раст и покрај превземените политики за поттикнување на развојот на подсекторите се умерени**, имајќи ги во предвид објективните ограничувања поврзани пред се со обезбедувањето на работна сила за екстензивното одгледување на овците и кози во подрачјата со отежнати услови за производство.

Како единствен сегмент од сточарското производство со изразен извозен потенцијал на пазарите на ЕУ и поради значењето за оддалечените рурални средини, овчарството ќе продолжи да има посебен удел во мерките на финансиска поддршка. Инвестициите за подобрување на условите за живот, извршување на одгледувачките активности и производството на сирење во мадрите со запазување на пропишаните услови за безбедност на храна ќе бидат поддржани во следниот период. Обезбедувањето на повисок степен на конкурентност на македонското јагне зависи од искористување на компаративните квалитативни предности кои треба да се финализираат со **изградба на препознатлив бренд на македонското јагне** на странските, пред се европски пазари. Во насока на зголемување на пазарното учество ќе се обезбеди поддршка на производителите и извозници на јагнешко месо за изнаоѓање и освојување на нови нетрадиционални пазари, како што се пазарите на блискиот и далечен исток.

### 2.2.7 Говедарство и производство на млеко

Обезбедувањето на долгорочна одржливост на подсекторот на производство на млеко во Република Македонија зависи од значителното зголемување на конкурентноста. Постоечката поволна конјуктура на пазарот за зголемена побарувачка во последниот период од неколку години, што ја одржуваше и откупната цена на ниво кое стимулативно за производителите, може да биде променета со зголемено производство на квалитетно европско млеко после укинувањето на производните квоти од 2015 година.

Подобрувањето на конкурентноста во следниот период мора да оди по три линии – во насока на **зголемување на продуктивноста по грло, намалување на производните трошоци и сериозно подобрување на квалитетот и безбедноста на млекото**. Инвестициите за постигнување на овие приоритети на ниво на земјоделско стопанство се неисплатливи за малите производители кои имаат од три до пет грла. Оттука **промената на постоечката структура и постепено зголемување на производните капацитети на специјализирани стопанства** е примарната цел која треба да овозможи услови за очекуваните квалитативни промени во подсекторот. Промената на структурата на ниво на стопанство покрај од аспект на зголемување на економијата на обем е неопходна и од аспект на продуктивните карактеристики на стадото. Активностите на реструктуирање на земјоделските стопанства со потенцијал за развој ќе бидат поддржани од страна на мерките на политиката, а нивното функционирање, особено активностите за подобрување на генетскиот потенцијал на грлата, треба да биде во рамките на признатите организации на производители.

Во насока на постигнувањето на ефикасно и поекономично производство се очекува структурата на стопанствата кои се занимаваат со производство на млеко во следниот период да се помести кон категоријата која одгледува помеѓу 5 и 10 грла (и минимум 4 ха ораници и ливади по стопанатво), а на долг рок и кон земјоделски стопанства од прва целна категорија на политиките со 11-20 грла во просек. Од друга страна стопанствата кои се специјализирани кон производство на јунешко месо треба да имаат 30-40 грла по фарма, а оние со комбинирано производство на млеко и јунешко месо од 10 до 20 крави и нивни подмладок (и да обработуваат над 8 ха ораници и ливади, или само ливади и сеани тревници).

Зајакнувањето на вертикалните врски со преработувачите кои се одвиваат во добра насока во последниот период дополнително ќе се унапредуваат со **спроведување на интеграциони проекти во синџирот на додадена вредност со учество на чинителите на вертикалната интеграција.** Проектите ќе бидат насочени кон остварување на погоре споменатите цели, и особено кон подобрување на квалитетот на млекото преку поставување на собирни центри на млеко. И во следниот период **треба да продолжи позитивната пракса на поголемите млекарници активно да будат вклучени во обезбедување на помош на своите кооперанти** при набавка на нова стока, опрема или пак во обезбедување на средства за хигиена, комплетни или дополнителни крмни смески, адитиви и други репроматеријали неопходни за производство на млеко. Со ова, покрај подобрување на квалитетот и продуктивноста на производството, значително ќе се зајакнуваат и вертикалните, кооперантски врски.

Квалитетот на суровото млеко е неопходно значително да се подобри во следниот период со негово доближување до стандардите на ЕУ на среден рок. **Подобрувањето на квалитетот и безбедноста на млекото е процес кој ќе вклучи**

**сет од комплементарни мерки** почнувајќи од поставување на институционален систем за редовна контрола на квалитетот и безбедноста на млекото функционален во текот на 2015 година, обуки на одгледувачите за хигиенските практики, се до инвестициони вложувања во земјоделските стопанства и преработувачите на млеко. **Инвестициите во земјоделските стопанства** треба да придонесат во осовременување и механизирање на најтешките активности на фармата, пред се во исхраната, молзењето и изѓубрувањето на говедарските фарми. Во делот на **преработувачката индустрија на млекото, инвестициите се особено непходни за околу 30% оператори**, воглавно мали млекарници, кои согласно категоризацијата треба да направат сериозни вложувања за да ги исполнат барањата за безбедност на храна, или во спротивност ќе треба да го стопираат нивното производство. Следствено на профункционирањето на системот за контрола на квалитетот на млекото, **исплатата на млекото и на директните плаќања по литар млеко ќе се одвива според класите на квалитет**.

Во насока на подобрување на информациите во секторот на производство на млеко ќе се постави соодветен информативен систем и формален пазарен одбор за следење на состојбите и предлагање на активности за нивно подобрување.

Заради зајакнување на пазарната конкурентност и субституција на увозот на преработките од млеко, поголемите млекарниците треба да го диверсифицираат асортиментот на производството, а малите строго да се специјализираат на група производи, да ги стандардизираат производите и потоа да го подобрат маркетингот на преработките од млеко. Во следниот период дополнителен број на млекарници, најмалку уште две, се очекува да се стекнат со право за извоз во ЕУ и повеќе од 20 за извоз во трети земји.

Подобрувањата во перформансите на секторот кои се очекуваат во следниот период особено зголемувањето на продуктивноста, треба да придонесат кон зголемување на производството на млеко за задоволување на зголемената домашна побарувачка што како резултат ќе го има намалувањето на трговскиот дефицит со овој производ.

Како резултат на неповолната структура на мали земјишни парцели по земјоделско стопанство (64% од вкупниот број говеда во нашата земја се наоѓаат во одгледувалишта кои имаат до 3 ха), **пазарно-ориентираното и специјализирано производство на говедско месо од затворен тип е единствен можно кај поголемите земјоделски стопанства со сопствено производство на добиточна храна**. Ограничените ресурси на земјоделско земјиште во државна сопственост кои остануваат да се распределат во следниот период во еден дел наменски за сточарското производство, нема да може значително да ја променат неповолната состојба. Оттука во дадените услови поради поголемата исплатливост, екстензивниот систем на производство крава-теле има добри шанси за понатамошен развој. Ваквиот модел на екстензивно одгледување кој е во согласност со широко расположливите природни ресурси, ќе биде предмет на зголемена поддршка во следниот период.

Една од целите на политиките ќе биде **постигнување на поголема финална телесна маса кај гојните говеда за производство на месо и искористување на генетскиот потенцијал на максимално производство на месо по грло**. Просечната финална кланична маса кај говедата од околу 300 кг ќе се зголемува во насока на приближување кон просекот во развиените сточарски земји. Во следниот период се

очекува финална маса добиена кај гојните говеда на возраст од околу година и половина да достигне 350-400 кг. Во таа насока ќе се обезбеди кофинансирање на инвестициите за изградба или адаптација на гоилишта за гоење на говеда, обезбедување на дополнителна поддршка за насочување на грлата во кланичните капацитети, стимулирање на предавањето на јунци со поголема депонирана маса и дестимулирање на изнесувањето на подмладокот за гоење надвор од државата.

### 2.2.8 Свињарство

Подсекторот на производство на свежо свинско месо кој во целост ги задоволува домашните потреби во последните две години ја докажа својата прилагодливост кон промените и одржливост во надминување на состојбите настанати со расформирање на најголемиот комплекс од ваков вид во државата без поголемо пореметување во понудата на пазарот на свежо свинско месо.

Во меѓувреме новоизградените мали и средни свињарски фарми во значајна мера го компензираат производството на прасиња и гоеници во земјата, а пројавениот интерес за секторот заедно со предвидената поддршка на политиките во следниот период треба да обезбедат **стабилност во задржување на самодоволноста на домашното производство, со постепено креирање на услови за насочување на вишоците кон развиената преработувачка месна индустрија и извоз** во регионот. Од друга страна, поради поголемата концетрација на грла кај големите капацитети и примена на современи одгледувачки методи, подсекторот ја зголемува ефикасноста на производство по грло и го подобрува квалитетот на свињите во однос на производните особини.

Ваквиот тренд, доколку биде соодветно искористен од страна на преработувачката индустрија[35] треба постепено да влијае на намалувањето на потребите на месно-преработувачката индустрија на свежо, разладено и замрзнато свинско месо кои сега во целост се обезбедуваат од увоз. Всушност за разлика од сегментот на пазарот за свежо свинско месо кој целосно се задоволува од производството од домашните стопанства, вкупното количество на увоз на свинско месо во државата од 40 милиони евра годишно е резултат на ориентираноста на домашната индустрија на преработка на месо во обезбедување на суровината целосно од странско потекло.

Сезонските циклични вишоци на свежо месо предизвикани од зголемената понуда, често надополнети или самите иницирани од драстичен пад на цената на европскиот и светскиот пазар, предизвикуваат пад на продажната цена на свежото

[35] Во подсекторот свињарството постои целосна сегрегација во функционирањето на двата сегменти на вертикалната интеграција на пазарот на свинско месо – преработката и домашното производство на месо кои функционираат на ниво на два сосема одвоени и на моменти загрозувачки пазари, пред се во однос на влијанието на пазарот на месни преработки врз производството и пазарот на свежо свинско месо. преработувачката индустрија која е сосема ориентирана кон набавка на суровината преку увоз на разладено и смрзнато свинско месо скоро и не врши откуп на домашна суровина, и многу често вишоците на разладено и смрзнато увозните месо наменето само за преработка, завршува директно или индиректно (преку продажба во угостителски и трговски објекти) на пазарот на свежо месо.

домашно произведено месо и под прагот на рентабилност што резултира со продажба на вишоците по неприфатливо ниски цени на пазарот (или поретко на македонската месна индустрија). Цикличната нестабилност на пазарот на свежо свинско месо доведува до продажба на основното стадо на малите одгледувачи или значително намалување на бројот на грла кај средните по големина одгледувачи. Ова негативно влијае на намалување на супстанцата на подсекторот, на пад на ангажираните подсекторски капацитети или во најдобар случај одржување на нивото на исто ниво. Нестабилноста произведува чувство на ризик кај производителите кои не можат со целата сериозност да пристапат во долгорочно планирање на зголемување на капацитетите, кон примена на напредни одгледувачки практики за намалување на трошоците, подобрување на квалитетот и безбедноста на храната и унапредување на благосостојбата на животните.

Во насока на обезбедување на стабилност на пазарот и елиминирање на ризиците од сериозно пореметување на секторскиот производен капацитет предизвикан од зголемената понуда, ќе се воспостави **систем на насочување на вишоците на свинско месо во преработувачките капацитети или нивно приватно складирање**. За спроведување на инструментите на дополнително уредување на пазарот со свинско месо ќе се **воспостави пазарен одбор за пазарот на свинско месо и воведе систем на проценка на квалитет на линија на колење**. Дополнително, заради соодветно конфекционирање на труповите за потребите на преработувачката индустрија, согласно интересот на чинителите можно е државно предфинансирање на инвестиција во кланичен капацитет преку интеграционен проект на вредносниот синџир со превземање на специфични обврски на учесниците.

Малите и средните свињарски фарми со потенцијал за развој ќе бидат стимулирани за **преминување во повисока категорија според големината на производните капацитети**, а особен акцент ќе биде ставен на заштита на животната средина од функционирањето на одгледувалиштата.

**Брендот на македонското свежо месо на домашниот и надворешните регионални пазари ќе се зајакнува** преку организирани промотивни активности кои ќе се реализираат од здружението на производителите на месо, поддржани од страна на политиките.

### 2.2.9 Живинарство

Основната цел на живинарската индустрија во следниот стратешки период е задоволување на домашниот пазар со јајца и подобрување на процентот на покриеност на домашните потреби од живинско месо со сопствено производство.

Во делот на производството на јајца примарната цел е **задржување на постоечката состојба на целосна самодоволност** на домашниот пазар со домашното производство преку задржување и унапредување на домашната потрошувачка, **регулирање на флуктуациите на цените на пазарот** на јајца заради обезбедување на стабилност во приходите на производителите и **аплицирање на стандардите за квалитет кои се однесуваат на јајцата од Б класа**. Паралелно и

постепено треба да се зголемува општата конкурентност на подсекторот во насока на јакнење на нејзиниот извозен потенцијал.

Потребите од околу 150 јајца по жител или 300 милиони на годишно ниво, во потполност се задоволени со домашното производство, а повремено (во периодот по Велигденските празници и веднаш потоа со доаѓањето на летото) се јавува и вишок кој доведува до намалување на цената (од најмалку 1 денар/јајце, или повеќе). Загубата на индустријата заради намалени цени на јајцата во период од пет месеци во текот на годината е околу 150 милиони денари. Во насока на регулирање на оваа состојба, но и заради потребата од третман со пастеризација на јајцата од класа Б (напукнати, скршени, валкани итн.)[36] **преку државно предфинансирање на големи капитални инвестиции од потсекторско значење ќе се поддржи комерцијално-ориентираниот сектор во реализација на заеднички капацитет за преработка на јајцата** во течни јајчани производи. На овој начин, после преработката, согласно законските прописи за безбедност на храната е можно ставање во промет на јајцата од класа Б за потребите на прехранбената и непрехранбената индустрија. Јајчаните производи од овој капацитет може да ги задоволуваат потребите на домашната кондиторска индустрија кои сега се обезбедуваат од увоз, но и на одредени поголеми потрошувачи од државната/јавна администрација.

**Зголемувањето на домашната консумација на јајца** ќе се поттикнува преку промовирање на правилноста на секојдневната употреба на јајцата во исхраната како храна која не е штетна по здравјето на луѓето, а ќе се поддржуваат и заеднички маркетинг активности на македонските компании за национална презентација на секторот на регионалните пазари.

Реализацијата на наведените активности бара зајакната хоризонтална интеграција на производителите во подсекторот заради што ќе се **формира и пазарен одбор за пазарот на јајца** кој треба да ја следи состојбата на пазарот и предлага мерки за негова стабилизација, како и предлага активности за подобрување на конкурентноста на секторот.

Заради зголемување на ефикасноста на мерките на поддршка и усогласување на истите со начинот на поддршка кај другите сточарски подсектори, ќе се изврши **модификација на постојните мерки на директни плаќања** (за амортизирана несилка предадена во кланичен капацитет) во насока на обезбедување на поддршка за набавка на основно јато или поддршка по произведено и продадено јајце. Промените треба да овозможат дополнителна контрола во спроведувањето на мерките, но и поголема ликвидност на секторот со исплаќање на поддршката најмалку на квартална основа.

Во делот на безбедноста на храната, остануваaат да се доизградат системите за мониторинг за Салмонела и останатите за европскиот пазар важни болести (Њу Касл) со цел да се обезбеди непречен извоз на јајцата на европскиот пазар.

Клучните субјекти во подсекторот на производство на живинско месо во изминатиот период не покажаа постоење на минимален функционален капацитет за организирање на подолготраен развоен концепт кој би овозможил раст на уделот на домашното производство во задоволување на потребите на домашниот пазар, што

[36] Производството на јајца резултира со околу 10% скршени, валкани, мали, деформирани, јајца без лушпа, или околу 30 јајца на 300 произведени јајца од една несилка на годишно ниво, кои се класифицирани во класа Б.

резултираше со задоволување на потребите на пазарот со пилешко месо скоро целосно од увоз во вредност од околу 50 милиони евра. Пилешкото месо е најголема поединечна стапка на страната на увозот на земјоделско-прехранбени производи. Покрај свежото пилешко месо, значаен дел од увезеното месо отпаѓа на потребите на суровински увозно-ориентираната месопреработувачката индустрија, и двата сегменти со тренд на континуирано зголемување.

Во услови на нефункционални интегратори (кланиците)[37], **посериозна промена на состојбата е можна со влез на нови субјекти со правилна пазарна стратегија** кои треба да го поврзат целокупниот синџир на производство и преработка на бројлерско месо. Сепак политиките во следниот период ќе бидат насочени кон **понуда на поволни услови за оние учесници на пазарот кои функционираат во насока на зајакнување на вертикалната интеграција, и кон започнување на нови бизниси за одгледување на бројлери од помал обем** кои го вклучуваат и пласманот на производите на пазарот.

Производството на јајца и бројлери во услови на семејни земјоделски стопанства од мал обем има долга традиција и застапеност во Република Македонија и е дел од руралното наследство. Овие земјоделски стопанства вишокот од нивното производство континуирано го продаваат преку неформалните пазарни канали во регионот во кое се лоцирани. Заради обезбедување на одржливост на приходите и нивно зголемување, како и обезбедување на потребното ниво на заштита на потрошувачите од аспект на безбедност на храната, ќе се изврши **регулирање на алтернативните системи на одгледување на несилки за производство на јајца и бројлерско производство** (слободни системи на одгледување во објект, во двор-испуст или комбиниран) и промет имајќи ги во предвид неговите карактеристики и особености. Следствено, ваквите системи за производство ќе бидат воведени во системот на поддршка.

Земјоделските стопанства ќе бидат стимулирани да го зголемат својот обем на капацитет и производство преку **пакетите на поддршка на инвестиционите планови, а нивното функционирање пожелно е да се базира на здружување** на повеќе стопанства, особено поради заедничка инвестиција и користење на ист мини кланичен капацитет и пласирање на производите на пазарот. Производите на ваквите системи на одгледување на пониско-јајцепроизводни, односно бавнорастечки раси на живина надвор од индустриските капацитети ќе се пласираат на пазарите со препознатлив изглед или пакување[38] заради обезбедување на дополнителна вредност. Проценките се дека од 10 до 20% од јајцата, и еден важен дел од потребите на свежо пилешко месо, би можеле да бидат обезбедени од алтернативни системи на одгледување. Регулацијата на ова производство треба да овозможи промет на производите низ контролните системи за безбедност кој сега се реализира преку зелените пазари и преку директна продажба од стопанствата.

Вертикалната интеграција помеѓу интеграторите и кооперантите ќе се зајакнува и преку финансиската поддршка за колење на вгоени бројлери во кланични капацитети **до 2016 година со понатамошно исклучување на поддршката доколку истата не**

---

[37] Одгледувањето на бројлери базира на кооперантско здружување на фармерите со кланиците (интегратори) кои вселуваат еднодневни пилиња по потреба односно ниеден не организира континуирано производство на бројлери за колење.

[38] Односно закланите пилиња се со глава на трупот, јајцата се означени со различна боја и со ознака за методот на одгледување.

**се спроведува преку интеграциони проекти помеѓу кланица и група на одгледувалишта, или во рамките на правен субјект кој спроведува алтернативни системи** на одгледување на живина. Така до 2016 година ќе постојат три нивоа на поддршка на бројлерското производство: поддршка од 30 денари по предаден бројер во кланичен капацитет, поддршка од 40 денари по предаден бројер во кланичен капацитет во рамките на интеграциони проекти помеѓу кланица и група на одгледувалишта, и 60 денари по бројлер процесуиран од страна на правен субјект кој интегрира повеќе стопанства со алтернативни системи на одгледување на живина. Зголемување на финансиската поддршка преку градење на цврсти кооперантски односи има за цел да го доведе производството на бројлери на бројка од барем еден милион годишно[39]. Исто така ќе се зголеми финансиската поддршка за произведено еднодневно бројлерско пиле и женско пиле од јајценосен генотип заради поддршка на капацитетите за производство на еднодневни пилиња.

Стимул за раздвижување на домашното производство на живинско месо може да даде и домашната месна индустрија со доследно **исполнување на декларацијата за минимум учество на домашна суровини во готовиот производ**, а зајакната контрола ќе се спроведе на квалитетот на увозното месо, вклучително и на количината на вода во неговата содржина.

### 2.2.10 Пчеларство

Пчеларството како гранка од земјоделството има големо економско значење кое се согледува преку вредноста на пчелните производи (мед, восок, полен, прополис, матичен млеч и пчелин отров), но и преку вредноста на зголемените приноси од земјоделските култури кои произлегуваат од учеството на пчелите во процесот на нивното опрашување. Всушност вредноста на зголемените приноси од земјоделските култури поради опрашувањето од пчелите е неколку пати поголема од вкупната вредност на сите пчелни производи. Пчеларството има големо значење за делови од руралната економија, особено ридско-планинските подрачја со ограничени алтернативи за земјоделски и други економски активности.

Условите во Република Македонија овозможуваат понатамошен развој на оваа гранка од земјоделското производство и негово интензивирање во следниот период. Целите во делот на пчеларството во следниот период се **зголемување на бројот на пчелните семејства и приносите што треба да резултира со поголемо производство на мед** во однос на изминатиот период. Заради постигнување на оваа цел потребно е да се реализираат неколку групи на активности во повеќе релевантни области, но првично е неопходно да се промени структурата на пчеларските стопанства со поместување на што поголем дел од производителите од ниво на хоби кон пчеларење на ниво на професионализација.

Во таа насока ќе бидат **поддржани инвестициите на земјоделските стопанства кои сакаат да го надградат и прошират обемот на нивното**

[39] Што може да обезбеди работа на двете кланици со околу 30% од капацитетот додадено на колењето на амортизираните несилки.

**производство** преку кофинансирање на нивните инвестициони планови. Целосно финансирање на трошоците ќе биде обезбедено и за започнување на пчеларење на млади пчелари.

Зголемувањето на производните капацитети сепак ќе биде можно доколку се врши **континуирано обновување и надоместување на загубите на пчелниот фонд** кои го надминуваат биолошкиот процент на загуби[40]. Обновување и надоместување на пчелниот фонд ќе се поддржува со кофинансирање на набавка на матици и роеви од регистрирано одгледувалиште, со акцент на селекционирани пчелни матици и пчелни роеви од контролиран генетски материјал кој потекнува од автохтониот подвид пчели на медоносни пчели (Apis mellifera macedonica). Овие автохтони подвидови најлесно се справуваат со предизвиците од животната средина и стрес факторите.

Намалувањето на загубата на бројот на пчелни семејства ќе се превенира и со подобрување на здравствената заштита на пчелите особено насочена кон надминување на болеста Вароозa која учествува со најголем процент во загубите. Мерките што пчеларите систематски ќе ги преземаат ќе произлегуваат од **Програма за сузбивање на Вароозата како дел од јавното ветеринарно здравство**. Значителна улога во појавата, манифестирањето и ширењето на болестите имаат и самите пчелари, преку неспроведување на Добра хигиенска пракса и преку користење на неадекватна технологија. Затоа за постигнување на оваа цел ќе бидат преземени и активности на **задолжителни обуки за нивно поефикасно справување со болестите**. Хигиената во пчеларењето ќе се подобрува и со поддршка на пчеларите во набавка на опрема изработена од инокс која гарантира дека добиениот производ е хигиенски исправен и со набавка на соодветен прибор и помагала неопходни за следење на новините во современото пчеларство.

Заради потребата од подобрување на маркетингот на медот ќе се поддржуваат инвестициите кои имаат за цел осовременување на доработката, пакувањето и дистрибуцијата на производите. Продажбата на медот која воглавно се спроведува како продажба од земјоделско стопанство, продажба на зелените пазари и на прометни места на сообраќајници треба соодветно да биде регулирана и спроведена во согласност со правните норми.

Во следниот период ќе започнат и активности кои треба да водат кон **интензивирање на селидбено пчеларење и подобрување и проширување на пчелната паша**. Во таа насока ќе треба да се изработи календар на цветање на медоносните растенија за секој од регионите за детектирање на кризните периоди во однос на пчелната паша и подготови Програма за планско подобрување и проширување на пчелната паша со препорачани медоносни растенија кои може да се засеат (зељести растенија) или засадат (дрвја и грмушки) во соодветниот регион. Исто така ќе започнат активности за изработка на Катастар на пчелна паша, како и донесување на Правилник за користење на пашата за да се избегне можноста од пренаселеност на одредена локација за време на цветањето на одредено растение.

Перспективно, напорите во пчеларството треба да бидат насочени кон зголемување на производството на производство на монофлорен мед и зајакнување на капацитетите за негово докажување.

---

[40] Според истражувања на Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје во последниве пет години просечните загуби изнесуваат 20 %.

## 2.4 Специфични цели за развојот на земјоделството и руралните средини со политики и мерки

Остварувањето на стратешката цел за зголемена конкурентност на земјоделското производство и прехрамбената индустрија, развој на руралните средини и одржливото користење на природните ресурси ќе се постигне преку остварување на **специфичните цели на земјоделската политика за периодот 2014-2020 година во следниве области на интервенција**:

1. Реструктурирање и модернизација на земјоделско-прехранбениот сектор
2. Уредување на пазарите, организација на прехрамбениот синџир и подобрување на квалитетот на земјоделските производи
3. Подобрување на условите за живот и за одвивање на економските активности во руралните средини
4. Континуиран пристап до знаењето и инвестирање во човечкиот капитал во земјоделството
5. Комплетирање на функционалноста на системот за безбедност на храната и
6. Одржливо управување со природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени на земјоделството.

Секоја од наведените специфични цели подетално се елаборирани во продолжеток.

# 1 Реструктурирање и модернизација на земјоделско - прехранбениот сектор

Генералната продуктивност, економичност, големината на приходите и на крајот зголемувањето на самата конкурентност на македонското земјоделство остануваат да бидат значително попречени од сериозните структурни слабости. Структурата на земјоделскиот сектор во Република Македонија на страната на понудата се карактеризира со постоење на голем број субјекти со мали производствени можности кои поединечно продуцираат ограничени количини со неусогласен квалитет на производите. Од другата страна, побарувачката на производите, особено во секторот на маркетингот со земјоделски производи се одликува со недоволната конкуренција.

Малите производни капацитети по земјоделско стопанство ја ограничуваат примената на современа технологија, а постојната техничка опременост е недоволна или застарена. Поради ова земјоделските стопанства се ретко специјализирани. Во

исто време добар дел од преработувачкиот комплекс има застарена технологија и неразгранет производен програм кој не е целосно усогласен со барањата на потрошувачите, а се соочуваат и со евидентирани недостатоци во однос на исполнување на законските барања за безбедност на храната и заштитата на животната средина.

Структурата на земјоделскиот сектор е состојба која е резултат на влијание на голем број на фактори во еден подолг временски период и истата е пред се поврзана и произлегува од сопственичките права на основниот производен фактор во земјоделството – земјоделското земјиште. Оттука промената на постојната состојба секако претставува еден комплициран и долготраен процес, за чие надминување или ублажување покрај функционирањето на пазарот, соодветна улога ќе одиграат и структурните политики на држава во насока на интензивирање и насочување на процесите.

*... посакувана состојба на структура на секторот*

Со цел подобрување на општата конкуреност на секторот, **постоечката неповолна структура на земјоделски стопанства треба постепено да се трансформира во насока на специјализирани пазарно-ориентирани земјоделски производители со зголемена економија на обем кои употребуваат современа техника и технологија во производството, произведуваат производи базирани на искористување на реалните компаративните предности и се меѓусебно организирани на пазарот со останатите производители во насока на концентрација на производните количини и усогласување на квалитетот на производите. Покрај промената на структурата, чинителите во секторот треба значително да ја подобат и продуктивноста на ангажираните фактори на производство заради искористување на максимумот од лимитираните капацитети. Земјоделските стопанства кои неможат значително да ја подобрат структурата на стопанството или продуктивноста, треба да извршат конверзија на постојните непрофитабилни бизниси, во бизниси кои генерираат поголеми приходи од единица површина, или чие производство е повеќе барано на пазарите.**

*... интервенции за постигнување на реструктуирањето и трансформацијата*

Постигнувањето на оваа посакувана состојба претпоставува превземање на активности пред се на самите учесници во секторот поддржани преку инструментите на политиката за промена на **големината и компактноста на производните капацитети по земјоделско стопанство и ниво на техничко-технолошка опременост** во насока на зголемување на економијата на обем и модернизација на техничко-технолошката опременост. Дополнително **сортната и расна застапеност во скоро сите подсектори треба да се обнови, осовремени и приближи до преференциите на потрошувачите и подобри по продуктивност**. Заради обезбедување на правилен избор на културите и сортата (или хибридот) кои се соодветни за одгледување во конкретни реони и примена на соодветна агротехника со што ќе овозможи извлекување на максимумот од инвестицијата, ќе се спроведе реонизација на растителното производство.

Имајќи во предвид дека сегашната структура на ситните земјоделски стопанства произлегува пред се од малата површина на земјоделско земјиште и фрагментираноста на истото на голем број поедичени парцели, **политиките за консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште** кои ќе започнат во следниот период ќе значат директно таргетирање на основната причина за неповолната структурна поставеност. Поттикнувањето на консолидацијата на земјоделското земјиште ќе се спроведува и преку подобрување на мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште, вклучително продавањето и изнајмувањето на државното земјоделско земјиште. Намалувањето на учеството на малите земјоделски стопанства во вкупниот број на стопанства, и зголемување на бројот на стопанства со поголеми ангажирани капацитите кои се целна категорија на политиките, ќе се стимулира со **активна политика на поддршка за преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија,** преку значително кофинансирање на инвестициониот проект за реструктуирање.

Сепак најбрзи резултати во надминувањето на фрагментираната понуда и нејзина концентрација може да се постигнат со **подобрување на хоризонталната интеграција, особено преку формирањето на задруги**. Во следниот период поддршката на основањето, функционирањето и особено зајакнувањето на менаџерскиот капацитет на задругите останува еден од клучните приоритети на политиките.

Наспроти неповолната старосна структура и ризикот по достапноста на работна сила, **започнување на нови земјоделски бизниси од страна на млади земјоделци** треба да ја одржи економската кондиција на земјоделската дејност и обезбеди одржливост на руралните средини.

Трансформацијата на големината на стопанствата и преработувачките капацитети и подобрувањето на нивните перформанси во работењето е можно преку **зголемени инвестиции**. Заради поттикнување на реструктуирањето, овие инвестиции ќе бидат **директно и силно поддржани преку мерките на земјоделската политика** со кофинансирање на трошоците. Забрзаниот трансфер на технологија и знаење во земјоделско-прехранбениот сектор ќе се овозможи и преку заложбите за **привлекување на странски директни вложувања**, особено за капитално-интензивните инвестиции.

Дополнително подобро ќе се **уреди правно-формалниот статус на семејните земјоделски стопанства** кој најдобро одговара на нивното моментално ниво на економски развој и социјална состојба.

Зголемениот капацитет на производство, модернизацијата и подобрената продуктивност на земјоделските стопанства и преработуваките капацитети ќе овозможат проширување на физичкиот обем на земјоделското производство и отврање на нови работни места во руралните средини. Земјоделските стопанства се очекува да постигнат повисоко ниво на специјализација, а преработувачките капацитети диверсификација на сортиментот.

Оттука **областите на интервенција на политиките** на државата за промена на структурата на секторот, односно трансформацијата на земјоделските стопанства и преработувачката индустрија и нивната модернизацијата ќе бидат следниве:

- Модернизација на технолошкиот процес и конверзија на постоечките земјоделско-прехранбени бизниси
- Започнување на нови земјоделски бизниси и преминувањето на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија
- Промена на сортната и расна структура на земјоделското производство
- Консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште по стопанство
- Хоризонтална интеграција на субјектите во земјоделско-прехранбениот сектор, и
- Уредување на статусот на земјоделските стопанства.

## 1.1 Модернизација и конверзија на постоечките земјоделско-прехранбени бизниси

Во следниот период земјоделските стопанства и преработувачката индустрија треба да ги подобрат перформансите на ангажираниот капитал за зголемување на нивната конкурентност.

Постигнувањето на овие цели неопходно подразбира **инвестирање во модернизација на расположливата техничка опременост, но и воведување на нови понапредни иновативни технологии во производството**. Инвестициите за воведување на нови технологии и производни линии се особено важни за модернизација на преработувачката индустрија за приближување на понудата до преференциите на потрошувачите.

Подобрувањето на кондицијата на производните капацитети до ниво кое е може да го поддржи остварувањето на зацртаните цели за поголема продуктивност, обем и квалитет на производството за најголем дел од стопанствата треба да започне со промена и **осовременување на постојната сортна и расна структура**. Сортната и расна застапеност во скоро сите подсектори треба да се обнови, осовремени и приближи до преференциите на потрошувачите и сериозно подобри во однос на продуктивноста.

Оние стопанства со земјоделски активности кои не генерираат доволен приход за одржлив развој и каде вложувањата нема значително да ги подобрат ефектите од работењето, треба да **извршат конверзија на постоечките во други земјоделско-прехранбени бизниси** кои продуцираат подобрени финансиски ефекти и имаат поголема извесност за пласман и развој.

Големо олеснување во донесувањето на вистинската одлука за правилниот избор на културите и сортата кои одговараат за одгледување во конкретните реони и примена на соодветна агротехника ќе се овозможи преку податоците добиени од **реонизацијата на земјоделското производство во државата**.

Очекуваните резултати од вложувањата во модернизација се дека променетата структура во насока на зголемено ниво на капитална интензивност, технолошко осовременување и усовршување на производниот процес ќе ја подобри економичноста и продуктивноста на факторите на производство, ќе

овозможи поголема специјализација на примарното земјоделско производство, како и проширување на сортиментот и додадената вредност на производите на преработувачката индустрија. Промените треба да овозможат зголемен физички обем на производство и отворање на нови работни места.

Во следниот период **ќе продолжи државната поддршка на инвестициите за модернизација, зголемување на обемот и конверзија на производството** на земјоделските стопанства и преработувачката индустрија во сите земјоделски подсектори. Поддршката ќе биде обезбедена од мерките од националната програма за рурален развој преку кофинансирање на 50% од прифатливите инвестициони трошоци за дефинирани групи на инвестиции и кофинансирање од 60% преку Мерка 1.1 Инвестиции во физичка инфрастуктура на земјоделските стопанства од ИПАРД програмата. При спроведувањето на инвестициите потребно е да бидат запазени и постигнати и барањата пропишани со националното законодавство во делот на безбедноста на храната, благосостојбата на животни и заштита на животната средина.

**Модернизација на растителното земјоделско производство**

*... кофинансирани инвестиции за модернизација*

Инвестициите за модернизација на растителното земјоделско производство кофинансирани во висина од најмалку половината од трошоците од страна на јавните фондови ќе бидат насочени кон:

- подигање на нови лозови и овошни насади,
- изградба, реконструкција и модернизација на пластеници и стакленици за производство на зеленчук и овошје,
- замена на старите и неефикасни системи за наводнување со микро иригациони системи и
- набавка на земјоделска механизација и опрема (за обработка на земјоделското земјиште и тревните површини, заштита на растенијата, ѓубрење, берба и постбербени активности).

*... воведувањето на нови ефикасни методи за наводнување*

Како еден од клучните фактори за подобрување на продуктивноста на земјоделското растително производство во македонски услови на кој ќе биде посветено особено внимание во следниот период е воведувањето на нови ефикасни методи за наводнување на земјоделските површини. Инвестициите во нова опрема за наводнување ќе бидат задолжително следени со пакет на советодавни упатства за примена на правилни агро-технички мерки кои заедно со воведеното, или подобрено наводнување, треба да овозможат максимизација на приносите и приходите од дадениот земјишен ресурс. Заради обезбедување на поголема примена на инвестициите од овој тип за културите кај кои е докажано значителното влијание на наводнувањето ќе бидат изменети и подобрени

условите на финансиска поддршка за мерките и по двата столба на политиките на поддршка.

Така во насока на **стимулирање на зголемувањето на приносите и поголемо производство на пченка** што треба директно позитивно да влијае на домашното сточарско производство, односно преработувачка индустрија и на намалувањето на увозната зависност, директните плаќања се зголемуваат на најмалку 12.000 денари по хектар за производителите на пченка (и други култури кои ќе бидат дополнително опфатени) доколку производителот задолжително:

- користи хибриден сертифициран семенски материјал,
- применува пропишани агротехнички мерки и за истите води евиденција,
- поминува одреден број на часови обука и
- има воведено наводнување капка по капка.

Мерката на поддршка ќе се однесува за земјоделските стопанства со повеќе од 5 грла добиток и големина на земјишни парцели од најмалку 1 хектар. Воведувањето на новиот начин на наводнување и примена на агротехничките постапки ќе се спроведува преку координирани активности на промоција на мерките и пружање на советодавни услуги.

Во насока на обезбедување постимулативни услови за инвестициите во нова опрема за наводнување, интензитетот на кофинансирањето на мерката ќе биде зголемен на 65%, ќе се прошири опфатот на културите за кои истата е наменета и ќе бидат обезбедени поголеми финансиски средства за реализација на мерката. Спроведувањето на мерката до 2015 година ќе се реализира во соработка и со поддршка на Проектот за експанзија на мали бизниси на УСАИД.

Придобивките од примената на модерните методи на наводнување ќе бидат популаризирани помеѓу земјоделците преку таргетирана и редовна кампања.

*... искористување на предностите на оранжериското производство*

Воведувањето на современа технологија и интензивност во растителното производство е најексплицитна во производството организирано во контролирани услови. Најголема компаративна предност во македонските услови на ова производство претставува расположливоста на обновливите извори на енергија, пред се геотермалната енергија (но и соларната) кои значително придонесуваат за подобрување на неговата економичност и профитабилност. Постоечката поддршка за кофинансирање на реконструкција и модернизација на пластеници и стакленици за производство на зеленчук и овошје не е доволна за целосно искористување на потенцијалите со кои располага државата, пред се поради големите трошоци на обезбедување на пристап до енергијата, недостатокот од информации за расположливост и дистрибуција на ресурсите и потребата од сериозен инвестиционен капитал. Во насока на подобрување на состојбите потребно да се обезбеди системски пристап кон оваа проблематика кој ќе вклучува низа активности, и тоа:

- Опсежна анализа на стакленичките објекти во Република Македонија, од аспект на одржливост, економичност и производни технологи за

испитување на одржливоста во инвестирањето во постоечкиот стакленички сектор или подигање на нови со алтернативни енергенси,

- Мапирање на постоечките извори на геотермална енергија и проверка на ограничувањата на пристапот на новите субјекти кои се подготвени да инвестираат во подсекторот,
- Испитување на можностите за искористување на геотермални ресурси кои сега не се експлотираат и дефинирање на поддршката на политиките во насока на изведување на геолошки истражувања кои ќе ја зголемат сигурноста на идните инвестиции,
- Идентификација на расположливи земјишни ресурси во подрачјата со пристап или можност за иден пристап на геотермална енергија, и
- Идентификација на потенцијални инвеститори (со акцент на надворешни) преку понуда на можностите за користење на геотермална енергија и слободно земјоделско земјиште.

*... задолжително користење на сертифициран семенски материјал*

Примената на подобрени технологии во поледелското производство секако претпоставува користење на сертифициран семенски и саден материјал како еден од битните услови за зголемување на продуктивноста на производството. Во овој стратешки период остануваат мерките на директни плаќања насочени кон стимулирање на земјоделските производители за користење на сертифициран семенски материјал преку обезбедена поддршка, кои сега се трансформираат во начинот на имплементација од тип на дополнителни плаќања во задолжително користење.

Имено почнувајќи од 2015 година услов за стекнување со правото на финансиска поддршка во износ од 12.000 денари по хектар[41] за житните и фуражни култури ќе биде **задолжителното користење на сертифициран семенски материјал**. За аплицираните површини кои нема да употребат сертифициран семенски материјал, ќе започне да се применува постепено намалување на износот на директни плаќања по илјада денари годишно, се до износ од 6.000 ден/ха во 2018 година. После овој период користењето на сертифицираното семе ќе биде задолжителен услов на добра земјоделска практика за остварување на правото на финансиска поддршка без алтернативни можности.

При подигање на нов овошен или лозов насад поддржан преку мерките на финансиска поддршка, употребата на саден материјал со сертификат е задолжителна. Во стратешкиот период ќе се поттикнува и користењето на сертифицираниот саден материјал при подигање на нови овошни и лозови насади.

*... примена на добра земјоделска практика*

Оптимизирањето на приносите од поледелството е можно со правилна примена на основните агротехнички мерки и одржување на насадите со

[41] како кумулативен износ од досегашните 9.000 ден/ха основно плаќање и 3.000 ден/ха дополнителни плаќања за користење сертифициран матерјал.

повеќегодишните култури. Правилното одржувањето на насадите ќе биде услов за стекнување со правото за финансиска поддршка за одржување на насадите и предмет на засилена контрола од страна на АФПЗРР во следниот период. Насадите со повеќегодишни лозови, овошни и маслинови култури треба да се одржуваат во добра вегетативна состојба преку редовно кроење направено на начин со кој се регулира растот и плодноста и се одржува вегетативната кондиција на насадот.

Со цел спречување на обраснување на обработливите земјоделски површини со непожелна вегетација треба уредно да се одржува меѓуредното растојание на постојаните насади, а предмет од добрата земјоделска практика и услов за финансиската поддршка ќе биде и спречувањето на обраснување на поледелските обработливи земјоделски површини со непожелна вегетација и плевели преку уредно обработување и примена на агротехнички мерки (со орање, по механички пат или примена на хербициди).

*... подигање на интензивни насади на јаболка и круша*

Продуктивноста во овоштарството е поврзана со интензивноста на насадите. Постоечката структура е далеко од посакуваната, па во насока на нејзина промена и следење на последните светски пракси за структурата на овошните насади, ќе се поттикнува воведувањето на нова технологија на подигање на современи интензивни насади од овошни култури на јаболка и круша на слабо бујни подлоги. Поради поголемите трошоци, инвестицијата ќе биде кофинансирана со повисок процент од 65% за минимална површина од 0,5 ha со густина од минимум 2.000 садници по хектар.

**Реонизација (агро-еколошко мапирање) на растителното земјоделското производство и подобрување на ефективноста на инвестициите**

*... агроеколошко мапирање по производни реони*

Република Македонија иако има мала површина се карактеризира со многу хетерогени природни услови. Сега земјоделските производители и потенцијалните инвеститорите често немаат информации и индикатори за тоа кои култури, видови и сорти најдобро успеваат во дадените производни и педолошко-климатски услови во реоните и изборот на културата, семенски материјал или сорта е често погрешен. Затоа предуслов за зголемување на обемот и подобрување на сортната структура на растителното производство е обезбедување на правилни информации за подобноста на одгледување на дадени земјоделски култури, видови и сорти по производните региони во државата.

Заради добивање на реална слика во следниот период, засновано на современи научни методи, ќе се изработи производна карта со демаркација на региони кои со своите агроеколошки услови обезбедуваат компаративни предности за одгледување на дадени култури. Мапирањето ќе се темели на почвено-климатските услови, агробиолошко и технолошките карактеристики на културите и сортите и агроекономските услови за производство во определени географски целини. Солидна основа за агро-еколошкото мапирање ќе претставува

**педолошката карта на Република Македонија** која ќе ги интегрира сите податоци кои се однесуваат на составот и структурата на почвите во државата. По извршените теренски наоди и лабораториските анализи на собраните почвени профили и конечно со комплетирање на процесот на дигитализација на податоците, до средината на 2015 година ќе се заокружи **„Македонскиот почвен информациски систем“**. Системот ќе овозможи следење на промените на почвите како резултат на природниот процес, интервенцијата на човекот и влијанието на климатските промени и ќе помогне во планирањето на политиките но и деловните активности на земјоделците. Во втората фаза системот треба да ги вклучи и податоците од агро-хемиските анализи за поединечните парцели кои треба да ги внесуваат акредитирани и овластени лабаратории. Податоците од системот ќе бидат јавни и достапни до сите заинтересирани институции и поединци преку интернет страницата на МЗШВ. Проектот „Македонски почвен информациски систем“ се спроведува со поддршка од ФАО.

После детерминирање на реоните во кои ќе бидат означени демонстративни полиња и извршените опити, добиените резултати ќе послужат за правење **листи на препорачани култури и сорти**. Со листите ќе се сугерира правилниот избор на културите и сортата (или хибридот) кои одговараат за одгледување во конкретни реони со примена на соодветна агротехника, имајќи ги во предвид и ефектите од очекуваните промени на климата, што ќе овозможи извлекување на максимумот од инвестицијата. Мапирањето на површините покрај проценката на природни можности за производство, ќе овозможи информации и за големината на потребните јавни инвестиции во инфраструктура (пат, струја, наводнување) за проширување кон новите површини.

Спроведувањето на процесот ќе вклучи научни институции кои врз основа на анализата за приносите и квалитетот на сортите по региони треба да ги подготват препораките за подобност на сортите по региони, земјоделци кои ќе бидат вклучени со нивните парцели, советодавни служби и Управата за хидро-метеролошки работи.

Податоците обезбедени од реонизацијата ќе обезбедат услови за правилен избор на култури, сорти и видови и спречување на погрешни инвестиции, зголемување на приносите по единица површина, а во исто време и подобрување на квалитетот на производот.

Податоците од реонизацијата ќе послужат и за завземање на идни насоки во кој правец треба да се адаптира нашето земјоделство во однос на климатските промени. Покрај ова, на воспоставените демонстративни полиња може да се врши и интерно тестирање на сорти кои се на ЕУ листата заради дополнителна проверка на нивната адаптибилност во македонските климатско-почвени услови.

Се очекува потребните истражувања и анализи за изработка на реонизацијата на растителното земјоделското производство во Република Македонија да траат три години, почнувајќи од 2016 година, а реализацијата да биде финансирана од ФАО и буџетот на РМ.

*... реонизација во лозарството*

Поради спецификата на лозовите насади **реонизација на области погодни за лозарство** треба да вклучи и дополнителни сознанија потребни во поставувањето на политиката на квалитет, особено заштитата на географското потекло. Реонизацијата во лозарството треба да овозможи климатско зонирање (со посебен осврт на површини кои се подложни на појава на мраз), утврдување на лозарски единици и површини (со посебен осврт на соодветни површини на кои досега не е садена винова лоза), редефинирање (окрупнување) на постојните виногорја за производство на грозје и соодветна реонизација на сортите грозје според почвено-климатските услови на секој под-реон. Зонирањето ќе се изврши врз основа на меѓународно признаена/применлива методологија од страна на стручни лица.

Реонизацијата на повеќегодишните насади ќе го утврди точниот обем за можно проширување на лозарското производство на расположливите природни ресурси во државата. Проширувањето на постојните лозови насади на напуштени или необработени земјоделски површини приоритетно треба да се планира на површините најблиску до постоечките главни производни региони каде има инсталирано системи за наводнување и пристап до површините, со акцент на производството на трпезно грозје.

*... мислење за погодност*

Новоподигнатите овошни насади ќе може да бидат поддржани од мерките за финансиска поддршка само доколку **инвестицијата е во согласност со мислењето за погодноста за подигање на овошен насад** на дадената локација во дефинирана форма од страна на стручно лице (од научно-истражувачките институции и советодавни служби). Мислењето обезбедено пред започнување на инвестицијата со кое ќе се гарантира оправданоста на инвестираните приватни и јавни средства, ќе се надополнува на задолжителните анализи на хемискиот состав на земјиштето и ќе содржи препорака за сортиментот, подлогите, садниот материјал и технологијата на одгледување на насадите.

**Конверзија на непрофитабилното растително земјоделско производство и промена на сортната структура**

Постапувањето според препораките од реонизација на растителното земјоделското производство треба постепено да овозможи понатамошно групирање (укрупнување) на типот на производство согласно компаративните предности во регионите и пренамена на дел од земјоделските површини кои сега се окупирани со несоодветни или непрофитабилни култури кон културите кои имаат најдобри биолошки предиспозиции за соодветниот регион. Иако овој процес е резултат на одлуките на производителите, истиот во следниот период ќе биде поддржан од страна на државата со низа од мерки на политиките.

*... дополнителна финансиска поддршка за конверзија во препорачано производство*

Во подрачјата во кои според мапата не е продуктивно производството на поледелски култури како најзастепени и истовремено најмалку профитабилни, процесот на преминување во други трудоинтензивни земјоделски култури кои генерираат поголеми приходи од единица површина или се барани на пазарите (градинарски во заштитен простор, овошни и лозови насади) ќе биде стимулиран и со дополнителна финансиска поддршка. Дополнителна финансиска поддршка на директните плаќања **од 30% ќе се обезбеди за период од првите три години на конверзија** во друг тип на производство: подигнати повеќегодишни култури, градинарско производство во контролирани услови или индустриско градинарско производство, за оние производители кои најмалку три изминати последователни години добивале финансиска поддршка за поледелски култури.

*... промена на сортната застапеност на повеќегодишните насади*

Целосното реструктуирање на повеќегодишните насади, покрај потребата од примена на сорти од одобрената сортна листа и на сорти кои според информациите од пазарите на земјоделски производи се барани на странските пазари, вклучува и активности на промената на сортната структурата од аспект на староста на постоечките насади особено кај лозарството, како и физичка реалокација на насадите на поволни локации. Согласно реонизацијата на области погодни за лозови насади, поддршката ќе се предвиди и за **инвестиции за физичка реалокација на насадите**.

Процесот на **промена на несоодветната сортна застапеност и старосна структура** на долгогодишните лозови и овошни насади, во следниот плански период ќе се биде поддржан со **кофинансирање на инвестициите за реконструкција, односно обновување и модернизација на постоечките насади во висина од 50%**.

Финансиската поддршка за кофинансирање на реконструкцијата на лозови и овошни насади ќе биде овозможена **и за типови на повеќегодишни насади кои се различни од веќе постоечката**. Во таа насока ќе се модифицираат и дорегулираат постојните услови во мерката за поддршка на инвестиции за преструктуирање на земјоделските стопанства во насока на промена на сортен состав на лозовите насади[42], како и подмладување на лозовите насади (замена стари за нови) преку ископачување или прекалемување.

Обновата на постоечките овошни и лозови насади кофинансирана преку програмите за рурален развој треба да биде направена во **согласност со обезбеденото мислење од стручно лице за погодноста** за подигање на таков тип насад, а подоцна и согласно направената реонизацијата на земјоделското производство.

Во следниот период ќе биде изготвена и **нова осовремена сортна листа** на овошни и лозови култури препорачани врз основа на резултатите од досегашните истражувања, пазарни трендови и извршената реонизација на производството.

[42] Од сорти со семки во бессемени сорти кај трпезното грозје, како и конверзија на површини/сорти кои се подлежни на измрзнување и не се препорачани за соодветна област, кон површини/сорти кои се препорачани кај винското грозје.

*... популаризирање на производството на декоративни, лековити и зачински растенија*

Како потенцијално профитабилна алтернатива на постоечките поледелски и градинарски култури е и производството на декоративни, лековити и зачински растенија. За овозможување на овој тип на производство ќе се обезбедат институционални услови преку подготовка на подзаконски акти за одгледување и промет на оние растенија[43] и обезбедување на работни задачи во организационата структура во МЗШВ за следење на овој тип на производство. Заради информирање на земјоделците околу правилното одгледување и постбербен третман на овие растенија ќе се изработат протоколи за некои позначајни плантажни култури (лаванда, оригано, нане, камилица) на отворено и во заштитени простори (босилек).

*... дополнителна поддршка за производство на афион*

Замената на дел од постоечките поледелските култури кои пројавуваат проблеми во нивното одгледување како немање на сигурен откуп е можна и со афионот како традиционална култура за која постои интерес за зголем откуп од страна на најголемата македонска фармацевтска компанија. Со цел овозможување на услови за поголемо производство на афион и стимулирање на супституцијата на постојните култури, производството на афион ќе се стимулира со дополнително зголемување на поддршката на 60 денари по кг (или дополнителени 3.000 денари по ха), како и ќе се надминат постојните процедурални проблеми за негово производство.

## Домашно производство на семенски и саден материјал

Подобрувањето на сортната застапеност ќе биде постигнато и со поголема понуда на сертифициран семенски и саден материјал од домашно производство кој покрај гарантирањето на автентичноста на сортата и подлогата и здравствената состојба на садниот материјал, треба да значи и обезбедување на инпути по пониски цени и популаризација на користењето на сертифициран семенски и саден матерјал воопшто. Во таа насока особено ќе се поттикнува производство на семенски материјал во поледелството, саден материјал во лозарството и овоштарството и унапредување на производството на расад од градинарски култури од домашно потекло.

*... семепроизводство за житните култури*

Во насока на обезбедување на доволно квалитетен и здравствено безбеден семенски материјал за производство на житните култури и подобрување на

[43] Треба да се хармонизираат: основната директива 1998/56/ЕС за промет на саден материјал на декоративни растенија, директивата 93/49/ЕЕС за распоред на условите кои мораат да ги задоволат садниот материјал и декоративните растенија, директива 1999/66/ЕС означувања и други барања од добавувачите и директива 1999/68/ЕС за дополнителните правила на сортната листа на декоративни растенија. Засега, исклучиво медицинските растенија, ги третира директивата 2001/83/ЕС.

ефикасноста на семепроизводството, продолжува спроведувањето на поддршката на семенски материјал од домашни сорти и хибриди со модифицикации во начинот на спроведување во однос на изминатиот период.

Имено финансиската поддршка за производство на сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација се модифицира во начинот на спроведување на поддршката, и тоа од плаќање по површина, во поддршка по произведен и одобрен семенски материјал, а продолжува и поддршката за производен предосновен и основен семенски материјал.

*... производство на лозов калем*

Обезбедувањето на здрав, сигурен и квалитетен лозов калем како главен фактор за успешно подигнување и одгледување на лозов насад, ќе се овозможи преку обезбедување на **поддршка во висина од 50% на трошоците за подигање на нови матичњаци од базен материјал**. За задоволување на домашните потреби, покрај постоечкиот потребно е да се формираат уште две калемарски центри со 20 ха матичњаци од базен материјал со производство од околу 3 милиони сертифицирани резници.

Врз основа на пријавен интерес за инвестиции во подигање на нови матичњаци, доколку е потребно, од страна на државата може да бидат понудени локации на слободно земјоделско земјиште во државна сопственост за таа намена. После разгледување на приватниот интерес, вклучително и од странски инвеститори, реализацијата на инвестицијата може да биде спроведена и на **принципот јавно-приватно партнерство** со претходно детално утврдени услови на инвестицијата (утврдување на лозни подлоги, технологија на производство и согледување на реална потреба од лозни калеми по сорти, избор на локации и износот на финансиско учество). Покрај производството на меѓународните и регионални атрактивни сорти во производството треба да бидат вклучени и автохтоните сорти (Станушина). Инвестицијата е планирана за периодот 2016-2018 година.

*... саден материјал во овоштарството*

Производство на сертифициран саден материјал во овоштарството ќе се поддржи преку обезбедување на **основен саден материјал од овошни растенија од увоз кои за период од 2-3 години ќе може да се користат за производство на материјал за размножување** од категоријата сертифициран материјал. Набавката на матичните растенија од категоријата основен саден материјал, како и откупот на лиценцни права за патентирани сорти ќе се кофинансира во висина од 50 % од трошоците. Финансиска подршка во вид на директни плаќања ќе биде обезбедена и за единица производство на произведена сертифицирана садница од категоријата стандарден и за произведена садница од категоријата сертифициран virus free саден материјал со сертификат за лабораториско тестирање.

*... производство на семе и расад во градинарското производство*

Организацијата и обезбедувањето на услови за семепроизводството за градинарското производство е комплексно, бара време и големи финансиски и експертски ресурси. Сепак во насока на зачувување на оригиналноста на сортите со специфични карактеристики кои можат да бидат добиени со користење на автохтоните популации и зајакнување на брендот на посебноста на македонскиот зеленчук, треба да се обезбедат основи за **семепроизводство за неколку автохтони култури** кои се сметаат како особено препознатливи и пошироко прифатени. Така доволни количини на семе треба да се обезбедат од одредени видови како на пример куртовска капија, бучински кромид, јабучар. Активностите би се реализирале од страна на научните институциите кои имаат кадар, искуството и дел од опремата за овој процес, кои со користење на огромниот генетски потенцијал од автохтоните популации како основа, во период од најмалку пет сезони ќе направат селекција на сортно или хибридно семе. Поставувањето на селекциски и семепроизводни парцели за прочистување и тестирање на сортите и останатите потребни активности ќе се реализираат како активности поврзани со зачувување на биодиверзитетот. Производството на поголеми количини на семенски материјал со можност за постепено ширење во комерцијална насока, паралелно со промотивните активности од страна на производителите и државата, на почеток ќе бидат поддржани од соодветните буџетски програми во следниот период.

Вториот клучен сегмент во подсекторот на градинарството е **започнување на производство на градинарски расад во Република Македонија и широко користење на расад произведен во санитарно-безбедни безвирусни услови** наместо расад подигнат во домашни услови. Во таа насока ќе се овозможи кофинансирање на трошоците за воспоставување на расадници за производство на градинарски расад и ќе се обезбеди финансиска поддршка за произведено и продадено младо растение со определување на максималната продажна цена. Од 2017 година зголемената финансиска поддршка по површина за градинарско производство во контролирани услови ќе биде условена со користење на здравствено-безбеден расад. Подигањето на расадник за градинарските културии е еден од приоритетните области за привлекување на странски инвестиции во земјоделскиот сектор.

За стимулирање на извозот на семенски и саден материјал од домашни сорти ќе се обезбеди и финансиска подршка во висина од 50% од вредноста на DUS[44] тестот по сорта.

*... регистри на повеќегодишни насади*

Следењето на промените на структурата на насадите е можно преку постоење на редовни и ажурирани податоци. Во таа насока ќе се **продолжи со редовното одржување на регистрите на лозови, овошни и маслинови насади** како дел од интегрираната база на податоци во Единствениот регистер на

[44] DUS тест овозможува информации дали новосодадената сорта се издвојува по своите карактеристики од сличните сорти кои се веќе на пазарот, дали се растенијата воедначени, особено кога се работи на прочистување на домашни поулации во кои има различни карактеристики и дали сортата е стабилна во различни климатски региони – Distinctiveness, Uniformity,Stability.

земјоделски стопанства и Системот на идентификација на земјишни парцели и нивно понатамошно унапредување.

**Модернизација и подобрување на генетските карактеристики на сточарското производство**

Во насока на промена на неповолните показатели за ниската млечност и гојност и нецелосно искоритениот потенцијал за развој на секторот, подобрувањето на генетската структура на основното стадо во насока на специјализација на видови со чисти и подобрени генетски карактеристики претставува особен приоритет во делот на сточарството. Структурата ќе се подобрува преку мерките кои се воглавно предвидени со Заедничката одгледувачка програма.

Покрај подобрување на генетската структура неоходна е и примена на правилно одгледување, исхрана и профилакса кај животните. Промените во таа насока ќе се стимулираат преку различни инструменти на политиката, од инвестиции до особено важниот пренос на потребните знаења до одгледувачите.

*... кофинансирани инвестиции за модернизација, проширување на стадото и подобрување на генетска структура*

Инвестициите со кои ќе се овозможи поддршка за модернизирање и технолошко усовршување на производниот процес на земјоделските стопанства кои се занимаваат со сточарско производство ќе бидат насочени кон:

- изградба на нови и реконструкција на објектите за одгледување на молзни животни (крави, овци и кози) и гојни животни (свињи, јунци и бројлери) кои вклучуваат: одгледувалиштата, помошните објекти со обезбедена инфраструктура, модернизација на системите за молзење, хранење и поење и складови за добиточна храна и опрема за подготовка на храната, како и
- опрема, прибор и помагала кои се користат во пчеларското производство. Инвестициите ќе опфаќаат и набавка на основно стадо со подобрени генетски карактеристики од признати одгледувалишта, како и набавка на пчелни матици и роеви од одобрена институција – одгледувалиште на пчелни матици.

Набавката на автохтони видови или раси од признати домашни одгледувалишта во насока на заштита и унапредување на домашниот генофонд ќе се поддржува со повисок процент на кофинансирање на 65 %.

Унапредувањето на популацијата во репродуктивните и комерцијални одгледувалишта покрај преку набавката и дистрибуција на расплодни грла животни од познато генетско потекло **ќе се поттикнува и преку поддршка на вештачкото осеменување** од регистрирани центри за вештачко осеменување со 100% од трошоците за набавка.

Проширената репродукција и зголемување на основното стадо на овци, кози и говеда покрај со кофинансирање на набавката на грлата ќе се поттикнува и преку мерките на директни плаќања со **обезбедување на дополнителна финансиска поддршка по зачувано грло** женско јагне и јаре, и женско грло говедо на возраст од 12-24 месеци во висина на нивото на досегашните дополнителни финансиски плаќања (од 700, односно 1.500 денари по грло).

*... спроведување на одгледувачките програми на признати одгледувачки организации, влучително и селекција и следење на генетските карактеристики*

Континуираното подобрување на расната структура во сточарското производство и спроведувањето на одгледувачките програми за специјализирани раси животни со дефиниран производен правец ќе се реализира преку спроведување на одгледувачките програми во рамките на функционирањето на признатите организации на одгледувачи. Признатите одгледувачки организации ја преставуваат базата на функционирањето на системот за подобрување на генетската структура на основното стадо.

Во следниот период ќе **продолжи започнатиот организиран процес на селекција и следење на состојбите во сточарството со зголемување на опфатот** на поголема популација на грла на кои се врши контрола на производните особини. Спроведувањето на матично книговодство, мониторинг и утврдување на генетскиот квалитет и принос во сточарството преку овластени институции само за грлата од одгледувачката пирамида, треба постепено да биде заменет со модел на задолжително следење на сите грла кои остваруваат право на финансиска поддршка и се регистрирани во признати организации на производители.

Извршувањето на активностите на матично книговодство, мониторинг и утврдување на генетскиот квалитет и принос во сточарството до крајот на стратешкиот период ќе се трансферира во надлежност на признатите организации на одгледувачи како основна единка на националниот систем за селекција и следење на генетските карактеристики, со паралелно подобрување на нивниот капацитет. Сегашните овластени институции од научно-образовната област ќе бидат задолжени за спроведување на обуки на претставниците на признатите организации вклучени во процесот и во контрола на квалитетот на спроведувањето.

Ваквиот начин базиран на признатите организации на одгледувачи покрај селекцијата и следењето на состојбите, обезбедува подобар пренос на знаењето до индивисуалните одгледувачи. Јакнењето на капацитетите на признатите организации за спроведување на предвидените активности ќе биде поддржано и со обезбедена техничка поддршка на донаторски проект.

Во насока на поддршка на зголемување на опфатот на поголема популација на грла во контрола на производните особини, почнувајќи од 2018 година ќе се започне со постепено **зголемување на износот на директните плаќања по 5% годишно за у матичените грла со истовремено намалување на поддршката за грлата надвор од системот** на следење (за грлата за кои е можно да бидат формирани признати организации). Во 2021 година ќе се направи евалуација на

спроведување на активностите и разгледа можноста финансиската поддршка да биде обезбедена само за грлата кои се наоѓаат во системот на контрола на производните особини.

Во иницијалниот период системот за селекција и следење на состојбите во сточарството ќе продолжи да биде целосно финансиран од страна на државата како јавна услуга. Со започнувањето на зголемувањето на финансиската поддршка за уматичените грла и преминувањето во целосна надлежност на признатите организации, обврската за плаќање на уматичувањето ќе се кофинансира и од страна на сточарите.

Спроведувањето на мерките од одгледувачките програми за унапредување на генетската структура треба да придонесе кон интензификација на системите за одгледување на специјализираните млечни и комбинирани раси со примена на такви методи на одгледување кои овозможуваат целосно исполнување на нивниот генетскиот потенцијал за производство на млеко и месо. Како дел од спроведувањето на одгледувачки програми паралелно со стручната работа во областа на селекцијата на приплодните говеда со помош на стручни лица, признатите организации треба да обезбедуваат континуирани **активности за трансфер на знаење до одгледувачите за правилното одгледување, исхрана и профилакса кај говедата**. Со подобрување на овие три сегменти, се очекува подобрување на млечноста и гојноста кај говедата за најмалку 20%.

За реализација на активностите на признатите одгледувачки организации, покрај поддршката за покривање на трошоците за уматичување на грлата и поддршка на контролните асистенти на стопанствата кои се членови на признатите одгледувачки организации, ќе се овозможи и финансирање на реализацијата на програми за обуки на членовите на организацијата за одгледувачки и производни технологии, хигиенски пракси, добра нутритивна пракса, квалитет и безбедност на храна и менаџмент на стопанството. Покрај ова ќе бидат поддржани и активностите за изложбени и натпреварувачки манифестации по раси животни.

Покрај формирањето и успешното функционирање на признатите организации на одгледувачи, во насока на оформување на одгледувачката пирамида на сите нивоа на одгледување, Согласно Законот за Сточарство ќе се реализираат мерки на поддршка за одобрени институции - Станици за тестирање и Центри за производство на семе.

*... искористување на генетски потенцијал за максимално производство на говедско месо*

Заради поцелисходно искористување на генетски потенцијал за максимално производство на говедско месо по грло и надминување на состојбата на многу ниска просечната финална кланична маса кај говедата ќе се обезбеди таргетирана поддршка на **инвестиции за кофинансирање на изградбата, или адаптација на гоилишта** во кои ќе се зголемува гојната маса на машките и шкартираните женски телиња.

Дополнително ќе бидат превземени мерки за задржување на телињата за гоење во државата, а ќе се обезбедат и мерки за **стимулирање на колењето на гојните говеда во официјалните кланични капацитети**.

*... регулирање на алтернативните системи на одгледување на несилки*

Во делот на живинарството, заради недостатокот од развиена индустрија за производство на бројлерско месо, како и заради постоењето на традиционално производство на јајца во селските домаќинства ќе се обезбедат услови за развој и формализација на живинарските бизниси од мал обсег. Алтернативните системи на одгледување на несилки за производство на јајца и бројлерско производство преку слободни системи на одгледување во објект или во двор-испуст ќе бидат правно регулирани во однос на: одредување на обемот на производство на дејноста, статусот на производителите, условите за трговијата, посебните услови во делот на ветеринарното здравство и безбедноста на храната.

Повеќе одгледувалишта кои се вклучени во алтернативниот систем на одгледување организирани во регистрирана форма на здружување на земјоделците (асоцијација, задруга или друга форма на организирање) ќе бидат стимулирани да го заокружат циклусот на продажба на јајцата, односно да организираат сопствен откуп, колење и маркетинг на бројлерите) преку реализација на интеграциони проекти.

За алтернативните системи на одгледување на несилки ќе се обезбеди финансиска поддршка за набавка на јарки вселени во објект за несилки и финансиска поддршка за произведено и продадено јајце (согласно промените во системот на финансиска поддршка во живинарството од делот 3.1). Финансиската поддршка за колење на вгоени бројлери во сопствени кланични капацитети ќе биде двојно поголема (60 денари по бројлер) во однос на поддршката за бројлери предадени во кланични капацитети.

**Модернизација и диверсификација на производниот процес во капацитетите за преработка на земјоделски производи**

Покрај модернизирањето и технолошко усовршување на производниот процес на капацитетите за преработка на земјоделски производи, подобрувањето на настапот на пазарот ќе се унапредува со диверсифицирање на сортиментот на производите. Поконкретно, инвестициите кои ќе бидат предмет на поддршка преку кофинансирање на трошоците се однесуваат на:

- Изградба и реконструкција на производните објекти, објекти за складирање и инвестиции во комуналната и друга инсталација, (вклучително воведување системи за самоконтрола HACCP, воведување системи за управување со квалитет - ISO 9000 итн., третман на отпад и нуспроизводи и инвестиции во обновлива енергија и енергетска ефикасност);
- Набавка на опрема за: винарски визби, капацитети за преработка на овошје и зеленчук, во капацитети за преработка на млеко за производство на полуготови и готови млечни производи за консумација и резервоари и ладилници за млеко;

- Модернизација и технолошко осовременување на постојните кланичните капацитети за говеда, свињи, овци/јагниња и живина и инвестиции во воспоставување на кланични капацитети за живина, како и
- Преструктуирање на производните капацитети за преработка на месо.

Диверсификацијата на производните линии во следниот период особено би требало да биде насочена кон воведување на производство на оние производи за кои постојат солидни услови за производство во Република Македонија, а сепак истите претставуваат значителна поединечна ставка на страната на увозот на преработки од земјоделски производи. Такви се сувото грозје и ароматизираните и органски вина во лозарството и винарството, видовите сирења кои не се традиционални, а бележат зголемена потрошувачка во последниот период и другите преработки во млеко-преработувачката индустрија (овошни јогурти, кајмак), потоа сувото овошје и зеленчук, сокови и пиреа од подсекторот овошје и зеленчук итн. Дополнително, заради создавање на правни услови за домашно производство на ароматизирани вина ќе се направат и соодветни измени и дополнувања во правната рамка која ја регулира областа, пред се во Законот за вино.

Инвестициите во преработувачки капацитети за набавка на новите производни линии за модернизација и диверзификација на производниот процес ќе бидат кофинансирани во висина од 50% од прифатливите трошоци преку Мерката 103 - Инвестиции во физички средства поврзани со преработка и пласман на земјоделски и рибни производи од ИПАРД програмата. Поддршката треба да ја зголеми способноста на преработувачкиот секторот успешно да се справува со конкурентскиот притисок и пазарните сили и да се усогласи со стандардите на ЕУ.

## 1.2. Започнување на нови земјоделски бизниси и преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија

### Започнување на нови земјоделски бизниси

Македонските рурални средини покажуваат знаци на забрзано стареење. Во насока на подобрување на старосната структура на македонското село и за одржување на стабилноста на производството и развојот на секторот, неопходен е континуиран влез на нови субјекти во земјоделското производство, особено од помлада возраст кои се подготвени за обезбедување на својата егзистенција од земјоделското производство. Започнувањето на нови земјоделски бизниси покрај директното влијание на развојот и одржливоста на руралните средини, е во директна корелација со целите на економската политика на државата за намалување на општата невработеност. Земјоделството како економска дејност во изминатиот период на транзиција на економскиот систем се покажа како сектор кој има големи потенцијали за абсорбиција на вишокот на работна сила настанат после пропаѓањето на индустриските комплекси и како успешен амортизер на социјалните нус-ефекти од овој процес.

Започнувањето на нови бизниси во земјоделството ќе се поттикнува преку поддршка на инвестиционите проекти на младите земјоделци заинтересирани да се занимаваат со земјоделска дејност. Поддршката ќе опфати обезбедување на финансиски средства за **реализација на бизнис идеите на младите земјоделци, наменети за целосно покривање на трошоците на start-up инвестицијата**, додека интензитет на јавната помош за инвестициите од мерките за рурален развој реализирани од страна на млади земјоделци ќе биде поголем и ќе изнесува 55%.

Дополнително, земјоделските стопанства чиј носител е млад земјоделец ќе добиваат финансиска поддршка зголемена за 5% во однос на основниот износ на директните плаќања, во период од пет години од превземањето на земјоделското стопанство.

**Преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија**

*... доминантен број на стопанства со мали ангажирани производни капацитети*

Според анализата на дистрибуција на категориите на стопанства по големина во најзначајните земјоделски подсектори, преовладувачката структура од 60-70% од вкупниот број на земјоделски стопанства во државата, ја сочинуваат стопанства со незначителни ангажирани производни капацитети кои произведуваат ограничени количини на вишок на земјоделски производи наменети за пазарот. Преку вршење на земјоделската дејност овие стопанства овозможуваат дополнување на нивните вкупни приходи остварени од други дејности. Дополнително врз основа на анализата на економските и финансиски показатели за дистрибуција на земјоделските стопанства по економски категории и големини според методологијата на ФАДН, најголемо учество во вкупниот број имаат земјоделските стопанства со остварен приход од продажба на земјоделски производи до 2.000 евра во текот на една година и стопанствата кои имаат мешовита производна структура. Иако за поголем дел од нив земјоделството е традиционално семејно занимање, од аспект на економската одржливост на земјоделската дејност најмалите земјоделски стопанства може да се карактеризираат како почетници во бизнисот.

Заради идентификација на корисниците на активните политики на реструктуирање и преминување на малите земјоделските стопанства во повисока развојна категорија, направена е **дистрибуција на земјоделските стопанства по големината на нивните ангажирани капацитети** во секој од земјоделските подсектори во кој тие ги остваруваат доминантниот износ од нивните земјоделски приходи. Така земјоделските стопанства се категоризирани во четири групи на:

- Големи земјоделски стопанства;
- Земјоделски стопанства од прва целна категорија на земјоделските политики;
- Земјоделски стопанства од втора целна категорија на земјоделските политики; и
- Мали земјоделски стопанства.

Дистрибуцијата на земјоделските стопанства по големината на нивните ангажирани капацитети е презентирана во Табела 18.

Табела 18. Дистрибуцијата на земјоделските стопанства од вкупниот број по големината на нивните ангажирани капацитети

| **Подсектор / Категории** | **Овоштарство** | | **Лозарство** | | **Жита и добиточна храна** | | **Фуражни култури** | | **Овчарство** | | **Козарство** | | **Свињарство** | | **Говедарство-правец млеко/правец месо** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. | ха/грла | % на ЗС од вк. бр. |
| **Големи земјоделски стопанства** | над 5 ха | 14% | над 10 ха | 14% | над 50 ха | 1% | над 8 ха | 17% | над 500 грла | 2,6% | над 50 грла | 5,3% | 251-1.600 грла мајки/51-250 грла | 0,6%/ 2,1% | над 20 грла | 3% |
| **Земјоделски стопанства од прва целна категорија** | 3-5 ха | 14% | 3-10 ха | 14% | 10-50 ха | 13% над 10 ха | 3-8 ха | 30% | 300-500 грла | 5,3% | 21-50 грла | 6,6% | 11 - 50 грла мајки | 10% | 11-20 грла /над 40 гојни јуниња | 4% |
| **Земјоделски стопанства од втора целна категорија** | 1-3 ха | 37% | 1-3 ха | 37% | 5-10 ха | 18% | 1-3 ха | 36% | 100-300 грла | 30% | од 6-20 | 26% | 6-10 грла мајки | 18,5% | 5-10 грла/ 30-40 гојни јуниња | 21% |
| **Мали земјоделски стопанства** | до 1 ха | 35% | до 1 ха | 35% | до 5 ха | 68% | до 1 ха | 16% | до 100 грла | 62% | до 5 грла | 65% | 1-5 грла мајки | 68% | до 4 грла / до 5 грла | 72% |

Извор: Експетски анализи и различни статистички истражувања, 2014

Од причина што малите земјоделски стопанства учествуваат во креирањето на значаен дел од вкупното земјоделско производство во државата со процент кој е најмалку еквивалентен на нивното учеството во вкупниот број на стопанства, како и поради значење на приходите кои овие стопанства ги обезбедуваат од вршење на земјоделската дејност во нивните вкупни приходи, првите две категории на земјоделски стопанства по големина на ангажирани капацитети чие учество во вкупниот број на стопанства изнесува и над 80%, претставуваат цел на политиките на реструктуирање во следниот период.

*... цели на политиката*

Во следниот период реструктуирањето на секторот треба да се движи во насока на зголемување на бројот на земјоделските стопанства со поголеми ангажирани капацитети, односно **зголемување на бројот на земјоделските стопанства од прва целна категорија и намалување на учеството на малите стопанства и земјоделските стопанства од втора целна категорија во вкупниот број на стопанства**. Зголемување на бројот на големите земјоделски стопанства потешко може да биде постигнато со директна интервенција на земјоделските политики, освен преку реализација на странски интервенции на отворање на нови производствени капацитети. За оваа категорија на земјоделски стопанства приоритет претставува подобрување на конкурентноста преку надминување на идентификуваните поединечни слабости во нивното работење. Во таа насока инвестициите за зголемување на обемот на производство, модернизација и диверсификација на производството, за подобрување, промоција

и заштита на квалитетот, за безбедноста на храната и заштита на животната средина (опфатени во различни делови од стратегијата) продолжуваат да бидат предмет на поддршка на политиките преку мерките за кофинансирање на трошоците.

Преминувањето на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија врз основа на големината на ангажираните производни капацитети е можно преку реализација на низа инвестициони зафати во објекти, механизација и опрема, набавка на семенски саден матерјал и основно стадо, итн, кои претставуваат поединечни елементи со соодветна динамика на спроведување од единствен интегриран инвестиционен план. Најголем дел од разичните типови на инвестиции и досега беа дел од програмите за поддршка на руралниот развој, но како засебни инвестиции за земјоделски бизниси со постигнато соодветно ниво на развиеност. Сепак поединечниот начин на аплицирање по секоја од тие мерки е комплициран и често неусогласен со динамиката на спроведување на инвестицијата.

*... поддршка на инвестициониот проект на земјоделските стопанства за преминување во повисока развојна категорија*

За постигнување на значителен исчекор во промената на категоријата на земјоделското стопанство нагоре, што понатаму на ниво на сектор треба да овозможи и промена на општата структура, потребна е интегрирана поддршка на инвестициониот план за надградување на производните капацитети на стопанството. Затоа за **инвестиционите идеи на земјоделските стопанства кои имаат одредена големина на производен капацитет доволен за понатамошен развој, ќе биде овозможена поддршка дизајнирана за реализација на конкретниот инвестиционен проект како целина**. Пакетот на поддршка ќе опфаќа комбинација од постоечките типови на мерки на поддршка на инвестициите за модернизација, диверсификација на производството и зголемување на обемот на производство, зависно од потребите идентификувани во инвестициониот план. Земјоделското стопанство ќе треба да ја докаже припадноста кон соодветната категорија со капацитети кои биле пријавени во ЕРЗС најмалку три последователни години, а при преминувањето во повисоката категорија на развој, големината на новите капацитети треба да се поголеми од почетните за најмалку 100% за инвестициите за малите земјоделски стопанства и 50% за инвестициите наменети за земјоделските стопанства од втора целна категорија на земјоделските политики.

Битна карактеристика на спроведување на интегрирана поддршка на инвестициониот план за надградување на производните капацитети на стопанството ќе претставува **континуираната советодавна услуга обезбедена на земјоделското стопанство** во текот на реализација на инвестициониот проект и мониторингот на ефектите од инвестицијата. Земјоделското стопанство ќе биде **вклучено и во системот на задолжителни обуки** пред започнување на имплементација на проектот и во текот на неговото спроведување.

За категоријата на мали земјоделски стопанства кои сакаат да преминат во повисоката развојна категорија на земјоделски стопанства од втора целна категорија, интензитетот на поддршката на кофинансирање на инвестициониот

проект ќе изнесува 90% од висината на трошоците. Земјоделските стопанства кои од втора целна категорија, имаат капацитет и волја да преминат во стопанства од прва целна категорија, ќе добијат поддршка за реструктуирање на стопанствата со кофинансирање на 70% од одобрените трошоци на инвестициониот проект. Носител на земјоделското стопанство може да биде лице со старост до 50 години.

Начинот на спроведување на поддршката ќе биде адаптиран на реалните можности на овие субјекти за обезбедување на почетен обртен капитал за инвестирање, односно кон проблемите кои ги имаат во обезбедувањето на ликвидни кредитни средства од страна на комерцијалните банки. Во таа насока, ќе се разгледаат можностите стопанствата во процесот на реструктуирање и реализација на инвестиционите активности од одобрениот проект при инвестицијата да го финансираат само делот на приватното кофинансирање од 10, односно од 30%, а јавното кофинансирање ќе биде обезбедено директно на банката/набавувачот од страна на АФПЗРР.

Преминувањето на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија покрај зголемувањето на производствените капацитети по стопанство, ќе има ефект и на зголемување на специјализацијата на производството што е идентификувано како еден од негативните структурни проблеми. Со инвестицијата за реструктуирање треба да бидат достигнати и стандардите пропишани со националната регулатива за постигнување на минималните услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

*... дополнителни директни плаќања за преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија*

Поттикнувањето за преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија ќе се стимулира и преку обезбедување на дополнителна финансиска поддршка во форма на директни плаќања за производителите на житни и маслодајни растенија со потенцијал за развој кои истовремено постигнуваат повисоки приноси и ги применуваат сите минимални услови за вкрстена сообразност. За земјоделските стопанства кои спаѓаат во прва целна категорија со производен капацитет од 10-50 ха, ќе им се пресметува и исплаќа полн износ на финансиска поддршка (или зголемување за 40%), доколку:

- остваруваат принос поголем од 4 тони по ха за пченица; 3 тони/ха за јачмен, рж и овес; 5,5 тони/ха пченка и 1,6 тони/ха за сончогледово семе, пресметани врз основа на предадени количини во регистриран откупувач и вкупни регистрирани и пријавени производни капацитети,
- задолжително користат сертифициран семенски материјал,
- ги применуваат сите барања за вкрстена сообразност, и
- водат евиденција за примена на препорачаните агротехнички мерки.

**Подобрена достапност на градежно земјиште за проширување на примарното производство и преработка на земјоделските производи**

За реализација на инвестиции за изградба на објекти за земјоделска намена за земјоделските стопанства кои сакаат да го прошират постоечкото производство или да обезбедат повисок степен на преработка на производите, а кои неможеле да се реализираат поради недостатокот од градежна парцела ќе се **обезбедат олеснети услови за достапност до градежно земјиште**. Локации на урбанизирано државно земјиште ќе бидат обезбедени за реализација на инвестиции во:

– капацитети за преработка на земјоделски производи, пред се овошје и зеленчук, или за преработка на сточарски производи (особено мали млекарници и мандри во планински подрачја), и

– објекти за потребите за одгледување на добиток – штали, складишта за храна, бачила итн (на пасиште или слободно земјоделско земјиште во државна сопственост).

Мерката ќе вклучува идентификација на интересот за инвестирање на локации кои треба да се наоѓаат во непосредна близина на постоечките производни капацитети за примарно производство на земјоделското стопанство преку редовен годишен јавен повик, како и преку објавување на слободни градежни парцели во поголемите овоштарски (Росоман, Берово, Ресен, Охрид, Тетово, Валандово) и градинарски производни региони (струмичко-гевгелискиот регион). После урбанизацијата, избраните локациите ќе бидат понудени на продажба за реализација на предвидената намена.

**Поттикнување на влезот на директни странски инвестиции во земјоделско-прехранбениот сектор**

Во подобрувањето на структурата особено во однос на големината на капацитетите и нивната техничко-технолошка опременост, значително подобрување може да биде остварено и преку **привлекување на директни странски инвестиции**. Поттикнувањето на странските инвестиции ќе се обезбеди преку понуда на поволни инвестициони можности за започнување на земјоделско-прехранбени бизниси во Република Македонија, особено во подсекторите:

– со компаративни предности (градинарски култури, подигање на овоштарници и лозови насади, насади со маслинки, хортикултура и за подигање на оранжерии кои користат геотермална енергија, производство на јагнешко месо),

– каде што има недостиг на понуда на домашно производство и зголемен увоз со услови за домашна супституција (производство на бројлерско и говедско месо),

– со сезонски и циклични вишоци на производи (винарски визби, објекти за доработка на ориз),

– расадник за производство на градинарски расад, калемарски центри со нови 20 ха матичњаци од базен материјал за производство на сертифицирани лозови резници, и

- во производството на афион преку промовирање на можноста странски фармацевтски компании да склучуваат договори за производство на афион во Република Македонија или обезбедување на нивно директно инвестирање во примарното производство или преработка на афионот.
- изградба на винарски визби (странски директни инвестиции или заеднички вложувања со инвеститори) од земји кои се потенцијален пазар за македонското вино после идентификација на домашните компании кои имаат интерес за заеднички вложувања.

Заради олеснување на промотивните активности и потаргетирана понуда **ќе се подготоват готови предлог-проекти за инвестиционите можности** во земјоделско-прехранбениот сектор во Македонија, кои ќе ги опфатат погоре наведените области со компаративни предности, увозно-зависни земјоделски подсектори со можност за супституција за задоволување на домашниот пазар за гринфилд инвестиции и можностите за браунфилд инвестиции и заеднички вложувања во активни домашни капацитети врз основа на претходно идентификуван интерес.

Во насока на поддршка на инвестициите ќе биде ажуриран Водичот за инвестирање во земјоделско-прехранбениот сектор во Република Македонија во кој детално ќе бидат презентирани можностите и предностите за инвестирање во македонскиот земјоделско-прехранбениот сектор, политиките на поддршка и административните процедури за потенцијалните инвеститори.

Спроведувањето на активностите е во надлежност на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во соработка со МЗШВ.

## 1.3 Консолидација, окрупнување на земјиштето и подобрување на мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште

### Консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште

*... фрагметираните и мали парцели главна причина за одржлива конкурентност*

Во изминатиот период не постоеа активни политики за третирање на проблемот со фрагментацијата и останатите структурни проблеми поврзани со земјоделското земјиште и пазарот на земјоделско земјиште како дел од земјоделските политики. Започнувањето на организирани активности за консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште значи директно таргетирање на основната причина за неповолната структурна поставеност во земјоделството и справување со главната пречка за постигнување на одржлива конкурентност.

Поради зависноста на руралната полулација од приходите во земјоделството како клучна активност во руралните средини, фрагментацијата на земјоделското земјиште има значително влијание на економскиот развој на

земјоделството, а со тоа и на приходите на населението, социјалната стабилност и одржливоста на руралните средини. Високата фрагментација на земјоделското земјиште негативно влијае на продуктивноста, ефикасноста, висината на трошоците и крајните приходи од земјоделска дејност, и оттука на самата конкурентност на македонскиот земјоделски производ. Затоа без промена и надминување на постоечката земјишна структура на мали и фрагментирани земјишни парцели, неможе да се зборува за постоење на услови за сериозно реструктурирање на земјоделскиот сектор и перспективно зголемување на неговата конкурентност. Од друга страна земјишниот структурен проблем, тешко или воопшто неможе да се надмине доколку консолидацијата се остави да се одвива целосно преку пазарот на земјоделско земјиште на индивидуална, пазарно-мотивирана основа, дури и ако е потпомогната со дополнителни странични мерки во делот на фискалната, даночна или друга политика.

*- консолидацијата препознаена и уреден како инструмент на политиката*

Воведувањето на консолидацијата и окрупнување на земјоделското земјиште како еден од инструментите за надминување на структурните слабости е веќе препознаено како дел од земјоделските политики на Владата на Република Македонија со донесувањето на Националната Стратегија за консолидација на земјоделското земјиште за периодот 2012-2020 година чија имплементација е предвидена во стратешкиот период 2014-2020 година. Предвидените активни политики на консолидација треба да придонесат кон ублажување, до постепено надминување на неповолната структура на земјоделското земјиште како основен ресурс за економските активности во руралните средини.

Консолидацијата на земјоделското земјиште како државна политика ќе опфаќа постапки на окрупнување на фрагментираните парцели на едно место или зголемување на големината на земјоделскиот имот преку различни инструменти - од едноставна размена на парцелите со или без промена на нивната форма, до целосна репарцијализација на земјиштето со промена на границите на земјишните парцели. Резултатот на процесот треба да е добивање на окрупнети земјишни парцели со правила форма погодна за земјоделско производство и со подобрен пристап до патната инфраструктура и системите за наводнување. Поголемите парцели овозможуваат примена на модерни производствени методи и технологии, намалување на трошоците на производство и оттаму зголемена продуктивност, ефикасност и зголемени приходи. Како резултат се овозможува постигнување на целите на политиките за развој на земјоделството, зачувување, одржливост и подобрување на условите за работа на рурални заедници и унапредување на животната средина.

*... спроведување на консолидационите постапки*

Проектите за репарцелизација и окрупнување на земјиштето ќе се спроведуваат паралелно со инфраструктурно решавање на просторот во однос на квалитетот на патната и иригациона мрежа како дел од интегрираниот пристап за рурален развој. Приоритет ќе се дадат на региони со развиено и интензивно земјоделско производство каде малите и фрагметирани парцели значително го лимитираат понатамошниот развој на земјоделството како примарна земјоделска

активност во руралните средини, а пред се врз основа на пројавениот интерес на земјоделците. Процесот на земјишна консолидација се иницира од страна на најмалку половината од сопствениците на земјиште во консолидационото подрачје или надлежното министерство по службена должност. Самата консолидација се спроведува доколку се согласат најмалку 70% од сопствениците на земјишните парцели во консолидационото подрачје за начинот на спроведување на консолидацијата преку распределба на земјоделско земјиште, односно сите сопствениците за консолидацијата со размена. Процесот на консолидација ќе биде искористен и за зголемување на површината на земјиште по земјоделско стопанство преку одвивање на паралелни купопродажни процеси и доделување на расположливото државно земјоделско земјиште под закуп.

Поради фактот што консолидацијата на земјиштето во суштина претпоставува постигнување е локално решение на доброволна основа, самиот процес предвидува активно вклучување на голем број засегнати страни особено од самите земјоделци-учесници во процесот чија соработка е од големо значење за успехот на процесот. Главниот принцип при консолидацијата е дека сопственикот не смее да биде оштетен и во полоша состојба на вредноста на имотот после, во однос на состојбата пред започнување на консолидацијата. Разликата која може да се појави ќе се компензира преку обезбедување на поголема површина на послаб квалитет на земјиште, или со финансиска доплата.

Консолидацијата на земјоделското земјиште ќе ги третира најголемите структурни проблеми на македонското земјоделство. Оттука е јасно дека се работи за процес кој ќе се спроведува во подолг временски период во кој резултатите се можни и видливи после завршување на консолидационите проекти. Од причина што процесот на преуредување на парцелите и инфраструктурните инвестиции предизвикуваат промена на некои од атрибутите на земјиштето, неопходно е да се обезбеди дека спроведувањето на процесот ќе биде изведено на кохерентен и строго законски регулиран начин. Во таа насока на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието го донесе Законот за консолидација на земјоделското земјиште (Сл.весник на РМ бр.187 од 30.12.2013 година) како правна основа за одвивање на процесот во следниот период.

*... стратешки определби во однос на процесот на консолидација*

Во периодот до 2020 година е предвидено да се создадат сите услови за воведување на политиките на консолидација на земјиштето и да се реализираат процеси на консолидација со различна тежина на имплементација. Поради комплексната природа на процесот, консолидација ќе се воведува фазно, со постепено зголемување на обемот и комплицираноста на применетите инструменти на политика.

Така после обезбедувањето на правните и институционални услови за започнување на политиките, од 2014 година се планира започнување на имплементацијата на мали до средни проекти од поедноставен тип на доброволна размена на земјиште и пилотирање на покомплицирани инструменти од помал обем со паралелно подигање на свеста кај земјоделците. Од 2017 година процесот ќе се продолжи со спроведување на посложени интегрирани проекти на поголеми подрачја во државата со вклучување на посериозни инфраструктурни инвестиции.

Консолидацијата е интензивна операција со долгорочни индивидуални и општи придобивки. Поради нејзиниот карактер како дејност од јавен интерес и големината на инвестициите, финансирањето значително ќе биде покриено преку националните или европските средства за рурален развој и во најголем дел сметано како државна помош во земјоделството и руралниот развој. Во периодот 2014-2016 година ќе се реализираат најмалку два поголеми консолидациони проекти кои ќе бидат потпомогнати од страна на ФАО, додека во следниот период спроведувањето на поголемите проекти ќе продолжи со поддршка на средствата од ИПА. Како еден од првите активности почнувајќи од крајот на 2014 година и почетокот на 2015 година, ќе се направи сеопфатна анализа и определување на интересот на земјоделците по региони за спроведување на консолидацијата со идентификација на потенцијалните проектите за следниот период.

Заради спречување на понатамошно раситнување на земјоделското земјиште во следниот период продолжува ограничувањето на физичката делба на парцели помали од два хектари. Дополнително, заради поттикнување за окрупнување на производните парцели во овоштарството прагот на минималната површина на новоподигнати насади ќе биде зголемен од 0.3 ха на 0.5 ха.

**Подобрување на мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште**

Заради постигнување на подобри резултати, активните политики за консолидација треба да бидат комбинирани со соодветно адаптирање на другите политики кои имаат влијание на спречување на понатамошната фрагментација или започнување и интензивирање на окрупнувањето на земјоделското земјиште. Мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште е проценета како незадоволителна и претежно во делот на сегметот на пазарот кој се однесува на закуп на земјиштето. Заради поголемо раздвижување на пазарните трансакции кои треба да придонесат кон мобилизација на ресурсот кон претпиемчливите субјекти и негово окрупнување, ќе се превземат соодветни мерки и активности.

Во насока на анализирање на причините за недоволната мобилност на пазарот на земјоделското земјиште и превземање на соодветни активности ќе се подготви **анализа која треба да идентификува дополнителни чекори и мерки од различните типови на политики**: даночна, кредитна, земјоделска, наследно право итн., за подобрување на динамиката на пазарот.

Земјиштето како основен ресурс во земјоделското производство најчесто е основниот предуслов за започнување или проширување на деловните активности во секторот. Во однос на достапност на земјоделското земјиште, целосно ќе се заврши со процесот на **распределба на преостанатото слободно земјоделско земјиште во државна сопственост** од околу 6.000 хектари кое ќе се додели на користење под закуп на заинтересираните земјоделци. Дел од овој земјишен фонд ќе биде обезбеден и за посериозни капитално-интензивни инвестиции и привлекување на странски инвестиции. При распределбата на земјоделското земјиште и пасиштата во државна сопственот во предвид ќе се земе потребата за обезбедување на земјиште за огледувачите на добиток за производство на добиточна храна, согласно бројот на одгледувани грла при одредување на големината на земјиштето по корисник. Нови земјишни ресурси се очекува да се

идентификуваат и мобилизираат после завршување на реонизацијата на растителното земјоделско производство.

Согласно направеното мапирање на необработените површини погодни за лозарско и овоштарско производство со реонизацијата на земјоделското производство, во насока на обезбедување на достапност на земјоделското земјиште во следниот период ќе се овозможи **поддршка за инвестициите кои се реализираат на земјоделски површини обезбедени со трансформација од неземјоделско или земјоделско необработено земјиште**. Трошоците за подготовка на земјиштето и трансформација во обработливо ќе се кофинансираат со дополнителен процент од 65%, додека инвеститорите ќе бидат ослободени од закупнина во првата година, а полниот износ на закупнината за овие површини ќе го достигнат во петтата година преку постепено годишно зголемување на износот (30% во 2$^{-та}$ година, 50% во 3$^{-та}$, 80% во 4$^{-та}$ година).

Со цел мобилизација на пазарот на земјоделско земјиште и зголемување на сигурноста за инвестирање во следниот период ќе се спроведе процесот на **продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.** Процесот ќе се одвива транспарентно, по пројавен интерес од страна на постојните закупувачи или со понуда на дел од преостанатото слободно земјиште во државна сопственост. Поради чуствителноста на процесот за негово успешно спроведување ќе биде потребно да се согледаат искуствата од останатите земји и направи анализа на првичните искуства од пилотирањето на постапките со цел подобрување на постојниот, односно воспоставување на наменски институционален капацитет (агенција) и подобрување на законската регулатива.

Откако во изминатиот период беа обезбедени потребните правни услови, во следниот период ќе се овозможи **надминување на правно-незавршените процеси на арондација на земјоделско земјиште и завршување на незатворените случаји**, како и **легализација на објектите за земјоделска намена на земјоделско земјиште** (оранжериите, помошните објекти и објектите за примарна обработка на земјоделски производи).

Зголемување на мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште ќе биде подобрена и преку зголемување на информациите за необработеното земјиште во приватна сопственост на пазарот што треба да овозможи негово подинамично вклучување во процесите на трансакција, и во таа насока воспоставување на **регистер за напуштено земјоделско земјиште**.

Во следниот стратешки период ќе бидат дефинирани и чекорите за **профункционирање на национален систем за редовно следење на податоците од пазарите на земјоделско земј**иште во насока на воведување на метод на споредбена пазарна методологија во проценката на вредноста на земјоделското земјиште. Методот се заснова на принципот на споредба со аналогни случаеви согласно пазарните искуства. Пред воведувањето на новата методологија потребно е да се овозможат соодветни услови во вид на воспоставување на систем за редовно следење на пазарните промени по дефинирана категоризација на типови на земјоделско земјиште.

## 1.4 Хоризонтална интеграција на субјектите во земјоделско-прехранбениот сектор

*... неконцетрирана и дисперзирана понуда без хоризонтална интеграција*

Постоечката структура на понудата на земјоделски производи е широко дисперзирана на голем број мали производни места и диверсифицирана по квалитет на земјоделските производи кои се нудат на пазарот. Маргиналните капацитети на малите производители кои продуцираат ограничен пазарен вишок и разнородното производство и кои самостојно настапуваат на пазарот, придонесуваат кон нивна подредена состојба во однос на откупувачите при дефинирање на условите на продажбата на нивните производи. Недоволниот организациски и човечки капацитет, како и неповолното историско искуство од процесот на пазарно организирање од социјалистички тип, досега претставуваа пречка за хоризонталната интеграција на примарните производители и концетрација на понудата на нивното производство.

Од друга страна ваквата состојба не креира потреба за мобилизација на субјектите на страната на побарувачка на земјоделските производи и нивно организирање, освен во моментите на откуп на производите на олигополска основа.

**Подобрувањето на структурата на понудата на земјоделски производи во насока на нејзина концетрација бара подобрување на хоризонталната интеграција, особено на страната на понудата**. Промените во таа насока може да придонесат кон брзи резултати на зголемување на истородните понудени количини на пазарот, подобрување на планирањето на производството и квалитетот, извесност во маркетингот на производите и следствено подобрена пазарна конкурентност која сега е попречена од моменталните состојби. Поради ова еден од приоритети на политиките во следниот период продолжува да биде поттикнувањето на хоризонталната интеграција на субјектите во земјоделско-прехранбениот сектор и на двете нивоа на пазарниот синџир.

*... спроведување на политиките за поддршка на групи и организации на производители*

Хоризонталната интеграција на субјектите во земјоделскиот сектор е особено важна во насока на формирање и успешно функционирање на **пазарно-ориентирани форми на здружување на земјоделците**, пред се задругите кои така треба да ја подобрат нивната позиција на пазарот, обезбедат средства за заеднички инвестиции и поевтини набавки на репроматеријали за производството. Понатамошна поддршка ќе биде обезбедена за функционирање на повисоките форми на задругите во форма на групи и организации на производители со позначително учество на пазарот. Спроведувањето на овие политики претпоставува обезбедување на целосна функционалност на административниот систем за препознавање на групи и организации на производители во нивното воспоставување и следење на нивното работење.

Помошта ќе се обезбеди за спроведувањето на заеднички економски активности за прилагодување кон пазарните услови на производството, заеднички

пласман на производите на пазарот вклучително и подготовки за продажба, централизација на продажбата, обезбедување на стандардизација на сите фази на производството и маркетингот, за реализација на активности за заштита на животната средина и стабилизација на пазарите. Поддршката ќе биде организирана како мерка од националната програма за рурален развој почнувајќи од 2015 година, а од 2017 година преку мерката 1.2 - Поддршка за воспоставување групи производители од ИПАРД програмата во вториот програмски период. Помошта ќе се пресметува врз основа на вредноста на годишното пласирано производство на групата во висина до 5%, 5%, 4%, 3% и 2% за вредност до 1 милион евра за првата, втората, третата, четвртата година следствено, и во висина до 2.5%, 2.5%, 2%, 1.5% и 1.5% од вредноста на пласираното производство што надминува над 1 милион евра. Поддршката ќе биде предмет на горна граница за секоја организација на производители и тоа на: 100.000 евра за првата година, 100.000 евра за втората, 80.000 евра за третата, 60.000 евра за четвртата година и 50.000 евра за петтата година.

*... задругите - основа на пазарното здружување на земјоделците*

Сегашниот процес на задругарство е попречен од **недоволната свесност на земјоделците за придобивките од истиот и од недостатокот на менаџерски капацитет**. Покрај обезбедената финансиска поддршка за формирање и функционирање на задругите во следниот период особено внимание ќе се посвети на надминување на овие слабости. Така во насока на интензивирање на процесот на здружување на земјоделците во задруги ќе се:

- **Отстранат правните и административни пречки** за формирање и успешно функционирање на земјоделски задруги и останати правни субјекти формирани од земјоделци, особено во делот на фискалната свера и пристапот до финансиската поддршка,
- Обезбеди **советодавна поддршка за препознавање на иницијативите** за формирање на задруги и водење на задругата во иницијалниот период на воспоставувањето се до постигнување на оптимална функционалност (поддржано преку ИПА проект на доделување на грантови за развој на иницијативите во оперативни капацитети на задруги),
- Воспостави **постојан систем за обука на менаџери** на земјоделски задруги за подобрување на нивните менаџерски, организаторски, комуникациски (вклучително изучување на англиски јазик) и особено маркетинг способности. Покрај обуките и советодавната поддршка обезбедена за менаџерот и членовите на задругата во текот на првите години од функционирањето, ќе се обезбеди и можност за посета на функционална задруга во државата и надвор за директно споделување на искуството од нивното работење. Системот на обука за менаџери на задругите во форма на редовни периодични сесии со соодветни модули ќе се организира од страна на научни и образовни институции, а ќе биде поддржан од мерките на финансиска поддршка.

Поддршката на формирање на задруга или друга форма на пазарно здружување особено ќе се акцентира за одредени подсектори каде групирањето на малите производители е основата на ревитализација на подсекторското производство. Таков е случајот со одгледувачите на живина или здружувањето на помалите млекопроизводители на кои им е економски неисплатливо инвестирање во опрема за ладење, и кои ќе бидат поддржани во формирањето на мрежа од свои собирни пунктови и откупни центри за сурово млеко. Здружувањето во задруги и концетрацијата на производството е суштествено за помалите одгледувалишта на живина преку алтернативни системи доколку имаат цел посериозно да настапат на пазарот. Здружувањето на одгледувачите и создавање на свои откупни центри би овозможило понатамошно зајакнување на примарните производители и подобри услови за преговарање со млекарниците. Поддршката за формирање на задруги во овие случаи може да се спроведува и како дел од интеграционите проекти со кои се зајакнуваат и вертикалните кооперативни односи помеѓу учесниците на пазарот.

*... одбори за пазари на земјоделските производи*

Во насока на подобрување на хоризонталната интеграција на подсекторско ниво, а како елемент од уредувањето на пазарите на одредени земјоделски производи, во следниот период ќе се формираат одбори за пазари на земјоделските производи на подсекторско ниво (маркет борд) за дел од сточарските подсектори. Согласно законските одредби за уредување на пазарот, одборите ќе прибираат валидни информации како основа за следење на состојбата за воведување на мерки за надминување на пазарните пореметувања. Одборите ќе претставуваат координативни тела на индустријата насочени кон развој на секторот, како и канцеларија за врска помеѓу индустријата и владата. Воспоставувањето на одборите за пазарите на земјоделски производи и задолжителното учеството на операторите од подсекторот ќе биде законски доуредено, а функционирање на канцеларијата финансиски поддржана. Одборите ќе се формираат **за пазарите на млеко и млечни производи, јајца и пазарот на свежо и преработено свинско месо**.

*... непазарни форми на здружување на земјоделците*

Подобрувањето на хоризонталната интеграција на субјектите во земјоделско-прехрамбениот сектор ќе се одвива и преку поддршка на одржливоста и функционирањето на **препознаените и регистрирани национални економски партнери**, кои како репрезентативни субјекти во секторот вклучуваат најголем дел од учесниците во примарното производство, преработката и трговијата на земјоделски производи. За овие организации ќе се обезбеди кофинансирање на дефинирани активности од нивната годишна програма кои се во насока на заштита и промовирање на интересите на секторот. Подршката ќе овозможи покривање на дел од оперативните трошоци за функционирање на асоцијациите во висина од 100% за асоцијациите на примарни земјоделски производители и 30% за асоцијациите на преработувачи и трговци.

Како мошне поволна форма на хоризонтално организирање на производителите базирано врз основа на заеднички деловни интереси на

одгледување на истородни раси и подобрување на работењето секако, се и претходно елаборираните **признати организации на одгледувачи** на млечни, комбинирани и автохтони раси. Како основна организациона структура на одгледувачката пирамида, нивното формирање е од особен приоритет за постигнување на целите за подобрувањето на генетската структура на основното стадо и специјализација на видови со чисти и подобрени генетски карактеристики. Во следниот период ќе се интензивира формирањето на признати организации кои треба да обезбедат внатрешен капацитет кој ќе овозможи одржливо и ефикасно спроведување на нивните активности. Планирано е формирање на најмалку три нови признати организации на одгледувачи на млечни раси и автохтони популации овци и кози, и уште две признати организации за говеда[45] кои ќе овозможат пренос на знаење до одгледувачите за: добра фармска пракса, добра нутритивна пракса, соодветен менаџмент на земјоделско стопанство, примена на нови современи одгледувачки технологии, постигнување на стандардите за безбедност на храната, подобрување на квалитетот на млекото и маркетингот на производите, итн.

## 1.5 Уредување на правниот статус на земјоделските стопанства

Успехот и интензитетот на процесот на реструктуирање на секторот и постигнување на поставените цели, покрај преку активните мерки на политиките особено зависи и од овозможување на соодветни поволни услови за деловните оператори кои треба да го поддржат процесот на промената на постоечката структура. Во таа насока потребно е да се уреди правниот статус на семејните земјоделски стопанства кој најдобро ќе одговара на нивното моментално ниво на економски развој и социјална состојба.

Постоечките опции на регулација на статусот на земјоделските стопанства согласно Законот за трговски друштва и Законот за вршење на земјоделска дејност во изминатиот период резултираа со недоволен интерес од страна на земјоделските стопанства. Дури 95% од вкупниот број на стопанства евидентирани во ЕРЗС се семејни земјоделски стопанства без формален правен статус а само околу 1.200 регистрирани Индивидуални земјоделци. Во таа насока во следниот период ќе се спроведе реформа за регулирање на правниот статус на семејните земјоделски стопанства кои исполнуваат одредени предуслови со уредување на правата и обврските на нивните членови во однос на привилегираното задолжително социјално осигурување.

Ова ќе се постигне со доуредување на статусот на Индивидуалните земјоделци преку измена на „Законот за вршење на земјоделска дејност“ и нивна пререгистрација во **Семејни земјоделски стопанства со правен статус**. Оваа форма би ги покрила семејните стопанства со приходи над 350.000 денари. Семејните земјоделски стопанства со правен статус како категорија на стопанства

[45] Се очекува во говедарството, покрај сегашните две признати одгледувачки организации (за Холштајн и за Буша раса говеда) да пројават интерес за такви организации и фармери на Сименталска, Монтафонска, во помала мерка за Оберинталска раса, или пак оние кои одгледуваат Биволи.

значителен или најголем дел од приходите ги остваруваат од вршење на земјоделска дејност, поради што ќе бидат дополнително поддржани со цел нивно стимулирање да останат во оваа категорија. Истовремено со позиционирање на оваа форма на стопанства како најатрактивна ќе се стимулира и трансферот на семејните стопанства од останатите пониски приходни категории без регулиран правен статус. Во таа насока за оваа целна категорија ќе се биде обезбедена дополнителна финансиска поддршка од 20% и бенифицирани социјални придонеси во однос на трговските друштва за нејзин активен член[46].

Со пререгистрација и правилната диструбуција на постоечките околу 1.200 Индивидуални земјоделци во соодветната категорија (Семејни земјоделски стопанства со правен статус или обични семејни земјоделски стопанства) ќе се реши долгогодишниот проблем на неплаќање на придонеси и зголемување на долговите од страна на оние Индивидуални земјоделци кои реално спаѓаат во пониска категорија. За регулирање на побарувањата по придонеси, особено за каматите, ќе биде разгледана можноста нивното подмирување по договорна основа и поволни услови да се уреди со посебен закон.

Семејните земјоделски стопанства кои остваруваат приход над 1.000.000 денари ќе треба задолжително да имаат регулирано правен статус во една од следниве форми: трговски друштва, Семејни земјоделски стопанства со правен статус или задруги како услов за упис на нивните производни капацитети во ЕРЗС.

# 2 Уредување на пазарите, организација на прехранбениот синџир и подобрување на квалитетот на земјоделските производи

Постбербените активности и особено маркетингот на земјоделските производи, како и потребата за подобрување на квалитетот на производите и во изминатиот период се наметна како исклучително важна фаза во синџирот на додадена вредност, не помалку важна од самото производство. **Приоритет во следниот период останува целосното спроведување на одредбите кои се однесуваат на уредување на пазарите согласно Законот за квалитет на земјоделските производи, особено во делот на минималните стандарди на квалитет** кои треба да најдат полна примена од страна на операторите со земјоделски производи. Ова особено се однесува на **квалитетот и маркетингот на земјоделските производи од подсекторите на свеж зеленчук и овошје и млекото**.

Спроведувањето на минималните стандарди за квалитет кај зеленчукот и овошјето ќе обезбеди усогласување со стандардите кои важат на пазарите на ЕУ и другите околни пазари со што директно ќе се придонесе кон подобрување на нивната извозна конкурентност.

[46] Односно членовите кои се занимаваат само со земјоделска дејност и се невработени лица и немаат други неземјоделски приходи.

Дефинирањето на условите при откупот на градинарските производи во однос на цената и условите за плаќање од страна на откупувачите во голема мерка зависи од бројот на субјектите на страната на маркетингот со земјоделски производи кој е недоволен. Заради тоа и во следниот период останува определбата за зголемување на конкуренцијата на страната на побарувачката на земјоделските производи преку **поттикнување на влезот на нови субјекти во маркетингот со земјоделски производи и подобрување на физичката инфраструктура на пазарот**. Во таа насока ќе се обезбеди поддршка на инвестициите за отворање на нови откупни маркетинг логистички центри и инвестирање во модернизација на постоечките капацитети. Поради изразената регионална концентрација на земјоделските подсекторите, преку моделот на државно предфинансирање ќе се **реализираат поголеми капитални објекти во маркетинг логистичката инфраструктура од регионално значење** кои ќе имаат директно влијание на подобрување на состојбите со откупот на земјоделските производи на ниво на целиот подсектор.

Во однос на маркетингот со млекото, запазувањето на пропишаните одредби за минималниот квалитет (но и безбедност) на млекото е директно поврзано со овозможување на ставање на млекото во промет. Постигнатиот квалитет на млекото го одредува нивото на откупната цена. Во следниот период треба да се постави системот за следење на контролата на млекото, врз основа на што покрај одредувањето на цената ќе зависи и висината на директните плаќања. Превземените мерки треба да обезбедат **подигање на квалитетот на млекото до крајот на стратешкиот период, а процентот на млеко од екстра класа да биде три пати поголем од сегашното ниво**.

Нивото на недоволна вертикална интеграција во земјоделското производство кое во најголем број на случаевите значи целосно непостоење на договорни односи, резултира со неизвесност која оневозможува долорочно планирање, а често води до неусогласеност на понудата и побарувачката со турбуленции на пазарите. Односите на меѓу чинителите на пазарот се најчесто конфротирачки наместо договорни со несразмерна дистрибуција на остварената вредност на штета на примарните земјоделски производители. Затоа од исклучително значење за реализација на земјоделскиот производ **останува потребата од зајакнување на вертикалната интеграција и договорните односи** помеѓу примарните производители и откупувачите на земјоделските производи. Регулацијата на односите помеѓу субјектите на пазарот ќе биде унапредена преку **доследно применување на одредбите за уредување на пазарите** од Законот за земјоделство и рурален развој и законите кои го уредуваат производството на специфичните производи вино, тутун и афион, каде јасно се регулирани обврските на двете страни при откупот на земјоделски производи. Стабилизирањето на меѓусебните односи на учесниците во купопродажбата на земјоделските производи ќе се подобрува и преку **институционално формираните тела и поддршката обезбедена за нивно функционирање**, и особено преку **спроведување на конкретни интеграциони проекти** за јакнење на пазарните односи помеѓу дефинирани субјекти во дефиниран вредносен синџир. За подсекторите на производство на месо – свинско, пилешко и говедско, профункционирањето на договорните кооперантски врски со кланиците или домашната преработувачка индустрија на месо се прашање на функционирање или одржливост на самите подсектори.

Со цел надминување на одредени циклични состојби на нарушување на пазарите, пред се за пазарите на житни култури и брашно, пазар на јајца и свежо свинско месо ќе се **доуреди и спроведе систем на интервенции на пазарите со земјоделски производи**. Покрај поставувањето на институционалните механизми за функционирање на соработката на секторско ниво за идентификација на тековните проблеми на пазарите и договарање на заеднички прифатливи мерки за нивно надминување (пазарни одбори), ќе се обезбедат и мерки на **државно предфинансирање на инвестиции од заеднички подсекторски интерес кои треба да овозможат трајно решавање на некои од суштинските заеднички недостатоци на конкретниот земјоделски подсектор**.

Иако во изминатиот период се направени одредени поместувања во позитивна насока, активното **прилагодување на производите за пресретнување на барањата на потрошувачите и активниот маркетинг концепт** е сеуште малку акцентиран сегмент од деловното работење на економските оператори со земјоделско-прехранбените производи. Ова станува особено важно:

– краткорочно прашање за извозно-ориентираните производи со компаративни предности поради се поголемата конкуренција на светските пазари како резултат на намалената потрошувачка предизвикана од светската економска криза, и

– среднорочно прашање за сите учесници на домашниот пазар поради перспективното вклучување на домашниот пазар како дел од единствениот европски пазар после пристапувањето.

Во следниот период **извозот на македонските земјоделско-прехранбени производи треба да се диверзифицира по сортиментот на извозните производи и извозни дестинации**. Кон таа цел, продолжува успешната национална презентација на извозно-ориентирано земјоделско производство од Република Македонија на странските пазари, особено на пазарите каде истото не е доволно застапено. Клучните производи од интерес за оваа активност се македонското вино, свежиот и преработен зеленчук и овошје. Поддршката на **промоција на домашното земјоделско производство заради зголемување на продажбата ќе се реализира и на домашниот пазар**. Во насока на подобрувањето на маркетингот на земјоделските производи ќе се обезбеди и подобар проток и пристап до корисни информации од пазарите на земјоделски производи.

**Заштитата на квалитетот на земјоделските производи** треба да стане почеста пракса во однос на изминатиот период, а популаризацијата на постапките и поддршката за кофинансирање на трошоците ќе биде поддржана од страна на политиките.

Врз основа на претходно кажаното, во следниот период уредувањето на пазарите на земјоделските производи и подобрување на квалитетот на производи ќе се интензивира преку интервенција на политиките на државата во следниве области:

- Модернизација на физичката постбербена и маркетинг инфраструктура;
- Вертикална интеграција и подобрување на пазарните односи;
- Спроведување на минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи;

- Воведување на повисоки стандарди за квалитет и заштита на квалитетот на земјоделските производи;
- Уредување и интервенции на пазарите со земјоделски производи;
- Промоција на македонските земјоделско-прехранбени производи, и
- Подобрени информации за пазарите на земјоделските производи.

## 2.1 Модернизација на физичката постбербена и маркетинг инфраструктура

*... поддршка на инвестициите во постбербената и маркетинг инфраструктура*

Недостатокот на маркетинг инфраструктура ќе се надополнува преку **поттикнување на инвестициите во нова и подобрување на постојната инфраструктура**. Подобрите услови за постбербени активности имаат директно влијание на подобрување на квалитетот на производите што треба да резултира најмалку со задржување на постојното ниво на извоз на пазарите на кои се зголемува конкуренцијата од другите производи со подобар квалитет (како што се традиционалните пазари), како и со зголемување на извозот на останатите пазари. Поддршката на инвестициите за модернизацијата на физичката постбербена и маркетинг инфраструктура и влезот на нови субјекти во трговијата со земјоделски производи ќе придонесе кон зголемување на конкуренцијата при откупот на земјоделските производи, а оттаму и за посигурен откуп и подобри услови понудени од откупувачите.

Во таа насока во следниот период со кофинансирање на 50% од прифатливите трошоци преку програмите за рурален развој ќе бидат **поддржани инвестиции во воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук** кои вклучуваат: изградба и/или реконструкција на објекти, комунална и друга инсталација; опрема за собирање, прием, ладење, складирање, сортирање и калибрирање и пакување: како и опрема во откупните пунктови. Целта на поддршката за модернизација на физичката постбербена и маркетинг инфраструктура е да се поттикне изградбата на складишни и дистрибутивни центри за овошје и зеленчук со капацитет над 5.000 тони за трговски или производни правни лица и изградба на мали современи капацитети за чување на овошје и зеленчук за индивидуални стопанства и задруги со капацитет до 1.000 тони. Покрај кофинансирањето на инвестиционите трошоци, поддршката ќе биде насочена и кон **обезбедување и урбанизација на локации на државно земјиште за ваков тип на инвестиции** во соработка со единиците на локална самоуправа, а врз основа на пројавен интерес од страна на потенцијалните инвеститори.

За земјоделските задруги кои остваруваат значителен обем на пласман на производите од нивните членови преку задругата како најпосакувана целна категорија со јасна пазарна провиниенција, финансиската поддршка за кофинансирање на инвестициите во маркетинг инфраструктурата ќе биде со поголем интензитет на поддршка во однос на останатите корисници во висина од 70%.

*... осовременување на маркетинг капацитетите во струмичкиот регион*

Една од конкретните таргетирани цели на политиката во следниот период е и **модернизација на откупните места по селата во Струмичкото поле** како најголем производен регион за градинарското производство во Република Македонија. Градинарското производство кое во најголем дел е наменето за извоз, треба да ги постигне стандардите барани од надворешните трговци и да ги запази сите предвидени одредби од Законот за квалитет на земјоделските производи и Законот за земјоделство и рурален развој. Покрај модернизација на откупните места заради обезбедување на поконтинуирано снабдување со производи и избегнување на сезонските пикови со најниска цена, потребно е да се зголемат инсталираните капацитети за подолго складирање и чување на градинарските производи. Во таа насока преку државното предфинансирање на капитални објекти од пошироко подсекторско или регионално значење, **во струмичкиот регион ќе се изгради регионален маркетинг логистички центар за градинарски производи**, поделен на најмалку 10 засебни делови кои ќе бидат понудени на заинтересираните откупувачи во регионот на отплата на делот на приватно кофинансирање на 8 години. Инвестицијата ќе се спроведе како дел од интегриран проект за јакнење на вертикалната интеграција со конкретни обврски за откупувачите за договорно производство со производителите и со можност за негово проширување според пројавениот интерес. При подготовката на инвестиционен проект ќе се дефинира и формата на управување на капацитетот која треба да се базира на превземање на одговорноста на самите субјекти кои ќе го користат капацитетот, локацијата и вклучените инвеститори, после што ќе се отпочне со реализација на активностите.

*... инвестиции во собирни центри за млеко*

Покрај инвестициите во маркетингот со зеленчук и овошје, вториот битен подсектор во кој ќе се фокусираат мерките за подобрување на маркетингот со суровото млеко е основање и модернизација на собирни центри на млеко, вклучително и нивно опремување, преку интеграциони објекти меѓу млекарите и млекопроизводителите или на основа на задружно организирање на производителите.

## 2.2 Вертикална интеграција и подобрување на пазарните односи

Непостоењето на вертикална интеграција на учесниците во синџирот на додадена вредност креира нефункционални, најчесто конфротирачки наместо договорни вертикални односи и несразмерна дистрибуција на остварената вредност на штета на примарните земјоделски производители. Заради постепено надминување на ваквата состојба вертикалната интеграција во синџирот на додадена вредност мора значително да биде зајакната во интерес на зголемување на конкурентноста на сите учесници поединечно и синџирот во целина.

**Имплементирање на законските одредби за регулирање на откупот на земјоделските производи и задолжителни договорни односи**

За зачувување на конкурентските услови и унапредување на вертикалната интеграција доследно ќе се имплементираат одредбите од Законот за земјоделство и рурален развој за уредување на условите и начинот за вршење на трговија со земјоделски производи. Преку засилени контроли од страна на надлежниот Државен инспекторат за земјоделство и следење на евиденцијата на прометот од страна на МЗШВ, значително ќе бидат **зголемен надзорот на спроведувањето на прописите за регулирање на откупот на земјоделските производи и задолжителните договорни односи**. Одредбите од овие закони кои се однесуваат на вертикалната интеграција се стапени во сила во периодот од 2011 година наваму и истите предвидуваат задолжителни договорни односи при купопродажба на земјоделски производи и регулација на исплата на производите. Во претходниот период деловните субјекти имаа доволно време за детаљно запознавање и прилагодување кон истите.

Покрај одредбите во Законот за земјоделство и рурален развој, уредувањето на пазарните односи помеѓу субјектите за одредени подсектори ќе се поддржи преку стриктно **спроведување на одредбите од законите кои го уредуваат производството на специфичните производи вино, тутун и афион** (според Законот за вино, Законот за тутун и тутунски производи и Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции со соодветните правилници).

Со цел зголемување на извесноста во производството и планирањето, ќе бидат направени измени кои се однесуваат на регулацијата на производството и прометот со тутун во насока на **навременото објавување на откупните цени на суровиот тутун** по класи за секоја идна производна реколта до крајот на календарската година во која била реколтата, а со претставниците од секторот ќе биде дискутирана и потребата од **утврдување на интерен паритет на откупните цени** на суровиот тутун по класи кај ориенталските ароматични тутуни во однос од 1-вата класа[47].

Во врска со дополнително уредување на откупот на винско грозје особено во делот на утврдување на квалитет и цената, ќе се направат анализи и консултации за потребата за надополнување на методологијата за утврдување на квалитетот на винското грозје со внесување на други параметри покрај нивото на шеќерните единици како единствен во сегашната пракса. Анализите и евентуалната измена е предвидена да се спроведе во текот на 2015 година.

**Интегрирани проекти за зајакнување на синџирот на понуда на земјоделски производи**

*... интегрирани проекти како начин за интервенција во јакнење на синџирот на понуда*

[47] 1 : (1,20 – 1,25) за втора класа, 1 : (1,80 – 1,90) за трета класа и 1 : (4,10 – 4,30) за четврта класа.

Сериозна директна интервенција во уредувањето на пазарните односи помеѓу субјектите во конкретен вертикален синџир на додадена вредност ќе претставува започнувањето на **спроведувањето на интегрирани проекти за зајакнување на синџирот на понуда на земјоделски производи**. Проектите треба да ја зголемат интеграцијата во производниот синџир преку имплементирање на активности за:

- зголемување на големината на претпријатијата,
- охрабрување на заедничко управување и формирање на нови пазарни субјекти во секторот,
- промовирање на поизбалансирани релации и партнерски односи помеѓу различните актери во дадени сегменти на призводството, преработката и фазата на маркетинг, и
- концетрирање на понудата на земјоделските производи, особено на производите со повисок квалитет.

Проектите особено ќе се реализираат во подсекторите и поединечните случаји каде што е докажано дека тешко се постигнува критична маса на производи и обезбедува праведна дистрибуција на додената вредност помеѓу учесниците во производниот синџир. Преку инструментот ќе се зголеми конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, подобри производството во однос на квалитетот и од аспект на трговија, креираат и консолидираат односите помеѓу актерите во производниот синџир.

**Интегрираните проекти првично ќе бидат насочени кон подобрување на моменталните состојби на непостоење на вертикална интеграција и договорни услови и воведување на минималните стандарди за квалитет** на производите. Паралелно на постигнување на примарните цели, интегрираните проекти може да вклучуваат активности насочени кон постигнување на другите главни цели на политиките: модернизација и зголемување на обемот на производството, подобрување на продуктивноста, окрупнување на стопанствата и преработувачките капацитети, постигнување на стандардите за безбедност на храната и заштита на животната средина.

**Дополнително, проектите ќе може да се спроведуваат и за воведување на нови технологии и иновативни механизими** за воведување на нови процеси во производство или нови производи, заштита на квалитетот и биодиверзитет (преку активностите на признатите организации на производители). Кај интегрираните проекти кои поддржуваат иновации во процеси се очекува интерес за воведување на нови методи на управување со логистичките пазарни активности, складирањето и дистрибуција на производите, следено со инвестиции во нови методи на производството или преработката на производите. Во врска со производите, иновациите би се однесувале воглавно на подобрување на квалитетот на производите, како и кон воведување на нови производи за постоечките пазари. Особено ќе бидат поддржани проекти кои предвидуваат трансфер на знаење помеѓу корисниците на проектот со универзитетите и истражувачките центри.

Целта на спроведување на интеграционите проекти може да биде и **формирање на асоцијација на производители на пазарна основа** и реструктуирање/консолидирање на синџирот на додадена вредност во производството преку изградба на заеднички преработувачки капацитет со дополнителни активности за обезбедување на шеми за квалитет и заштита на квалитетот. Исто така постоечка задруга може да се поддржи со пакет од мерки за инвестиции во преработката и трговијата со дополнителни обуки и зајакнување на врски со истражувачки и научен сектор за јакнење на позицијата на пазарот.

Преку користење на советодавни услуги како дел од проектот, со инструментот може да се придонесе и кон **постигнување на новите предизвици на земјоделската политика** како што се: примена на техники за намалување на негативните ефекти на климатските промени (практики за управување со почва, ефикасна употреба на азотни ѓубрива, оддржлива употреба на земјиштето, заштита на биодиверзитетот), или подобрување и сертифицирање на квалитетот на производот, подобрување на енергетска ефикасност (проекти за заштеда на енергија и производство на енергија од обновливи извори), или одржливо управување со земјоделското стопанство (директни продажба, маркетинг и логистички услуги), како и иновации и трансфер на технологија.

*... реализација на интегрираните проекти*

Во оперативна смисла се работи за спроведување на проект поднесен од страна на партнерска организација на учесници која ги претставува интересите и целите на повеќе субјекти во вертикалниот синџир на вредност подготвени за реализирање на инвестиции поддржани со постоечките мерки од програмата за рурален развој кои треба да придонесат кон достигнување на заедничката цел на проектот. Интегрираните проекти за зајакнување на синџирот на понуда на земјоделски производи инволвираат интервенции поврзани со физичкиот капитал на учесниците, квалитетот, обуки и советодавниот систем. Така мерките во состав на интегрираните проекти се мерки на поддршка која се однесуваат на:

- индивидуални корисници, како што се инвестиции во земјоделските стопанства (нови насади, механизација, наводнување, сушари, итн), и
- инвестиции во подобрување на условите за преработка и трговија (модернизација и/или изградба на нова опрема за преработка, набавка за машини за преработка, воведување на иновации во производните процеси),
- мерки кои се однесуваат на целиот производен синџир, како што се мерки за поддршка на трговијата со квалитетни земјоделски производи (квалификација и промоција на производство, заштита на квалитет, кампања за подобрување на пазарна препознатливост), формирање на конзорциум на производен синџир, и
- обука за производителите за примена на модерни техники за одгледување, берење и првична доработка, и за операторите во трговијата и/или преработувачкиот сектор за подобрување на следливоста и безбедноста на храната.

Подготовката на интегрираниот проект и анимирање на учесниците може да произлезе од самите учесници во проектот, но и да биде спроведено од експерти кои ќе ја модерираат и имплементацијата на проектот.

Како дел од формалниот Договор за производниот синџир ќе бидат предвидени обврски за учесниците за најмалку 4 години од завршувањето на проектот, а се вклучени и финансиски гаранции во случај на економски потешкотии на учесниците и поддршка и консултации за корисниците. Интегрираните проекти ќе бидат особено условени со исполнување на обврските за најмалку 45% долгорочни договори на откупувачите на земјоделски производи согласно Законот за земјоделство и рурален развој и за исполнување на одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи. Учесниците во проектите ќе имаат приоритет за користење на мерките за инвестиции во однос на останатите корисници кои аплицираат за мерките надвор од интеграционите проекти.

Воспоставената вертикална интеграција потвредна и правно регулирана со формалниот Договор за производниот ланец ќе биде евидентирана во посебен регистер на учесници во интегрирани проекти, и ќе претставува **основа за можна дополнителна финансиска поддршка за субјектите во форма на директни плаќања**.

Интегрираните проекти особено ќе се поддржуваат во реализација на развивање на вертикална интеграција и кооперантски односи помеѓу:

- кланица и група на одгледувалишта на бројлери за заокружување на циклусот на откуп, колење и маркетинг на бројлерите.
- преработувачката индустрија (млекарница со собирни центри за млеко, преработувачи на зеленчук и овошје) и соодветните земјоделски производители, и
- откупувачи и производители на свежо зеленчук и овошје, особено проектот за подобрување на

**Останати мерки за поттикнување на вертикалната интеграција**

Профункционирањето на вертикалните односи е суштесвено за развојот на неколку подсектори. Домашното производство на месо во голема мерка може да биде стимулирано доколку се воспостават врски со домашната индустрија на преработка на месо која скоро исклучиво користи увозна суровина. Во насока на стимулирање на воспоставувањето на нивна меѓусебна договорна соработка, во следниот период покрај можноста за користење на интегрираните проекти ќе се превземат и други мерки кои не се директно насочени кон уредување и унапредување на кооперантските односи, но имаат силно индиректно влијание.

Зајакнувањето на вертикалната интеграција е особено важна за подсекторот на производство на бројлерско месо каде воспоставувањето на стабилни кооперантски врски помеѓу група на одгледувачи на бројлери и интегратори (откупувачи или кланици) е прашање од кое зависи возобновувањето на самиот подсектор. Заради тоа реализацијата на интеграционите проекти во бројлерското производство кои треба да придонесат кон воспоставување на

долгорочни кооперантски односи, ќе биде дополнително поддржани со **зголемена финансиска поддршка за колење на вгоени бројлери во кланични капацитети во рамките на долгорочна организирана форма на соработка** како дел од интеграционите проекти, од сегашните 30 на 40 денари по бројлер.

Спроведувањето на одредбите за **обезбедување на потребниот процент на домашна суровина во преработките од месо кои се извезуваат како македонски производ** се очекува да го зголеми интересот на преработувачите на месо за откуп на домашното производство. Зајакнувањето на легислативата за задолжителна проверка на процентот на домашна суровина во преработките од месо кои се извезуваат како македонски производ и спроведувањето на редовни и зајакнати контроли на извозот на сувомеснати производи и проверка на нивното декларирање за учеството на македонската суровина, ќе обезбеди стимул за развој на домашното производство на месо.

Во соработка помеѓу производителите и преработувачите на свинско месо во рамките на активностите на пазарниот одбор за свинско месо ќе се дефинира **организирана Програма за зголемување на понудата на домашни гоеници за потребите на домашната месопреработувачка индустрија**. Во таа насока покрај спроведувањето на одредбите од Законот на квалитет кои ги регулираат класифицирањето на квалитетот на свинското месо и редовно репортирање на состојбите, ќе се договорат и мерки за планско насочување на производството на свинско месо кон креирање на два типа на финални производи: гоеници за пазарот на свежо свинско месо со финална маса од 95-105 кг (гоеник беконски тип), и гоеници за пазарот на месни преработки со финална маса од 105-130 кг (гоеници за индустриска преработка).

Вертикалната интеграција со кланичните капацитети ќе се подобрува и преку **мерки за насочување на вгоените говеда во домашните кланични капацитети**, и тоа со: обезбедување на дополнителна финансиска поддршка за колење говеда во регистрирани кланици во насока на стимулирање на пренос на грлата кои се одгледуваат во планинските или оддалечени одгледувалишта и со забрана за извоз на подмладок од говеда за гоење. Сегашната состојба во која не се задржуваат гојните грла влијае на ниското производство на месо од говеда во нашата земја и големиот увоз на замрзнато јунешко месо со сомнителен квалитет.

Воспоставувањето на договорното производство во синџирот на производство на зеленчук и овошје за преработка, го решава пласманот на производите и хроничниот недостаток на суровина за индустријата. Во таа насока ќе се продолжи со обезбедување на **дополнителна финансиска подршка за примарните производители за килограм предаден зеленчук и овошје во преработувачка индустрија**, со задолжително приложување и на склучените и реализирани купопродажни договори помеѓу примарните производители и преработувачите.

### Институционални форми на вертикална интеграција

Вертикалната интеграција покрај со мерките на уредување на пазарните односи, **институционално ќе се поттикнува со редовно функционирање на Постојаните подсекторски групи** за најважните производи. Групите правно

уредени во Законот за земјоделство и рурален развој претставуваат форма на постојана комуникација помеѓу земјоделски производители, трговци и преработувачи. Групите се и формално партнерство на економските оператори со институциите во насока на уредување на пазарните и производните елементи од заеднички интерес. Во следниот период заради обезбедување на одржливост во функционирањето, согласно законските одредби ќе биде воспоставен систем на поддршка на спроведување на активностите од оперативните програми на Постојаните подсекторски групи.

Како редовен форум на дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор и учество на учесници во секторот во процесот на одлучување за земјоделските и политиките за рурален развој, редовно ќе се одржува **Советот за земјоделство и рурален развој**.

## 2.3 Спроведување на минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи

Законот за квалитет на земјоделските производи (Сл.весник на РМ, бр.140 од 21.10.2010 година) пропишува одредби со кои се уредуваат пазарите на земјоделските производи особено во делот на минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи, нивната класификацијата, пакување, означувањето на квалитетот, транспорт и складирање на производите. Законот ги пропишува и обврските на операторите за известување за прометот на производите и контролата на квалитетот на производите кои се ставаат во промет (анализа и суперанализа на земените примероци). Во изминатиот период донесени се сите релевантни правилници кои произлегуваат од законот и ги уредуваат минималните стандарди за квалитет на житарици и ориз, храна за животни, свежо овошје и зеленчук, јајца и месо од живина, говедско месо, свинско месо, овчо и козјо месо, млеко и млечни производи и производи од пчели.

Законските и подзаконски прописи во делот на квалитетот на производите се во значителна мерка усогласени со европското законодавство и ги отсликуваат минимумот барањата кои што мора да ги исполнат производите наменети за пазарот на ЕУ (но и за се поголем број други пазари). Неисполнувањето на минималните стандарди за квалитет значи неможност за влез на пазарот на ЕУ. Оттука доследното исполнување на овие национални законски барања истпвремено значи и обезбедување на минимум нивото на конкурентност за настап на европските пазари.

Сепак реалната имплементација на овие стандарди од страна на операторите во поголем дел од подсекторите е на самиот почеток. Заради тоа во следниот период **приоритет ќе претставува спроведувањето на минималните стандарди за квалитет** согласно законот и подзаконските акти, пред се преку следниве чекори:

- Посета на најголемите оператори во синџирот на вредност на земјоделски производи со цел идентификација на состојбата со

примената на минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи;

- Укажување на операторите за чекорите кои е потребно да бидат превземени во насока на усогласувањето со барањата од законот;
- Редовен надзор и следење на спроведувањето на препораките од страна на Државниот инспекторат за земјоделство,
- Обезбедување на мерки на поддршка за инвестициите во објекти, инсталации и опрема за приспособување на субјектите во синџирот на додадена вредност кон бараните стандарди, особено во маркетингот на овошјето и зеленчукот. Мерките на поддршка ќе се обезбедуваат за реализација на укажувањето на операторите за чекорите кои се потребни да бидат реализириани како поддршка на инвестиционен проект, и
- Спроведување на кампања за запознавање на субјектите во синџирот но и потрошувачите со минималните стандарди за квалитет.

Покрај во делот на овошјето и зеленчукот, воведувањето на стандардите за минимален квалитет ќе биде приоритетно во делот на сточарството, и тоа кај пазарите на месо и пазарот на сурово млеко. Во следниот период се планира донесување на преостанатите подзаконски акти од квалитет на храна за животни.

**Спроведување на минималните стандарди за квалитет на месото и јајца**

*... воведување на СЕУРОП класификација на полутинки*

Со цел воведување на минималните стандарди за квалитет на свинското и говедското месо во следниот период ќе се **создадат услови за профункционирање на системот на отценка на свињите и говедата по нивната меснатост и залојување на труповите на линија на колење**. Класифицирањето на труповите треба да создаде услови за откуп на домашното месо од страна на месопреработувачката индустија како замена за увозното. Спроведувањето на системот на отценка ќе вклучува реализација на неколку поврзани чекори како што се:

- Утврдување на македонска формула за оценка на линија на колење според СЕУРОП трговската класификација на полутинки,
- Набавка и инсталирање на потребна опрема и софтвер во регистираните кланици кои колат над 100 гоеници (свињи) или над 10 говеда на ден,
- Обука на овластени контролори на квалитетот на линија на колење, и
- Креирање на независно тело за контрола на квалитетот на топлите полутинки на линија на колење.

Активностите ќе започнат од 2015 година, а пошироката имплементација на системот со проширување на активностите на сите релевантни учесници на пазарот ќе се реализира до 2018 година поддржана од средствата од ИПА. После воведувањето на системот на отценка на линија на колење според СЕУРОП, финансиската поддршка за одгледани и предадени гоеници во домашни кланични капацитети ќе биде модифицирана според типот и намената за пазарот за свежиот пазар (за С,Е и У) или за индустриска преработка (за сите класи на СЕУРОП). СЕУРОП стандардите на линија на колење кај овчарството поради специфичностите на пазарот на македонското јагнешко месо и побарувачката на „лесно јагне„ особено на италијанскиот како најголемиот пазар, ќе биде предмет на постепена примена усогласена во консултација со одгледувачите и извозниците на јагнешко месо како дел од развивањето на соодветна маркетинг стратегија за зацврстување и промоција на брендот македонско јагне.

*... обезбедување на квалитетот на смрзнатото месо*

Во врска со уредување на пазарот со живинско месо покрај останатите одредби, во насока на спроведување на „Правилникот за методот за апсорпција на вода во кланичните капацитети и методот за утврдување на просечната загуба на вода при одмрзнувањето", ќе се **воспостави лабораторија за редовна контрола на содржината на апсорбирана вода во увезеното замрзнато живинско месо** на околу 30.000 тони колку што годишно се увезува за задоволување на 95% од потребите на Р. Македонија[48].

Заради спречување на доведување на потрошувачите во заблуда ќе се воспостави **постојан систем на контрола, следење и спречување на дистрибуција и продажба на смрзнато свинско месо** на угостителските и туристички објекти како свежо месо, како и ќе се обезбеди контрола на квалитетот на увозните разладени свински полутинки и свинско месо според Закон за квалитет на земјоделски производи и Закон за ветеринарно здравство. Контролата ќе го опфати и доследното спроведување на прописите за означување на производите, и правилно и видливо декларирање на нивната состојба (свежо, смрзнато, разладено и сл). Ваквата контрола на дистрибуцијата на месото ќе се уреди со интерни упатства и планови за задолжително спроведување на редовни месечни контроли на инспекциските служби врз спроведувањето на законите од страна на учесниците на пазарите.

*... изградбата на капацитет за преработка на јајца*

Согласно регулативата за уредување на пазарот со јајца, јајцата од Б класа (напукнати, скршени, валкани итн) неможе да бидат наменети за директна хумана консумација и може да се користат само за прехранбената и непрехранбената индустрија после нивно соодветно третирање. Во насока на надминување на сегашниот проблем на непостоење на капацитет за соодветно третирање на оваа класа на јајца и нивно отстранување од пазарот преку преработка, ќе се поддржи

[48] Согласно правилникот, дозволениот износ е 1,5% при воздушно ладење, 3,3% при воздушно ладење со успрејување со вода и 5,1% при водено ладење со потопување, додека неофицијалните информации упатуваат на драстично повисоки количества на вода во смрзнатите пилешки производи од преку 15% вода по одмрзнувањето.

изградбата на капацитет за преработка на јајца во течни јајчани производи за потребите на целиот подсектор. Проценетата вредност на инвестицијата за изградба на капацитет за преработка на јајца е 21 милион денари.

**Зајакнување на институционалната рамка за спроведување на минималните стандарди за квалитет на виното**

Утврдување на хемискиот состав и следењето на квалитетот на виното по 26 методи за анализа кои се апроксимирани во нашата правна рамка во Законот за вино, покрај во лабараторијата на Земјоделскиот Институт при УКИМ треба да се врши и во најмалку уште една друга лабараторија со акредитирани методологии. Во таа насока се предвидува набавка на дополнителна опрема и покривање на акредитацијата на пакетот од 17 методи за три лабаратории во временски период од четири години почнувајќи од 2016 година, со техничка поддршка која треба да се обезбеди од ИПА.

Преку иницијативата на Владата на РМ за поддршка на акредитација на три лабаратории селектирани се три јавни истражувачки институции. Фискалните импликации за акредитација на овие 3 лабартории се околу 1 милион евра за набавка на дополнителна опрема и акредитација. Трошоците за вршење на физичко-хемиската анализа се на товар на барателот и се определуваат во зависност од реално-направените трошоци.

Заради соодветно следење и анализа на состојбите и планирање на идниот развој и обезбедување на веродостојни податоци потребно е да се **воспостави интегриран подсекторски ИТ систем во лозарството и производството на вино**. Системот покрај основните податоци од аспект на примарното производство и преработките (површини, сорти, начин на одгледување, број на производители, обем на производство) би ги интегрирал и податоците за пласманот и потрошувачката на производите од потсекторот (домашен пазар и извоз), податоци од аспект на квалитет и безбедност на производите, финансиска поддршка и инвестиции во потсекторот и други податоци неопходни за следење и планирање на лозарството. Системот ќе биде интероперабилен со другите регистри во секторот, во прв ред СИЗП и ЕРЗС и ќе разменува податоци со сите други релевантни регистри и бази на податоци (ДЗС, ЦУ, ДИЗ и др.).

Развој на системското софтверско решение за податоци во потсекторот и поставувањето на интегрираниот подсекторски ИТ систем, како еден од секторските услови за зачленувањето на РМ во ЕУ, треба да се реализира во период од две години, од 2018-2019 година со финансиска поддршка од ИПА.

**Спроведување на минималните стандарди за квалитет на суровото млеко**

**Воспоставувањето на минималните стандарди за квалитет е особен предизвик кај суровото млеко** кое сеуште значително заостанува зад пропишаното ниво. Согласно „Стратегијата за подобрување на квалитетот на млекото" во следниот период ќе бидат превземени поголем број на усогласени мерки. Подобрувањето на квалитетот на млекото треба да започне со подобрувањето на хигиенските услови и пракса во одгледувалиштето и тоа пред

се со едукација на одгледувачите за воведување на хигиенски практики и примена на добра фармска практика. Надминувањето на слабостите кои влијааат на недоволната хигиена во одгледувалиштето, обезбедувањето на затворен систем од молзењето до транспортирање на млекото и брзото намалување на температурата, ќе се подобрува преку индивидуални инвестиции на самите земјоделски стопанства, но и преку заеднички вложувања во собирни центри за суровото млеко.

Дополнително ќе се спроведува и **превенција од маститис** со наменска едукација на одгледувачите за соодветен менаџмент на фарма и извршување на редовни рутински контроли, но и преку контрола на соматски клетки на збирно млеко. Како важен индикатор за согледување на нивото на исхрана на добитокот кое влијае врз квалитетот на млекото, во рамките на редовните месечни контроли на сурово млеко од 2018 година ќе се воведе **контрола на уреа во млеко**.

Заради редовно следење на квалитетот на млекото потребно е да се воспостави **национален систем за контрола на млекото** кој ќе се базира на земање на проби на млекото при откупот на млеко, и негова проверка во акредитираните и овластени лабаратории. Воспоставувањето на системот на проверка на квалитетот на млекото ќе се спроведува преку следниве чекори:

- Промена на Законот за квалитет на земјоделски производи во делот на квалитет на суровото млеко и подзаконските акти за допрезицирање на деталите од системот на почеток на 2015 година,
- Овластување на акредитирани лабаратории за контрола на хемискиот состав, физичките особини, хигиенскиот квалитет и присуството на одредени инхибиторни супстанции во суровото млеко во период 2014-2015 година,
- Овластување на референтна лабораторија за суперконтрола на квалитетот на млекото и вкрстени проверки во текот на 2015 година,
- Овластување на научна институција за спроведување на обука на контролорите на квалитет на млекото за правилно земање на пробите и спроведување на обуката во текот на 2015 година,
- Утврдувањето на состојбата со квалитетот на млекото за сите категории одгледувачи по региони и идентификација на проблемите кои влијаат на намалениот квалитет на млекото. Сите стопанства кои го предаваат млекото на млекарниците (според РБО, количества и квалитет) ќе бидат евидентирани и со воведени баркодови и со спроведен аналитичен пристап кон добиените резултати од анализата на млекото за секоја фарма поединечно. Врз основа на податоците ќе се подготви план за надминување на недостатоците. Активностите ќе се спроведуваат во текот на 2015-2016 година;
- Во 2018 година ќе се воведе и редовна месечна контрола на уреа во сурово млеко.
- Спроведување на кампања и едукација на одгледувачите за мерките кои треба да се превземат во насока на подобрување на квалитетот на млекото, и

- Воведување на целосна контрола и евиденција на квалитетот (протеини, масти) и хигиенскиот статус (вкупни бактерии и соматски клетки) на откупеното и преработеното млеко до крајот на 2016 година.

Врз основа на проценката на исполнување на техничките услови кои гарантираат задоволителен квалитет на млекото согласно правната регулатива и насоките за корекции од индивидуалниот план кои треба да се направат, ќе се овозможи **кофинансирање на трошоците на инвестиционен проект за подобрување на квалитетот на млекото во висина од 65%**. Зголемена поддршка на инвестициите во краварски фарми за производство на млеко во насока на подобрување на квалитетот на млекото ќе се однесува за стопанствата кои се потенцијално развојни, односно имаат повеќе од 5 грла молзни крави.

Согласно одредбите од Законот за квалитет сите субјекти кои откупуваат сурово млеко на пазарот задолжително треба да го евидентираат целокупното количество откупено млеко и доставување месечни податоци до информативниот центар за следење на млекото. За потребите на следење на сите релевантни податоци во однос на квалитетот, количествата, откупните цени, и понатамошното движење на производите, сите **релевантни податоци ќе се интегрираат преку формирање на информационен систем во млекарството** (milk network) во периодот од 2016-2018 година. Базата на податоци во млечниот сектор треба да ги интегрира податоци од регистрите во делот на млекопроизводството (МЗШВ, АХВ, ДЗС, ЦУ и др) и ќе се спроведува преку пазарниот одбор за пазарот на сурово млеко. Податоците, во однос на квалитетот на млекото за секоја фарма од базата, ќе бидат достапни за спроведување на обука и едукација прилагодена на примарните производители.

Од 2016 година, после воведувањето на системот за контрола на квалитет на млекото ќе биде можно да се пристапи кон **прилагодување на висината на финансиската поддршка согласно класите на квалитет** со зголемување на поддршката за квалитетното млеко, и паралелно намалување на поддршката за неквалитетното млеко, но и целосно воведување на системот за вреднување на млекото според квалитет од страна на индустрија.

Заради правилно информирање на потрошувачите и заштита на производството на сурово млеко, со соодветна примена на Законот за квалитет, односно со правилно обележување и декларирање на производот **ќе се одбележат млечните производи кои се произведени од млеко во прав и згуснато млеко, како и при делумна или целосна замена на млечната маст со растителна маст или други производи**.

## 2.4 Уредување и интервенции на пазарите со земјоделски производи

Поради очекуваниот тренд на понатамошна нестабилност на пазарите со земјоделско-прехранбени производи и земјоделски инпути како резултат на

продолжување на постоењето на специфични влијанија на факторите кои ја одредуваат светската понуда и побарувачка и нивниот ефект на ранливоста на приходите на земјоделските стопанства во Република Македонија, останува **потребата за спроведување на мерки од политиките на уредување и интервенции на пазарите** во услови кога има потреба за нивно стабилизирање. Мерките особено ќе се однесуваат на пазарите кои и во досегашниот период се покажаа како најподложни на влијанијата од надворешните пазари, пред се житните култури, а дополнителни мерки на уредување на пазарите ќе се воведат и за дел од производите од животинско потекло кои пројавуваат циклична нестабилност, како што се јајцата и свинското месо. Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, мерки за поттикнување на потрошувачката во дадени услови може да се спроведат за свежото овошје и зеленчук и млекото и млечни производи.

**Спроведување на законските одредби за уредување на пазарите на земјоделските производи**

Уредувањето на пазарите на земјоделските производи покрај преку спроведувањето на аспектите за квалитет согласно одредбите од Законот за квалитет на земјоделски производи, тековно ќе се регулира преку доследно функционирање на Законот за земјоделство и рурален развој во делот на уредување на условите и начин за вршење на трговија со земјоделски производи. Релевантните одредби од овој закон го регулираат **регистрирањето на откупувачите и извозниците, водењето на евиденцијата во регистерот на откупувачи на земјоделско производство при МЗШВ и тековното следење на состојбата** со исполнување на законски пропишаните услови за занимавање со промет со земјоделски производи од страна на инспекциските служби.

Покрај овие одредби ќе се следи и спроведувањето и обврските на учесниците на пазарот на земјоделски производи кои произлегуваат од подсекторските закони за специфичните земјоделски производи – тутунот и винското грозје и виното.

**Државно предфинансирање на инвестиции со кои се надминуваат проблеми од подсекторски карактер**

Со цел намалување на негативните ефекти од цикличните движења, но и заради создавање на услови за примена на законските прописи за квалитет на производите, ќе бидат поддржани инвестиции во големи капитални објекти од подсекторско значење. Поддршката ќе биде обезбедена како државно предфинансирање на инвестициите со кои се надминуваат проблеми од подсекторски карактер. Инвестициите ќе бидат целосно финансирани од државата, а имплементирани од страна на правни субјекти формирани од официјално препознаени и функционални групации на најголемите производители на национално ниво. Инвестицијата во текот на имплементацијата ќе биде гарантирана од страна на овој субјект со капитал на основачите, а износот на приватното кофинансирање ќе биде вратен кон државата во определен временски период прилагоден на времето на спроведување на инвестицијата и развојот на

бизнисот, но не подолго од осум години. Степенот на државното кофинансирање ќе биде регулиран во законските измени кои треба да овозможат спроведување на инструментот.

Инвестицијата ќе се спроведе врз основа на одобрен инвестиционен проект и претходна проценка на ефектите. После завршување на инвестирањето и уплатата на средствата од приватното финансирање, инвестицијата ќе премине во сопственост на правното лице формирано од националната групација на производители. Доколку има потреба државата ќе обезбеди државно земјиште за спроведување на инвестицијата. Во стратешкиот период се очекува да бидат реализирани два инвестициони проекти од ваков тип.

На ваков начин, во соработка и со подготвеност за учество од страна на репрезентативните учесници во секторот, ќе се овозможи изградбата на фабрика за преработка на јајца во течен производ, но и други капацитети како што се кланица за прецизно конфекционирање на домашно свежо свинско месо, инвестиции поврзани со производството на бројлерско месо, капацитет за справување со вишокот на млеко или млеко од несоодветен квалитет, обезбедување на продажна инфраструктура на регионално или национално ниво која би го надминала подсекторскиот проблем со маркетингот на производите и зголемила домашната потрошувачка, потоа поголеми складишни или заеднички преработувачки капацитети и др.

**Интервенции на пазарите со земјоделски производи**

*... интервенции на пазарот на пченица*

Интервенциите на пазарите ќе се спроведуваат само во услови на пројавени сериозни пазарни нарушувања, а заради обезбедување на стабилност на доходот на земјоделските производители. Во таа насока за потребите на стоковите резерви, **под услови и постапка пропишани со Законот за земјоделство и рурален развој ќе се врши интервентен откуп на пченица**, а во следниот период за стабилизацијата пазарот на житни култури на располагање ќе биде и инструментот поддршка за складирање по пониска цена за складирање или покривање на трошоците за складирање на одделни земјоделски производи во државните складишта и приватно складиштење.

*... интервенции на пазарот на свинско месо*

Мерки на интервенција на пазарот во дефинирани услови на вишок на домашно производство кое може да предизвика сериозен пад на цената со последици на структурата на подсекторот, ќе се уредат за пазарот на свинско месо. Интервенцијата на отстранување на месото од пазарот ќе се извршува во насока на **негова преработка или складирање со вклучена законска можност за обезбедување на финансиска надокнада** за покривање на разликата помеѓу пониската увозна цена на месото кое доаѓа од увоз и повисоката цена на домашно произведеното свежо месо[49]. Мерката за интервенција на пазарот законски ќе се

[49] Во просек разликата по кг жива мера помеѓу македонската цена и увозната цена е 0,28 €

уреди, и во вид на финансиска поддршка за компензација на разликата во увозните и домашните цени на свежо свинско месо и поддршка за складирање, ќе се имплементира во дефинирани ситуации на нарушување на пазарот предизвикан од вишок на домашно производство согласно информациите од одборот за пазарот на свинско месо.

Преку државното предфинансирање на инвестициите од заедничко подсекторско значење ќе биде овозможен по пројавен интерес од деловните субјекти да се овозможи инвестирање во линија за соодветна обработка и расекување на свинските полутинки по примерот на обработката и начинот на расекување на свинските полутинки во ЕУ наменети за индустриска преработка. Ваквиот капацитет ќе овозможи свинските трупови да се обработат на начин на кој ќе може да претставуваат суровина за месо-преработувачката индустрија компатибилна со формата на увозните полутки од ЕУ. Ова директно ќе влијае и на зголемување на конкрентноста на производот за негов пласман надвор од границите на државата, и на тој начин намалување на сезонските вишоци.

*... интервенции за отстранување на вишокот на јајца од пазарот*

За истите цели на одржување на стабилност на продажната цена, со изградба на капацитет за преработка на јајцата во течни јајчани производи ќе се создадат услови за интервенција од страна на подсекторот за третирање на вишокот на јајца кој се јавува секоја година во периодот на доцната пролет и почетокот на летото, како последица на намалената побарувачка за јајца во периодот по Велигденските празници и зголемување на температурите. Овој вишок резултира со пад на цената на јајцата од најмалку еден денар по јајце.

*... можни интервенции кај грозјето, свежото овошје и зеленчук, и млекото и млечни производи*

Во услови на зголемена понуда на пазарот над реалната побарувачка на винско грозје ќе се воведе и **мерката за зелена резидба на лозовите насади и дополнителна условна финансиска подршка за винарските визби за стимулирање на откупот** на винското грозје. Поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук, и млеко и млечни производи во проценета состојба на зголемена понуда на пазарите, може да се поддржи преку организација на **откупот, пакување и дистрибуција на откупените производи за подобрување на квалитетот на исхраната** на одредени категории лица вклучени во државниот образовен, здравствен и социјален систем.

*... посебни мерки на заштита на пазарот*

При опасност од сериозни нарушувања на пазарот со земјоделски производи, кои можат да ги загрозат целите на националната земјоделска политика, Владата може да воведе посебни мерки за заштита на пазарот во период додека не помине нарушувањето или опасноста од нарушување на пазарот, и тоа како: пропишување на **дополнителни увозни давачки над минимална цена на граница и врзување на количини на увоз на одредени**

**земјоделски производи со откупот** на земјоделски производи произведени во Република Македонија.

Во услови кога и покрај воведените мерки на стабилизација и заштита на пазарите не е обезбедено минималното ниво на приходи на земјоделските производители, ќе се обезбеди **државна помош во форма на дополнително зголемени директни плаќања** на веќе постоечките мерки во однос на претходно планираниот износ, или воведување на нови мерки на поддршка.

Дополнително за интервенции на сериозни кризи на непредвиден вишок на земјоделските производи во одредени временски периоди во текот на годината, а кои може да бидат преработени како што е сурово млеко или винското грозје, ќе се уреди инструмент за регулирање на вишокот, преку организирање на откуп на производите и нивна преработка во тврди или полутврди сирења и вино, и **дистрибуција за потребите на институциите на државна и јавна администрација**.

**Подобрени информации за пазарите на земјоделски производи**

Подобрувањето на информациите од пазарите на земјоделските производи треба да ја подобри позицијата на производителите на пазарот преку донесување на правилни одлуки во купопродажните активности, но и во донесувањето на одлуки поврзани со надминување на пореметувањата на пазарите и воопшто планирање на производството. Во таа насока ќе се спроведат активности за обезбедувањето на информациите од пазарите на земјоделски производи, подобрување на нивниот квалитет и релевантност и олесната достапност за корисниците од секторот.

*... следење на пазарите од страна на пазарните одбори*

Пазарните одбори на подсекторско ниво ќе вршат редовно мониторирање и прибирање на податоците за влезните параметри (цени на инпути), цени на производство и цени на продажба согласно динамиката утврдена во Законот за квалитет и другите законски одредби. Размената на податоците меѓу учесниците во секторот ќе овозможи усогласување на информациите за пазарните цени и намалување на амплитудите во движењето на откупните цени на производите. Прибраните информации ќе бидат валидна основа за следење на состојбата и воведување на мерки за надминување на пореметувањата на пазарот настанати поради зголемените цени на инпутите (јачмен, пченка, соја) или увозот на соодветните производи, кои следствено влијаат на пораст на производната цена или драстичен пад на пазарните цени и со тоа генерираат загуби во производството.

Во таа насока пазарните одбори ќе имаат воспоставено подсекторски комуникациско-информативен систем кој ќе ги поврзува сите регистрирани оператори со живи свињи за колење, свински полутинки и свинско месо, како и производителите на јајца и бројлерско месо и соодветните кланични капацитети во земјата, односно примарните производители, откупувачите на сурово млеко и преработувачката млечна индустрија со информативниот систем на ЗПИС.

*... тековна функционалност и подобрена достапност на ЗПИС податоците*

Обезбедена функционалност и континуирана достапност до податоците на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) останува цел и во следниот период. Во системот се доставуваат податоци од сите репрезентативни пазари на земјоделски производи од пазарите на мало, на големо за овошје и зеленчук и жив добиток, како и од претпријатијата откупувачи на земјоделски производи од сите земјоделски гранки. Софтверската апликација за електронско он-лине внесување на податоците директно од страна на репортерите, складирање и обработка на податоците и пласирање на податоците на веб страната на ЗПИС - www.zpis.gov.mk ќе се прилагоди за овозможување на директен и брз веб пристап до пазарни податоците на корисниците. **Достапноста на податоците и зголемување на фрекфенцијата на објавување** особено во периодите на сезонски пикови и брзи промени, како и обезбедување на анализи и информации за предвидувања на трендовите од веродостојни светски извори ќе биде подобрено во следниот период. Дистрибуцијата на новите податоци ќе се врши на адресите на сите членови на земјоделските стопанства евидентирани во ЕРЗС.

Во следниот период системот треба да ја вклучи класификацијата на производите согласно новите стандарди за квалитет на земјоделските производи усогласени со ЕУ регулативите[50], но реалната промена на податоците ќе биде реализирана со имплементација на стандардите од страна на пазарните субјекти.

За подсекторите како што е живинарството и млекарството каде постои прибирање на податоците од страна на надлежна државна институција, ќе се уреди начинот на превземање на податоците доколку истите се совпаѓаат со методологијата пропишана според Законот за квалитет. Дополнително, размена на податоците ќе се уреди и со новоформираните пазарни одбори кои имаат улога за следење на состојбите на пазарите и прибирање на релевантни податоци за цените и тргуваните количини.

Податоците ќе претставуваат основа за **подготовка на детален месечен билтен на ЗПИС на понудата и побарувачката на производите** за кои се води политика на интервенции на пазарите (свежо свинско месо и јајца) и за останатите стратешки важни производи особено за актуелните со тековниот период, со соодветна стручна проценка за трендот во следниот период. Систематизираните податоци од месечниот билтен ќе се дистрибуираат до вклучените субјекти на пазарите и на веб порталот на ЗПИС. Месечните извештаи ќе бидат сублимирани со годишни прегледи за движење на понудата и побарувачката на земјоделските производи.

## 2.5 Воведување на повисоки стандарди за квалитет и заштита на квалитетот на земјоделските производи

**Воведување на пазарни стандарди за квалитет**

[50] Преточени во измени на Правилникот за ЗПИС (Сл. Весник на Р.М бр.59/2011)

Покрај основните минимални стандарди за квалитет на земјоделските производи на европскиот пазар најчесто постојат и дополнителни повисоки стандарди кои треба да ги исполнат производителите особено кога се работи за свежото овошје и зеленчук. Покрај неможноста за обезбедување на поголеми количини на производи во текот на цела година, токму овие стандарди често се причината за неможноста за влез на нашите производи на пребирливиот европски пазар, особено во доминантниот канал на маркетинг – големите пазарни ланци[51].

Заради поттикнување на домашните производите, пред се тие на свеж зеленчук и овошје, за воведување на повисоки стандарди за квалитет, и во следниот период ќе се продолжи со спроведување на мерки на поддршка за производителите. Поддршката ќе биде обезбедена за **покривање на трошоците за сертификација и анализи за производителите** кои воведуваат системи и стандарди за квалитет ГЛОБАЛГАП, додека производителите кои веќе го имаат воведено стандардот, ќе добиваат дополнителни 20% повисока субвенција од основните плаќања.

**Заштита на квалитетот на земјоделските производи**

Дополнителна додадена вредност на земјоделските производи на пазарот ќе биде обезбедена со заштита на квалитетот на земјоделските производи преку примена на ознаката за потекло, географска ознака и ознаката за гарантиран традиционален специјалитет согласно одредбите од Законот за квалитет на земјоделски производи. Производите кои се истакнуваат со своите посебности во делот на квалитетот како резултат на влијание на посебни природни или човечки фактори на одредено географско подрачје и чие производство, преработка и/или подготовка се одвива на традиционален начин ќе бидат поддржани во процесот на заштита на тие особености.

*... заокружување на институционалниот и правен систем*

Во првата половина на 2016 година, МЗШВ како надлежна иституција треба **целосно да го заокружи институционалниот и правен систем за соодветно спроведување на заштитата на квалитетот** на земојделските производи. Одделението за заштита на квалитетот на земјоделските производи треба да има доволен број на обучени вработени додека постапките за заштита на квалитетот да се спроведуваат редовно согласно закон и интерните процедури.

*... финансиска поддршка за заштита на квалитетот*

Континуирано ќе се обезбедува и поддршка за **кофинансирање на трошоците за упис во регистарот на корисници на заштитени ознаки, трошоците за лабораториска анализа, контрола и сертификација** за заштитени

[51] Најважното барање на трговците на мало од ЕУ се однесува на заострените стандарди за квалитет и безбедност на производите, базирани на Добрата земјоделска пракса. Најшироко имплементиран сертификат е GLOBAL GAP. Најголем број купувачи од ЕУ инсистираат на овој сертификат како предуслов за склучување договор. Покрај обезбедувањето квалитет, стандардот GLOBAL GAP ги покрива и социјалните и еколошките аспекти. Други системи на управување на кои купувачите инсистираат се HACCP и BRC. За разлика од законските услови, овие барања се разликуваат од земја до земја, со повисоки барања во земјите на северна Европа, особено во однос на нивото на резидуи од пестициди.

ознаки од страна на овластените верификациски тела. Во делот на користењето на заштитената ознака ќе биде обезбедена дополнителна финансиска поддршка по единица производ употребен како суровина за производи со заштитен географски назив, а поддршка ќе се обезбеди и за етикетирање и обележување на производите со заштитена ознака.

*... популаризација на заштитата на квалитетот*

Поддршката особено ќе биде насочена и кон популаризација на заштитата на производите за активности спроведени од страна на поорганизирани локални здруженија на производители, а ќе се реализира и **национална кампања за промоција на процесот на заштита** на земјоделските и прехранбени производи наменета за производителите и **кампања за потрошувачите за популаризирање на веќе заштитените производи**.

И покрај тоа што заштитата на земјоделските производи е прашање на иницијатива на земјоделските производители особено организирани на територијална основа или тип на производство, заради обезбедување на поголема додадена вредност на производот на надворешните пазари и промоција на нови европски пазари надвор од постоечките, од страна на МЗШВ ќе бидат спроведени активности за **промоција и заштита на географското потекло на дел од најзначајните македонски производи со веќе препознаен извозен потенцијал** како што е македонското јагне.

*- заштитата на геогафското потекло на виното*

Заштитата на геогафското потекло е особено важен дел од подобрување на пазарната позиција на виното. Регистрацијата на вината со заштитен географски назив (ВКГП) придонесува за најмалку 10-20% зголемување на вредноста на виното и истовремено олеснување на пласманот на пазарот, што ќе обезбеди позитивни ефекти на производителите на вино, лозаропроизводителите и државата во целина. Заради целосно усогласување со правилата и постапките кои се применуваат на ниво на ЕУ[52], националната правна рамка која го уредува **начинот и постапките за производство и означување на вино со географски назив** (особено кај вината со контролирано и гарантирано потекло - ВКГП) ќе се доусогласи преку соодветни измени на законот и подзаконските акти. На ваков начин вината со заштитен географски назив ќе бидат прифатени од страна на ЕУ и заштитени од злоупотреба на ниво на ЕУ, а со тоа ќе се подобри и цената и пласманот на најзначајниот пазар за македонското вино.

По усогласувањето на правната рамка за заштита на географски назив на виното и воспоставувањето на новиот систем за заштита, постапките кои ќе се применуваат за заштита на ВКГП вина ќе бидат во голема мерка посложени и поскапи од истите кои се применуваат во моментов, заради што ќе се **обезбедат мерки за финансиска поддршка за стимулирање на корисници на заштитен географски назив (ВКГП вина)** и компензација на производни трошоци за: подготовка на елаборат за ВКГП вино, за контрола и сертификација на

[52] 32013R1308, 32011R0670, 32011R0538, 32009R0607

производство на ВКГП вино, за запишување во меѓународен регистар на заштитен географски назив.

**Подобрување на квалитетот на останатите земјоделски производи**

Во насока на подобрување на квалитетот на медот, во периодот 2015-2017 година **ќе се изработи катастар на пчелна паша**. Изработката на катастарот ќе ги вклучува следниве активности: одредување на точните локации, испитување на капцитетите на медење за одредување на оптималниот број на пчелни семејства кои можат да се селат на одредена локација, воспоставување на прогноза на медење и др. Врз основа на катастарот, Сојузот на пчеларски здруженија во соработка со локалните пчеларски здруженија може да започне со воспоставување ред за испаша за рационално користење на пашата. За добиениот мед од локациите одредени за селидбено пчеларење кој пчеларите сакаат да го предадат во преработувачки капацитети, предходно треба да обезбедат сертификат за потекло кој ќе го издава институцијата која ќе биде надлежна за спроведување на анализа. Ќе се поддржат и анализите за утврдување на ботаничкото потекло на медот. Покрај ова, активностите во делот апикултурата ќе вклучат и чекори за усогласување на мерките на политиката со европските и подготовка на Национална програма за пчеларство.

Во делот на **традиционалните млечни производи ќе се овозможи анализирање, теренско скенирање и систематско снимање** на условите и начинот на нивното производство и документирање на податоците со цел изработка на регистар на автохтоните млечни производи и унифицирање на практиките за нивно користење и имплементирање како национална посебност. Заштитата на квалитетот согласно Законот за квалитет на земјоделски производи ќе биде поддржана со предвидената финансиска подршка за изработка на елаборати, за заштита на географската ознака и промоција на дел од најзначајните македонски традиционални млечни производи.

## 2.6 Промоција на македонските земјоделско-прехранбени производи

Македонскиот извоз на земјоделско-прехранбени производи е недоволно диверсифициран по тип на производи и пазарни дестинации додека потрошувачката на земоделските производи од домашно потекло кај поголем дел од производите (освен зеленчук и овошје) е ниска. Извозот е претежно фокусиран на свежи производи без додадена вредност или производи со пониско ниво на преработка (како наливното вино кое доминира во извозот со над 80% од целата количина на извезено вино).

Промената на неповолната структура на извозот од аспект на производство и трговија на повеќе различни производи е прашање на постепена промена на производните пракси, зголемени инвестиции во земјоделското производство и

преработките за модернизација и диверсификација на производниот процес и прилагодување кон барањата на потрошувачите. Ваквиот процес е започнат и тој треба да се интензивира во следниот период со поддршка на политиките предвидени во стратегијата. Од друга страна лимитираноста на мал број на извозни дестинации, го прави извозот на земјоделски производи ранлив на негативните движења на овие пазари. Поради тоа во следниот период приоритена цел во делот на надворешно-трговската размена со земјоделско-прехранбени производи е **диверзификацијата на извозните дестинации, со паралелно зголемување на домашната потрошувачка на земјоделски производи од домашно потекло**.

Со цел зголемување на бројот и квалитетот на извозните дестинации на македонско-прехранбените производи, во следниот период ќе се продолжи со започнатата национална промоција на македонските производи на нови или недоволно застапени и алтернативни пазари. Недоволната национална потрошувачка ќе се поттикнува со спроведување на домашни маркетиншки кампањи за дефинирани производи.

**Национална промоција на македонските производи на нови или недоволно застапени и алтернативни пазари**

Индивидуалното презентирање на македонските производители на нови или недоволно застапени пазари има лимитиран поединечен ефект. За зголемување на присаството на овие пазари е неопходна национална презентација на производството од Република Македонија како земја производител на квалитетни и вкусни земјоделски производи. Пазарите на кои е недоволно присуството на македонски производи, а кои имаат огромен потенцијал за абсорбција и/или претставуваат брзорастечки пазари[53] се пазарите на поранешните земји на советскиот сојуз пред се Русија, Кина, дел од земјите на ЕУ и САД и земјите на Блискиот Исток.

Главната цел на политиката е обезбедување на поорганизиран настап на најизвезуваните македонски земјоделски производи - квалитетното македонско вино и свежиот и преработен зеленчук и овошје на пазарите на кои истото не е недоволно промовирано. Специфичните цели на промоцијата се „зголемување на перцепцијата на странските пазари за Република Македонија како винска земја и земја која произведува вкусни и здрави градинарски и овошни производи“. Промоцијата ќе биде во насока кон потенцирање на квалитетот и традицијата на земјоделското производство од Македонија. Ова е од особена важност за промовирање на Македонија како винска земја бидејќи земјата како таква не е доволно препознаена надвор од традиционалните пазари што го отежнува извозот и ја намалува конкурентската способност на извозните компании.

Промоцијата ќе се спроведува преку присаство на една до две реномирани саемски манифестации на таргетираните пазари преку покривање на трошоците од страна на државата за закуп на саемски простор и изработка на заеднички

[53] Поради следниве фактори: големиот број на потрошувачите, постојаното зголемување на куповната моќ на населението и зголемениот интерес за дефинираните земјоделско-прехрамбени производи и прикажната резистентност на овие економии на влијанието на светската економска криза.

национален павилон со тематски штандови и подготовка на промотивни материјали и активности за националното презентирање. При дефинирањето на конкретните земји и манифестации на годишно ниво во предвид ќе се земат интересите и преференциите на националните здруженија на производители и извозници кои се препознаени економски партнери, евидентирани во регистерот на во МЗШВ, мешовитите стопански комори и сугестиите на конзуларно-дипломатските претставништва на Република Македонија и економските промотори во наведените земји. Ваквиот начин на реализација на националното презентирање на извозното земјоделско производство придонесува паралелно и кон хоризонтално зајакнување на интегритетот на националните асоцијации на компании кои настапуваат заеднички.

Националната промоција на предвидените пазари ќе се спроведува со однапред дефинирана униформна препознатливост која треба да ја преставува Република Македонија како винска земја (“Вина од Македонија“), односно земја на квалитетот на градинарските производи и овошјето. Во таа насока ќе бидат осмислени визуелни симболи, видео клип и маркетинг концепт на кој ќе се базира настапот на странските пазари, а кој ќе треба да се разликува по извозни дестинации и земјоделски производи.

Организацијата на националното презентирање на земјоделските производи ќе биде искористено и за туристичка и културна промоција на Република Македонија.

Поддршката за национална промоција на македонските земјоделско-прехранбени производи по потреба може да се однесува и на традиционалните пазари заради зацврстување и проширување на пазарното учество.

**Други активности за зголемување на извозот**

Како дел од процесот на идентификација на потенцијалните пазари и осмислување на пристапот на тие пазари, ќе се овозможи поддршка за **спроведување на студии за истражување на нови и алтернативни потенцијални пазари за пласман на македонските земјоделски производи** иницирани и спроведени од страна на национални здруженија на производители и извезувачи на земјоделски производи од Република Македонија. Студиите ќе вклучат обезбедување на информации за потенцијалите на овие пазари и дефинирање на потребниот пристап за зголемување на присаството на македонските производи на овие пазари од аспект на бараните стандарди за квалитетот, сортиментот, постбербените третмани и другите специфични барања на потрошувачите. Студиите ќе се однесуваат на македонското вино, зеленчук и овошје и преработки од зеленчук и овошје. Студиите може да се однесуваат и на истражување на маркетинг аспекти кои се потребни за задржување и унапредување на постојната застапеност на нашите земјоделско-прехранбени производи на традиционалните пазари во Југоисточна Европа.

Заради подобрување на имиџот и препознатливоста на Република Македонија како винска земја, со што следствено би се зголемила извозот на вино и бројот на странски туристи во винските области, потребно е поголемо присуство и зголемен број на статии за Република Македонија во реномирани меѓународни

списанија. Од тие причини ќе се обезбеди техничка поддршка за **кофинансирање на посета на реномирани странски новинари/критичари на државата** и областите во кои е најзастапено лозарското производство и производството на вино и за подготовка и финансирање на статии за винарството во РМ во реномирани светски списанија (Harpers, Decanter, Wine Spectator, Weinwirtschaft, Weinwel).

Диверсификација на извозот на македонското вино на недоволно застапенити а перспективни пазари ќе се поттикне и преку **унапредување на веќе склучените трговски аранжмани** со покренување на иницијативи за подобрување на условите за увоз на македонското вино на тие пазари - ЕФТА Договорот (односно билатералните договори со четирите земји: Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија), билатералниот договор со Швајцарија и подобрување на аранжманот за извоз на вино со Турција. Обезбедувањето на поповолна регулација на извозот на македонското вино на овие пазари, ќе оди паралелно со позасилени мерки на национална промоција на виното на овие пазари.

Развивањето на соодветна препознатливост на производите на индивидуалните производители ќе биде поддржана преку **кофинансирање на дел од трошоците за брендирана и современа амбалажа** која има повисока цена, а е услов за пласирање на производите на попребирливите пазари, особено на тие на ЕУ. Ваквата поддршка покрај за производителите на вино во следниот период **ќе биде обезбедена и за производителите на градинарски производи** кои имаат развоен концепт во пласманот на нивните производи. Поддршката ќе се однесува на покривање на трошоците за пософистицирана амбалажа и истата ќе биде разграничена по категории во зависност од квалитетот на амбалажата.

**Маркетинг кампањи за зголемување на потрошувачката на македонски производи од домашниот пазар**

За зголемување на потрошувачка на македонски производи на домашниот пазар ќе се спроведуваат маркетинг кампањи реализирани преку поддршка на националните асоцијации на производители. Кампањите ќе бидат насочени кон **промовирање на посебноста и квалитетот на македонските производи и за бенефитите од купување на производи од домашно потекло**, пред се влијанието на зголеменото производство, вработувања и развој на руралните средини. Промоцијата особено ќе се однесува на производи со знак за квалитет за означување на ознака за потекло, географска ознака, традиционален специјалитет.

Кампањите ќе се спроведуваат на предлог од признати национални економски партнери по предложена програма, која ќе опфаќа активности за осмислување и спроведување на кампањата за воведување на национален знак за домашен квалитет и подршка во спроведување на маркетиншка кампања за купување на домашни производи.

Во таа насока **ќе се уреди и посебноста во декларирањето на производството од домашно потекло во однос на тоа од увоз**. Посебна категорија за одбележување ќе бидат свежите домашни производи (млеко, свинско и бројлерско месо), но и прехрамбените производи кои се добиени со преработка на суровина од домашно потекло. Во националната промоција за популаризација

на домашното производство и заштита на потрошувачите од заблуда, како партнери ќе бидат вклучени здруженијата на потрошувачите во државата со кои заедно ќе се осмислат активности за едукација на потрошувачите.

Зголемувањето на домашната потрошувачка е особено важна за виното, бидејќи зголемената домашна потрошувачка е можна само преку ширење на културата на виното и **запознавање на потрошувачите со придобивките од умерена консумација на вино**, особено за корисните состојки што ги содржат одредени вина[54]. Кампањата би се спровела во временски период од две години во 2015 и 2017 година, а доколку истата има позитивен ефект може да се предвиди како редовна мерка во следниот стратешки период.

Промоцијата на квалитетот на домашните производи ќе биде популаризирана и преку **национални настани организирани за дадени производи од ревијален и натпреварувачки карактер** на кои ќе се презентираат најдобрите достигнувања во конкретниот подсектор.

Популаризацијата на квалитетните македонски земјоделско-прехранбени производи и зголемување на нивната продажба, ќе биде поттикната и со отворање на **специјализирани продавници за квалитетни македонски земјоделски производи** како што се преработки од овошје и зеленчук, млечни и месни преработки и вино, поддржани од програмите за поддршка.

**Подобрувањето на маркетингот на органските земјоделски производи**, нивна потрошувачка на домашниот пазар и промоција на извозот се клучните прашања за обезбедување на одржливост на самото органско производство како такво, поради што во следниот период во овој сегмент ќе биде приоритет на поддршката за органското производство во целина.

# 3 Подобрување на условите за живот и одвивање на економските активности во руралните средини

Руралното население, особено населението кое живее во подрачјата со ограничени можности за производство, се карактеризира со висока старосна и ниска образовна структура, невработеност и поголемо ниво на сиромаштија и засилена миграција. Земјоделството како главна економска активност за поголем дел од руралното население, поради ограничените капацитети не секогаш обезбедува доволно и соодветно ниво на приходи, а инфраструктурните условите за негово делување се несоодветни.

**Развојот на руралните средини преку функционирање на одржливи рурални заедници е еден од клучните приоритети** на националната политика за развој на земјоделството и руралните средини. Постигнувањето на оваа цел зависи од

[54] Како на пример, росфератролот во вината од сортата „вранец“ или кафтарната киселина која е присутна во некои од белите вина.

**обезбедување на подобрени услови за живот кои се поврзани пред се со постоењето на солидна јавна инфраструктура во и вон населените места и обезбедување на приходи** на руралните домаќинства од вршење на економските активности во самите рурални средини, во прв ред од земјоделството, кои се доволни за задоволување на потребите на членовите, и истите се на приближно ниво со приходите на населението во урбаните средини. Дополнително големо влијание на одржливоста на развојот на рурланите заедници има и решената социјална сигурност на населението.

Покрај **подобрувањето на урбаната инфраструктура,** фокусот на интервенциите на политиките ќе биде поставен пред се во **обновување и изградба на економската и транспортна инфраструктура** која има влијание на развојот на економските активности. Тука во прв ред секако е **инвестирање во наводнувањето како предуслов за земјоделските активности** во најголем дел од државата. Планирањето на новите капитални инвестиции ќе се обезбеди преку подготовка на десетгодишен „План за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015-2025 година", а управувањето со постојната и новата инфратруктура ќе се подобрува преку суштински реформи за промена на постојниот институционален концепт, особено преку формирање на АД во државна сопственост „Водостопанство на Република Македонија". Во стратешкиот период е предвидено алоцирање на околу 120 милиони евра за изградба или проширување на системите за наводнување. На подолг рок, до 2025 година, преку реализацијата на инвестициите предвидени со планот постоечките површини треба да се прошират на нови 24.350 ха. Всушност за реализација на инвестициите во инфраструктурата на руралните средини ќе бидат издвоени најголемиот дел од дополнително зголемените средства за финансиска поддршка во земјоделството и руралните средини во следниот период.

Независно дали е основна дејност за руралното население или дејност преку која се остварува производство за сопствени потреби или дополнителни приходи, земјоделството останува најзначајната економска активност на руралното население. Од таа причина и во периодот до 2020 година, **преку директните плаќања ќе продолжи со поддршката на одржливоста на земјоделските активности и дополнување на приходите на земјоделските стопанства остварени од земјоделска дејност**. Покрај земјоделството ќе се поддржува и започнувањето на други неземјоделски активности кои може да се извршуваат во руралните средини преку кофинансирање на почетните инвестиции.

Сигурноста на руралното население кое се занимава со земјоделска дејност покрај преку обезбедувањето на прифатливо ниво на приходи ќе се зајакнува и преку обезбедување на **социјални поволности во вид на задолжително социјално осигурување под преференцијални услови** во однос на осигурениците од другите дејности.

**Посебен третман на политиките ќе биде обезбеден за руралните средини во ридско-планинските подрачја и подрачјата со неповолни услови за производство**, како и на целосно депопуларизираните подрачја во насока на повторно започнување на економски активности во тие средини и валоризација на запоставените природни ресурси.

Зајакнувањето на партиципативниот пристап, идентификацијата на потребите на локалните заедници, дизајнирањето на соодветни мерки во стратегии за локален

развој на рурални средини и нивното спроведување, ќе се канализира преку **воспоставување на локални акциски групи** (ЛАГ) од членови на локалната самоуправа, бизнис и невладиниот сектор и подготовка на нивни плански документи во интерес на заедницата.

Оттука, остварувањето на одржливоста на руралните средини може да се постигне само преку спроведување на низа меѓусебно поврзани комплементарни постапки и политики со кои ќе се овозможи:

- обезбедена одржливост на економските активности во руралните средини,
- реновирање и изградба на руралната инфраструктура,
- подобрена социјална сигурност на руралното население, и
- заживување на депопулационите рурални подрачја.

## 3.1 Обезбедена одржливост на економските активности во руралните средини

Одржливоста на економските активности во руралните средини има директно и најголемо значење за одржливоста и развојот на руралните средини воопшто. Атрактивноста на земјоделството како традиционална економска дејност со најдобра достапност за руралното населението, ќе се оддржува со обезбедената континуирана поддршка во вид на директни плаќања кои продолжуваат во следниот период, за надополнување на споредбено помалиот земјоделски приход во однос на приходите од останатите дејности.

Покрај земјоделските дејности големо значење за одржливоста на економските активности во руралните средини се повеќе завземаат другите, неземјоделски економски активности, кои може да генерираат дополнителни приходи кон приходите од земјоделска дејност, или да претставуваат основно занимање за руралното население. Во таа насока ќе бидат поддржани активностите на руралното население за диверсификација на нивните економски активности.

Обезбедувањето на услови за вршење на економските земјоделски и незнемјоделски активности во руралните средини подразбира потреба од достапност на капитал и работна сила и поддршка за проектите од страна на пошироката рурална заедница. Поради спецификата на извршување на условите на дејностите во руралните средини нивната одржливост ќе се обезбедува и преку бенифицирана даночна политика.

**Директни плаќања за земјоделското производство**

*... продолжување на директните плаќања на исто ниво на издвојувања*

Директните плаќања како поддршка на приходот од земјоделска дејност по површина, грло или единица производ и во следниот период **продолжуваат да претставуваат значителен стимул кон одржливоста на земјоделската дејност**. Дополнувањето на приходот на земјоделските стопанства преку директните плаќања во голема мерка ја одредува исплатливоста на земјоделската дејност кај најголем дел од подсекторите и претставува елемент на одлука за занимавање со земјоделството. И во периодот до 2020 година алокацијата на средствата за директните плаќања ќе останат да бидат со најголемо учество во вкупно алоцираните средства во делот на политиките во земјоделството и руралниот развој, но нивното релативно учество ќе се намалува пред се како резултат на зголемување на издвојувањата за политиките за рурален развој, и тоа од 87% во 2013 година на 65% во 2020 година. Како резултат на веќе постигнатото оптимално ниво на поддршка на приходот на земјоделците преку директните плаќања, висината на износот на финансиската поддршка за поединечните мерки на директни плаќања за следниот период кај најголем дел од земјоделските производи ќе се задржи на оствареното ниво на поддршка за 2013 година.

*... структура на директните плаќања*

Директната поддршка во **најголем дел ќе биде насочена кон подсектори кои произведуваат производи со компаративни предности** преку кои повеќе ќе се влијае на поттикнување на позасилен развој и раст на земјоделството во целина. Така, со доминантен износ од 60% од финансиските средства за директните плаќања ќе се поддржи производството на конкурентните и извозно ориентирани земјоделски производи како што се: зеленчук, овошје, производството на тутун, овчарството и козарството, производството на грозје и вино, оризот, органско производство, пчеларство и воведувањето на стандарди за квалитет. Со цел искористување на вкупниот потенцијал за развој на овие производи преку дополнителни директни плаќања за овие производи ќе се влијае на зајакнување на договорните и други аспекти на вертикална интеграција.

Од друга страна поради сигурност во обезбедувањето на основните прехрамбени производи за населението во Република Македонија, социјалната стабилност на руралното население и влијанието на одржување и развој на руралните средини, **останува стратешката определба за поддршка на помалку конкрентните, но значајни земјоделски производи**. Житните култури, кравјото млеко и поголемиот број на индустриски производи кои без државна поддршка значително би го намалиле обемот на нивното производство, ќе се поддржуваат со цел оддржување на нивното оптимално ниво на производство во дадените услови. Преку модификација на мерките и дополнителната финансиска поддршка за овие производи ќе се стимулира зголемувањето на нивната продуктивност и квалитет и насочување на одгледувањето на овие култури од страна на оние стопанства кои можат да обезбедуваат задоволително ниво на профитабилност.

*... условеност на директните плаќања со исполнување на стандардите на вкрстена сообразност*

Стратешка цел во директните плаќања претставува понатамошното проширување на обемот на опфат на задолжителното исполнување на

стандардите на вкрстена сообразност, односно минималните барања за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина како услов за стекнување со правото за финансиска поддршка во следниот период. Барањата со кои се условени плаќањата ќе се однесуваат на извршување на дејноста со примена на правилни земјоделски практики кои ја заштитуваат животната средина, обезбедуваат безбедност на храната и благосостојба на животните. Проширувањето на барањата ќе биде во зависност со остварените услови на администрација и контрола и од степенот на подготвеност за исполнување на тие услови од страна на земјоделците. До крајот на планирачкиот период, најмалку 75% од износот на исплатената финансиска поддршка ќе биде условно поврзана со обезбедување на бараните основни и добри земјоделски пракси.

*... процентуално намалување на плаќањата со големината на капацитетите*

Заради обезбедување на **принципот на правична распределба на средствата и неконцетрирање на средствата** за финансиска поддршка кај мал број на големи земјоделски стопанства и во следниот период ќе продолжи примената на процентуално намалување на износот на висината на директните плаќања по единица површина, грло добиток или количина откупен производ прогресивно со зголемување на пријавените капацитети. Овој принцип ќе биде проширен и на останатите мерки на директни плаќања каде што сега не се применува. Нивото на овие ограничувања е над капацитетите на стопанствата кои се определени како целна категорија од страна на политиката.

Исклучок од редукцијата на плаќањата остануваат земјоделските подсектори кои се реализираат во подрачја со отежнати услови за производство и се од значење за овој тип на одржливоста на руралните средини поради недостатокот од алтернативи за други вработувања. Истите како резултат на условите на вршење на дејноста имаат тенденција на напуштање на дејноста. Вакви подсектори се овчарството, козарството и слободниот систем на производство на говедско месо.

*... основни и дополнителни плаќања*

Концептот на директни плаќања го задржува досегашниот пристап на имплементација на политиката на директни плаќања со **кумулација на поддршката по вертикална основа** независно од политиката на која тие директни плаќања припаѓаат (пазарно-ценовна поддршка, рурален развој или државна помош), **со почетна основа која ја сочинуваат т.н. основните директни плаќања**. Основните директни плаќања се состојат од директни плаќања по производен капацитет (плаќање по обработена земјоделска површина и грло добиток) и директни плаќања по произведена количина земјоделски производи (премии). Тенденцијата на основните плаќања по површина како најзастапена форма на директни плаќања е дефинирање на унифициран износ на директна поддршка за поголеми групи на култури на ниво на подсектор во насока на постигнување на поддршка која до моментот на пристапувањето во ЕУ е изедначена по единица површина и е неповрзана со типот на производство.

**Дополнителните директни плаќања** се шеми на директни плаќања кои се надополнување на износот на основните плаќања како процент од истите, или

апсолутен износ на средства и други производни или непроизводно поврзани директни плаќања. Согласно припадноста по политиките, дополнителните плаќања може да се мерки од политиките на директни плаќања, политиките на рурален развој и мерки на државна помош во земјоделството. Овие плаќања покрај улогата на поддршка на приходот, всушност се доделуваат заради постигнување на одредени конкретни цели на земјоделската политика и насочување на производителите кон: производство на одреден тип на култури, зголемување на продуктивноста во производството, унапредување на вертикалната интеграција и поголема додадена вредност, примена на стандарди за квалитет на производите, непланирана интервенција за надминување на одредени итни ситуации, итн.

*... календар за субвенции*

Директните плаќања ќе се исплаќаат согласно однапред дефиниран „Календар за субвенции“ со определена стриктна динамика на аплицирање и рокови за исплата на субвенции. Времето на исплата на директните плаќања ќе биде усогласено според потребите на земјоделците за финансирање на земјоделските активности зависно од типот и карактеристиките на земјоделското производство. Промена во динамиката на исплата на директните плаќања во насока на нивно континуирано добивање во текот на годината ќе се обезбеди за производителите на млеко, каде почнувајќи од 2015 година исплата на субвенциите од квартално ниво ќе се одвива на месечно ниво. Промени во таа насока ќе бидат обезбедени и за плаќањата во живинарската индустрија.

*... предвидени промени на директните плаќања во секторот живинарство*

Покрај претходно напоменатите промени во однос на постоечкиот начин и висина на спроведување на директните плаќања во контекст на подобрување на сортната и расна структура и подобрување на квалитетот, во следниот период поголеми промени ќе бидат воведени во директните плаќања во секторот живинарство во насока на комплементарност со напорите кои треба да овозможат промена и подобрување на сегашната незавидна состојба со овој подсектор. Имено, промените во овој подсектор ќе бидат во насока на:

- Замена на финансиската поддршка за колење на амортизираните несилки во кланични капацитети со финансиска поддршка за набавка на јарка вселена во објект за несилки во висина од 50%. Фискалната импликација од мерката е предвидена на 90 милиони денари. Корисниците на поддршката ќе бидат обврзани за доставување на податоци кон Одбор за пазарот на јајца. Заради обезбедување на потребната ликвидност во секторот како предуслов за негово нормално функционирање поради големиот обрт поддршката ќе се исплаќа најмалку квартално.
- Задржување на финансиската поддршка за колење на вгоени бројлери во кланични капацитети до 2016 година, со понатамошно исклучување на поддршката доколку истата не се спроведува преку интеграциони проекти помеѓу кланица и група на одгледувалишта или во рамките на

правен субјект кој спроведува алтернативни системи на одгледување на живина[55].

- Зголемување на финансиската поддршка за произведено еднодневно бројлерско пиле и женско пиле од јајценосен генотип на 5 денари по пиле и воведување на можност поддршката да се реализира како поддршка по јајце наменето за инкубација во висина од 2.5 денари по јајце. Оваа мерка е единствената мерка со директно влијание во развојот на производството на еднодневни пилиња, како неопходна алка во синџирот на живинарството, особено што се однесува на производството на единствениот преостанат репроцентар во државата.

Висината на финансиската поддршка ќе биде разгледана и за дел од градинарските производи.

**Диверсификација на економските активности во руралните средини**

За поголем дел од населението во руралните средини покрај земјоделската дејност големо значење имаат и приходите од останатите неземјоделски дејности. Развојот на нови бизниси од страна на микро и мали компании е важно за подобрување на конкурентноста и креирањето на работни места на руралните економии. Развојот на неземјоделски бизниси и диверзификацијата на руралната економија која сеуште е силно зависна од земјоделска дејност ќе овозможи работни места со подобар квалитет и ќе го зголеми нивото на приходи во руралните области.

Започнување и подобрување на одржливоста на неземјоделските економски активности, но и обезбедување на дополнителни приходи на земјоделските стопанства, ќе се потпомогне со обезбедување на **поддршка за инвестициите за диверсификација на економските активности во руралната економија**. Поддршката ќе биде овозможена преку ИПАРД програмата со продолжување на мерката Мерка 302 - Диверзификација и развој на рурални економски активности од ИПАРД 2007-2013 програмата, и Мерка 3.2 – Диверсификација на земјоделско стопанство и развој на руралните бизниси од ИПАРД програмата во новиот програмски период со почеток од 2015 година.

Во таа насока ќе биде поддржано започнувањето, проширување или модернизација на економските активности на рурален туризам, развој на занаетчиството и други традиционални активности, развој на услужни и рекреативни дејности, производство на обновлива енергија, преработка на земјоделските производи и директен маркетинг на земјоделски производи на самото земјоделско стопанство.

Покрај воведувањето на други економски **активности кои не се директно поврзани со активностите на земјоделското стопанство** како што се давање на услуги на земјоделците (механизација, поправка на земјоделска механизација,

[55] Сегашната финансиска поддршка од 30 денари/бројлер најчесто е предмет на договор за поделба помеѓу фармерот и кланицата со доза на уцена од страна на кланицата. Наместо да го стимулираат зголемувањето на обемот на бројлерско производство со што би се намалиле фиксните трошоци, кланиците одат по лесна и незаконска заработка од субвенциите наменети за одгледувачите со што го дестимулираат одгледувањето на поголем број на бројлери од кои зависат.

итн.), преработка на производи и маркетинг од стопанството, агро-туризам и активности поврзани со него (јавање, рибарење, лов) и производството на обновлива енергија, земјоделските активности кои ќе бидат поддржани со оваа мерка се активности на комплементарно или алтернативно земјоделско прозводство како што се: производството на медицински и зачински билки, украсни билки, печурки, полжави, црви, ноеви, пчеларство, аквакултура, дури и производство на специфични земјоделски производи како био-гориво.

Овие дополнителни активности, особено воспоставувањето на мали преработувачки капацитети на земјоделските стопанства треба да имаат силно влијание и на самото примарно земјоделско производство преку обезедување на сигурен откуп за производите. Изградбата на **мали преработувачки капацитети на земјоделско стопанство** за сушење на овошје и преработка на овошје и самоникнати плодови во џемови, мармелади и природни овошни сокови во состав, или надвор од земјоделското стопанство, може значително да го поттикне регионалното овоштарско производство и собирањето на плодови како исклучително важна активност за генерирање на приходи во ридско-планинските подрачја на државата. Исто така, една од потенцијалните инвестиции е производството на ладно-цедени масла со зачувана хранлива и биолошка вредност на кои во последно време се посветува се поголемо влијание. Подршката за формирање на капацитети за производство на ладно-цедени масла кои би вршеле и откуп на маслодајни семиња, би придонело кон стимулирање на посигурен откуп на маслодајните култури и до зголемен асортиман на растителните масла за конзумирање.

Микро и малите преработувачки капацитети покрај економскиот придонес кон намалување на невработеноста во помалите места и руралните средини и искористување на расположливите ресурси и природен потенцијал ќе имаат и ефекти на промовирање на национален рурален идентитет и култура.

**Бенефицирана даночна политика за земјоделските производители**

Со цел зголемување на конкурентноста на сточарското производство преку намалување на трошоците на сточарите, кланиците и месната преработувачка индустрија, намалување на нелегалната трговија со товен добиток и намалување на увозот на месо за домашните потрошувачи, **данокот на додадена вредност за добиточната храна и живите животни ќе се намали од 18 на 5%**. Намалувањето на ДДВ треба да обезбеди дополнителни средства во билансот на одгледувачките стопанства кои би се намениле за инвестиции и проширување на земјоделските бизниси и истото ќе преставува значаен стимул за развојот и зајакнување на недоволно конкурентното сточарско производство.

Обезбедување на повеќе средства за земјоделците кои може да бидат насочени кон подобрување на земјоделската и другите економски дејности ќе се обезбеди и со спроведување на **бенефицирана политика на оданочување на приходот за земјоделските производители** преку ослободување од плаќањето на персонален данок на доход на приходите од земјоделска дејност во висина до 300.000 денари, и паушално пресметување на данокот од 10% на само 20% од остварените приходи од земјоделска дејност кои се во висина до 1.300.000 денари.

**Достапност на капитал за руралните економски активности - рурално кредитирање и обезбедување на гаранции за руралните кредити**

Развојот на економските активности во земјоделско-прехранбениот сектор, и особено зголеменото инвестирање е директно зависно од расположливоста на факторите за производство и особено од **достапноста на ликвидни средства за реализација на планираните инвестиции и обртен капитал за оперативни активности.**

Обезбедувањето на доволно обртен и основен капитал за поддршка на тековното работење и инвестициите во земјоделското производство, преработката на земјоделски производи и трговијата (откупот и извозот на производите), **ќе продолжи да се реализира преку кредитните линии на поволното рурално кредитирање кои се спроведуваат преку Македонската банка за поддршка на развојот и тоа кредитната линија од Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд/Обновливиот кредитен фонд (ЗКДФ/ОКФ) и кредитната линија за производство, преработки и извоз на земјоделски производи.** Кредитирањето е особено насочено кон малите и средни претпијатија за инвестиции во сите земјоделски подсектори и истото е со поволни годишни каматни стапки кои се движат од 3-5% фиксно годишно, зависно од намената (примарно земјоделско производство, преработувачка индустрија и трговија) и земјоделскиот подсектор. Условите на кредитните линии, особено максималните износи на средства во изминатиот период беа дополнително зголемени за да се пресретнат зголемените потреби за поголеми инвестиции и откуп на земјоделски производи, како и истите да се усогласат со условите за висината на инвестициите кои се пропишани со ИПАРД програмата. Реализацијата на кредитите ќе продолжи да се одвива преку комерцијалните банки, освен за откупот на земјоделските производи (винско грозје, овошје и зеленчук и пченица) за што кредитите со пониска каматна стапка од 3% годишно и зголемени износи се реализираат директно преку МБПР.

Во насока на подобрување на понудата на рурални кредити и исполнување на условите барани од банките поврзани со обезбедувањето на хипотека, во следниот период ќе бидат превземени мерки за воспоставување на **гарантен инструмент во руралното кредитирање под поволни услови поддржан од страна на државата**. Воспоставувањето на ваквиот инструмент треба поволно да се одрази во понатамошното зголемување на инвестициите и абсорбцијата на ИПАРД средствата.

Со цел непречено функционирање на кредитниот инструмент и целосно задоволување на интересот на кредитобарателите кој е во нагорна линија, во следниот период редовно ќе се обезбедуваат потребните финансиски средства за надополнување на револвинг фондот. Во таа насока **Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд ќе биде докапитализиран со дополнителни 10 милиони евра**.

Акцент во обезбедувањето на подобар пристап до финансиски средства за остварување на обртен и основен капитал за инвестиции особено ќе биде ставен во насока на подобрување на оперативноста на задругите.

**Достапност на работна сила за земјоделските активности**

Недостатокот на работна рака во земјоделството се очекува да биде еден од потенцијалните проблеми во следниот развоен период, особено со подобрување на алтернативите во вработувањето во другите економски дејности.

Во таа насока преку политиките на поддршка ќе се поддржи ангажирањето на работници за екстензивно или полуинтензивно одгледување овци и говеда со **надомест на трошоците за нето-плата**. Поддршка насочена кон кофинансирање на трошоците за работната сила со цел стимулирање на нивното вработување ќе биде обезбедена и за раководителите на земјоделските задруги, секретарите во канцелариите на пазарните одбори, и на националните здруженија препознаени како социјално-економски партнери.

**ЛИДЕР и локални акциски групи**

Потикнувањето на корисните иницијативи за локалниот економски развој од приоритет за заедниците и дизајнирање на мерки кои произлегуваат од идентификуваните потреби на заедницата ќе биде канализирано преку поддршка на формирањето и функционирањето на локални акциски групи (во понатамошниот текст ЛАГ) како форма на партнерство кое ги вклучува членовите на локалната самоуправа, бизнис и невладиниот сектор. ЛАГ-те се состојат од репрезентативни партнери од различни социоекономски сектори на локално ниво од дефинирана територија која е со популација поголема од 5.000 жители и помала од 150.000 жители[56]. Со ваквиот пристап треба да се охрабрат и развијат капацитетите на руралното население за заедничко дејствување во насока на развивање и спроведување на интегрирани локални развојни стратегии преку комбинација на ресурси, знаење и вештини на претставниците од сите вклучени актери.

Поддршката која ќе биде обезбедена преку мерките од националната програма за рурален развој, и почнувајќи од 2017 година од Мерката 3.3 - Подготовка и спроведување на Локални развојни стратегии - ЛИДЕР пристап поддржана од ИПАРД 2014-2020 програмата, ќе биде фокусирана на три главни активности на: 1. Формирањето и градење на капацитетот на избраните ЛАГ-ови за функционирање на групата и спроведување на мали проекти, 2. Спроведување на локалните иницијативи и активности на заедницата вклучени во локалните стратегии за рурален развој, и 3. Учество во спроведување на проекти за соработка на пошироко ниво надвор од територијата на локалната заедница.

Интегрираните локални стратегии подготвени од локалните акциски групи ќе придонесат кон постигнување на целите на локалниот рурален развој преку:

- имплементација на индивидуални мерки (подобрување на конкурентноста на земјоделскиот и шумскиот сектор,

[56] На ниво на донесување на одлуки економските и социјалните партнери, како и други претставници на граѓанското општество како земјоделци, рурални жени, млади луѓе и нивни асоцијации, мора да сочинуваат барем 50% од партнерството. Исто така минимум од 20% ќе бидат претставници од локалните власти.

- подобрување на животната средина преку стопанисување на земјиштето и подобрување на квалитетот на животот преку промовирање на различни економски активности) и преку
- поддршка на мали проекти имплементирани од ЛАГ-овите[57].

Доколку активноста препорачана од ЛАГ-от одговара на активност која се содржи во мерките на ИПАРД програмата за неа ќе важат релевантните услови од програмата. Сепак преку стратегиите за локален развој може да се вклучат и имплементираат и проекти поддржани од други ИПА компоненти или други донатори. Мерката на поддршка ќе ги вклучува и трошоците за административното работење на ЛАГ-те.

## 3.2 Реновирање и изградба на руралната инфраструктура

Недостатокот или амортизираноста на општествена и техничка инфраструктура (особено во недоволно развиените подрачја) и недоволниот пристап до пазарите, се фактори кои придонесуваат на општата несигурност и безперспективност на руралните заедници. Руралната инфраструктура покрај влијанието на квалитетот на животот, има директно влијание и на одвивањето на постојните економски активности, особено на атрактивноста на започнувањето на нови деловни иницијативи. **Локалната патна мрежа** која меѓусебе ги поврзува населените рурални места, селата со обработливите површини, како и обезбедува пристап до постоечките или потенцијални локации погодни за развој на руралниот туризам, е незадоволителна од аспект на вкупна должина и квалитет.

Иако од 2008 година се забележува тренд на постепено зголемување на искористеноста, генералната состојба на **системите за наводнување** како неопходен предуслов за конкурентно македонско земјоделство е далеку од задоволителното ниво и реалните можности. Ова директно се одразува на приносите од земјоделски култури и непроширувањето на обработливите површини во државата. Надминување на проблемите кои произлегуваат од недостатокот на инвестиции во руралната инфраструктура и несоодветната организациона поставеност на системот на управување со инфраструктурата за наводнување и одводнување ќе бидат предмет на особен приоритет на политиките во следниот стратешки период.

Во следниот период поголемо внимание и засилени инвестиции ќе бидат насочени кон **облагородувањето и инфраструктурно решавање на пасиштата** со цел обезбедување на подобрени услови за развој на сточарството како еден од најзастапените економски активности во ридско-планинските рурални средини.

### Вложувања во инфраструктурата на македонското село

[57] Во вредност од 1000 до 5000 евра би требало да се финансираат на пр. културни настани, промоција на локални производи, реновирање или конструкција на културно и природно наследство, инвестирање во културни добра итн.

Во уредувањето на комуналната и останата инфраструктура за подобрување на животот на луѓето и изгледот на руралните места ќе бидат насочени значителни средства во следниот период. **Најмалку 500 инфраструктурни проекти за решавање на приоритетните комунални проблеми** на жителите и за подобрување на животот и економските активности во Република Македонија, ќе се реализираат во периодот од 2014-2020 година. Инвестиционите проекти ќе бидат насочени кон:

- Изградба на локална патна инфраструктура и инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи;
- Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, односно проекти во инвестиции за: изработка на урбанистички планови, проекти во инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) до 1 км, како и проекти во инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жител;
- Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја кои вклучуваат: инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места – села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км; инвестиции за одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки, уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација) и проекти за означување на културни и природни знаменитости во рурални средини.

Акцентот на инвестициите особено ќе биде ставен на развојот на населените места кои се реонски центри во руралните региони каде стратешки треба да се концентрира и заврши миграцијата од помалите населени места.

Поддршката за инвестициите за подобрување на руралната инфраструктура ќе се финансира преку националната програма за рурален развој, а после акредитацијата на Мерката 3.1 -  Подобрување и развој на руралната инфраструктура и од ИПАРД 2014-2020 програмата со планиран почеток од 2017 година. После акредитацијата на мерката покрај погоренавендените инвестиции ќе бидат вклучени и инвестициите кои се однесуваат на управување со отпад со уредување на места за фрлање ѓубре кои ги исполнуваат сите барања за заштита на средината и пунктови за собирање на смет, потоа инвестиции за снабдување со енергија на фарми и села и конструкција на обновливи видови на енергетски централи во селата, како и воведување на нови технологии за локален пристап до информации и комунациски технологии и развој на брз пренос на информации. Со мерката ќе бидат и опфатени и премини за превенција од пожар.

### Изградба и реновирање на хидромелиоративната инфраструктура

*... наводнувањето приоритет на државните инвестициони политики*

Реновирањето и изградбата на системите за наводнување е приоритет на политиките особено од аспект на очекуваните негативни ефекти од климатските промени кои во најголем дел ќе влијаат на намалување на расположливото количество на вода за наводнување и зголемување на потребите за наводнување. Оттука целта е **зголемување на моменталната наводнувана површина во државата до ниво на инсталираните капацитети и понатаму постепено приближување на наводнуваната површина до половината од обработливата површина во Република Македонија**. Конкретно, во следниот период треба да се започе со изградба на најголемиот број на големите капитални инвестиции и инвестиции за проширување и рехабилитација на сите хидросистеми во државата што како крајна цел ќе води кон **зголемување на наводнуваната површина на долг рок до 2025 година за нови 24.350 хектари**. Ова ќе има директно влијание на зголемување на приносите и физичкиот обем на земјоделското производство. Идните фази на проектирање на системите ќе ги земат во предвид анализите за перспективното влијание на климатските промени заради соодветно прилагодување на техничките параметри.

*... планирање на приоритетите во инвестициите*

Со цел обезбедување на долгорочно планирање на инвестициите во инфраструктурата за наводнување и одводнување во Република Македонија за прв пат ќе се подготви десетгодишен плански документ **„План за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015-2025 година“**. Овој план ќе ги содржи сите предвидени инвестиции во водостопанството во Република Македонија до 2025 година, поделени во **следниве типови на инфраструктурни зафати**:

- рехабилитација и реконструкција на инсталираната инфраструктура за наводнување и одводнување заради постигнување на нивна одржливост и заштеди на вода,
- доградба и проширување на постоечките хидросистеми со цел зголемување на наводнуваната површина во државата, и
- изградба на нови големи капитални објекти во македонскиот хидро-систем.

Согласно планот со интензивни инвестиции за проширување и рехабилитација ќе бидат зафатени сите хидросистеми во државата во насока на рехабилитација на инсталираните капацитети, зголемување на наводнуваната површина на постоечките системи и постигнување на подобрена енергетска и функционална ефикасност на водостопанските претпријатија. Приоритет во реализацијата ќе имаат **проектите за рехабилитација и оспособување на секундарната и терцијалната мрежа со што уште веднаш ќе се подобрат услугите кон крајните корисници** што во моментот преставува една од најслабите страни на сите системи за наводнување, односно ќе се зголеми ефикасноста на користење на системите. Проектите за **доискористување на постоечките системи преку нивна екстензија** на нови гранични обработливи површини или преку **доизградба на помали мини-акумулациони зафати**, ќе

овозможи подобра искористеност на постоечкиот примарен инсталиран капацитет и зголемување на наводнуваните површини со релативно помали издвојувања.

Во однос на големите и нови капитални системи приоритет е **завршување на фазите на веќе започнатите системи** и останатите чија изграда е иницирана во текот на последните две години. Така, во следниот период покрај завршувањето на напредните фази на имплементација на веќе започнатите и функционални системи, односно системите „Лисиче“, „Злетовица“ и „Наводнување на јужната долина на реката Вардар“, ќе бидат опфатени и **изградени целосно нови големи системи** како што се браната „Речани“ на Оризарска река и брана „Конско“– Гевгелија, потоа 10 нови микроакумулации, изградба на главен довод во рамки на проектот Равен – Речица, изградба на брана на р. Слупчанска“, систем за наводнување „Маркова река“ – Куклиш и проширување на ХС „Брегалница и на ХС „Стрежево“.

*... институционални реформи*

Во насока на постигнување на целосна функционална ефикасност и одржливо управување на хидросистемот во државата во наредниот период ќе се имплементира реформа која институционалното уредување треба да го постави на нова подобрена основа. Промените кои претпоставуваат централизација и хиреархиска поставеност во управувањето, предвидуваат **формирање на единствена институција Акционерско друштво во државна сопственост Водостопанство на Република Македонија** како највисок субјект во структурата на водостопанството надлежен за управување со сите хидросистеми во Република Македонија. Покрај задолжението за одржливо управување со водостопанскиот систем, претпријатието ќе треба да ги имплементира предвидените капитални инвестиции согласно државните планови. Организационо, претпријатието ќе ги обедини водостопанствата кои постојат или ќе се формираат на територијата на државата, а ќе биде поврзано со надлежните министерства и други државни органи во реализација на предвидените стратешки цели на политиката во оваа област. Од овие причини претпријатието е потребно да развие соодветен капацитет за тековно управување со инфраструктурата и капацитет за планирање и проектирање.

Реформата треба да опфати и **зајакнување на институционалниот капацитет на подружниците на акционерското друштво**, сегашните водостопански претпријатија, како носечки дел од системот за обезбедување на административен капацитет за планирање на развојот на инфраструктурата и соодветно регулирање на односите и побарувањата од водокорисниците.

*... поддршка на приватните инвестиции во наводнувањето и чистење на каналската мрежа и водотоците*

Покрај големите инвестиции во водостопанската инфраструктура ќе се продолжи и со **поддршка на инвестициите во терцијалната мрежа** за наводнување со замена на старите и неефикасни системи за наводнување со микро иригациони системи (наводнување капка по капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) заради намалување на загубите на вода.

Во насока на засилување на инвестициите ќе се овозможи **модалитет за приватно инвестирање во помали инфраструктурни проекти** за наводнување по пат на јавно-приватно партнерство и концесионирање.

Исто така ќе се продолжи со **континуираното чистење на каналите за наводнување и одводнување** на земјоделските површини. Годишно е предвидено да се чистат по 100 км каналска мрежа и водотеци.

**Инвестиции за облагородување и инфраструктурно решавање на пасиштата**

Сточарството претставува еден од најзастапените економски активности, особено во ридско-планинските рурални средини. Заради овозможување на поволни предуслови за развојот на сточарството, ќе се овозможат инвестиции за облагородување и инфраструктурно решавање на пасиштата како основен природен ресурс за негово одвивање.

Преку **годишна програма за инвестиции во пасиштата**, средствата од пашарината задолжително во еден дел ќе се враќаат кај сточарите во вид на инвестиции, а исто така дополнителни средства ќе се обезбедат и од Програмата за рурален развој. Приоритет особено ќе се стави на **изградбата на водопоила, довод на вода за напојување, инфраструктура за пристап и електрификација и одржување и унапредување на пасиштата**. За потребите на подготовка на програмата ќе биде направена анализа за вклучување на можноста за изградба на нови мандри од страна на ЈП за стопанисување со пасишта кои би биле доделени под закуп на идните корисници, а заради поголемата извесност во инвестирањето од страна на одгледувачие ќе се ревидира и времетраењето на договорите за концесија во насока на нивно продолжување.

## 3.3 Подобрена социјална сигурност на руралното население

Покрај обезбедување на економската стабилност на руралното население, обезбедувањето на социјална сигурност на населението со акцент на вршителите на земјоделска дејност како носители на активност од специфичен карактер, ќе биде дел од политиките во следниот период. Во таа насока ќе се продолжи со **бенефицираното регулирање на социјалната свера за вршителите на земјоделска дејност.**

За активните членови на земјоделски стопанства кои се занимаваат исклучиво со земјоделство и не обезбедуваат приходи од други дејности ќе се обезбедат услови за плаќање на помали износи на месечни придонеси на задолжителното социјално осигурување во однос на придонесите на соодветните категории на осигуреници кои остваруваат приходи од други дејности во износи пресметани од 20%, односно 40% од исплатена просечна плата во државата.

Подобрената социјална сигурност ќе се обезбедува и преку **државни инвестиции за изградба на јавна социјална инфраструктура** во руралните

средини како што се изградба и реконструкција на: младински и рекреативни центри, клубови за стари лица, интернет клубови, објекти за културни манифестации и слично. Приоритет во инвестирањето ќе имаат населените рурални места кои се повеќе одалечени од градовите кои имаат ограничен пристап до културните и други социјални содржини.

Покрај погоре наведените земјоделски политики со влијание на социјалната сигурност, жителите во руралните средини ќе ги користат и **политики имплементирани од страна на Министерството за труд и социјална политика** наменети за социјално ранливите категории корисници, како и активните политики за намалување на невработеноста кои вклучуваат обезбедување на капитал за започнување на мали земјоделско-прехранбени бизниси.

## 3.4 Подобрување на положбата и улогата на руралната жена

Формалната вработеност на жените во земјоделството, шумарството и водостопанството е 20,3% од вкупниот број на вработени жени во Република Македонија, а според податоците за неплатени семејни работници - 64% се жени. Нееднаквоста во вработувањето е најчесто резултат на неформалната работна сила, недостатокот на земјиште и / или сопственоста, традиционалните норми во руралните средини и ограничената поддршка за руралните жени во пристапот до ресурси (информации, советодавни услуги, субвенции, финансии и развој на вештини).

Еднаквите можности помеѓу жените и мажите во Република Македонија се регулирани со Законот за еднакви можности на жените и мажите, донесен за првпат во 2006 година и усогласен со директивите на ЕУ во 2012 година. Националните политики исто така ќе бидат усогласени со приоритетите на новата политика за рурален развој на ЕУ и Стратегијата Европа 2020 во оваа област, кои вклучуваат „Промовирање на социјалната инклузија, намалување на сиромаштијата и економскиот развој во руралните подрачја“.

Соодветната положба и улога на руралната жена во заедницата игра големо значење за одржлив и стабилен развој на самите рурални средини. Воспоставувањето на еднакви можности и услови по родова основа е неопходно за создавање на одржлив развој на руралните средини. Целосната вклученост на жените е од особено значење во воспоставувањето на одржлива социјална структура на руралните заедници и ревитализација на локалната економија.

Генерално сите мерки и програми на МЗШВ во наредниот програмски период ќе допринесат кон подобрување на условите за живот на жените во руралните средини и нивно вклучување во процесите на креирање на политики и искористување на расположливите ресурси на локално и национално ниво. Дополнително во следниот период улогата на жените во руралните средини и пристапот до мерките за поддршка ќе се подобруваат преку конкретни активности и мерки.

*... третирање на проблемот на напуштање на женската популација од руралните средини*

Еден од најкрупните проблеми кои сериозно го загрозува опстојувањето на рурланите заедници е недостаток на младо работоспособно женско население. Подобрениот квалитет на живот, поголемите можности на пазарот на трудот и поголемиот број на развиени социјални услуги ги мотивира миграциски движења од женската популација од селата во градот.

Во насока на надминување на овој голем социолошки и структурен проблем на руралните средини што има директно влијание на формирањето на нови семејства и одржливост на самите средини воопшто ќе се воведе **континуирана поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство** кое ги исполнува следниве услови:

- возраст до 40 години за стекнување на правото на поддршка,
- е член на земјоделско стопанство во брак со друг член на семејството и мајка на најмалку едно дете,
- е невработена, домаќинка и активно го одржува земјоделското домаќинство,
- живее во населено место со помалку од 200 жители.

Годишниот износ на средства во висина од 70% од износот на минималната плата во државата ќе се исплаќа од периодот на раѓањето на првото дете до 50 годишна возраст како компензација на трудот во домаќинството и семејното земјоделско стопанство. Поддршката ќе биде реализирана како директни плаќања или покривање на износот на задолжително осигурување.

*... поддршка на економското јакнење на жените во областа на земјоделството*

Најчесто носител на семејното земјоделско стопанство е сопругот, додека жената која вообичаено исто така врши значајни должности во стопанството е невидлива во земјоделската статистика. Оваа состојба ја иницира важноста за создавање на поволни услови за економско јакнење на жените во областа на земјоделството и развојот на руралните средини.

Во насока на надминување на оваа состојба еднаквоста меѓу мажите и жените и недискриминацијата се задолжителни елементи од секоја програма е задолжителен елемент. Со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој ќе се обезбеди поддршка на активности и мерки кои креираат услови за зголемено учество на жените во земјоделските и другите руралните активности што ќе биде важна движечка сила за промени на сите нивоа. Во изборот на проекти во рамките на мерките во Националната програма за рурален развој и ИПАРД ќе се даде поддршка на проекти предложени од страна на жените во руралните средини.

Така инвестиционите проекти кофинансирани од ИПАРД програмата кои се предложени од страна на жена носител на земјоделско стопанство ќе бидат поддржани во рангирањето при процесот на селекција со дополнителни 15 бодови. По воведување на мерките за Поддршка на групи производители, иницијативите за

формирање на групи на производители од жени од рурални средини ќе бидат промовирани и поддржани од Националните програми и ИПАРД.

*... вклучување на жените во донесувањето на одлуки на локално и државно ниво*

Вклучување во донесувањето на одлуки кои ќе влијаат врз животот и економијата на руралното општество преку активно охрабрување и вклучување на женските здруженија и мрежи и вклучување на жените во планирањето и раководење. Уредено како задолжителен услов кој се однесува на составот на ЛАГ-те, родовата еднаквост ќе биде гарантирана со учество на руралните жени на ниво на донесување на одлуки. Покрај тоа ќе бидат поддржани и промовирани мерки за обука и неформално образование на жените во руралните средини и пристапот до советодавни услуги.

МЗШВ ќе го охрабрува учеството на жените во телата формирани согласно законите во надлежност на институцијата.

*... следење на подобрување на родовата еднаквост*

Во согласност со Заедничката Рамка за Мониторинг и Евалуација на ЕУ податоците за корисниците на мерките ќе се следат во однос на родовата застапеност, со цел да се подобрат условите за пристап на жените до овие програми и да се промовираат позитивните примери во процесот на промоција на родовата еднаквост. Овие податоци ќе бидат пријавени до Комитетот за следење на ИПАРД и до Владата кога станува збор за поддршката од националните програми.

## 3.5 Заживување на депопулационите рурални подрачја

Недостапните, заостанати и депопулациони рурални заедници ќе бидат под посебен третман од страна на националните политики во насока на заживување или повторно започнување на економски активности во тие средини со што ќе се обезбеди економска валоризација на запоставените природни ресурси.

*... посебни законски решенија за целосно напуштените подрачја*

Со цел започнување на посериозен процес на ревитализација, Законот за земјоделство и рурален развој предвидува можност за донесување на **посебни законски решенија за поддршка на речиси целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација во Република Македонија** кои формираат географска територија со значителна големина од вкупната територија на државата (до 4%). Региони со вакви карактеристики се: Мариово, Поречието, Малешевијата, Мавровско-реканскиот крај, Демир Хисар, висорамнината Витачево и Азот. За овие рурални региони во Република Македонија во рамките за посебните закони ќе се дефинираат посебен сет од политики и мерки за

координиран пристап на различни министерства, тела и локална управа со цел да се постигнат основни услови за нивно заживување.

Целта на донесувањето на посебните законски решенија е овозможување на поголема поддршка за поттикнување на економските активности и инфраструктурни инвестиции преку дизајнирање на посебен пакет на мерки кои се потребни за секој од регионите поединечно, како и преку поедноставување на спроведувањето на координираните политики од различен тип кои треба да придонесат кон ревитализација на овие подрачја. Пред донесување на посебните законски решенија ќе се направат **студии со сеопфатни економско-социјални анализи за потенцијалите за развој на секој од регионите, врз основа на што ќе се дефинираат политиките и мерките на економска и популациона ревитализација** на регионите кои најмногу одговараат на реалните состојби во секој од регионите.

Врз основа на резултатите на анализата за можностите и потенцијалните бенефити од третманот на политиките ќе биде донесена одлука за носење на посебен закон и за избор на регионот. Законот ќе треба да ги вклучи областите на интервенција на политиките, инструментите на политиките, начинот на нивно спроведување прилагоден кон условите во регионот и начинот на финансирање на активностите. Акцентот на областите на политики опфатени со студиите и законот ќе биде ставен на: обезбедување основни инфраструктурни услови и услови за живеење; искористување на природните ресурси - руди и минерални суровии, шуми, пасишта и води; производство на обновливи извори на енергија; започнување на економски активности, пред се земјоделство и сточарство, лов и риболов; преработка на земјоделски производи; рурален туризам и креирање на поповолни услови за постепено враќање на населението, особено наменети за млади домаќинства со потекло од овие региони.

*... одржливост на традиционалниот начин на производство на млекото*

Поддршката на економските активности во ваквите средини особено ќе биде насочена кон подобрувањето на одржливоста на традиционалниот начин на производство и преработка на земјоделските производи, пред се на млекото. Во таа насока ќе се:

- уреди дерогацијата во спроведувањето на барањата за безбедност на храна кај традиционалните млечни производи и утврдување на минималните барања за безбедност на производите со традиционален карактер;
- обезбеди поддршка за инвестициите за специјализирани погони во високопланиски подрачја (мандри) во типизирани објекти кои ги задоволуваат неопходните барања за безбедност на производите;
- овозможи легализација на објектите кои преработуваат традиционални производи; и
- спроведат програми за едукација на специјализираните мали погони за преработка на млеко во однос на примена на стандардни технологии и неопходните посебни барања за безбедност на храна.

*... дополнителна помош за вршење на земјоделска дејност*

Обавувањето на земјоделските активности во подрачјата со ограничени можности за земјоделска дејност ќе биде предмет на обезбедување на дополнителна помош за вршење на земјоделска дејност **од 15% повисоки директни плаќања,** додека во делот на реализација на мерките за кофинансирање на инвестициите од програмите за рурален развој покрај обезбедениот попривелегиран статус во рангирањето, **интензитетот на јавната помош ќе изнесува 60% за инвестиции промовирани во планински области** и 65% за инвестиции во планински области што ги промовираат млади земјоделци.

# 4 Континуиран пристап до знаењето и инвестирање во човечкиот капитал во земјоделството

Во брзопроменливата економска, технолошка и природна средина еден од условите за долгорочно одржлив развој на земјоделството и подобрување на неговата конкурентност е **зголемување на знаењето на учесниците за новите техники и технологии на производство и јакнењето на човечкиот капацитет**. Без овозможување на континуиран трансфер на знаење за подобрување на човечките ресурси во земјоделството неможе да се очекува ефикасно спроведување на ниту една од предвидените промени и реформи кои треба да водат кон постигнување на крајната цел – зголемување на конкурентноста на земјоделското производство и одржлив развој на руралните средини.

Трансферот на знаење и овозможувањето на поддршка на земјоделците во спроведувањето на реформите во земјоделството е примарна задача на советодавните служби. Една од клучните цели во следниот период ќе биде **воспоставување и одржливо функционирање на ефикасен национален советодавен систем во земјоделството во Република Македонија** кој ќе испорачува квалитетни советодавни услуги на учесниците во земјоделскиот сектор во насока на поддршка на процесот на негово реструктурирање во успешни и конкурентни бизнис субјекти. Советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија треба да овозможи советодавна поддршка на земјоделците и на населението во руралните средини за подобрување на земјоделските, другите економски и неекономски активности и на општите услови на живот во руралните средини. Советодавните служби треба да го олеснат пристапот на земјоделците до современата технологија и информациите и да помогнат во примената на административните барања, особено поврзани со добрата земјоделска пракса и заштата на животната средина и почитувањето на останатите задолжителните обврски кои произлегуваат од националното законодавство.

Националниот советодавен систем во земјоделството во Република Македонија ги вклучува следниве елементи: дефинирани советодавни услуги финансирани од страна на државата, определени даватели на советодавните услуги и

нивното препознавање, како и уредени постапки на организација, финансирање и спроведување на системот.

Вториот елемент од системот за подобрување на знаењето на учесниците во земјоделскиот сектор е **воспоставување на систем на континуирани обуки и едукација** во земјоделството за подобрување на квалификциите на земјоделските производители, особено за управување со земјоделското стопанство, примена на нови технологии, примена на пазарни стандарди за квалитет и безбедност на храна. Системот на континуирани обуки и едукација во земјоделството ќе биде дополнет со **апликативно-демонстративни и показни земјоделски стопанства** во дефинирани приоритетни подсектори, на кои земјоделците ќе може директно на самото стопанство да се стекнат со знаења за практичното функционирање на подобрените земјоделски пракси.

И на крајот, напредокот на секторот нема да биде потполн без **профункционирање на организиран и целно насочен систем на истражување во земјоделството** кој сега се наоѓа на незадоволителна состојба. Поради реалноста на невозможност од скоро поставување на широк систем на базични истражувања, акцентот ќе биде поставен на апликативните истражувања за олеснување на адаптирањето на современите технологии во македонски услови. Во следниот стратешки период ќе се постави систем на планирање на истражувачките активности, а самата стратегија ќе обезбеди идентификација на главните области врз основа на кои ќе се дефинира Повеќегодишна програма за истражување.

Специфичните цели кои треба да бидат постигнати за подобрување на системот на иновации во земјоделството и трансферот на знаење се:

- Воспоставување на ефикасен советодавен систем во земјоделството,
- Континуирано образование за земјоделците - задолжителни обуки и демонстративно-показни стопанства, и
- Истражување во земјоделството.

## 4.1 Воспоставување на ефикасен советодавен систем во земјоделството

*... поголем опфат и квалитет на услуги според потребите*

За разлика од досегашниот период кога годишно не повеќе од 600 земјоделци беа директно посетувани од страна на државно-финансираниот давател на советодавни услуги, реформата на советодавните услуги и воспоставување на ефикасниот советодавен систем во земјоделството во Република Македонија треба да се овозможи **зголемување на опфатот на корисници на советодавни услуги**. Советодавните услуги да бидат достапни за најголемиот број од претприемчливите, развојно-ориентирани земјоделци. **Квалитетот на обезбедените советодавни услуги треба да биде подобрен, а понудата усогласена согласно потребите за развојот** на секторот за зајакнување на неговата конкурентност. Од квалитетот на обезбедената советодавна поддршка во голема мерка зависи успешноста на реализацијата на

предвидените реформи за реструктуирање и зголемување на конкурентноста на секторот.

*... поголем број на советници – вклучени приватни даватели на услуги*

Заради целосно пресретнување на очекувањата на побарувачката за советодавни услуги потребно е да се зголеми бројот на стручни и мотивирани даватели на советодавни услуги способни да обезбедат флексибилен микс на услуги. Ова ќе се постигне преку вклучување на приватните даватели на советодавни услуги во обезбедувањето на совети за земјоделците кои се финансирани или кофинансирани од државата. Со овој пристап ваквите советодаватели за прв пат се доведуваат во рамноправен статус со државно-воспоставениот и финансиран давател на услуги - АПРЗ. **Плурализмот во давањето на советодавните услуги и зголемувањето на бројот на даватели** ќе биде институционално поддржан во зајакнувањето на нивниот функционален капацитет. Така трошоците за воспоставување и функционирање на приватните даватели на советодавни услуги поврзани со исполнување на условите за работа, како и трошоците за обуката и полагање на стручниот испит за индивидуални даватели на услуги по прв пат ќе бидат предмет на финансиска поддршка.

*... корисниците на услуги го бираат давателот според квалитетот*

Заради осигурување на ефективност на предвидените реформи во земјоделството кои се финансирани или кофинансирани преку политиките од страна на државата, добар дел од користењето на државната поддршка за земјоделците ќе биде поврзано со нивно задолжително посетување на обука или советување обезбедено преку советодавните служби. Согласно новиот начин на спроведување на советодавните услуги земјоделците како корисници на советодавните услуги, самите ќе може да го изберат давателот на услугите (јавни или приватни даватели, и персоналното решение) врз основа на нивната докажана посветеност и стручност, односно концепт базиран на побарувачка. Спроведувањето на советодавните услуги ќе се реализира **врз основа на договор за користење на советодавни услуги** во времетраење од една година кој се склучува помеѓу корисниците и давателите на услуги, инициран од корисникот на советодавната услуга. Договорот ќе ги опишува советодавните услуги кои треба да бидат испорачани од давателите на услуги и методите на нивно спроведување. Изборот на приватните даватели на советодавни услуги ќе се врши од регистрираните субјекти во Регистерот на приватни даватели на услуги, или од АПРЗ како јавен давател на советодавните услуги.

*... стриктни услови кои треба да ги исполнат приватните и индивидуалните даватели на совети*

За вклучување во системот на советодавни услуги во земјоделството, **приватните даватели на советодавни услуги треба да се правно лице кое исполнува одредени услови**[58], после што може да се регистрира во Регистерот

[58] Да има вработено најмалку еден индивидуален давател на советодавни услуги со обезбеден Сертификат за квалификации, и обезбедено технички и административни услови за извршување на

за даватели на советодавните услуги во земјоделството кој се води во МЗШВ. Од друга страна секое физичко лице, индивидуален давател на советодавни услуги треба да: поседува потребни стручни квалификации на висока стручна спрема од релевантни области[59], да има потребно ниво на стручна подготвеност кое се потврдува со стекнување на Сертификат за квалификации на индивидуален давател на советодавни услуги во земјоделството и редовно да ги подобрува вештините и знаењето за обезбедување на одредени области на советодавни услуги (односно секоја година да остварува најмалку 16 часа на обука). Сертификатот за квалификации се стекнува после поминување на теоретска и практична обука за одредена област од советодавните услуги, и полагање на стручен испит. Важноста на сертификатот е временски ограничена на пет години.

*... изграден систем за надзор на ефективноста на обезбедувањето услуги*

Советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија мора да обезбеди зајакнување на надзорот на ефективноста на обезбедувањето на советодавни услуги кои се финансирани од страна на државата независно од типот на давателот на услугата, преку МЗШВ како надлежна институција. Давателите на советодавните услуги, согласно обврските кои се превземени со одредбите од договорот, после секое извршување на советодавната услуга **задолжително ќе поднесуваат редовни извештаи** до министерството, **верификувани од страна на корисникот** на услугата. МЗШВ преку посебно Одделение за советодавни услуги, наука и истражување во земјоделството во состав на Секторот за рурален развој, ќе врши **контрола на веродостојноста на извештајите** за дадените услуги и ефектот од истите[60]. Веродостојноста на податоците од извештајите министерството ги проверува преку директни контакти со давателите и корисниците на советодавните услуги, како и преку податоците од административните регистри за исполнетост на барањата кои се предмет на советодавните услуги. Инспекциски надзор на спроведување на системот ќе врши Државниот инспекторат за земјоделство.

**Воспоставувањето на системот претпоставува низа постапки и активности кои треба да се реализираат во периодот 2015-2017 година** на: дефинирање на областите на советодавни услуги и советодавните услуги кои ќе бидат финансирани од страна на државата, одредување на учесниците во системот и нивните улоги, уредување на регистрирањето и бришење на приватните даватели на советодавни услуги од Регистерот на даватели на советодавните услуги во земјоделството, сертифицирањето на квалификациите на индивидуалните даватели на советодавни услуги вклучително организација на спроведувањето на теоретската и практичната обука, дефинирање на методите на извршување на советодавните услуги и начинот на спроведување на

---

советодавни активности (вклучително: возило, просторија, информатичка и комуникациона опрема и сопствена интернет веб страница).

[59] на земјоделството, ветеринарството, шумарството и економските науки.

[60] Ова одделение ја има главната надлежност над функционирањето на системот вклучително активностите за: дефинирање на советодавните услуги по областите, подготовка на годишната програма за теоретската/практичната обука на индивидуалните даватели, организирање на полагањето на стручниот испит и сертифицирање на квалификациите на индивидуалните даватели, подготовка на мерките од Програма за ФПРР од значење на системот и контрола на веродостојноста на извештајите за дадените услуги и ефектот од истите.

советодавните услуги вклучително и известувањето за извршената советодавна услуга, како и надзорот и казнените одредби во спроведување на советодавниот систем.

*... области на советодавни услуги и корисници на услугите од системот*

Советодавните услуги кои се дел од советодавниот систем, односно се **финансирани или кофинансирани од државата се обезбедуваат во дефинирани области поврзани со постигнување на целите на националната земјоделска политика** во Република Македонија. Областите на советодавните услуги кои се дел од советодавниот систем, како и конкретните приоритетни области за советодавни пакети за периодот 2014-2020 година согласно стратешки дефинираните цели на политиката се презентирани во Прилог 3 кон стратегијата.

Поради големиот број на земјоделски стопанства кои се корисници на програмите за финансиска поддршка, како и структурата на истите каде во еден добар дел се земјоделски производители со многу мали производни капацитети, **приоритет во пристапот до советодавните услуги ќе биде даден на земјоделски стопанства кои имаат неопходен развоен потенцијал** и капацитет за реално аплицирање на дадените услуги (избрани врз основа на големината на износот на субвенции/минимални производни капацитети/пресметани приходи). Оваа група би биле околу 40.000 стопанства, а услугите би се однесувале на примена на принципите на добра земјоделска пракса и заштита на животната средина, и подобрување на производни пракси во насока на поголема продуктивност или квалитет.

Дополнително, дел од советодавните услуги ќе се однесуваат на посебни категории на корисници, пред се на земјоделски стопанства кои имаат неопходен развоен потенцијал и имаат потреба за континуирани советодавни услуги во процесот на нивна трансформација, во што се поддржани од специјални реструктурни мерки на финансиска поддршка. Такви се на пример младите земјоделци во започнување на бизнис, преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија, формирање на нови задруги, реализација на интегрирани проекти за зајакнување на синџирот на вредност, започнување на нови одгледувачки програми и други, за кои **анимацијата и поддршката во реализација на активностите обезбедена од страна на искусни советодавни служби, е прашање на успешност на реализацијата на проектот**.

Задолжителните советодавни услуги ќе бидат во најголем дел финансирани од страна на државата (90%). Како задолжителни советодавни услуги ќе бидат третирани најмалку услугите дефинирани во првите три области од Прилог 3.

За останатите **мали земјоделски стопанства со ограничен потенцијал за развој ќе се развијат пакети со информативни содржини** со цел нивна едукација за диверсификација на економските активности, за поддршка за воведување на алтернативни системи на земјоделско производство, како и за начини на зголемување на производството и проширување на постоечките активности доколку од нивна страна постои иницијатива.

*... финансирање на советодавниот систем во земјоделството*

Финансирањето, односно кофинансирање на услугите од системот ќе биде обезбедено од Буџетот на РМ, преку средствата од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој согласно Законот за земјоделство и рурален развој и од буџетот на јавните даватели на советодавни услуги, а после акредитирањето на мерката советодавни услуги и од средства од буџетот на ЕУ. После акредитацијата на Мерката 4.3 Советодавни услуги, финансиската поддршка за функционирање на националниот советодавен систем ќе биде обезбедена и од Приоритетната област 4 во состав на ИПАРД програмата.

Обезбедувањето на одредени советодавни услуги по категории на корисници може да биде поврзано со конкретен тип на давател на услугата (јавни или приватни даватели на советодавни услуги). Така АПРЗ со постоечкиот статус на вработените како државни службеници и без можност за пазарна валоризација на услугите, ќе биде фокусирана воглавно на обезбедување на целосно државно финансирани услуги, пред се оние за оддржлив развој на економските активности на малите земјоделски стопанства и диверзификација на економските активности.

Цената на советодавна услуга се утврдува по области на советодавните услуги и по методи на извршување на советодавните услуги, врз основа на висина на реалните трошоци, особено земајќи ги во предвид големината и компактноста на земјоделското стопанство, како и бројот на корисници на услугата.

Изборот на советодавни услуги по области кои ќе бидат дел од системот на државно финансирање и соодветниот процент на финансиска поддршка, определувањето на типот на давателите за дефинирани советодавни услуги и одредување на износот и висината на советодавна услуга ќе биде пропишано од страна на Владата на предлог на МЗШВ преку годишна уредба врз основа на ЗЗРР.

*... потреба од подобрување на функционалноста на јавниот советодавен систем*

Врз основа на направената анализа, јавно воспоставениот и финансиран давател на советодавни услуги - **АПРЗ потребно е да помине низ процес на организациско и функционално реструктурирање** со цел да се зголеми работната ефикасност. Основата треба да биде во дефинирањето на видот, обемот, начинот и динамиката на обезбедување на услугите прилагодени кон што поголем број на корисници кои ќе бидат задоволни од квалитетот на индивидално обезбедените услуги. Имајќи во предвид дека човечкиот капацитет е клучниот фактор за квалитетот на обезбедените услуги, акцентот во институционално зајканување треба да се обезбеди во функционирање на системот за развој на човечки ресурси, следење на ефикасноста во имплементацијата и нивно отценување. Предвидените активности во насока на реформи и зајакнување на АПРЗ се вклучени во Акционен план одобрен од ВРМ.

**Усогласувањето на советодавните активности на АПРЗ со целите на земјоделската политика** и обезбедувањето на континуиран линк со центрите на креирање на знаење и иновации во државата, потребно е да се базира на формални постапки уредени со закон и преку функционирање на постојани институционални форми на координација. Во таа насока ќе се уреди задолжителна консултативна постапка со МЗШВ при подготовка на годишната програма за

работа на АПРЗ, додека соработката со научно-истражувачките институции ќе биде зајакната со нивно присаство во управниот одбор на институцијата и регулирана преку годишни акциски планови за соработка. Акцентот во истите ќе биде ставен на спроведување на заеднички апликативни истражувања и демонстративни опити.

Долгорочно со создавање на правни услови, целосната одржливост на советодавниот систем ќе биде обезбеден со **интегрирање на државно-финансираните советодавни служби со научните и истражувачките институции** и вклучување како организациски дел од високо-образовниот систем во делот на земјоделството. Советодавните услуги се посредници во трансферот на знаење меѓу оние кои го креираат знаењето и иновациите и крајните корисници. Затоа, врските на трансферот во синџирот на знаење мора стратешки институционално да се интегрираат, функционално да се решат и ефикасно да се зајакнат. Ваквата поставеност е докажана како најфункционален модел во земјите со успешно земјоделство кој обезбедува најефикасен трансфер на знаење и технологии од науката и истражувањето до земјоделците. Можностите за спроведување на ваквиот пристап ќе се анализираат при ажурирањето на стратегијата.

**Даватели на специјализираниот советодавен сервис за фармерите може да биде и признатите организации на одгледувачи на добиток**. Како дел од спроведувањето на нивните одгледувачки програми за унапредување на генетската структура, организациите треба да обезбедуваат и континуирани активности за трансфер на знаење до одгледувачите за правилното одгледување, исхрана и профилакса кај говедата.

## 4.2 Континуирано образование за земјоделците – задолжителни обуки и демонстративно-показни стопанства

*... воведување на систем за задолжителни обуки и едукација во земјоделството*

Заради подобрување на знаењата и квалификциите на земјоделските производители, особено за: управување со земјоделското стопанство, за примена на нови технологии, примена на пазарни стандарди за квалитет и безбедност на храна ќе се воведе систем за континуиран обуки и едукација во земјоделството. Системот ќе опфаќа **обуки со утврден број на часови во зависност од типот на земјоделското производство за корисниците на определни мерки на државна поддршка** како услов за користење на мерките. Обуките ќе се спроведуваат во месеците кога има намалена земјоделска активност и ќе се однесуваат за корисници со возраст до 60 години.

Корисниците на следниве мерки на обука особено ќе бидат вклучени во системот на задолжителни обуки: започнување на нови бизниси на млади земјоделци, преминување во повисока категорија на земјоделски стопанства според големината на капацитетот, воспоставување и функционирање на земјоделски задруги и при спроведување на интеграциони проекти. Обуките ќе

бидат задолжителни и за корисници на финансиска поддршка на други таргетирани мерки во области каде е неопходно значително подигање на нивото на знаење на земјоделците, или се работи за проблематики од посложен карактер, пред се во делот на надминување на состојбите на недоволен квалитет на производите и безбедноста на храната (млекопроизводството и сл).

**Системот од регионално распределените центри** ќе го претставуваат средните стручни училишта во државата, институтите и факултетите кои имаат земјоделски стопанства, кои ќе бидат овластени за спроведување на обуката после исполнување на законски пропишани критериуми. Типот на обуките по центри ќе се дефинира согласно застапеноста на соодветен вид на производство и број на корисници на дадени мерки на поддршка за кои е задолжителна обуката во регионите. Темите на обуки ќе бидат определени во зависност од стратешките приоритети и ќе бидат дефинирани во годишни уредби за спроведување на системот на континуирано образование на земјоделците.

Модулите предвидени за различни типови на обуки за земјоделците ќе бидат користени и како дел од системот за неформално образование за дообука, преквалификација и постојано доживотно учење на населението од руралните средини и другото население заинтересирано за почеток на земјоделска дејност.

*... формирањето на демонстративно-показни земјоделски стопанства*

Сепак најефективниот начин на пренесување на знаењето до земјоделците е доколку тие директно самите се уверат во веќе применета понапредна технологија на производство. Поради тоа во следниот период ќе се поддржи формирањето на демонстративно-показни земјоделски стопанства во рамките на средните земјоделски училишта, истражувачките институции при факултетите, или во рамките на земјоделски стопанства. Инвестициите за уредување на демонстративните стопанства и нивното одржување, како и покривање на оперативните трошоци поврзани за обавување на демонстративната улога на овие стопанства ќе биде финансирана од страна на државата или од донаторски проекти.

Демонстративните стопанства ќе бидат организирани **за најзастапените и најважни земјоделско-сточарски типови на производство** во Република Македонија, распределени во регионите во кои доминира определен тип на земјоделско, односно сточарско производство. Во стопанствата ќе бидат презентирани најдобри и најнапредни техники и технологии на земјоделското производство применети во насока на зголемување на приносите на производство, подобрување на квалитетот и безбедноста на храната и на постбербените активности.

Така во делот на овоштарското производство ќе се подигнат насади со нови перспективни сорти, клонови и подлоги на кои ќе се применуваат современи технологии на одгледување, додека во градинарското производство би се подигнале типови на пластеници со препорачани типови на покривни материјали, системи на греење, различни типови супстрати, режими на исхрана, наводнување, биолошка заштита, осветлување за доминантниот тип на градинарско производство. Демонстративните стопанства за поледелските култури, со акцент

на помалку конкуретните, а најзастепени житни култури треба да овозможат увид во ефектите на зголемени приноси од редовна примена на агро-техничките мерки, соодветен избор на култури, сорти, сертифицирано семе и правилно спроведување на одгледувачките практики во типични услови со ограничувачки почвено-климатски фактори.

Поодржано со мерките на поддршка, **земјоделците ќе треба да остварат посета на демонстративните стопанства како дел од задолжителната обука**. Советодавните услуги од националниот советодавен систем кофинансирани од државата ќе бидат поврзани со спроведувањето на дел од советите на демонстративните стопанства. Посетата ќе биде особено задолжителна за поддржаните проекти за започнување на нови земјоделски бизниси за младите земјоделци и реструктуирање на земјоделските стопанства.

*... финансирање на системот на континуиран обуки и едукација во земјоделството*

Финансирањето на обуките ќе биде опфатено преку соодветната мерка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Од 2016, после акредитацијата на Мерката 4.1 - Подобрување на обуките од Приоритетната област 4 од ИПАРД Програмата, реализацијата на активностите во оваа област ќе биде кофинансирана од европските предпристапни средства.

Оваа мерка има за цел да придонесе за подобрувањето на професионалните вештини и компетентност на личноста ангажирана во земјоделскиот, шумскиот или прехрамбениот сектор како и други економски актери кои работаат во областите покриени од развојните програми на ИПА. Мерката исто така ги поддржува неопходните обуки за здобивање со вештини потребни за успешна имплементација на мерките во програмите за рурален развој на ИПА .

## 4.3 Истражување во земјоделството во приоритетни области

*... приоритет применети истражувања*

Развивање на базични научни истражувања изискува систем на развиена научна инфраструктура, стручен кадровски капацитет и значителни финансиски средства. Поради реално ограничените ресурси, во следниот период научното истражување во земјоделството ќе биде насочено кон **трансфер на напредна и современа технологија креирана во другите земји** со развиена истражувачка дејност и нивна примена **и прилагодување во македонските услови** на производство.

*... повеќегодишна Програма за истражување и вклученост на постојните подсекторски групи*

Приоритет во следниот период е обезбедување на одржливост на функционирање на системот на селекција, следење на имплементацијата и евалуација на ефектите од научно-истражувачките проекти во земјоделството.

Изборот на областите и теми на истражувањето во земјоделството ќе се базира на проекти од практично и применливо значење за самите земјоделци и другите учесници во секторот кои таргетираат решавање или ублажување на клучните проблеми и предизвици во секторот. Самиот процес на селекција на темите за истражување ќе произлегува од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој со додефинирање на темите во **„Повеќегодишна програма за истражување во областа на земјоделството и руралниот развој“**. Согласно програмата, едногодишното планирање на истражувањата во земјоделството ќе биде **верификувана преку постојните подсекторски групи** и одобрена од страна на Советот за земјоделство и рурален развој. Научно-истражувачки области и проекти во земјоделството и руралниот развој за периодот 2014-2020 година се дадено во Прилог 4 на стратегијата.

Имено земјоделците и другите учесници во вертикалниот синџир на посекторско ниво преку постојните подсекторски групи ќе одлучуваат за истражувањата кои треба да бидат спроведени врз основа на нивните реални потреби за надминување на конкретни проблеми во производството и маркетингот на земјоделските производи. Подсекторските постојани групи треба да изработуваат оперативна програма за техничка поддршка, вклучително и со истражувачките проекти кои се утврдени како релевантни и потребни за развојот на подсекторот. Предлогот на технички мерки за секој подсектор се доставува најдоцна до 30 септември во тековната година за реализација во наредната година.

Постојните подсекторски групи исто така ќе бидат вклучени во следењето на имплементацијата и евалуација на ефектите од научно-истражувачките проекти во земјоделството. Програмирањето и следењето на процесот на истражување во земјоделството ќе биде дел од ангажманот на посебен институционален капацитет во рамките на МЗШВ.

Поддршката за научно-истражувачки и апликативни проекти во дефинирани области од интерес на постигнување на целите на земјоделската политика, ќе се финансира преку Програмата за рурален развој, како мерка на техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој (член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој), а видот на активностите на техничка поддршка, максималниот износ по активности, корисниците, поблиските критериуми ќе биде пропишуван во годишна уредба.

*... Национално тело за создавање и трансфер на знаење*

Постапката на донесување на повеќегодишната програма за истражување во земјоделството и руралниот развој треба соодветно да биде уредена во Законот за земјоделство и рурален развој. Како наменско работно тело во делот на науката и истражувањето во земјоделството и руралниот развој од членови на постојните подсекторски групи и од Советот за земјоделство и рурален развој ќе биде воспоставено функционално **Национално тело за создавање и трансфер на знаење во земјоделството** кое треба да иницира предлози за подобрување на областите на земјоделското истражување, формалното и неформално образование и советодавните услуги и да ги координира заедничките активности.

# 5 Комплетирање на функционалноста на системот за безбедност на храната

Основниот пристап во обезбедување на безбедноста на храната е целосно **покривање на процесот на производство на храната од земјоделското стопанство се до трпеза**, односно покриеност на комплетниот ланец - од примарното производство на храна сѐ до крајниот потрошувач. Политиката и стратегијата за безбедност на храна е поставена како политика која е комплементарна со останатите цели на националната земјоделска политика, пред се во однос на обезбедување на доволни количина на храна за населението и на здравствено-нутритивниот аспект на храната.

Постигнувањето на целосна функционалност на безбедноста на храната за периодот 2014-2020 година ќе се заснова на **примена на високите стандарди кои се дел од соодветната европска политика** преку ефективна апроксимација на националните со актите на ЕУ и нивна соодветна имплементација. Покрај ова, националната политика за безбедност на храна ќе обезбеди конзистентност и со останатите меѓународни организации - WTO, OIE, IPPC и Code Alimentarius.

Најголем дел од законските и подзаконски акти од областа на безбедноста на храната се веќе дел од националното законодавство. Новата законска рамка го покрива целиот ланец на безбедност на храна, вклучително и храната за животни и примарното земјоделско производство, воспоставувајќи повисоко ниво на заштита на потрошувачите. Во основа субјектите во системот на контрола на безбедноста на храната во наредниот период треба да постигнат висок степен на усогласеност со правната рамка од оваа област. Целосната и доследна примена на законските одредби ќе се спроведува на начин соодветен на големината на бизнисот со храна.

Континуираната здравствена заштита на растенијата и животните и следењето на здравствената исправност на храната во промет треба да **гарантира заштита на здравјето на населението и на тој начин исполнување на очекувањата на потрошувачите**. Заштитата на потрошувачите од измама и доведување во заблуда, како и зголемување на нивната свесност за безбедноста на храната е важен сегмент од пристапот на политиките. Во следниот период треба да се зголеми нивото на свесност кај пошироката јавност и довербата на потрошувачите во системот на контрола на безбедност на храната. Крајните потрошувачи и нивните претставници ќе бидат рамноправен дел од системот и директни учесници во спроведувањето на предвидените активности од овој тип.

Од друга страна зголемената безбедност на храната на сите нивоа е важен предуслов за зголемување на конкурентната позиција на земјоделско-прехранбените производи на домашниот и особено на странските пазари. Поради ова, **прифаќањето на стандардите од страна на операторите со храна** ќе подразбира бенефит пред се за самите оператори. Од нивното активното вклучување во спроведување на политиките и превземање на одговорноста ќе зависи ефикасноста на

имплементацијата на системите. Во насока на функционирање на принципот на примарна одговорност на операторот со храна, ќе биде неопходно **операторите да воспостават внатрешни системи на контроли согласно законските обврски**.

Ланецот на безбедност на храна е исклучително комплексен, а согласно новиот приод **секој сегмент треба да биде соодветно контролиран и да исполнува соодветни критериуми**. Системот на официјални контроли треба да обезбеди гарантирање на спроведувањето на обврските на операторите со храна преку покривање на сите потенцијални ризици од почетни материјали, суровини, начин на земјоделско производство, до преработката на храната и нејзиниот транспорт и продажба. Примарна цел во следниот стратешки период останува **зајакнувањето на ефикасноста и ефективноста на официјалните контроли поврзано со постоечки и итни ризици**, како и спроведување на редовни контроли со цел имплементација на законските одредби за храна засновани на анализа на ризик. Анализата и управувањето со ризикот, со приоритет на најголемите здравствени ризици е еден од клучните принципи на кои се базира функционирањето на системот на безбедност на храна. Постојаната контрола и навремено реагирање, како и навремено информирање на јавноста за истите ќе биде особено важно при појава на алиментарните заболувања.

Покрај **очекуваното намалување на бројот на заболени животни и луѓе** поради редовното спроведување на мониторингот и справувањето со болестите кај животните, видлив напредок во областа се очекува и со **воспоставувањето на Национален систем за собирање и третман на животински нус-производи**, целосно **заокружување на системот за идентификација на животни** и регистрација на нивното движење и **спроведувањето на индивидуалните планови за корективни активности од страна на операторите** со храна од животинско потекло согласно направената проценка на исполнување на стандардите. **Проценката во следниот период треба да се прошири кон примарното производство**, односно самите одгледувалишта, почнувајќи со групата на поголеми заокружени производствени комплекси. Во овој контекст особено крупно прашање од национално значење претставува решавањето на третманот на течното и тврдо органско ѓубриво од одгледувалиштата кое ќе биде предмет на посебна широка активност на изградба на соодветни складишни капацитети и системи за управување на одгледувалиштата. Како дел поврзан со корпусот на политики на здравје на животните, во следниот период постепено ќе се спроведуваат и одредби од законодавството кои се однесуваат на **благосостојбата на животните**.

Исто така значителни подобрувања ќе биде потребно да се направат во делот на **системот на фитосанитарната област** како важен дел од безбедноста на храната, преку поставување и зајакнување на институционалните капацитети за спроведување, следење и контрола на политиките во оваа област. Особен акцент ќе биде ставен на спроведувањето на мониторинг програмите за задравјето на растенијата како дел од системот за пасоши на растенија, и правилната употреба на ѓубривата и средствата за заштита. Статутарните надлежности на Државната фитосанитарна лабораторија и акредитацијата на стандардни методи за тестирање на здравјето на растенијата ќе овозможат поголема контрола на безбедност на земјоделски производи и нивните преработки со што ќе се зајакне фитосанитарната системска рамка.

Целите и насоките од националната стратегија во делот на безбедноста на храната, поблиску ќе бидат уредени со **Стратегијата за безбедност на храна** и други релевантни стратешки документи на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Воспоставување на АХВ како орган надлежен за безбедност на храна со законска основа за интегрираниот систем на контрола на ланецот на безбедност на храна, претставува модел кој гарантира висок степен на безбедноста на храната во државата. Сепак успешното спроведување на системот ќе зависи од обезбедување на кохерентна контролна политика во областа на безбедноста на храна и храната за животни, здравствената заштита и благосостојба на животните преку интегрален хоризонтален и вертикален приод на зајакнување на соработката на сите органи и институции на државната управа и невладини организации инволвирани во системот на безбедност на храната.

Безбедноста на храната во следниот седумгодишен период особено ќе се постигне преку интервенции на политиката и мерки во следните специфични области од интегралниот систем на безбедност на храната:

- Безбедност на храна,
- Безбедност на храна за животни,
- Нуспроизводи од животинско потекло,
- Здравствена заштита на животните од аспект на безбедност на храната,
- Благосостојба на животните,
- Ветеринарно-медицински препарати,
- Безбедност на храната во примарното земјоделско производство, и
- Заштита на потрошувачите.

## 5.1 Безбедност на храната

*... основни елементи на системот на безбедност на храната*

Новиот пристап во безбедноста на храната уреден со донесените правни акти воведува дефинирани објективни барања за безбедност на храната за чие спроведување и обезбедување на безбедноста на производите, **примарна одговорност имаат самите оператори за храна, додека органите на управата ја извршуваат контролната функција**.

Основни елементи кои треба да се реализираат, односно унапредат во наредниот период се:

- ефикасноста на системи на мониторинг и контрола на резидуи и контаминенти,
- максималните дозволени нивоа на токсични супстанции,
- униформни хоризонтални и вертикални прописи за хигиената на храна за сите видови на храна (храна од животинско потекло, храна од растително потекло, други видови храна) на сите нивоа и во сите сегменти за

ланецот на безбедност на храна, вклучително и примарното производство, и

- обврските, правата и одговорноста на операторите со храна и системско имплементирање на внатрешните системи на контрола засновани на HACCP.

Храната од животинско потекло поради своите специфичности е уредена со дополнителен сет на критериуми и барања. Како надополнување на основните критеруми за храната, операторите со храна од животинско потекло во следниот период ќе треба да ги исполнуваат и соодветните прописи за тој вид на храна, а кога е тоа соодветно и прописите во однос на микробиолошки критериуми, температурна контрола и одржување на ладниот ланец, како и барањата за внатрешните системи на контрола.

*... спроведување на мониторинг програми и специјални контролни системи*

Како посебни активности се издвојуваат: спроведување на мониторинг програмите за состојбата на безбедност на храна како еден од основните механизми за следење на состојбата со одредени критериуми за безбедност и за правовремено и ефективно преземање на корективни мерки и специфичните контролни системи. Воспоставувањето и спроведување **на национални мониторинг програми** за состојбата со безбедноста на храната од аспект на: биолошки опасности, хемиски опасности и други контаминенти претставува приоритет за наредниот период. Тука спаѓаат пред се националните мониторинг програми: за безбедност на храна, за рездуи и други контаминенти во храна од животинско потекло, за храна од животинско потекло, за безбедност на храна за животни, за пестициди и други контаминенти и за зоонозите во храната од животинско потекло.

Еден од клучните приоритети во обезбедувањето на високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и животните, како и животната средина во следниот период претставува **воспоставувањето и функционалноста на системите на контрола на употребата на пестициди, ветеринарно-медицински препарати и мониторинг на присуството на резидуи** во храната. Врз основа на пропишаното максимално дозволеното ниво на резидуите од овие супстанции во храната и земјоделските производи, во следниот период ќе се воспостави соодветен систем за мониторинг на овие лимити, како и начин на спроведување на мерки на одстранување на одредени несообразности. Системот на контрола на контаминенти и резидуи ќе се спроведува преку неколку програми за мониторинг и контрола и тоа: национален план за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во храната од животинско потекло, план за мониторинг во храната од неживотниско потекло, контролата на употребата за средствата за заштита на растенија (пестициди) и контролата на употребата на ветеринарно медицинските препарати.

Одредени видови на храна имаат посебни карактеристики што условува уредување на посебни системи на контрола кои го надополнуваат генералниот систем на контрола на безбедноста на храната. Од тој аспект во наредниот период се предвидува воспоставување на нови и унапредување на постојните **специјални**

**контролни системи за одредени области** од посебен интерес за безбедноста на храната кои се дел од Стратегијата за безбедност на храна.

Како еден од ризиците по безбедноста на храната се јавуваат и **контаминентите од одредени непожелни супстанции** од надворешната средина, настанати како резултат на употреба на одредени специфични хемиски супстанции во текот на одгледувањето, или контаминенти настанати во одредени производствени процеси. Заради минимизирање на потенцијалниот ризик ќе се уредат мерки за елиминирање на контаминацијата која може да настане со загадување на водата, воздухот или поради изложеност на радиоактивност и ќе се спроведуваат прописите за потенцијалните ризици од контаминација со ГМО, материјалите за пакување или другите материјали кои доаѓаат во контакт со храната.

*... следливост на исполнување на стандардите за безбедност од операторите*

Суштествен елемент на безбедноста на храна се **критериумите за хигиена** кои претставуваат опсежен и сеопфатен сет на барања и критериуми со кои треба да осигура дека целата храна која е произведена и ставена во промет е со соодветна безбедност. Овие барања нема да делуваат ограничувачки и оптеретувачки на операторите со храна кои се лоцирани во региони со лимитирани можности од географски аспект или на мал локален пазар, а во исто време треба да ги земат во предвид и традиционалните методи на производство и големината на стопанствата. Во таа насока во македонски услови поволно за одгледувачите ќе се уредат барањата поврзани со безбедноста на храната при производството на млеко и производи од млеко во високопланинските мандри.

**Следливоста низ целиот ланец на храна** е еден од основните принципи и предуслови за интегралниот приод кон безбедноста на храната. Операторите со храна и храна за животни во сите фази на производство, преработка и промет треба да имаат соодветни системи на идентификација на производите и нивна следливост. **HACCP системот** е задолжителен инструмент за сите оператори со храна, со исклучок на операторите на ниво на примарно производство. Заради обезбедување на висок степен на безбедност на храната операторите согласно законските обврски треба да имаат воведено внатрешни системи на контрола засновани на принципите на анализа на опасности и критични контролни точки (HACCP). Системот уредува одредени барања кои треба да бидат исполнети во текот на циклусот на производство, преработка и дистрибуција и преку анализата на опасностите се идентификуваат критичните точки кои треба да бидат под контрола за да се обезбеди соодветна безбедноста на храната. Функционирањето на интерниот систем на контроли и спроведувањето на HACCP принципите од страна на операторите за храна ќе биде предмет на континуирани надворешни контроли од овластени тела и институции.

Со донесување на Законот за безбедност на храната се воведени нови **барања и критериуми за објектите и операторите со храна**. Во изминатиот период беше направена **категоризација на објектите** - оператори со храна вклучени во фазите на производство, преработка и дистрибуција на храната кои следат после примарното производство, од аспект на нивото на исполнетост на општите и посебните хигиенски барања. Во следниот период, продолжувањето на

вршење на активностите на операторите ќе зависи од спроведените надградувања на постоечката состојба од аспект на исполнување на инфраструктурните барања, како и од аспект на исполнување на хигиенските критериуми и системи на внатрешна контрола, а согласно направената проценка на состојбата и дадените насоките за надминување на недоследностите.

Исто така во следниот период ќе се изврши категоризацијата на операторите и објектите на правните и физиките лица кои вршат дејност на ниво на примарно производство, почнувајќи од најкрупните субјекти кои ќе бидат должни да спроведат унапредување на објектите, оперативните процедури и критериумите и барањата за здравствена исправност и квалитет на производите од животинско потекло согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, во рокови утврдени од Владата на Република Македонија.

*... исполнување на стандардите за безбедност на суровото млеко*

Едно од важните прашања за безбедноста на храната во следниот период претставува постигнување на критериумите од националното законодавство во однос на **дозволениот број на микроорганизми и соматски клетки кај сурово млеко**. За да се обезбеди прилагодување на доминантниот број на мали производители, даден е одреден транзиционен временски период за исполнување на наведените критериуми за хигиена на одгледувалиште и исполнување на критериумите за суровото млеко. Подобрување на безбедноста на суровото млеко е невозможна без постојана контрола на критериумите на млеко кое се пласира на пазарот и во кој учествуваат сите објекти за преработка на млеко (млекарници), откупувачи на млеко и примарните производители.

Системот се надоврзува на претходно презентираниот систем за следење на квалитетот на млекото со превземање на повеќегодишни системски мерки за: инвестиции во одгледувалиштата, зголемување на свеста кај производителите на млеко и операторите со храна во однос на здравствениот статус на животните и хигиенските услови и обезбедување на систем за следење и контрола на здравствената исправност на млекото. Системот за следење и контрола на здравствената исправност на млекото ќе ги опфати следниве компоненти на:

- категоризација на сите одгледувалишта за производство на млеко и категоризација на сите објекти за преработка на млеко во однос на млекото кое го преработуваат од аспект на исполнување на критерумите за сурово млеко,
- воспоставување на одвоени системи на откуп, транспорт и преработка на млеко од различни категории,
- воведување на посебни барања за преработка и ставање во промет на млеко и млечни производи произведени од млеко со различни категории на сурово млеко, и
- Зголемување на квалитетот на суровото млеко.

*... систем за идентификација и регострација на животни*

**Системот на регистрацијата на одгледувалишта и идентификација на животните** е основен елемент за ефективна контрола на здравствената заштита на животните и нивната благосостојба, но и за следивоста и безбедноста на храната од животинско потекло. Во следниот период системот ќе ги вклучи сите видови на животни и истиот ќе биде функционално поврзан со системот за следливост на храната во сеопфатен и конзистентен систем на следливост во сите фази на производство и промет.

## 5.2 Безбедност на храната за животни

Сегментот на безбедноста на храната за животни се јавува како посебно сензитивна област која е на самиот почеток на ланецот на безбедност на храна, и се наметнува како еден од основните приоритети. Здравствено-исправна и квалитетна храна за животни има сериозен импакт на здравствената заштита на животните и последователно на безбедноста на храната која ја конзумираат луѓето. Храната за животни е основен инпут кој има и здравствено влијание, но и најголемо влијание на економичноста на работењето како најголема ставка во сточарското производство.

Во следниот период ќе се воведува новиот приод кон безбедноста на храната кој опфаќа посебни **стриктни правила за хигиена и мониторинг** на храната за животните, со **забрана на употреба на одредени производи во исхраната** на животните и **дефинирање на максималното ниво на непожелни супстанции**. Системот на контрола на безбедноста на храната за животни е во инцијална фаза, и оттука неговото спроведување се наметнува како еден од приоритетите за следниот период преку следниве активности:

- Задолжително регистирирање на сите оператори со храна за животни во процедура на одобрување по исполнување на одредени услови за производство, промет и системи за следливост;
- Воспоставување на соодветни хигенски критериуми за производство и промет со храна за животни со имплементација на добрите хигиенски пракси и НАССР;
- Воспоставување на национални мониторинг програми за безбедност на храна за животни за одредени биолошки, хемиски и други опасности;
- Воспоставување на посебни нови специфични контролни системи за храната за животни, односно унапредување на постојните контролни системи за храна за животни за одредени области од посебен интерес за безбедноста на храната за животни и храната за исхрана на луѓе;
- Унапредување на системот на контрола на храна за животни од генетски модифицирани организми;
- Унапредување на систем на контрола на производството, увозот, прометот и употребата на адитивите за храна за животни;

- Поврзување и унапредување на системот на контрола на храна за животни на ниво на примарно земјоделско производство;
- Оперативно функционирање на системот на RASFF;
- Воспоставување на систем на контрола на непожелни супстанции во храната за животни;
- Воспоставување на систем на контрола на адитиви кои се употребуваат во исхраната на животните и медицирана храна за животни; и
- Обезбедување на соодветна следливост и декларирање на храната за животни.

## 5.3 Нуспроизводи од животинско потекло

Нуспроизводите од животинско потекло се јавуваат како битен економски фактор во агропрехранбениот сектор, но истовремено претставуваат и одреден ризик по здравјето на луѓето и здравствената заштита на животните доколку не се воспостават посебни контролни системи за нивното управување во текот на генерирањето (односно производството), прометот, употребата и нештетното одстранување.

Стратешки документ во сегментот на нуспроизводите е **„Стратегијата за управување со нуспроизводи од животинско потекло“** и релевантните документи за заштита на животната средина, а наведената материја е уредена со Законот за нуспроизводи од животинско потекло. Сепак реализацијата на системот останува целосно да биде имплементирана во следниот период врз основа на **одобрениот концепт на јавно-приватно партнерство** од страна на Владата на РМ, во кој ќе се воспостават законски регулаторните елементи од системот, и тоа:

- задолжителна категоризација на нуспроизводите со одредување за нивната намена за исхрана на животните, производство на технички производи, енергија или друга намена или задолжително нештетно одстранување,
- воспоставувањето на системот за собирање, преработување или нештетно одстранување на нуспроизводите од животинско потекло, и
- воспоставувањето на системот за забрана за употреба во исхрана на животните на одредени производи и задолжително исклучување на производи кои се неисправни за исхрана на луѓе од ланецот на исхрана на фармските животни, и воведување на стрикни процедури за исхрана на животни од еден вид со материјали добиени од истиот вид.

Реализацијата на системот за нештетно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло ќе започне во средината на 2015 година со избор на приватниот оператор заинтересиран за инвестирање и управување со системот на нуспроизводи од животинско потекло, додека **целосната функционалност на системот ќе се обезбеди до првата половина од 2017 година**.

Проектот предвидува инвестиција во инцелератор и придружни објекти за уништување на остатоците од животинско потекло лоциран во околината на Велес, и организација на прибирањето и транспортот на остатоците од страна на приватен инвеститор во соработка со институциите на државата.

## 5.4 Здравствена заштита на животните од аспект на безбедност на храната – зоонози

Здравствената заштита и благостојбата на животните се битен фактор кој придонесува, а во одредени случаи и го одредува нивото на безбедност на храната. Важни аспекти во тој поглед се: спречувањето на ширење на одредени заразни болести кај животните, соодветна заштита на луѓето од заразни болести кои од животните се пренесуваат на луѓето, се до етичките прашања како што е хуман третман на живонтните.

Здравствената заштита е битен фактор во безбедноста на храната од аспект на одредени заразни болести кај животните (туберклоза, бруцелоза, салмонелоза, листериоза) кои може да се пренесат и предизвикаат болест кај луѓето, а како начин на пренос се јавува контаминираната храна. Со мерките за безбедност на храна се уредуваат специфичните елементи неопходни за **превентива, контрола и мониторинг на зоонозите и зоонотските агенси и вклучуваат посебни барања за микробиолошките критериуми за храната**. Во тој контекс особено се важни следните механизми:

- Мониторинг на одредени зоонози и зоонотски агенси,
- Национални програми за мониторинг, превенција и ерадикација на бруцелоза и туберкулоза кај говеда и
- Национална програма за мониторинг на бруцелоза кај овци и кози.

Иако во Република Македонија се спроведуваат три повеќегодишни програми за контрола и ерадикација на одредени зоонози, бруцелозата кај говеда, овци и кози и туберкулоза кај говеда се сеуште ендемични во одредени региони. Од тој аспект неопходно е унапредување на постојниот контролен систем за одредени зоонози, како и системот за мониторинг и известување за зоонозите.

Системот на мониторинг на одредени зоонози и зоонотски агенси ќе се спроведува преку **програми за мониторинг на одредени зоонози и зоонотски агенси**, односно за салмонелоза кај јајценосива живина, салмонелоза кај живина бројлери, салмонелоза кај свињи, листериоза и трихинелоза. Спроведувањето на овие програми ќе овозможи собирање, анализа и проследување на сите релеванти податоци со цел овозможување на идентификација и карактеризација на опасностите, проценка на експонираноста и утврдување на потенцијалните ризици и правовремено елиминирање на одредени потенцијални ризици. Значењето на мониторинг програмите се потенцира и со потребата од имање на јасна слика за реалната ситуација на терен како еден од предусловите за ефективна и ефикасна контрола, превенција и ерадикација.

Националните контролни планови кои вклучуваат детален план за мониторинг и одредени други барања и контролните мерки кои се преземаат при утврдување на зоонози, треба да ги покријат сите сегменти согласно принципот од нива до трпеза започнувајќи од храната за животни, преку примарното сточарско производство до преработката и приготвувањето на храната. Постојните **Програми за контрола и ерадикација на зоонозите** (туберкулоза, бруцелоза, ТСЕ) ќе продолжат да се спроведуваат и во одредени сегменти унапредат, и истовремено ќе се обезбеди конзистентен и интегриран приод. Приоритет ќе биде даден на зоонозите кои представуваат најголем ризик по здравјето на луѓето.

## 5.5 Благосостојба на животните

Благосостојбата на животните ќе биде интегрирана во системот на безбедност на храна на начин со кој се обезбедува соодветен баланс помеѓу барањата и критериумие за благосостојба на животните како и здравствените, економските и социјалните аспекти, но и аспектите на заштита на животната средина.

Примената на законските одредби поврзани со благосостојбата на животните во следниот период ќе биде **предизвик во подсекторот на живинарството** во врска со начинот на чување на кокошките несилки и начинот на чување на живината за производство на месо (бројлери), како и во делот на областите на **заштита на животните при колење**.

Прилагодувањето кон овие одредби од страна на операторите е предмет на финансиска поддршка на потребните инвестиции преку ИПАРД програмата која ќе продолжи и во следниот период.

## 5.6 Ветеринарно-медицински препарати

Основна цел на активностите од областа на ветеринарно-медицинските препарати е заштита на јавното здравство со обезбедување на храна слободна од резидуи од ветеринарно-медицински препарати, и во последниот период активностите на намалување на антимикробната резистенција.

Основните активности кои ќе се спроведуваат во овој сегмент се официјална контрола на производителите и увозниците на ветеринарно медицинските препарати, контрола на ветеринарните веледрогерии, ветеринарните аптеки и ветеринарни клиники. Воедно ќе се воспоставуваат и соодветни системи за заштита на здравјето на луѓето од присуство на резидуи во храната од животинско потекло преку стриктни процедури за регистрација на ветеринарно медицинските препарати, правилна употреба на ветеринарно медицинските препарати и системот на зголемена фармаколошка внимателност и програмата за антимикробна резистенција.

Со **процесот на регистрација** на препаратите се гарантира дека препаратите кои се наменети за употреба кај животни чии производи се користат во исхраната на луѓето може да се одобрат за користење бидејќи нивната фармаколошки активна супстанција е дозволена. Истовремено **посебните контролни системи за употреба на ветеринарно-медицински препарати** ќе обезбедуваат нивна правилна употреба и ќе ги спречуваат, односно елиминираат можностите за злоупотреба.

**Национални програми поврзани со ветеринарно медицинските препарати кои ќе се спроведуваат во следниот период** се: Програмата за зголемена фармаколошка внимателност (PharmacoVigilance), Програмата за Анитмикробна Резистенција и Националната мониторинг програма за контрола на резидуите од ветеринарно медицинските препарати во храната од животинско потекло.

## 5.7 Безбедноста на храната во делот на примарното растително земјоделско производство

Со оглед дека интегриран систем на контрола на сите ризиците за безбедноста на храна присутни на ниво на примарно производство (апликацијата на HACCP) во основа не е секогаш изводливо, потребно е **воведување на процедури на добра хигиенска пракса и добра земјоделска пракса** на ниво на земјоделско стопанство.

Употребата на средставата за заштита на растенијата може да има и одреден ризик и опасност по здравјето на луѓето, животните или животната средина, доколку не се применуваат на пропишан и правилен начин. Оттука посебен предизвик во следниот период ќе претставува превземањето на сите неопходни активности за да се осигура дека **резидуи од пестициди нема да бидат присутни во храната и храната за животни** на нивоа кои представуваат неприфатлив ризик за луѓето, а кога тоа е релевантно и за животните. Во следниот период ќе се воспостават механизмите за заштита на луѓето од резидуи во храната преку воведување на максималното дозволено ниво на резидуи од пестицидите во производите од растително и животинско потекло и контрола на истите, како и придржување кон критерумите за правилно користење на пестицидите.

Земјоделските производители ќе треба да се ориентираат кон користење на методи и производи кои го намалуваат вкупниот ризик за здравјето на луѓето, како и користење на квантитет на производи за заштита во количини кои се конзистенти со ефективните контроли на штетниците, без непотребна и неконтролирана употреба на пестициди. Ваквиот пристап ќе се поттикнува преку примена на принципите на Добра Земјоделска Пракса.

Истовремено ќе се воспостави **систем за контрола на резидуи на активни супстанции во производи од растително и животинско потекло** кои потекнуваат од неодобрена и незаконска примена, од контаминација од

надворешната средина или од употреба на пестициди во трети земји. Посебните правила за контрола на резидуите на пестицидите, но и за контрола на нивниот промет и правилна употреба, ќе бидат комплементарни за генералните правила за контрола во системот на безбедност на храна. Во таа насока на ниво на Република Македонија се воспоставуваат и соодветни **националнални програми за контрола на резиудите**. Програмите за мониторинг и контрола ќе бидат интегрирани и координирани со цел реализирање на ефективен интегриран и хармонизирани систем на мониторинг и контрола на резидуи од пестициди во или на храната за животни од растително и животинско потекло.

Исто така почувајќи од 2016 година ќе се обезбеди ставање во функција на **системот за мониторинг на заразни болести на растенијата**, почнувајќи од воспоставување на систем за следење и контрола на болестите до нивно третирање преку функционалност на дефинирани мониторинг програми. Врз основа на спроведените мониторинг програми ќе се издаваат **„Пасоши за растенијата“**. Системот особено ќе го опфати делот на следење и рано известување на појавата на болести и штетници со поставување на постојана структура на задолжени субјекти кои треба да го вршат набљудувањето, се до постапување и третирање во случаи на појава на карантински болести на растенијата.

**Обезбедување на соодветна информираност и подигнување на општата свест** за значењето и потенцијалниот ризик по здравјето на луѓето кој произлегува од употребата на пестицидите кај потрошувачите и земјоделските производители, е еден од основните правци на делување во наредниот период.

## 5.8 Заштитата на потрошувачите

Фундаментален принцип на безбедноста на храната е признавањето и препознавањето на потрошувачот како клучен субјект во системот на безбедност на храна, како и принципот дека интересите и заложбите на потрошувачите соодветно се земаат во предвид во креирањето и имплементирањето на политиката на безбедност на храна на Република Македонија. Во таа насока треба да се обезбеди **задолжителното декларирање на дефинирани и реални информации за производите** кои ќе овозможат потрошувачот да го направи сопствениот избор согласно неговите индивидуални диететски потреби, како и да се спречат било какви практики и активности кои потрошувачот би го довеле во заблуда. За таа цел детално се **уредени правилата за декларирање, презентација и прикажување на храната**, нутритивното декларирање, како и посебните правила за декларирање за одредени видови на храна.

Основна цел на зголемена заштита на потрошувачите и зголемување на довербата на потрошувачите во владините институции за контрола на безбедноста на храната ќе се **реализира преку следните активности**:

- Развој на програма за формирање мрежа на контролни механизми која во законски рамки ќе се грижи за заштита на потрошувачите од измама, преку несоодветно означување, информирање или рекламирање;
- Развој на програма за воспоставување на блиска комуникација помеѓу потрошувачите и производителите за задоволување на барањата на потрошувачите во поглед на информираност за храната и исхраната;
- Развој на програми за следење и анализа на исхраната по видови популациони групи; и
- Комуникација со организациите на потрошувачите во донесувањето на одлуките поврзани со политиката за заштита на потрошувачи од областа на безбедноста на храната.

# 6 Одржливо управување со природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени

Управувањето со природните ресурси на одржлив начин е гаранција за обезбедување на долгорочен развој на земјоделството и на самите рурални средини. Оттука прифаќањето на еколошкиот пристап при практикување на земјоделството од страна на македонските земјоделци со зачувување и унапредување на природните ресурси во руралните средини ќе биде еден од приоритети на политиката во следниот период.

Македонскиот модел на развој на земјоделството ќе биде **модел на одржливо земјоделство кое води сметка за заштитата на животната средина и биодиверзитетот**. Земјоделските стопанства во следниот период треба да го спроведуваат **концептот на „зелено“ земјоделство** како логичен и природен начин на извршување на нивните земјоделски активности. Во прифаќањето и спроведувањето на агроеколошкиот пристап во земјоделската активност стопанствата ќе бидат поддржани од страна државните земјоделски политики преку мерките од земјоделските политики.

Заштитата и подобрувањето на физичките, хемиските и биолошките услови на почвата, редуцирањето на проблемите на животната средина кои се поврзани со влијание на квалитетот на водата од земјоделските активности и ефикасното користење на водата во земјоделството преку **барањата за вкрстена сообразност** постепено треба да станат вообичаени, широко прифатени минимални услови во спроведувањето на земјоделското производство. Во следниот период ќе се започне со планско и фазно спроведување на останатите елементи од **Нитратната директива** за прилагодена на македонските услови.

Поддршката на производство кое се базира на екстензивни методи на култивирање кои немаат негативно влијание на природата и обезбедуваат здрава храна за населението ќе продолжи и во следниот период. Сепак **акцент кај органското производство ќе биде ставен на препознатливоста** на ова

производство на домашниот пазар и запознавање на таргетирани групи потрошувачи, со цел зголемување на домашната потрошувачка и обезбедување на суштинска долгорочна одржливост на самото производство и концепт.

Во следниот период ќе се зголеми уделот на земјоделството и шумарството во одржувањето и подобрувањето на биодиверзитетот преку интегрирање на заштитата на биодиверзитетот во клучните инструменти на политиката, како што е поддршката за еколошките општествени добра преку директните плаќања. Започнатите активности за промовирање на **практики за заштита на биодиверзитетот и биолошките посебности** во Република Македонија, на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток ќе продолжи и ќе се интензивира во следниот стратешки период. Идните чекори во процесот на воспоставувањето на НАТУРА 2000 во делот на земјоделството ќе бидат усогласени со пошироките национални политики и како дел од новата Национална стратегија за заштита на биодиверзитетот и акциониот план.

Шумското земјиште покрива скоро половината од територијата на државата и нивниот придонес во националната економија и во развојот на руралните средини е нецелосен, или се манифестира на начин кој не е секогаш одржлив во стопанисувањето. **Одржливото искористување на ресурсите и условите во шумарството во развојот на руралните заедници и зачувување и унапредување на шумскиот фонд** е целта која треба да се постигне во следниот период. Во таа насока е планирано континуирано инвестирање во зголемување на површините под шуми преку пошумување на голините со квалитетен растителен материјал со предност на автохтоните видови, како и заштита и подобрување на квалитетот на веќе постојниот шумски фонд. Заради подобрување на животот на руралното население, искористувањето на потенцијалите на шумарството и севкупната валоризација на нејзините општокорисни и социјални функции во насока на развој на руралните средини ќе стане дел од политиките за рурален развој на многу потаргетиран начин отколку во изминатиот период. Од аспект на намалување на влијанието на климатските промени врз шумскиот фонд особено ќе се обрне внимание на изградба на систем за превенција и менаџирање на пожари.

Во делот на рибарството ќе се поставаат политики кои треба да обезбедат **зголемување на аквакултурното производство во земјава, особено на автохтоните видови** како алтернатива на намалениот лов на риби во отворените води. Овие активности треба перспективно да создадат можности за намалување на увозната зависност од риби и рибини преработки. При тоа постигнувањето на целта треба да се остварува преку примена на еколошкиот пристап во аквакултурата и да се воведе принципот на одржливо ползување на водата и зачувување на нејзиниот квалитет. Една од целите е и збогатување и зголемување на рибниот фонд во риболовните подрачја, риболовните зони и во риболовните води, унапредена заштита на автохтоните популации и намалување на туѓите инвазивни видови, како и намалување и спречување на криволовот и рибокрадството.

**Ефикасното справување со отпадот, како и производството и употребата на енергија од обновливи извори и подобрување на енергетската ефикасност**, треба истовремено да влијае и на приходите на земјоделските стопанства, и на унапредената заштита на животната средина.

Република Македонија е подрачје кое е особено чуствително на климатските промени. Промените имаат особено негативно влијание на земјоделството како најранлива економска активност од овие промени и истовремено најважна економска активност на руралното население. Поради тоа **превземањето на соодветен институционален одговор на предизвиците од климатските промени и ублажување на нивното негативно влијание** на земјоделското производство, развојот на руралните средини и живиот свет ќе биде една од посебните цели на политиките во следниот период. Справувањето со последниците од промените е и хоризонтален принцип при дизајнирање на останатите инструменти и мерки.

Оттука клучните цели во насока на постигнување на одржливото управување и унапредување на природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени во следниот период се:

- Зачувување и унапредување на шумскиот фонд
- Зголемување на аквакултурното производство и одржливо рибарење
- Поширока примена на агроеколошкиот пристап во македонското земјоделско производство
- Биодиверзитет - заштита на автохтоните раси и сорти
- Ефикасно справување со отпадот од земјоделството, производство и употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството
- Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени.

## 6.1 Зачувување и унапредување на шумскиот фонд

Шумите играат клучна улога во движењето кон економија на намален јаглеродот, за одржување на биодиверзитетот, секвестрација (складирање) на јаглерод, заштита на екосистемите и економска валоризација на ресурсите во насока на развој на руралните области.

Шумарството е интегрален дел од руралниот развој. Инвестициите во развојот и во заштитата на шумските области придонесуваат за растот на потенцијалот на руралните области со ситовремена заштита на екосистемите и зголемување на потенцијалите за производство на обновливи суровини за зелената економија.

Имајќи ја во вид економската значајност на секторот шумарство во Република Македонија, Владата на Република Македонија во 2006 година ја донесе „Национална стратегија за одржлив развој на шумарството“ со важност од дваесет години. Оттука, стратешката цел на Владата на Република Македонија во делот на шумарството е:

*.... „да го зголеми придонесот на шумарскиот сектор во националната економија и во руралниот развој преку одржливо стопанисување со шумите, обезбедувајќи обновливи ресурси и заштита на локалната и глобалната животна средина со што ќе обезбеди подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани“.*

Како дел од визијата за развојот на шумарството во следниот период, површините под шумите треба постојано да се зголемуваат преку пошумување на голините со квалитетен растителен материјал со предност на автохтоните видови. Одгледувањето и заштитата на вештачки подигнатите шуми ќе бидат навремени и соодветни со што ќе се обезбедат биолошки и економски квалитетни шуми. Деградираните шуми и грмушки интензивно ќе бидат преведувани во високи шуми.

Во однос на искористување на шумскиот фонд ќе се почитуваат биолошките капацитети и ќе се ограничат можностите за прекумерно користење со што ќе се заштитат економски и еколошки вредните видови и биодиверзитетот.

Особено внимание ќе се посвети и на зголемени инвестиции во пошумувањето, осовременување на инфраструктура во шумите но и придружните објекти за собирање, обработка и пакување на другите шумски производи, во градењето на здравате граѓанска свест и одговорност кон шумските ресурси, понатамошно зајакнување на институционалниот капацитет, подигање на туризмот и ловството на ниво привлечно за повеќе странски туристи и соодветна заштита на шумите.

*... специфични цели во шумарството*

Специфичните цели во делот на шумарството и ловството за следниот период се следниве:

1. Проширување, подобрување на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд согласно Просторниот план на Република Македонија.
2. Мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството.
3. Зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области.
4. Зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни и социјални функции.
5. Зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.
6. Подобрување на можностите за изнаоѓање на национални и меѓународни фондови за поддршка на развојот на секторот.
7. Усогласување на шумарското законодавство со националните интереси и меѓународните обврски.

*... политики и мерки за одржлив развој на шумарството и ловството*

Политиките и мерки за одржлив развој на шумарството кои треба да придонесат во постигнување на стратешката и специфичните цели во следниот стратешки период се:

- Тековна реализација на проектите за годишно пошумување на голините и ерозивни земјишта и спроведување на одгледувачки мерки за

пошумените површини. Покрај преку националниот буџет, во кофинансирањето на активностите на пошумувањето ќе бидат вклучени и средствата од новата ИПАРД програмата за периодот 2014-2020 година преку мерката 2.2 Воспоставување и заштита на шумите. Целта на мерката е да се зголеми шумскиот фонд заради адаптација на предизвиците на климатските промени и обезбедување помош при превенцијата и реставрацијата на шуми од пожари. Зголемувањето на шумите преку пошумување ќе се подржува и за заштита на земјишните ресурси и живиот свет[61].

- Спроведување на годишна граѓанска акција за пошумување на шумско земјиште, но и насочена кон оплеменување на урбаните средини, особено во образовните и здравствени институции и паркови, околината на населените места и патиштата, рекреативните и туристички капацитети насочена кон градење на здрава граѓанска свест и одговорност да се реализира редовната. Во таа насока продолжува реализацијата на масовната граѓанска манифестација за пошумување „Денот на дрвото“.
- Обезбедување на подршка на инвестициите во стопанските активности во шумарството со подршка на инвестициите на приватните сопственици на шуми и приватните капацитети во висина од 50% од вредноста на инвестицијата преку ИПАРД програмата за проекти насочени кон: инвестиции за расадници за шумски растенија, инвестиции за капацитети за примарна обработка на дрво и производи од дрво, капацитети за преработка на споредни шумски производи и други дејности поврзани со секторот шумарство.
- Унапредување на технологијата на производство на шумски сортименти со цел намалување на процентот на отпадок од сеча од бруто посечената дрвна, како и стимулација и субвенционирање на претпријатијата кои ќе го преработуваат и финализираат овој отпадок од сеча.
- Подобрување на отвореноста и пристапноста на шумите заради одгледување, заштита, користење и подобрување на условите за развој на туризмот, инвестирање во редовна и континуирана изградба и обновување на мрежата на шумска патна инфраструктура на Република Македонија преку реализација на инвестициона програма за оваа намена.
- Спроведување на мерки за конзервација на природниот шумски генофонд.
- Унапредување и спроведување на одгледувачки мерки, особено конверзијата од нискостеблени во високо стеблени насади.

[61] За превенција од ерозија на вода и ветер - систем на заштитни шумски појаси, заштита од лавини, лизгање на земјиште, опустинување и суша, заштита на водните ресурси и каптажи, вклучувајќи ги речните басени, превенција од поплави, зголемување на биодиверзитетот и помош во адаптацијата кон климатските промени, вклучувајќи и создавање на зелени коридори за мигрирање на животинскиот свет.

- Разграничување на шумите и шумското земјиште од земјиштето со друга намена како што се пасиштата, евидентирање на промените според намена како и разграничување според сопственост.
- Завршување на воспоставувањето на информативен систем за превенција од шумски пожари.
- Промовирање на процесот на сертификација на дрво и производи од дрво произведени на одржлив начин.

*... зајакнување на институционалниот капацитет*

Подобрувањето на состојбите во шумарството е невозможно без зајакнување на капацитетите во областа на институционалната поставеност со стопанисувањето и управување на државни шуми. Во таа насока е потребно да се зајакнат капацитетите на органите кои се задолжени за заштита и чување на шумите-Државниот инспекторат за шумарство, Шумската полиција и шумочуварската служба во состав на Македонски Шуми. Активностите во таа насока ќе опфата доследно спроведување на регулираниот систем на посебни овластувања, обезбедување на засилени специјалистички обуки и нивно современо опремување. Во следниот период особено внимание ќе биде посветено на зајакнување на капацитетот на Шумската полиција во согласност со променетиот статус на вработенити согласно законските измени во изминатиот период, и тоа преку внатрешна реорганизација, современо опремување и засилени обуки.

Поради долгорочно прикажаните слабости во функционирањето кои се должат на неодржливиот концепт на организација на претпријатието, во следниот период е потребно да се изнајде соодветен концепт и да се изврши трансформација и реорганизација на Ј.П. „Македонски шуми“. Реформите во реорганизацијата треба да овозможат зголемување на ефикасноста во спроведување на надлежностите на претпријатието кои се од исклучителна важност за развојот на секторот.

Планирањето и спроведувањето на политиките во секторот е невозможно без воспоставување на единствен Шумарски информативен систем со примена на географски информациски систем и техниките на далечински сензори. Затоа во шумарството ќе се воспостави постојано ажурирана и ефикасна база на податоци достапна за сите релевантни субјекти.

Вработените во шумарскиот сектор треба да бидат постојано во чекор со најновите научни и технолошки достигнувања. Заради тоа потребно е да се овозможи тесна двонасочна соработка со научнообразовните институции при доквалификација, специјализација, научни истражувања и апликативни активности.

*... подигање на ловството и туризмот на ниво привлечно за странските гости*

Македонија има капацитет да биде популарна дестинација за рекреативен, спортски, екотуризам и високо-комерцијален ловен туризам со што може да се остварува значителен девизен прилив. Освен во веќе постојните туристички

центри, голем дел од активностите и дестинациите ќе бидат насочени кон шумските предели.

Во областа на ловството потребно е да се доведе бројната состојба на дивечот до планираната нормална бројна состојба и да се подобри трофејната вредност на дивечот. Во насока на следење на состојбите ќе се воспостави база на податоци за бројноста на дивечот по ловишта по региони и ловностопански подрачја и обезбеди нејзино постојано ажурирање. Концесионерите ќе бидат редовно контролирани во спроведувањето на превземените обврски според договорите за концесија и ловните основи.

Еден од важните приоритети кои треба да обезбдедат економска валоризација на ловните ресурси во насока на развојот на руралните средини е поттикнување на развојот на ловниот туризам, особено преку промоција на македонските ловни капацитети и привлекување на странски гости и инвеститори. Во таа насока ќе биде изработена Програма за популаризација на најперспективните македонски ловишта на ниво на атрактивните ловишта во светот.

Во насока на обезбедување на одржливо користење и управување со ловиштата ќе се воведуваат научно-базирани методи за стопанисување со дивечот и воспостави систем за координација помеѓу институциите и ловните здруженија.

*... стопанисувањето и управувањето со споредните шумски производи*

Стопанисувањето со други шумски производи во идниот период треба да носи уште позначителни економски добивки за шумарскиот сектор, за руралното население и државата, а ќе биде и соодветно законски регулирано. Во областа на стопанисувањето и управувањето со споредните шумски производи потребно е да се реализира студија за инвентаризација на споредните шумски производи со осврт на природните наоѓалишта. Видовите кои имаат економско значење потребно е економски да се мапираат според нивниот капацитет и начинот на одржливо стопанисување, при тоа промовирајќи ги еколошко прифатливите методи и техники.

Со цел вработување и остварување на приход на руралните домаќинства ќе се овозможи стимулација и субвенционирање на малите и средни претпријатија во руралните подрачја кои работат со овие производи на одржлив начин. Дополнителни мерки на поддршка ќе бидат разгледани и за извозните претпријатија кои извезуваат готови производи во оваа област преку помош во маркетинг, промоција, пакување, транспорт со што би се постигнала повисока додадена вредност и поголеми приходи за разлика од сегашната состојба во која извозните претпријатија извезуваат исклучиво суровини.

*... заштита на шумите*

Посебно внимание ќе се посветува на зачувувањето и заштитата на шумите како носечки екосистем. Ова е значајно за биодиверзитетот воопшто, но ќе обезбеди и социјални, економски и културни придобивки за граѓаните на Македонија.

Преку почитувањето и доследно спроведување на правната регулатива треба сосема ќе се искоренат бесправните сечи и другите штетни активности во шумарството. Во следниот период целосно ќе профункционира ефикасен систем за рано известување, тревожење и супресија на шумски пожари, а државата преку современа карантинска служба ќе обезбеди ефикасна превентивна заштита од интродуирани штетници и патогени. Со поставувањето на ваков систем при пренамножување на штетници или фитопатогени, одговорните институции ќе реагираат брзо и адекватно во примена на еколошки прифатливи мерки за сузбивање.

Со негативното влијание на климатските промени е зголемен ризикот за шумските пожари кои се се почеста појава во периодите на зголемени температури. Навременото и ефикасно пресретнување на ризиците од овој тип во следниот период ќе бидат еден од приоритети на сите вклучении институции. Во таа насока ќе се спроведуваат релевантни мерки за превенција, воспоставување на заштитна инфраструктура и систем на координација на активностите, како и реставрација за враќање на шумскиот потенцијал во шумите оштетени од пожари.

## 6.2 Зголемување на аквакултурното производство и одржливо рибарење

*... проекции и цели во развојот на аквакултурата*

Република Македонија како континентална земја е нето увозник на риби и производи од риби, особено риби и производи од морски видови. Аквакултурното производство во Република Македонија има иднина и простор за негово понатамошно развивање. Зголемениот интерес во последните неколку години за инвестирање во изградба на нови производни рибнички капацитети и зголемување на капацитетите на постојните како резултат на регулирањето на областа и обезбедената поддршката од политиките на државата, треба да овозможи **постепено задоволување на потребите на домашниот пазар**, барем што се однесува на производството на свежа слатководна риба. Зголемената конкурентност треба **постепено да создаде услови и за извоз на определени видови риби во странство**.

Во таа насока, во следниот период се очекува задржување и зголемување на учеството на рибарството во создадената вредност на националната економија до 1% од БДП. Обемот на **производството на риба треба да има позитивен тренд на постојано зголемување и во 2020 година да изнесува 50% повеќе од количините произведени во 2012 година**. Со ова се очекува аквакултурното производство да ги задоволи потребите на пазарот во земјата. Развојот на секторот и искористување на расположливите потенцијали треба да продонесе кон зголемување на производството на риба во Република Македонија на **проектираните и предвидени 4.000-5.000 тони годишно**.

*... активности во аквакултурата за зголемено производство*

Ова треба да се постигне преку:

- зголемување на производството во дел од постоечките рибници до постигнување на проектираниот капацитет, или интензификација и зголемување на капацитетите во постоечките рибници,
- изградбата на нови производни капацитети за одгледување на риба,
- воведување во евиденција на сите рибници и евидентирање на нивното производство, и
- поддршка на кафезно одгледување на риби, како најинтензивен облик на производство на риба, кој бара најмала почетна инвестиција.

Во аквакултурното производство особено ќе се стимулира воведувањето на автохтоните (и ендемичните) видови риби и нивното брендирање и заштитата на биолошката посебност.

Понатамошниот влез на субјекти треба да ја зголеми конкуренцијата во производството и заедно со примената на посовремени практики на производство да влијае на намалување на цената на конечниот производ. Ова заедно со зголемување на куповната моќ на населението треба позитивно да се одрази на зголемување на домашната потрошувачка. За постигнување на оваа цел ќе се поддржуваат и **кампањи за промена на навиките на домашниот потрошувач во однос на слабата застапеност на рибата и производите од риба во исхраната** со презентирање на придобивките за здравјето и акцентирање на свежиот карактер на производи од домашно производство поради достапноста на производните капацитети до пазарите.

Зголемувањето на **економското значење на аквакултурата има содветно влијание и на развојот на руралните средини од аспект на диверсифицирање на економските активности** и обезбедување на алтернативи за вработување на руралното население, но и како една од компонентите од развојот на руралниот туризам. Претпријатијата концесионери на риболовните подрачја и риболовните зони, претпријатијата кои се производители на риба и преработувачките капацитети и трговската мрежа преку новите инвестиции, но и самите здруженија на риболовци имаат потенцијал за генерирање на нови работни места.

*... одржлив развој на стопанскиот риболов со планското искористување на рибите од езерата*

За разлика од зголеменото значење и учеството на аквакултурното производство на риба, значењето на стопанскиот риболов во вкупното производство на риба во земјава постепено да се намалува. Проекцијата за придонесот на стопанскиот риболов кон постигнување на целта за зголемување на националното производство на риба и задоволување на потребите со домашно производство ќе се остварува само со паралелно почитување на принципите на одржливо користење на природните ресурси (заштита и развој на постојната ихтиофауна со посебно внимание кон автохтоните благородни видови риби) контрола на квалитетот на рибите и производите од риба и грижа и заштита на здравјето на потрошувачите.

Одржливиот излов при обезбедување на проекциите за производството е особено важно прашање при **организирањето и изведувањето на стопанскиот риболов** на природните езера и акумулациите. Во следниот период особено ќе се спроведуваат активности за **спречување на непланското стопанско искористување на рибите од езерата** (непланско изловување и појава на прелов), како и за намалување на трендот на негативната промена на видовата застапеност на рибните населби, евидентна во текот на изминатите триесетина години во сите риболовни води[62]. Во оваа насока е особено важно доследно да се примени и контролира екосистемскиот пристап на рибарството и да се спречи понатамошната промена и нарушување во животната средина и уништивање на хабитатите со посебен акцент на природните мрестни локалитети, како и да се обезбеди нивно ревитализирање.

*... збогатување на риболовните води и намалување на рибокрадство и криволовот*

Активностите на планираната политика во аквакултурата и рибарството во следниот период ќе имаат силно влијание на збогатувањето на риболовните води. Ова треба да оди паралелно со намалување, и постепено во целост елиминирање на негативните појави на рибокрадство и криволов кои се изразени во моментов и причинуваат голема штета на секторот во целост. Повеќегодишното отсуство на стопан-концесионер доведе до појава на криволов и рибокрадство на риболовните подрачја, во загрижувачки размери со непроценлива штета која ја предизвикуваат врз популациите на благородните авохони видови риби. Во таа насока ќе се осигура дека **сите риболовните подрачја се доделени под концесија** што ќе се зајакне заштита и зголемувањето на рибниот фонд, и обезбеди систем на целосна контрола врз езерата за спречување на појавата на криволов и рибокрадство.

Особено е важно адекватно спроведување на казнените одредби од Законот за рибарство и аквакултура врз сторителите на криволов и користењето на недозволени риболовни средства и **изрекување на соодветни казни за сторителите од страна на судот и подобреното евидентирање на уловот** на риба од страна на рекреативните риболовци. Системот за евиденција на уловот на рекреативните риболовци кој е во фаза на развој и пробно спроведување на терен целосно ќе биде имплементиран. Одржливото организирање на рекреативниот и спортскиот риболов со **зајакнување на капацитетите на здруженијата** треба да помогне во правилното извршување на законските обврски.

*... поддршка на инвестициите во аквакултурата и обезбедување на услови за приватно инвестирање*

И покрај позитивниот тренд на пораст, неспецијализираноста во прозводството на конзумна риба и покривањето на сите операции од страна на самиот производител (производство на матичен материјал, и сопствен порибителен материјал), го прави производството сеуште недоволно конкурентно

[62] Со намалување на густините на економски вредните видови риби за сметка на поголемата застапеност на економски помалку вредните „плевелни“ видови риби, и зголеменото присуството на недомородните видови риби.

што резултира со искористеност на изградениот производен капацитет за производство на конзумна риба од само 60%.

Политиките кои во следниот период треба да придонесат кон остварување на понатамошно интензивирање на развојот на аквакултурата и рибарството и зголемување на нивната економска вредност на еколошки одржлив начин, првично ќе се базираат на зголемените инвестиции во аквакултурата кои во најголема мерка се наменети за изградба на нови, но и реконструкција и осовременување на постоечките капацитети за аквакултура, набавка на модерна опрема и интензификација на производството[63], изградба на преработувачки капацитети и диверзификација во рибничкото производство. Инвестициите во аквакултурата треба да овозможат зголемување на бројот на нови рибници и зголемување на конкурентноста и конкуренцијата во производството, како и искористување на веќе постоечките капацитети со нивна модернизација и интензификација на производството.

Покрај продолжување на поддршката на инвестициите, во наредниот период ќе се **изврши идентификација на потенцијалните локации за изградба на рибници или поставување на кафези за одгледување на риба**, кои ќе бидат понудени на потенцијалните инвеститори. Парцелите ќе бидат подготвени за објавување на потенцијалните инвеститори по можност и со обезбедување на потребната инфраструктура за започнување на изградбата на капацитетите (пат, струја, вода итн). Исто така ќе се **заврши со процесот на евидентирање на (инвентаризација) на објектите и производството на риба** во аквакултурата по видови на риби кои се одгледуваат и производната намена на објектите (топловодни, ладноводни и кафези), и редовно ќе се врши ниво ажурирање.

*... инвестиции во преработката и подобрување на маркетингот на рибите и производи од риби*

Покрај позитивните политики на државна поддршка за кофинансирање на проширување на производството и зголемување на приносите, подобрувањето на маркетингот на аквакултурното производство треба да придонесе кон постигнување на оваа цел. **Инвестициите насочни кон преработката и маркетингот** на риби и производи од риби (примарна обработка на свежи риби и преработка на слатководни риби во форма на филети, кременадли, свежи вакумирани или замрзнати), треба да овозможат поголема понуда на производи за различни категории на потрошувачи. Ова заедно со **едукација на производителите и кампања организирана од здруженијата на производители на риба** чија интеграција треба да се подобри во следниот период преку формирање на Македонска национална асоцијација за аквакултура, треба да овозможи промена на навиките на домашниот потрошувач за шпицирање на побарувачката на риба само во време на верските празници.

---

[63] Воведување на соодветна опрема која ќе биде во функција да ја прати интензификацијата на производството на риба (аератори, воведување на опрема за додавање течен кислород, водени лифтови за можност за рециркулација, пумпи, UV филтри, автоматски сортирачи и опрема за чистење на отпадните органски материи) и воведување на софтвер за целосен мониторинг на производството на риба во рибарските фарми

*... реформа во спроведувањето на мерките на директн плаќања*

Во услови кога согласно спроведените анализи сите производствени капацитети во државата покажуваат позитивни економски резултати, независно од големината и местоположбата се поставува **прашањето за оправданоста на начинот на реализација на поддршката на производството во форма на поддршка на приходот на производителите на риба преку директни плаќања**. Директните плаќања за производството на калифорниска пастрмка, во услови кога пазарот во континуитет е наклонет и самиот по себе е стимулирачки за нејзино поголемо производство нема посебна оправданост. Типот на поддршка нема влијание на намалување на пазарната цена која покрај тоа што секако обезбедува достаточни приходи за производителите, претставува и директен фактор на влијание на недоволната потрошувачка на риба во државата. Поради ова ќе се преиспита начинот на обезбедување на поддршката преку директни плаќања која поради наведните услови има **поголема оправданост да биде реализирана на начин кој таргетира некој од идентификуваните проблеми и насочува кон постигнување на поставените цели**. Тука покрај кофинансирање на инвестициите спаѓа секако поддршката за порибување на рибниците.

Директната поддршка **по единица производ ќе се обезбеди само за производството на автохтоните пастрмки** кои сега имаат полоши производни карактеристики споредено со калифорниската пастрмка која повеќе од 6 децении селектирана во правец на подобрување на производните својства.

*... селекција на македонската пастрмка и порибување со автохтони видови риби*

Во исто време ќе се **спроведуваат интензивни програми за селекција на македонската пастрмка или охридска пастрмка** со цел подобрување на нејзините производни карактеристики, што долгорочно треба да создаде услови за замена на сега широко-одгледуваната калифорниска пастрмка.

Една од главните цели во следниот период останува заштита, збогатување и зголемување на рибниот фонд во риболовните подрачја и риболовните зони, преку **обезбедување на поддршка за изведување на вештачки мрест и порибување на отворените риболовни води со одделни автохтони видови риби**. Тоа особено и во најголема мерка ќе се однесува на рибите од Охридското и другите природни езера.

*... зајакнување на заштитата и уништување на инвазивните видови во езерата*

За да се обезбеди почитување на екосистемскиот пристап во организирање на риболовот во Република Македонија и одржливост во стопанисувањето со рибниот фонд, во следниот период **ќе се изработаат риболовни основи за сите риболовни води во државата за кои основните не постојат, а за постоечките ќе се обезбеди нивно ажурирање** како континиурана активност.

Како дел од заштитата **ќе се спроведуваат редовни активности за хидролошки и хидро-биолошки мониторинг**, мониторинг на состојбата со рибната населба, рибните станишта и мрестните локалитети, како и заштита на автохтоните популации на риби, на животните станишта и на мрестните локалитети. Паралелно со заштитата на автохтоните популации ќе се

**спроведувааат и активности на уништување на популацијата на инвазивните видови во езерата** кои имаат негативно влијание на популациите на благородните автохтони видови риби во езерото и врз вкупната вредност на рибната населба во езерото.

Во насока на намалување и спречување на криволовот и рибокрадството ќе бидат превземени активности за **воспоставување на формална структура на рибочуварска служба која ќе има ингеренции на цела територија** на Република Македонија, врз основа на модел кој најмногу одговора на постоечките потреби и капацитети на институциите. Паралелно ќе биде обезбедена **засилена контрола на исполнување на квантумот на излов** од страна на концесионерите согласно риболовните основи, како **и на спроведувањето на нивните обврски за заштита на рибниот фонд** кои произлегуваат од договорите за концесии. Поддршка ќе биде обезбедена за зајакнување на рибочуварските служби на концесионерите за извршување на нивните функции, како и ќе се формира систем за меѓусебна комуникација и координација помеѓу рибочуварските служби на концесионерите, Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за земјоделство и МРФ.

Интензивното одгледување на риби бара таква здравствена заштита која ќе биде во состојба да открие, предупреди и да ги отстрани сите фактори кои го загрозуваат здравјето на рибите. Во таа насока **ќе се изработи планот и програмата за здравствена заштита на рибите од заболувањата** наброени во Законот за здравствена заштита на животните од заразни болести[64]. Планот за здравствена заштита треба да опфаќа и проценка за зоохигиенските услови, односно откривање на отстапувањата од нив.

*... враќање на традиционалниот начин на риболов на Дојранското Езеро*

Заедно со унапредување на состојбата со рибарството, ќе се афирмира и поврзаноста на природните и културни вредности на нашите езера кои треба да бидат и во функција на развој на езерскиот туризам. Во таа насока особено ќе се посвети внимание на враќање на традиционалниот начин на риболов на Дојранското Езеро како дел од почитување на обврските превземени од концесионерот, но и со дополнителни активности коорганизирани со разни чинители на национални и локално ниво.

## 6.3 Поширока примена на агроеколошкиот пристап во македонското земјоделско производство

### Спроведување на добри земјоделски практики и заштита на животната средина преку вкрстената сообразност

*... условеност на поддршката со барањата на вкрстена сообразност*

[64] За вкупно 7 болести - вирусна хеморагична септикемија, заразна некроза на панкреас, пролетна виремија на крап, фурункулоза, еритродерматитис, брливост кај пастрмки, воспаление на меурот кај крап.

Согласно Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2013-2017 година, во следниот петгодишен период остварувањето на правото на финансиска поддршка, пред се директните плаќања но и поддршката од другите политики, ќе биде предмет на **задолжително исполнување на дефинирани барања поврзани со примена на стандарди и постапки во производството кои се дел од системот на вкрстена сообразност**. Воведувањето на ваквите барања е со цел стимулирање на примена на потребните агротехнички мерки во земјоделското производство кои треба да резултираат со постигнување подобрени резултати, повисок квалитет на производите, заштита на животната средина и обезбедување на оптимално користење на природните ресурси и енергијата. Воведувањето на условеност на пристапот до средствата за директни плаќања, произлегува и од перспективниот развој на системот на директни плаќања во Заедничката земјоделска политика на ЕУ кој оди во насока на проширување на обврските на барањата за вкрстена сообразност за корисниците на финансиска поддршка.

*... воведување на барањата на вкрстена сообразност*

Минималните услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина во најголем дел ќе ги вклучуваат задолжителните одредби од важечките закони од националното законодавство од областа на земјоделството, ветеринарството и заштитата на животната средина, но и такви кои осигуруваат спроведување на основните агро-технички практики во одгледувањето на растенијата или животните, при тоа водејќи сметка за одржливиот развој на земјоделство. Барањата на **вкрстена сообразност ќе се воведуваат постепено**, на почетокот оние барања кои ги третираат основните аспекти од технологијата на земјоделското производство и заштитата на животната средина и кои може да се имплементираат од страна на земјоделците на наједноставен начин. На почетокот барањата ќе се однесуваат на одредени категории на корисници со поголеми производни капацитети со постепено проширување на опфатот кон помалите производители.

Во првата фаза на воведување на барањата која започна од 2013 година, се опфатени оние барања кои се однесуваат на одговорно управување со земјиштето (одржување на плодноста на почвата, нејзината структура и нутритивниот систем), употребата и заштита на водата, правилна употреба на хемиски препарати и унапредување на ефикасноста на користењето на природните енергетски ресурси. Барањата опфатени во националниот систем на добра земјоделска пракса и заштита на животната средина во добар дел кореспондираат со одредбите од европските барања од Анекс III од Регулативата на Советот 73/2009[65], но вклучуваат и одредени национални специфичност воглавно опфатени во националната регулатива. Зголемување на опфатот на постоечките барања регулирани со *Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина* (Сл.весник на РМ 43/2013) ќе се разгледува за периодот од 2016 натаму, после

[65] а кои се однесуваат на ерозија на почва, органска материја во почва, структура на почва, минимум ниво на одржување, како и заштита и управување со води), релевантните минимум услови за користење ѓубрива и производи за заштита на растенија

анализа на спроведувањето на првата фаза, кога е планирано воведување на останатите барања од корпусот на вкрстената сообразност од европски тип.

Почнувајќи од програмите за 2015 година ќе се започне со преминување од пристапот на известување и укажување на земјоделското стопанство за утврденото отстапување од вкрстената сообразност и за обврската за преземање на активности за нивно надминување, кон **спроведување на одредбите за намалување и исклучување на директни плаќања за вкрстена сообразност**.

*... обезбедување на институционален капацитет и активности на поддршка во примената на барањата*

Соодветните институционални капацитети за програмирање на системот на вкрстена сообразност во МЗШВ, за контрола на исполнетост на барањата за вкрстената сообразност во АФПЗРР, како и за поддршка на земјоделците во нивното постигнување во АПРЗ ќе се зајакнуваат континуирано. Во текот на 2015 година ќе се воспостави и **правно-регулиран соодветен функционален систем за меѓуинституционална координација** (МЗШВ, советодавни служби, АПРЗ, МЖСПП, итн) за поставување и следење на имплементацијата на вкрстената сообразност.

Почитувањето на барањата за вкрстена сообразност ќе биде редовна област на советодавните услуги кои ќе се обезбедуваат преку националниот советодавен систем. Во насока на популаризација на примената на барањата за вкрстена сообразност во 2015 година, ќе се подготви и дистрибуира до корисниците **брошура-прирачник за примена на минималните услови** за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

Подобреното информирање на земјоделците кои се обврзани за спроведување на барањата за вкстена сообразност, во следниот период ќе се постигнува и со **спроведување на редовна јавна кампања** за примена на стандардите од ДЗХП преку емитување на наменски информации на 12 локални телевизии и радија и МТВ.

Сепак клучен дел од успешноста на воведување на барањата ќе биде **активноста на советодавните служби во објаснување и обезбедување на поддршка на земјоделците** за воведување на барањата. Согласно Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина, советодавните служби во државата (АПРЗ и приватните даватели во националниот советодавен систем) имаат обврска да обезбедат советодавна поддршка на земјоделците корисници на финансиска поддршка кои се обврзани да ги исполнат бараните обврски. Активностите за обезбедување на советодавни услуги ќе се реализираат од страна на АПРЗ со подготвен Акциски план на активности за обука на советниците кој вклучува изработка на соодветните советодавни пакети и спроведување на конкретни теренски активности за испорачување на советите до земјоделците. После воспоставувањето и функционирање на Националниот советодавен систем ќе се обезбедат доволен број на стручни лица-советници кои треба да се во директни контакти со земјоделците за да им помогнат во спроведување на поставените барања.

До крајот на програмскиот период примената на минималните услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина треба да ја сочинуваат основната линија на најшироко прифатени минимални задолжителни стандарди за применети методи за земјоделско производство кои ќе бидат во склад со заштита и унапредувањето на животната средина за сите земјоделски стопанства кои се корисници на средствата за финансиска поддршка во земјоделството.

*... постепено спроведување на одредбите од Нитратната директива*

Во следниот програмски период од 2017 година, паралелно со проширување на обсегот на спроведување на вкрстената сообразност ќе започнат и активности за **определување на подрачјата кои се чуствителни на загадување на водите со нитрати од земјоделските активности** (во прв ред тековите на површинските води), после што ќе треба да се **изготват оперативни програми за спречување на таквите загадувања и воспоставување на систем на следење** заради проценка на ефективноста од превземените активности. Активностите во таа насока ќе вклучуваат и соодветни интервенции во надградување на институционалните капацитети и информативните системи.

**Воведување на нови агроеколошки мерки**

Проширувањето на опфатот на корисниците на агроеколошките мерки и воведувањето на нови мерки за поддршка на агроеколошкиот пристап на извршување на земјоделските активности над минималните барања за вкрстена сообразност е еден од приоритетите на политиката во следниот период. Целта на воведувањето на новите агроеколошки мерки, покрај продолжување на веќе постоечките, е обезбедување на понатамошен придонес кон одржливо управување со природните ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени. Ова треба да се постигне преку употреба на методи за земјоделско производство кои ќе бидат во склад со заштита и унапредувањето на животната средина, просторот и неговите особини, природните ресурси, почвата и генетичкиот диверзитет со поголем опфат од опфатот на релевантните задолжителни стандарди.

*... начин на спроведување на агроеколошките мерки*

Врз основа на претходно направената анализа на животната средина и утврдените еколошки проблеми, потреби и можности дефинирани се агроеколошки области и соодветни подмерки за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка за нивно спроведување. Новите агроеколошки мерки всушност ќе бидат поставени на ниво на агро-еколошки „пилот“ активности на примена на земјоделски активности кои одат понатаму од задолжителните минимални стандарди за заштита и унапредување на животната средина и природните ресурси.

Корисниците на мерката на доброволна основа ќе се обврзат во период од најмалку 5 години да ги почитуваат агро-еколошки определби кои се построги од релевантните задолжителни стандарди на вкрстена сообразност. Секој корисник пред спроведување на која било од под-мерките ќе треба да подготви агро-еколошки план преку консултации со советник, а во текот на спроведување на таквата подмерка да ги следи упатствата содржани во планот. Корисниците сами

избираат која подмерка ќе ја спроведуваат на дел или на целото земјоделско стопанство за целото времетраење на превзсемената обврска во согласност со утврдените услови, за што редовно водат евиденција.

*... финансиска поддршка на спроведување на мерките и начин на финансирање*

На земјоделците кои ќе ги спроведуваат мерките ќе им бидат доделени годишни износи на финансиски средства во вид на компензација за дополнителните трошоци кои се резултат на определбите на кои се обврзале[66]. Агро-еколошките плаќања ќе се доделуваат по хектар користено земјоделско земјиште или кај подмерките за биодиверзитетот како плаќања по грло. Плаќањата се наменети делумно да ја компензираат вредноста на дополнително-вложениот труд за задоволување на барањата за заштита на пределите и животната средина, како и за зачувување на традиционалните методи на земјоделско стопанисување.

Финансиска поддршка за новите мерки, како и за мерките кои и досега се имплементираа – поддршка на органското производство и на биодиверзитетот, е планирано да се обезбеди преку Мерката 2.1 – Агро-еколошки мерки и органско производство од ИПАРД 2014-2020 Програмата, за чии потреби е неопходно да се подготви Агро-еколошка програма. Мерката 2.1 треба да започне да се имплементира од 2016 година.

*... вклучени агроеколошки мерки во програмата*

Покрај Подмерките - Зачувување на локалните загрозени видови на животни и растенија за заштита на биодиверзитетот на локалните раси Праменка и Буша, и Поддршка на органското производство кои и досега беа дел од национално-финансираниот систем на поддршка, во Агро-еколошката програма ќе бидат вклучени и следните нови агро-еколошки подмерки:

- Зачувување на традиционалните видови на винова лоза, односно заштита на автохтоната сорта на винова лоза Станушина во Тиквешкиот регион, и
- Заштита на водата и почвата преку оддржливи методи на земјоделски активности, односно:
  - заштита на водата и почвата преку воспоставување и одржување на зелена покривка во повеќегодишни овошни насади во Ресенскиот регион, и
  - заштита на водата и почвата преку спроведување на систем за ротација на градинарски култури во Пелагонискиот регион.

Спроведувањето на мерката и померките ќе придонесува кон постигнување на целите на стратегијата Европа 2020 со опфаќање на целите за рурален развој

[66] За секоја под-мерка е подготвена пресметка која служи како основа за воведување на нивото на исплата на компензација за спроведување на мерката. Пресметката посебно ги содржи дополнителните трошоци и приходи кои произлегуваат од спроведувањето на под-мерката од страна на корисникот, каде се дава споредба со праксите, земјоделските услови на вообичаените методи за вршење на земјоделското производство. Пресметката ќе преставува посебен документ која ќе оди во прилог на процесот на усвојување на Агро-еколошката програма.

во делот на одржливо управување со природните ресурси и преку климатско дејствување.

**Обезбедување на пазарно одржливо органско производство**

Производството на здрава храна останува да биде голема шанса за македонското земјоделско производство за обезбедување на дополнителни приходи во однос на постоечките кои се остваруваат од производството во конвенционални услови. Потенцијалното зголемување на потрошувачката на домашниот и регионалните пазари со подобрување на куповната моќ и континуираниот растечки интерес на потрошувачите за органското производство особено на западните пазари, се добра шанса за започнување или преориентација на постоечките земјоделски бизниси во производство на органска храна.

*... проекции за развој на органското производство во следниот период*

Доколку во изминатиот стратешки период главната цел во делот на органскиот начин на производство претставуваше воспоставување на институционална рамка која ја опфаќаше правна регулација, инстиуционалната поставеност и капацитетите, обезбедување на политики на поддршка на органското производство и промоција и популаризација на самото органско производство, во следниот стратешки период фокусот ќе биде ставен на **унапредување на препознатливоста на органското производство на домашниот пазар и започнување на извоз на странските пазари**.

Обемот на органското производство во следниот период се очекува да го следни реалниот интерес за овој тип на производство првично на домашниот пазар, и оттаму интересот и произведените количини на ова производство ќе се стабилизираат на нивото кое реално одговора на тековните пазарни потреби. Посакуваните **проекции на политиката се удел на обработените површини под органското производство од 2% од вкупното обработено земјоделско земјиште во Република Македонија и 2% сертифицирани животни во органско сточарство** (вклучително и пчеларство и рибарство) од вкупниот сточен фонд во државата. Поамбициозно придвижување е можно само доколку органските производители сериозно се реорганизираат кон настапот на надворешните пазари каде постои поголема побарувачка за овој тип на производи.

*... мерки на финансиска поддршка*

За поддршка на домашното органско производство и во следниот програмски период во континуитет ќе се одобрува финансиска поддршка од **дополнителни субвенции кои се повисоки за 30% во однос на износите одобрени за конвенционалното производство**. Дополнителните директни плаќања ќе се обезбедуваат за сертифицирано органско производство и производство во конверзија согласно правилата за спроведување на агроеколошките мерки за сите мерки од поддршка, вклучително и за произведен и продаден органски производ наменет за преработка во финален органски производ. Покрај преку директните плаќања, органското производство ќе биде поддржано и со **надомест на трошоците за контрола и сертификација и**

**надомест за лабораториски анализи** во висина од 100% во првата година на конверзија и 50% во останатиот период. Подобрувањето на информираноста на откупувачите и потрошувачите на органски производи за производните капацитети и видот на органското производство ќе се остварува преку обезбедување на одржлива функционалност на порталот www.organicmacedonia.org.mk.

После акредитацијата на мерката Мерката 2.1 Агро-еколошки мерки и органско производство во ИПАРД 2014-2020 Програмата, поддршката за органското земјоделско производство на градинарски и култивирани лековити и ароматични зачински растенија ќе се уреди според условите пропишани во Агроеколошката програма.

*... активности за подобрување на маркетингот и зголемување на пазарната препознатливост*

Клучниот фактор на влијание на остварување на овие проекции е интересот на потрошувачите за органското производство, кој и во следниот период ќе биде ограничен од потрошувачката моќ како надворешен фактор на влијание и од степенот на препознатливост и популарноста на органското производство од страна на потрошувачите. Во насока на зголемување на пазарната потрошувачка, фокусот на политиките на поддршка ќе бидат ставени на **финализација на органското производство во формалните канали на трговија, подобрување на маркетингот на органските производи и зголемување на јавната свест за органската храна**.

Заради идентификација на слабите страни и проблемите во пазарната препознатливоста на органското производство, но и можностите и потенцијалите за унапредување на маркетингот со органски земјоделски производи, ќе се направи **економско-финансиска анализа на ланецот на додадена вредност на органското производство** со препораки за активностите кои треба да ги превземат самите производители и нивните асоцијации, но и со препораки за нови инструменти на политиките за постигнување на целите на стратегијата.

Зголемувањето на потрошувачката на македонското органско производство во периодот од 2015-2017 година ќе се стимулира преку отворање на **наменски продавници за органски производи** во поголемите потрошувачки центри во државата со кофинансирање на трошоците за опремување и функционирањето во почетниот период. Поддршка ќе биде обезбедена и за **организирање на посебни локации за продажба на органско производство во руралните средини**, како и за воспоставување на типски продажни места (тезги) на зелените пазари и на други локации во поголемите потрошувачки центри. Во насока на популаризација на органското производство во текот на целата година ќе се **спроведуваат кампањи за бенефитите од конзумирање на здравата храна прилагодени според различните целни групи**. Кампањите ќе се реализираат преку активности организирани и спроведени со претставници од различни целни групи - деца, родители, постара популација, потрошувачи кои посветуваат внимание на здравиот начин на исхрана и др.

Имајќи ја во предвид неповолната структура на земјоделските стопанства и отсаството на хоризонталното интегрирање кои продуцираат недостаток на

поголеми количини на производи наменети за извоз, зголемувањето на пласманот на македонските органски земјоделски производи на надворешните пазари не може да очекува да се одвива со засилена динамика и брзо. Сепак органските производители **ќе имаат можност да го презентираат македонското органско производство на странските пазари како дел од националната презентација** на македонските извозни потенцијали во земјоделството.

*... идни можности за развој - преработки од органски производи и собирањето на органски самоникнати видови*

Позитивно влијание на развојот на органското примарно производство и зголемување на додената вредност на производите, треба да одигра преработувачката индустрија со зголемување на постојната понуда по количина и и асортиманот на преработки од органски земјоделски производи. **Диверзификацијата на преработувачките сектори на органски земјоделски производи ќе биде поддржана со мерките за кофинансирање на инвестициите**.

Диверсификацијата кон органското производство може да биде значаен дел од интегрираниот развој на руралните средини. Понудата на органски производи треба да обезбеди свое место во развојот на еко-туризмот, особено во подрачјата со ограничени можности за производство. **Голем и неискористен потенцијал во органското производство има собирањето на органски самоникнати видови**. Република Македонија располага со еколошки чисти региони, што е најзначаен предуслов за органска сертификација на самоникнати видови кои се собираат во овие региони. Во Република Македонија постои традиција на собирање на самоникнати видови и со собирање на шумски плодови, печурки и лековити билки, со што се занимаваат околу 50.000 семејни домаќинства, главно од ридско-планинските и неразвиените подрачја. Самата органска сертификација на самоникнатите видови нема потреба од период на преод и по исполнување на условите, органскиот статус се добива уште во првата година на сертификација. Зголеменото искористување на овој природен потенцијал со истовремено обезбедување на одржливо собирање, би водело до остварување на позитивен финансиски ефект за самите собирачи, за претпријатијата кои вршат откуп, преработка и трговија со самоникнати производи но и за државата преку девизен прилив од извозот на овие производи.

Во таа насока во следниот период ќе се **овозможи потаргетиран пристап кон развивање на собирањето на органски самоникнати видови** заради зголемување на бројот на субјектите и површините сертифицирани за собирање на самоникнати видови. Активностите ќе бидат насочени кон **обезбедување на обуки за собирачите, заокружување на правната регулатива и кофинансирање на инвестициите** за регистрација, и прилагодување на откупните пунктови за прием и складирање на органски сертифицирани производи, како и етикетирање на собраните производи во сите фази на манипулација.

Во делот на институционалниот капацитет потребно е зголемување на конкуренцијата во понудата на контролни и сертификациски услуги, како и институционално зајакнување на системот за надзор во органското производство.

Во насока на поттикнување на понудата на сертифицирани семенски материјал и средства за изведба на агротехника својствена за органско производство кои се дефицитарни, до крајот на програмскиот период **ќе се намали ДДВ од 18% на 5% за семенски материјал, ѓубрива и заштитни средства за органското производство**.

## 6.4 Биодиверзитет - заштита на автохтоните раси и сорти

Во Република Македонија постои изобилство на екосистеми, живеалишта, заедници и видови, па затоа земјата се смета за еден од најважните центри наендемизам во Европа. Клучните екосистеми се претставени преку пасиштата, мочуриштата, шумите и планинските места[67]. Традиционалното земјоделство со низок интензитет на земјоделски практики, значително придонесува во создавањето, но и во одржувањето на ова исклучителено богатство. Сепак интензивирањето на развојот на земјоделската дејност и потребата за зголемување на продуктивноста, придонесува за постепено до рапидно намалување на интересот за одгледување на македонските автохтони видови и раси со голем ризик за трајно губење на истите. Дополнително, неконтролираните антропогени активности имаат особени негативни влијанија врз опстанокот на екосистемите, видовите, живеалиштата, а посебно врз популациите и ширењето на дивите видови[68].

Политиките за заштита на биодиверзитетот во следниот програмски период се базираат на **остварување на целите на европската политика за биодиверзитет согласно Стратегијата за биодиверзитет на ЕУ 2050**. Главната цел ќе биде зголемувањето на уделот на земјоделството и шумарството во одржувањето и подобрувањето на биодиверзитетот преку **интегрирање на биодиверзитетот во поддршката за еколошките општествени добра преку директните плаќања**. Приоритет ќе биде ставен на оние сорти и расите кои преку селекција и унапредување имаат производен потенцијал, кој надополнет со финансиската поддршка од државните политики, овозможува постигнување на економски одржливи резултати во производството.

Во таа насока ќе продолжат започнатите мерки на обезбедување на дополнителна финансиска поддршка за македонските автохтоните национални раси на животни праменката, бушата и овчарското куче шарпланинец кое е во функција на одгледување на овци. Во следниот плански период, веќе од 2015 година **ќе се проширува опфатот на расите** и тоа за оние за кои се обезбедени институционални услови за уматичување и регистрација (кози, биволи). Како дел од остварување на целите за развој на алтернативните системи на одгледување на несилки за производство на јајца и бројлерско производство од мал обем, во

[67] За земјоделството од особено значење се следните живеалишта: 6.120 видови Xeric-варовнички пасишта, 6.170 алпски и поталпски варовнички пасишта, 6.210 полуприродни суви пасишта и грмушки на варовнички подлоги (Festuco Brometalia), 6.220 псевдо-степски треви и годишници од Thero-Brachypodietea и 6.230 видови богати со Nardus-пасишта во планинските области коишто се наоѓаат низ целата земја.
[68] Вкупно се заштитени 86 подрачја, коишто опфаќаат 9% од територијата на Република Македонија, а до 2020 година сеочекува заштитената територија да се зголеми до 12%.

следниот период во оваа шема ќе бидат вклучени и одгледувачите на автохтоните генотипови на кокошки кои претежно се одгледуваат во слободни системи на одгледување (во двор или кокошарник) во рамките на призната организација на одгледувачи.

После обезбедувањето на инститиционални услови за реализација на поддршката според критериумите на ИПАРД програмата, **поддршка од 2017 година е планирано да се обезбедува од европските предпристапни средства** од ИПА II. Поддршката ќе се однесува за грлата кои се одгледувааат во стопанства кои членуваат во признати организации на производители кои континуирано водат грижа за подобрување на генетскиот потенцијал на расата. Спроведувањето на заштитата според НАТУРА 2000 покрај преку ИПАРД ќе се реализира и преку други ЕУ фондови кои се на располагање за постигнување на оваа цел[69].

Заштитата на биодиверзитетот е особено важно прашање за секторот аквакултура и рибарство каде **одгледувањето на автохтоните видови на риби** преку постојаното подобрување на нивните производни карактеритики и последователни промотивни активности на истите на домашниот и надворешните пазари, може да преставува солидна основата за добар одржлив економски развој на секторот. Активностите за унапредување на производството на автохтоните видови на риби пред се преку мониторингот на пастрмка како најзагрозен вид, но и заштата на другите 30 автохтони видови риба, треба паралелно да се одвиваат со уништувањето на туѓите инвазивни видови.

Во насока на заштита на автохтониот генофонд (на овошје, зеленчук, лозови насади) ќе се финансираат активности за инвентаризација и карактеризација на автохтоните сорти (Регистер на автохтони насади како дел од Регистерот на овошни насади) и **ќе се поддржи одржувањето на колекционите насади**. Оние сорти и автохтони популации кои се во употреба и се барани на пазарот (куртовска капија, бучински кромид, домат јабучар, тетовски грав), но во фаза на исчезнување поради недоволната количина или недостатокот на квалитетен семенски материјал, ќе бидат **поддржани преку поставување на селекциски и семепроизводни парцели** организирани под надзор на стручните научно-истражувачки институции. Добивањето на првите резултати се очекува по пет сезони од започнувањето на селекционите активности.

Поттикнувањето на интересот за одгледување на дефинирани автохтони сорти растенија ќе се обезбеди преку **дополнителна финансиска подршка за подигање и одгледување на насади од автохтоните сорти во висина до 30 %.**

Во втората фаза на имплементација на националната стратегија, а во координација со надлежните државни органи, како дел од агроеколошките мерки и барањата за исполнување на вкрстената сообразност ќе бидат превземни **активности на поддршка на спроведувањето на НАТУРА 2000** во делот на опстанокот на екосистемите, видовите, живеалиштата, а посебно врз популациите и ширењето на дивите видови.

---

[69] За спроведување на заштитата според НАТУРА 2000 постојат и други ЕУ фондови, како што се Структурните фондови на ЕУ („Зачувување и заштита на природата и промоција на ефикасност на ресурсите“) за коишто може да аплицира само земја-членка на ЕУ, а Република Македонија може да биде учесник како трета земја. Исто така, под програмата „LIFE 2014-2020“ постојат финансиски инструменти за конзервација на природата, но истото важи како и за претходниот структурен фонд.

## 6.5 Ефикасно справување со отпадот од земјоделството, производство и употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството

### Управување со отпадот од растително земјоделско производство

Амбалажата од употребените пестициди претставува голема закана за еколошката средина. При резидбата на овошните и лозови насади се отфрла голема количина на дрвна маса. Растителните остатоци дел од производителите правилно како мулч ги оставаат во почвата со што ја збогатуваат органската материја, но дел од нив остатоците ги изнесуваат надвор од парцелите и непродуктивно ги палат. Оваа материја покрај за збогатување на органскиот состав на почвата, може да послужи како обновлива енергија доколку се собира и соодветно искористува. Голем дел од плодовите остануваат нереализирани и најчесто се фрлат по околните места, а притоа загадувајќи ја околината. Органската материја може продуктивно да се искористи преку нејзино компостирање и враќање во производните парцели како органско ѓубриво.

Во земјоделските производни подрачја недостауваат адекватни системи за управувањето со земјоделскиот отпад. Ова е особено изразено во региони со концентрирано производство на овошје каде се идентификувани сериозни закани за природните екосистеми. Во иднина е потребно да се најдат решенија за овие проблеми, како што е организирано управување со отпадот од агрохемикалиите (изградба на собирни пунктови) и управување со биоразградливиот отпад преку додавање на економска вредност (брикетирање и пелетирање на отпадоците од режаното дрво и компостирање на непласирани плодови).

Во насока на намалување на ризиците од загадување на еколошката средина и зголемување на економската вредност на отпадот во овоштарството ќе се започне со активности за ефикасното справување на отпадот во овоштарско и лозарско производство **преку кофинансирање на трошоците за изградба на собирни пунктови**, **изградба на капацитети и набавка на опрема за брикетирање и пелетирање, изградба на капацитети за компостирање** на биоразградливиот отпад од овоштарството. Заради стимулирање на предавањето на плодови за компостирање ќе се разгледа можноста за доделување на финансиска поддршка по килограм за предадени плодови. Приватните иницијативи може да вклучуваат и соработка со локалната самоуправа, а пилотирање на системите во најмалку еден од главните производни региони ќе биде поддржано преку донаторски средства координирани од страна на надлежното МЖСПП.

Реализацијата на ваквите системи може да придонесе и кон поттикнување на дополнителни дејности во руралните средини.

### Управување со отпадот од сточарското производство

Ефикасното управување со отпадот е особено важно прашање за сточарското земјоделско производство. Истото е уредено во вид на обврска како дел од минималните услови на добра земјоделска пракса и заштита на животната средина во посебните услови кои се однесуваат на заштита на животната средина при одгледување на животни. Правилното управување со органскиот отпад од сточарството има влијание на количина на азот од ѓубривата од органско потекло која е корисно да се аплицира на обработливите земјоделски површини. Според правилникот за вкрстена сообразност вкупната количина на азот која се применува на обработливите земјоделски површини во ѓубривата од органско потекло не треба да биде поголема од 210 кг/ха годишно. Оттука соодветното управување со арското ѓубриво секако вклучува и негово исправно одложување и складирање.

Почнувајќи од 2013 година и со рок на завршување 30 ноември 2014 година, земјоделски стопанства со број на животни по земјоделско стопанство повеќе од: 50 грла говеда со шталско одгледување со постојан престој во објект, 250 грла свињи за тов и/или 25 маторици, и 5.000 несилки или 10.000 бројлери одгледани на годишно ниво, се веќе **обврзани да имаат складови за соодветно управување со арското ѓубриво**. Имено овие земјоделските стопанства со интензивно сточарско производство кои произведуваат и акумулираат поголеми количини на арско ѓубре во однос на потрошувачката, треба да имаат складови за ѓубривото со капацитет најмалку за количините на ѓубриво произведени во периодот кога неговата примена е ограничена согласно условите за дозволената количина на азот од ѓубривата од органско потекло.

Складовите треба да одговараат на соодветниот тип ѓубриво и да се со технички карактеристики кои ќе го спречат загадувањето на подземните и површинските води и намалат влијанието на воздухот, како и ќе обезбедат минимално губење на хранливите вредности на ѓубривото. За стопанствата кои се обврзани со добивање на Интегрирана еколошка дозвола, обврските за складови на арско ѓубре се составен дел од исполнување на условите за стекнување со дозволата.

Иако овие инвестиции се вклучени како дел од постоечките мерки на ИПАРД програмата, нивната имплементација е исклучително ниска бидејќи земјоделските стопанства нивниот приоритет го имаат поставено на инвестициите кои треба во прв ред да овозможат модернизација и подобрување на нивната конкурентност. Оттука се наметнува **потребата за решавање на овој тип на инвестиции на таргетиран наменски начин на ниво на целата земја под услови кои ќе може да бидат прифатливи за земјоделските стопанства** во државата, земајќи го во предвид нивниот реално низок потенцијал за инвестирање.

Активноста ќе биде посебно уредена како мерка во ИПАРД програмата после прегледот на имплементацијата на половината од периодот преку модификациите на самата програма, или на друг начин преку средствата од ИПА инструментот.

**Употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството и енергетска ефикасност во земјоделското производство**

Земјоделството е една од носечките економски дејности во руралните средини во Република Македонија и како таква претставува еден од главните потрошувачи на енергија во руралните средини.

Според Стратегијата за искористувањето на обновливи извори на енергија (во понатамошниот текст ОИЕ) во Република Македонија до 2020 година, националната цел за учество на ОИЕ во потрошувачката на финална енергија во 2020 година изнесува 21%. Секторот **земјоделство е вториот најголем извор на емисии на стакленички гасови во земјата со 13%** и оттука претставува сектор кој значително може да продонесе за намалување на стакленичките гасови, а со тоа намалување на влијанијата врз климатските промени, што ќе придонесе кон постигнувањето на националните цели за учество на ОИЕ во потрошувачката на финална енергија. Примената на ОИЕ во земјоделството претставува значајна практика и од аспект на намалување на трошоците за енергија, а со тоа ќе се постигнат финансиски заштеди. Обновливите извори на енергија, кои се лесно достапни во руралните области, во најголема мера не се искористени.

Искористувањето на обновливите извори на енергија е важна мерка во процесот на прилагодување на националната земјоделска политика со најновата Заедничка Земјоделска политика на Европска Унија. Целите на ЗЗП на ЕУ во периодот после 2013 година се отварање на нови “зелени“ вработувања, прилагодување и намалување на негативните влијанија од климатските промени, намалување на емисиите $CO_2$ и зависноста од енергија преку користење на обновливи извори на енергија и зголемен животен стандард на долгорочно ниво што ќе спречи иселување на локалното население.

Зголемената примена на ОИЕ во земјоделскиот сектор ќе се постигне преку: **промовирање на бенефитите од примената на ОИЕ и енергетска ефикасност на фарма, поддршка на инвестиции во ОИЕ и промоција на демонстративни фарми**.

Обновливи извори на енергија кои имаат голем потенцијал за искористување во Република Македонија во земјоделството се сончевата енергија, биомасата, хидроенергијата, геотермалната енергија и во одредени локации ветерната енергија.

Искористувањето на сончевата енергија во земјоделството ќе се поддржи **инвестирање во поставување на сончеви панели за топла вода** на фармите за производство и преработка на млеко и преработувачките капацитети за овошје и зеленчук. Покрај тоа, инвестициите во сончевите колектори за топла вода ќе се поддржуваат и во малите бизниси во руралните средини, кои имаат потреба од користење на топла вода во процесот на работа.

**Инвестиции во опрема за искористување на сончева енергија за сушење** на градинарски култури, овошје, лозови насади, медицински и ароматични растенија произведени на отворено или во заштитени простори, како и инвестиции во доработка на производи во новоформирани или постоечки откупни центри за зеленчук и овошје. Покрај тоа, **инвестициите во фотоволтаични системи за производство на електрична енергија од сончева енергија** ќе се поддржат на локации каде нема пристап до електро-дистрибутивна мрежа.

За поддршка на **користењето на биомасата како обновлив извор на енергија ќе се поддржат инвестиции за производство на брикети и пелети** од шумски и земјоделски растителен отпад, инвестиции во производство на биогас од растителен и животински отпад (зелена биомаса и арско ѓубре) и производство на биодизел. Со овој тип на инвестиции ќе се искористи отпадот од земјоделските стопанства за производство на електрична енергија и ќе се обезбеди почиста животна средина.

Со цел искористување на енергијата на ветерот ќе бидат поддржани **инвестиции во мини ветерници за пумпање на вода или за производство на електрична енергија** во земјоделските стопанства и во руралните средини.

Ќе бидат поддржани и **мерки за подобрување на енергетската ефикасност на земјоделските стопанства**, со што ќе се подобрат условите за функционирање на стопанствата, ќе се подобри ефикасноста и профитабилноста на стопанствата на локално ниво.

Покрај тоа, земјоделските производители кои во инвестиците во производство и преработка на земјоделски производи ќе вклучат искористување на ОИЕ, ќе бидат **поддржани со повисока поддршка од средствата обезбедени од ИПАРД програмата**. Инвестирањето во нови технологии ќе придонесе за поефикасно искористување на ОИЕ и енергетска ефикасност, со што ќе се зголеми производството, ќе се создадат услови за создавање на нови работни места и ќе се обезбеди социјална сигурност во руралните средини.

## 6.6 Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени

Земјоделското производство е нераскинливо поврзано со надворешните временски влијанија што го прави земјоделството најчувствително на тековните глобални промени на климата од сите други економски сектори. Ризиците од неповолните влијанија од зголемувањето на температурите, промените во количините и распоредот на врнежите и зголемената зачестеност и сила на екстремните временски непогоди за земјоделскиот сектор стануваат особено чувствително прашање за земја како што е Република Македонија и тоа од два аспекти. Прво, поради тоа што земјата се наоѓа во зона во која се очекува значителна промената на климата и нејзино влијание на живиот свет, како и поради фактот што земјоделството е клучната економска активност на најголем дел од македонското рурално население. Ова е особено чувствително прашање за поранливите социјални групи во руралните средини поради нивната поголема зависност од земјоделската дејност, релативно помалата способност да се адаптираат на промените и високиот удел на храната во нивните трошоци. Климатските промени може да имаат негативно влијание на намалување или пролонгирање на очекуваните резултати на започнатата трансформација на македонскиот земјоделски сектор и на усилбите на политиките за подобрување на конкурентноста и обезбедување на позасилен економски раст во рурални области, особено онаму каде се очекува влијанието да биде најголемо.

Анализата на неодамнешните климатски податоци[70] го поткрепуваат трендот на зголемување на температурите во Република Македонија и тоа со забрзно темпо во следниот период. Општиот тренд на затоплување е евидентен во трите анализирани агроеколошки зони: медитеранска, континентална и планинска со просечно зголемување на температурата за околу 1,8 $^{o}$C во следните 50 години, што е многу повеќе од зголемувањето за 0,2 $^{o}$C забележано во изминатите 50 години.

Од друга страна, прогнозата за промените на врнежите покажува намалување на врнежите на национално ниво за околу 8 милиметри месечно.

Предвидувањата за големината на очекуваните промени на температурите и врнежите од аспект на сезонската и зонска дистрибуција се уште поизразени. Зголемувањата на температурата се повисоки, а намалувањата на врнежите се поголеми во јули и август, споредено со постојните услови. Во континенталната зона, зголемувањето на летните температури може да биде дури и 4-5$^{o}$C, што е повеќе од двојно од просечната годишна промена на температурата. Исто така, прогнозираното намалување на врнежите е најголемо во клучниот период од мај до септември кога постојните врнежи се веќе најниски.

Импликациите на климатските промени врз управувањето со водните ресурси се очекува да бидат сериозни поради истовременото влијание на зголемување на побарувачката на вода за наводнување и на значителното намалување на расположливото количество на вода за наводнување. Така на пример, во 2050 години, побарувачката за вода за наводнување во летните месеци ќе се зголеми до 50%, со истовремено намалување на општата достапност на водата во просек за 30-40% веќе до деценијата на 2040-те години.

Овие влијанија би можеле да резултираат со недостиг на вода кој ќе се случи во следната деценија и сериозен недостиг на вода во 40-те години на овој век. Зголемувањето на побарувачката на вода за наводнување и намалувањата на расположливата вода ќе предизвикаат веќе постоечкиот недостиг, во идните години да стане поизразен најакутно во југозападната медитеранска и континентална зона. Најголемиот недостиг до 2040-те се очекува во сливот на Црна река, нешто помал недостиг во сливот на Пчиња, додека во сливовите на реките Радика, Вардар или Брегалница ова влијание би требало да биде помалку изразено.

Во било кое од разгледуваните сценарија, генералниот тренд е дека повеќе вода е потребна за одржување на постојните приноси. Во услови на повисоки пролетни температури, културите почнуваат да бараат вода во април наместо во мај, побарувачката за вода за наводнување го достигнува врвот во јуни наместо во јули, а многу повисока побарувачка се одржува и во август. Особена потреба за значително зголемување на количествата вода ќе имаат грозјето, јаболката,

[70] Согласно „Нацртот на македонскиот одговор за намалување на ранливоста на земјоделските системи од климатските промени“, студија финансирана од Светска Банка како дел од регионалната програма за намалување на ранливоста од климатски промени во земјоделските системи на регионот Европа и Централна Азија и студиите направени за Република Македонија сценарија во рамките на проектот за подготовка на Третиот национален извештај за климатски промени, финансиран од ГЕФ и имплементиран од UNDP во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. http://www.unfccc.org.mk/content/Documents/VULNERABILITY/Klimatski%20%20OKscenarija%20Makedonija.pdf

луцерката и пченицата. Директното влијание на температурата и врнежите врз културите, зголемената побарувачка за наводнување потребно да се одржат дури и намалени приноси и намалување на расположливата вода поврзано со поголемото испарување и помалите врнежи се стресни фактори на климатските промени кои комбинирано доведуваат до општо негативно влијание врз приносите на културите во Македонија.

Ефектите на климатските промени врз земјоделските култури во Република Македонија би биле негативни за повеќето ненаводнувани култури во медитеранската и во континенталната зона. Намалувањата на приносите кај ненаводнуваните култури во медитеранската и во континенталната зона се очекува да бидат особено значителни кај јаболката, грозјето и пченката, достигнувајќи дури и 60% намалување кај пченката. Сепак повисоката температура може да се одрази позитивно за сите култури што се одгледуваат во планинската, и за наводнуваните култури во медитеранската и континенталната зона.

Оттука прилагодување на секторот кон климатските промени и потребата овие напори да бидат содветно поддржани од страна на националните политики се наметнува како еден од хоризонталните принципи во планирањето на следните политики. Стабилното наводнување е еден од клучните фактори за намалување на променливоста на приносите и нивно зголемување во услови на очекувано влијание на климатските промени.

Некои од конкретните чекори на политиката за прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени и намалување на негативното влијание, покрај спроведувањето на сериозните капитални вложувања во обезбедување на доволно вода за наводнување се следниве:

- Зголемено осигурување на земјоделско производство од негативните ефекти од природните непогоди и неповолните климатски настани;
- Инвестиции во инфраструктура и опрема за заштита на земјоделско стопанство од негативни временски влијание и природните непогоди (кофинансирање на трошоци за инсталирање на опремата за заштита - противградни и УВ заштитни мрежи, системи за заштита од доцни пролетни мразеви);
- Промена на сортите соодветни на идниот климатски режим на новите трендови на температурите и врнежите и обезбедување на ефективна поддршка за земјоделците;
- Подигање на општото образовно ниво на земјоделците за влијанието на климатските промени за подобрување на ефикасноста на користењето на вода и промена на сортите на културите;
- Поттикнување на оптимални агрономски практики за да се подобри управувањето со водата и да се намали ерозијата на почвата и оптимално користење на ѓубриво;
- Обезбедување на подобрени временски прогнози и зголемување на капацитетот на хидрометеоролошките институции за обезбедување на дополнителни информации релевантни за одлучувањето на фармерите, и
- Зголемување на ефикасноста на користењето на вода на ниво на земјоделско стопанство.

Поединечните адаптациски мерки кои ќе дадат најголема економска корист и ќе го минимизираат влијанието на климатските промени по сектори се вклучени во Третиот национален план за климатски промени усвоен од страна на ВРМ во јануари 2014 година. Во делот на земјоделството мерките за ублажување на негативните ефекти од климатските промени подетално се однесуваат на областите на растителното, сточарското производство и секторот на води.

Во насока на успешно транспонирање на мерките од Третиот национален план во политики, нивно спроведување и следење на состојбите, ќе се реализираат активности на зајакнување на институционалниот капацитет на водечките институции вклучени во справувањето со климатските промени (МЗШВ, УХМР, советоданите служби и научните и истражувачки институции) со техничка поддршка обезбедена од ФАО.

**Политики на поддршка за осигурување на земјоделското производство**

Како превентивна мерка во намалување на евентуалните штети и загуби кои ги имаат земјоделците предизвикани од негативното влијание на временските услови, од 2008 година наваму редовно се обезбедува финансиска поддршка за кофинансирање на трошоците на осигурителната полиса. Поддршката со која се субвенционира износот на полисата за осигурување на земјоделските капацитети од негативното влијание од основни ризици во висина од 60% за дефинирани земјоделски култури и со максимални осигурани површини по корисник, продолжува да се реализира и во следниот период. Покрај со оваа мерка земјоделците своето производство може да го заштитат и преку кофинансирање на инвестицијата за набавка на заштитна опрема (мрежи за заштита од град и засенчување) и ефикасни системи за наводнување (капка по капка и др) во висина од 50% од вкупните трошоци.

Земјоделците во Република Македонија се ранливи на временските ризици, посебно на градот и сушата. Постојните осигурителни пакети на осигурителните компании на македонскиот пазар нудат осигурување како заштита од град, но не и заштита од суша. Со цел проширување на опфатот на земјоделското осигурување и за дополнителните ризици, во следниот период **ќе се реализира регионалниот Проект за развој на осигурителен пазар од катастрофални ризици** (SEEC CRIF), потпомогнат од Светската банка во кој учествува и Република Македонија.

Преку креираниот заеднички фонд ќе се стумилира создавање на осигурителни производи за ризик од катастрофи и неповолни временски услови, при што посебен акцент се става на развој на осигурителни производи наменети за потребите на земјоделците. Инструментот Европа Ре треба да овозможи да се лансираат осигурителни пакети според индексот на осигурување на приноси по површина (AYII – Area Yield Index Insurance) што преставува полиса која ги покрива “сите ризици” кои може да предизвикаат штета на приносот од климатски, природни и биолошки опасности.

# ДЕЛ III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2020

Во Дел III од стратегијата е претставен процесот на спроведување на стратегијата од институционален, процедурален и правен аспект. Овој дел го вклучува и деталниот Оперативен план за спроведување на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020, во кој детално се презентирани политиките и мерките по секоја од областите на интервенција, дадени од аспект на надлежното тело за нивно спроведување, временска рамка, очекуваниот резултат со индикатори и индикативниот износ и изворот на финансирање.

## 3.1 Правно уредување на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020

Постигнувањето на целите на националната земјоделска политика на Република Македонија поблиску дефинирани за периодот 2014-2020 година преку стратешката и специфичните цели од оваа национална стратегија, ќе се остваруват преку примена на мерки и инструменти на политиките кои согласно поделбата пропишана во Законот за земјоделство и рурален развој се групирани како политики за:

1) уредување и поддршка на земјоделски пазари,

2) директни плаќања и

3) рурален развој.

За определени субјекти покрај поддршката обезбедена со овие политики, може да се овозможи дополнителна поддршка доделена од Владата, органите на државната управа или единиците на локалната самоуправа за производство, преработка и продажба на одредени земјоделски производи или за извршување на одредени услуги од областа на земјоделството како државна помош во земјоделството.

Покрај овие политики, во системот на политиките поврзани со земјоделската дејност се надоврзуваат и политиките на безбедност на храна, како и политиките кои спаѓаат во делот на одржливото управување со природните ресурси, односно земјишната политика, политиката во шумарството и водостопанството. Засебен корпус на политики престставува рибарството и аквакултурата.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој како главен рамковен стратешки документ ги вклучува клучните одредби за развојот на земјоделскиот сектор и руралните средини во следниот период. Стратешкото планирање за дел од политиките поради нивната специфика се поблиску дефинирани и во засебни стратешки, плански или програмски документи кои се надоврзуваат на стратегијата.

Така за безбедноста на храната согласно Законот за безбедност на храна (Сл.весник на РМ, бр.157/2010), стратешкото планирање е уредено со „Стратегија за

безбедност на храна на Република Македонија“ во фаза на подготовка, која треба да го опфати периодот 2014-2019 година.

Засебни стратешки решенија се пропишани и за шумарството во форма на „Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија“ донесена на 16 јуни 2006 година, која дава насоки за развојот на секторот за 20 години. Понатаму, „Националната стратегија за консолидација на земјоделското земјиште“ ги поставува основите за воведување на новата политика на стабилни основи за периодот до 2020 година, додека промените во следниот период во фитосанитарниот систем ќе бидат регулирани согласно „Стратегијата за фитосанитарна политика“ која се донесува согласно член 9-а од Законот за здравје на растенија (Сл. весник на РМ, бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13 и 43/14).

Спроведување на сите овие политики е уредено со соодветна законска и позаконска регулатива по области.

Согласно член 16 од Законот за сточарство (Сл. весник на РМ, бр. 07/08, 116/10 и 23/13) донесена е „Заедничка основна програма за одгледување на добиток“ за периодот од 2011 до 2020 година која ја утврдува генералната рамка за одгледување на добитокот во однос на генетското унапредување преку примена на посебни одгледувачки програми, како и Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството 2011-2017 (Сл.весник на РМ бр.144/10 и 171/11). Во делот на рибарството, согласно член 14 од Законот за рибарство и аквакултура (Сл. весник на РМ, бр.07/08, 67/10, 47/11 и 53/11) донесена е дванаесетгодишна „Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија“ која се донесува за период од 2012 до 2024 година. Во Програмата се поставени среднорочните и долгорочни цели и приоритети за развој на рибарството и аквакултурата, како и активности и поттикнувачки мерки за поддршка во рибарството и аквакултурата.

## 3.2 Процес на оперативно планирање на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020

Спроведувањето на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој се реализира преку **спроведување на повеќегодишна „Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој“** која се однесува за период од пет години **и годишни програми за финансиска поддршка** во земјоделството, и за финансиска поддршка на руралниот развој преку кои се спроведува повеќегодишната програма. Сите програми ги донесува Владата на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој претставува плански и оперативен документ за спроведување на националната политика за земјоделство и рурален развој. Програмата ги содржи политиките на директни плаќања, руралниот развој, уредувањето и поддршката на земјоделски пазари и техничката поддршка, нивните мерките и инструменти презентирани во

временски контекст и со индикативна финансиска рамка. Преку Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој всушност се врши транспонирање на долгорочните стратешки цели од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој на среднорочно оперативно ниво, кое потоа претставува основа за годишното програмирање преку годишните програми и уредби за финансиска поддршка за земјоделството и за руралниот развој. Обврската за донесување на национални програми во системот на националното планирање, е воспоставена во 2010 со измени на Законот за земјоделство и рурален развој.

Тековната национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од пет години од 2013-2017 година е донесена во Октомври 2012 година (Сл. Весник на РМ бр. 134/31.10.2012) во периодот на важност на претходниот национален стратешки документ.

Во насока на усогласување на програмата со оваа национална стратегија ќе се изврши **ажурирање на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој** на половината од нејзиното спроведување во 2015 година.

Слика 3. Преглед на системот на национално планирање и спроведување на националната земјоделската политика




Целите, мерките, распределбата на финансиските средства и индикаторите за политиките предвидени во стратегијата ќе бидат соодветно и редовно транспонирани на тригодишно ниво при подготовката на тригодишните стратешки и буџетски планови на институциите, а на годишно ниво преку едногодишните програми.

## 3.3 Финансирање на НСЗРР 2014-2020

Финансирањето на спроведувањето на националната земјоделска политика во најголем дел се врши со средства од Буџетот на Република Македонија. Овие средствата се алоцираат во **буџетите на буџетските корисници кои имаат надлежност во спроведувањето националната земјоделска политика** согласно закон, а најголем дел во буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Покрај од средствата обезбедени од буџетот на Република Македонија, **финансирањето на националната земјоделска политика се врши и од буџетот на Европската унија**, врз основа на повеќегодишна програма за користење на финансиските средства од Инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија - ИПАРД, а во согласност со склучените договори и спогодби со Европската унија за користење на инструментите за претпристапна финансиска помош и планските документи на Европската унија. После исполнување на поставените предуслови, Република Македонија од Декември 2009 година го обезбеди правото за децентрализирано управување со предпристапните средства од петтата компонента на ИПА. Во следниот стратешки период, заради програмирање на финансирањето на мерките поддржани од Инструментот за предпристапна помош на ЕУ ќе се подготви ИПАРД програма за периодот од 2014-2020 година. Покрај претходно наведените извори, еден дел од средствата за финансирање на земјоделската политика и остварување на стратешките цели од националната стратегија ќе се обезбедуваат и од **донаторски проекти, но и од средствата на единиците на локалната самоуправа** при кофинансирање на одредени мерки на рурален развој.

Финансискиот план за спроведување на политиките во земјоделството и руралниот развој е основа за планирање на тековните буџетски издвојувања и за следење на реализација на програмата за секој планска година од периодот. Поради повеќегодишната временска рамка на планирање, финансискиот план по мерки на политиките треба да се земе како индикативен со настојување да се одржат планираните пропорции на средства по поодделни политики на поддршка. Прегледот на дистрибуцијата на финансиските средства наменети за политиките за земјоделството и руралниот развој согласно стратегијата во периодот 2014-2020 година по извори на средства, односно по клучните политики на поддршка се презентирани во Табелите број 18 и 19 следствено.

Табела 18: Извори на средства за финансирање на реализација на НСЗРР 2014-2020 година во милиони €

| Извори на средства (милион €) | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Буџет на РМ за финансиска поддршка во земјоделството, рурален развој и рибарството** | 135 | 140 | 150 | 150 | 150 | 150 | 150 | 150 |
| **ИПАРД** | 3 | 5 | 5 | 5 | 10 | 14 | 14 | 15 |
| **Буџет на АПРЗ / субвенционирани советодавни служби** | 1,00 | 1,0 | 1,1 | 1,2 | 1,3 | 1,5 | 1,5 | 1,6 |
| **Донаторска поддршка** | 1,6 | 0,5 | 13,8 | 0,6 | 12,6 | 0,7 | 13,7 | 0,7 |
| ИПА (техничка поддршка) | 1,1 | 0 | 13,3 | 0 | 12,0 | 0 | 13,0 | 0 |
| Останати донатори | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,6 | 0,6 | 0,7 | 0,7 | 0,7 |
| **Вкупно** | **140,6** | **146,5** | **169,9** | **157** | **173,9** | **166** | **179,2** | **167** |

Од податоците во табелите јасен е позитивниот тренд на пораст на фискалните издвојувања за развојот на земјоделството и руралните средини во целина, како и издвојувањата насочени кон политиките на рурален развој во однос на политиките на директни плаќања, а во насока на поизбалансирано меѓусебно учество во поделбата на вкупните средства.

Така, вкупниот износ на средства за поддршка на секторот и руралните области издвоени од националниот буџет и очекуваната абсорбција на ИПАРД средставата се зголемува од 139 милиони евра во 2013 година на околу 175 милиони евра во 2020 година[71].

Износот на средствата за структурните и мерките од политиката на рурален развој од година во година имаат поголемо процентуално учество и од 12 % во 2013 година, тие во 2020 година достигнуваат три пати повисоки 35% од вкупните средства за државна поддршка на земјоделството.

Истовремено доаѓа до релативно намалување на учеството на мерките на пазарно-ценовна политика, и тоа од 88% во 2013 година на 65% во 2015 година поради префрлање на дел од мерките во политиките на рурален развој, зголемување на средставата за политиките за рурален развој, како и минимално зголемување на апсолутниот износ на директните плаќања (пред се поради предвидениот пораст на физичкиот обем на производните капацитети и зголемениот износ за помал број на мерки согласно стратегијата).

Деталите околу изворите на финансирањето на мерките и износите се вклучени во Оперативниот план на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година.

[71] Имајќи во предвид дека ИПА техничката поддршка планирана за 2019 година од 13 милиони евра ќе се реализира воглавно во 2019 и 2020 година.

Табела 19. Индикативен финансиски план за државната поддршка во земјоделството и руралниот развој по политики за периодот 2014-2020 година во милиони €

| Политики и мерки | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил € | % | мил € | % | мил € | % | мил € | % | мил € | % | мил € | % | мил € | % | мил € | % |
| **Пазарно-ценовна политика - директни плаќања и интервенции** | **91,0** | **87%** | **101,8** | **72%** | **103,0** | **74%** | **105,0** | **66%** | **106,0** | **61%** | **107,0** | **64%** | **107,0** | **60%** | **108,0** | **65%** |
| Рурален развој мерки | 8,1 | 8% | 33,2 | 23% | 42,4 | 19% | 43,8 | 28% | 42,8 | 24% | 41,8 | 25% | 43,0 | 24% | 42,0 | 25% |
| Кредитирање - ЗКДФ/МБПР | 0,0 | 0% | 0,0 | 0% | 2,5 | 3% | 2,5 | 2% | 2,5 | 1% | 2,5 | 1% | 0,0 | 0% | 0,0 | 0% |
| АПРЗ/советодавни услуги | 1,0 | 1% | 1,1 | 1% | 1,1 | 1% | 1,2 | 1% | 1,3 | 1% | 1,5 | 1% | 1,5 | 1% | 1,6 | 1% |
| **Рурален развој национален буџет** | 9,1 | 9% | 34,3 | 24% | 45,95 | 22% | 47,5 | 30% | 46,55 | 27% | 45,75 | 27% | 44,5 | 25% | 43,6 | 26% |
| **ИПАРД** | 3,5 | 3% | 5,0 | 4% | 5,0 | 3% | 5,0 | 3% | 10,0 | 6% | 14,0 | 8% | 14,0 | 8% | 15,0 | 9% |
| **Рурален развој** | **12,6** | **12%** | **39,3** | **28%** | **51,0** | **26%** | **52,5** | **33%** | **56,55** | **32%** | **59,75** | **36%** | **58,5** | **33%** | **58,6** | **35%** |
| **Техничка поддршка** | 0,5 | 0% | 0,5 | 0% | 13,8 | 0% | 0,6 | 0% | 12,6 | 7% | 0,7 | 0% | 13,7 | 8% | 0,7 | 0% |
| **Поддршка национал. програми** | **100,1** | **96%** | **136,1** | **96%** | **148,95** | **96%** | **152,5** | **96%** | **152,55** | **87%** | **152,75** | **91%** | **151,5** | **85%** | **151,6** | **91%** |
| **Вкупно поддршка** | **104,1** | **100%** | **141,6** | **100%** | **167,8** | **100%** | **158,1** | **100%** | **175,2** | **100%** | **167,5** | **100%** | **179,2** | **100%** | **167,3** | **100%** |

* Износот на средства предвидени за интервенциите на пазарот како дел од пазарно-ценовната политика кои би се вовеле доколку настанат непланирани нарушувања на пазарот во висина од околу 2 милиони евра годишно, е вклучен во износот на директните плаќања.

Средствата наменети за рибарството кои е планирано да се зголемуваат од 1,2 милиони евра во 2014 година до 1,7 милиони во 2020 година се вклучени во средствата алоцирани за политиките за директни плаќања и рурален развој.

## 3.4 Обезбедување на соодветен институционален капацитет за спроведување на целите и политиките на НСЗРР 2014-2020

Клучниот институционален капацитет за спроведување на модерни земјоделски политики во Република Македонија која ги вклучува надлежните институции и соодветните информатичко-комуникациони системи е поставен во изминатиот стратешки период. Дополнително е донесен целокупниот сет на примарната правна регулатива. Приоритетот во следниот период во однос на институционалниот капацитет останува негово **понатамошно зајканување и подобрување, како и обезбедување на институционални услови за спроведување на оние политики кои се на почетокот на нивното воведување** и согласно националната стратегија треба да бидат имплементирани во овој стратешки период. Такви се пред се: агроеколошките мерки, дел од политките на безбедност на храната особено во делот на фитосанитарната политика и управувањето со нус-производи, консолидација на земјоделското земјиште, организацијата на пазарите со интервенциите на пазарите, минималните стандарди за квалитет и заштита на квалитетот итн.

### 3.4.1 Доуредување на надлежностите за политиките во земјоделско-прехрамбениот сектор

Заради постигнување на усогласеност и ефикасност на спроведување на политиките неопходно е да се заокружи и **формализира процесот на превземање на надлежностите во земјоделскиот и прехранбениот сектор во една институција, односно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.** Ова пред се се однесува на надлежностите во делот на храната - преработка на земјоделски производи, маркетинг и уредување на пазарите со земјоделски производи, и надворешна трговија со прехранбени производи.

Концептот на Заедничката земјоделска политика на ЕУ подразбира интегриран пристап во регулирањето на областите на примарно производство и преработка на земјоделски производи (од инпутите, преку производството, преработката и прометот), односно систем “од земјоделското стопанство до трпеза“. Постоечките состојби покажуваат дека неинтегрираноста на државните политики кои се однесуваат на примарните земјоделски политики со оние на преработката и прометот на производите, во реалноста не придонесува кон надминување на еден од главните проблеми на вертикалната неинтегрираност на пазарните субјекти.

Оттука се поставува како неопходно превземањето на одговорностите и надлежностите над целокупниот синџир на производство на храна и воспоставување на сеопфатен вертикално интегриран концепт во областа на производство на земјоделско-прехранбени производи во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Всушност поголемиот дел од политиките и инструментите во овие области и сега *de facto* се програмираат и реализираат преку

програмите во надлежност на МЗШВ, меѓутоа формалната надлежност на институцијата ќе биде соодветно уредена со измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа во делот на работите кои ги врши МЗШВ (член 21).

Во постоечкиот закон не е соодветно рефлектирана реалноста на надлежностите кои со измена на законите во изминатиот период сега ги спроведува министерството, а кои дел или се во надлежност на други органи на државна управа (заштита на квалитет, уредување на пазарите, преработувачки претпријатија, агроекологија итн) или воопшто не постоеле во правната дефиниција како концепт во изминатиот период (рурален развој, агроеколошките мерки).

**После спроведувањето на законските измени ќе бидат направени соодветни измени во организационата поставеност на МЗШВ** и уредување на описот на работните места. Кон организационите единици кои ќе бидат предмет на реорганизација, особено оние кои треба да го поддржат воведувањето и спроведувањето на политиките, ќе биде најмногу насочено градењето на институционалниот капацитет.

### 3.4.2 Земјоделски информативен систем и Интегрираниот систем за администрација и контрола

Еден од неопходните услови за планирање и спроведување на политиките на поддршка на земјоделството и руралниот развој е постоење на правна, институционална, информатичка и процедурална основа и соодветни институционални капацитети интегрирани во функционален земјоделски информативен систем. Воспоставувањето на елементите на ЗИС, особено деловите на Интегрираниот систем за администрација и контрола (ИСАК) наменети за поддршка на реализација на директните плаќања од првиот и вториот столб на земјоделските политики, беа и едни од најзначајните приоритетни обврски од процесот на интегрирање на македонското земјоделство во ЕУ, дефинирани во НПАА во делот на хоризонталните прашања за изминатиот период.

Согласно планираното во "Стратегијата за имплементирање на ЗИС и ИСАК со оперативен план", усвоена од Владата на Република Македонија на почетокот на 2008 година, целиот сет на активности со кои се предвидува воспоставување на ЗИС и особено ИСАК се веќе завршени, и најголем дел од системите се во функција на програмирањето и имплементирањето на програмите за финанисиска поддршка. После постигнатата интероперабилност помеѓу регистрите и базите на податоци на релевантните институции и завршената дигитализација на земјишните парцели преку Системот за идентификација на земјишните парцели, од 2013 година е постигната целосна оперативност на ИСАК системот која овозможува извршување на администрирање и контрола на мерките на финансиска поддршка[72]. Претстојните

[72] Активностите беа финансирани со проектниот пакет поддржан од заем од Светска Банка наречен „Зајакнување и пристапување на македонското земјоделството кон ЕУ'' (АСАП) во висина од 15 милиони евра кој започна со имплементација од септември 2007 година и заврши во 2014 година.

чекори за секој од елементите на ЗИС и ИСАК во следниот период се дадени во продолжеток.

**Мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства**

Во насока на обезбедување на микроекономски технички и сметководствени податоци на ниво на земјоделско стопанство за анализа на економската ситуација во земјоделството, воспоставен е функционален системот на континуирано истражување од репрезентативен примерок. Врз основа на поставената правна[73] и институционална рамка и реализираните активности, мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства во Република Македонија функционира од 2009 година.

Прибирањето на сметководствени податоци, нивна контрола и обработка започна на почетокот на 2010 година од примерок од 300 земјоделски стопанства дистрибуирани според нивната економска големина и тип на земјоделско производство. Од 2011 година во примерокот се вклучени 600 земјоделски стопанства.

Согласно утврдениот план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства, **за 2014 година и во периодот до 2018 година планирано е да се прибираат сметководствени податоци од истата големина на примерок на земјоделски стопанства**. После спроведената анализа на реализацијата на системот во изминатиот период и согледување на можностите за проширување на примерокот на проектираните 1.200 земјоделски стопанства, **од 2018 година ќе се помине на зголемување на опфатот на стопанства во примерокот** врз основа на принципот на репрезентативност.

Имајќи ги во предвид промените во ЕУ регулативата за ФАДН во следниот период ќе се изврши **измена и дополнувањето на правната рамка за Македонскиот ФАДН** во насока на усогласување со ЕУ Регулативата. Измените во правната рамка за ФАДН се однесуваат на промени на методологијата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, заради што е потребно да се направат и соодветни промени во прашалниците за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства и да се реализира обука на советниците задолжени за прибирање на податоците од земјоделски стопанства. Промените во прописите за ФАДН ќе бидат соодветно пресликани во софтверот за ФАДН.

Обезбедувањето на квалитетни податоци покрај доследното спроведување на законски уредените постапки, зависи и од имплементација на **Системот за контрола на квалитетот на податоците**. Подобрувањето на контролата е потребно да се реализира во сите фази на функционирање на системот, од прибирањето на податоците, се до активностите на контрола на квалитетот и корекција на грешките од страна на Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства при МЗШВ. Подобрување на системот за контрола на квалитет на податоци, надградба на постојниот систем на тестови и воспоставување на нови напредни тестови за контрола на квалитет на ФАДН податоците ќе се реализира со техничка поддршка од ИПА.

---

[73] Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на Република Македонија бр.110/2007, 53/2011) и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

Во следниот период ќе се превземат и **активности за подобрување на користењето на податоците од ФАДН системот** преку подготовка на публикации, извештаи, анализи и презентации на резултатите наменети за различите корисници, и особено користење на податоците во процесот на анализа на земјоделската политика во државата. Подобрената употреба на податоците за потребите на формулирање на националната политика (обработката на податоците преку пресметки и тестирања, анализа на податоците за моделирање на влијанието на политиката и подготовка на извештаи) ќе биде предмет на техничка поддршка.

**Земјоделски пазарен информативен систем**

Заради постојано следење на пазарите на земјоделско-прехрамбени производи и обезбедување на транспарентен преглед на пазарните движења, МЗШВ од почетокот на 2008 година превзеде низа активности во насока на поставување на унифициран систем на Земјоделски пазарен информативен систем. Системот ги опфаќа селектираните групите на производи и репрезентативните пазари од кои репортерите редовно ги прибираат и доставуваат податоците за тргуваните цени и количини до одговорното одделение за следење на пазарите на земјоделско-прехрамбените производи во МЗШВ. Системот за ЗПИС вклучува редовно електронско доставување и обработка на податоци од: 33 пазари на мало, 2 пазари на големо за овошје и зеленчук, 8 пазари за жив добиток, и од 80 претпријатија откупувачи на земјоделски производи од сите земјоделски гранки.

Поради фактот што од први јануари 2014 година после престанувањето на собирање и објавување на пазарни податоци од страна на Државниот завод за статистика, ЗПИС на МЗШВ е единствениот официјален пазарно информативен систем во Република Македонија, во следниот перод се предвидени активности кои треба да **гарантираат целосна одржливост на функционирање на системот и понатамошно подобрување** во делот на пристапот до податоците. Во таа насока ќе се обезбеди редовност во собирањето на пазарните податоци и информации од сите репортери и пазари вклучени во системот, и проверка на квалитетот и веродостојноста на податоците.

Заради одржувањето на квалитетот на внесените податоци и правилната примена на методолгијата на пропишаните постапките во следењето на пазарите, ќе се реализираат **постојани обуки за јакнење на капацитетот и вештините на репортерите**, за надминување на евидентираните слабости и обуки при воведување на измени и подобрувања на системот.

Во насока на подобрување на употребата на податоците, **промоција и обуки ќе бидат организирани и за корисниците на пазарни податоци**. Обуките особено ќе бидат наменети за деловните субјекти за зголемување на нивното знаење околу состојбите на пазарите и намалување на неизвезноста и ризикот при донесување на правилни одлуки за маркетингот и планирање на производството, но и за останатите заинтенересирани корисници (од финансиските, даночните и осигурителни услуги, итн). **Пристапот до податоците за корисниците дополнително ќе се подобри** со редовно објавување на неделни и месечни извештаји за одредени групи на производи со актуелни пазарни информации поврзани со сезонскиот карактер на производите и со идните движењата на цените на земјоделските пазари.

Во следниот период ќе бидат превземени активности и за подобрување на институционалниот капацитет во насока на **искористување на неговиот придонес во креирањето на земјоделската политика** со правилно анализирање на податоците, следење и предвидување на трендови и презентирање на наодите во опции на политиката. Согласно законската регулатива, врз основа на овие податоци може да бидат активирани пазарните механизми во регулирањето на пазарот на дефинираните земјоделски производи. Активностите за институционално зајакнување на системот ќе бидат реализирани преку проект во рамките на ИПА за периодот 2015-2017 година кој има за цел понатамошна поддршка на развојот на системот и негово прилагодување и оспособување за комуникација со соодветните системи во земјите на ЕУ.

**Земјоделски статистики со Економски сметки за земјоделство**

Континуираното подобрување на статистиките за растителното и сточарско производство, шумарството, развој на земјоделска трудова и агро-монетарна статистика со висок приоритет на Економските Сметки за Земјоделство, како и статистика за руралните средини, остануваат главна цел од заеднички интерес во следниот период на сите вклучени институции. Ова поконкрето ќе се постигне преку:

- редовно следење на земјоделските статистики и иницирање на активности за подобрување на нивниот квалитет,
- усогласување на веродостојноста на исти податоците од различни извори (административни и статистички),
- подобрена размена на статистичките податоци помеѓу институциите, и
- организација на поголеми статистички операции од заеднички интерес (како на пример структурни истражувања, попис за земјоделство).

Во насока на ефикасно спроведување на наведените цели, редовните контакти помеѓу вклучените институциии ќе прераснат во формална соработка преку воспоставување на работни групи во четири клучни области на интерест: растително производство, сточарско произоводство, агромонетарни статистики и структурни истражувања.

Соработката и размената на податоците помеѓу институциите е особено важна заради подготовка и подобрување на квалитетот на монетарните економски статистики, пред се подготовката на Економските сметки во земјоделството.

**Интегриран систем за администрација и контрола**

Интегрираниот систем за администрација и контрола (ИСАК) чија цел е да го олесни и унапреди системот на директните плаќања од првиот и вториот столб на ЗЗП на ЕУ вклучувајќи и проверка на исправноста на тие плаќања, е воспоставен и функционален во обезбедувањето на поддршка на имплементација на националните политики на поддршка во земјоделствот и руралниот развој. Согласно “Стратегијата за имплементирање на ЗИС и ИСАК со оперативен план“ од 2008 година, **сите планирани активности за воспоставување на елементите кои го сочинуваат ИСАК се веќе завршени**, а функционалните системи се меѓусебно интегрирани во

насока на имплементирање на програмите за финанисиска поддршка почнувајќи од 2013 година наваму.

Во следниот стратешки период останува приоритетот да се **обезбеди одржливост на постигнатата функционална оддржливост на процесот на евидентирање на земјоделски стопанства и ажурирање на нивните податоците** во Единствен регистар на земјоделски стопанства, како и упис на графичките податоци за обработливите површини во Системот за идентификација на земјишните парцели. Интегрираниот ЕРЗС/СИЗЕП систем, како и ИСАК софтверот на АФПЗРР, ќе бидат редовно одржувани и надградувани во насока на спроведување на идните измени на законските одредби во областа на политиките на директни плаќања, и во насока на понатамошно подобрување на нивната функционалност.

**ИСАК софтверот на АФПЗРР треба да ја прошири својата функционалноста** на спроведување на сите постапки од делот на политиките на директни плаќања, пред се во однос на плаќањата за вкрстена сообразност и агроеколошките мерки и особено во делот на поддржување на процесите во спроведувањето на мерките од програмата за рурален развој и ИПАРД програмата.

**Целосна интероперабилност помеѓу елементите од ИСАК** останува да се постигне со поврзувањето на базата на податоци од системот за идентификација и регистрација на животни со ЕРЗС, што ќе овозможи користење на сите податоци од различни регистри и бази на податоци на ниво на едно земјоделско стопанство преку единствениот регистер.

Поднесувањето на барањата за директните плаќања ќе се реализира на воведениот **единствен образец, врз основа на парцелите дигитализирани во СИЗП**, по електронски пат без поднесување на хартиени формулари и придружни документи од страна на апликантите, а дополнително ќе биде воведена и можност за поднесување на барање по интернет.

Во насока на проверка на интегрираноста на информатичко-комуникациските процеси и усогласување на процедурите со процесите кои се дел од интероперабилниот ИСАК и се надлежност на повеќе институции, ќе се спроведе **целосна анализа на функционирањето и усогласеноста на спроведување на постапките на интегрираниот систем** за администрирање и контрола на политиките на поддршка.

Во следниот период заради извршување на своите надлежности, МЗШВ, АФПЗРР и АХВ континуирано ќе продолжат да го **зајакнуваат човечкиот капацитет за одржување на базите и регистрите кои се дел од Земјоделскиот информативен систем**, и потесно дел од Интегрираниот систем за администрација и контрола. Во МЗШВ неопходно е вработување на дополнителен број на позиции за покривање на обврските за тековно одржување на постоечките системи и нивно надградување и соодветно решавање на статусот на постојните вработени со понизок степен на образование.

Параделно, понатаму останува да се зајакнува контролата и мониторингот на спроведување на мерките преку соодветно планирање на контролата, анализа на ризикот и јакнење на административниот капацитет за контрола во состав на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Поконкретно во делот на надградувањето на ИСАК и СИЗП за периодот помеѓу 2014 и 2020 година се предвидени активности кои треба да овозможат редовно надградување и прилагодување на системите за да може да го поддржат спроведувањето на планираните промени во политиките. Заради ажурирање на промените во графичките податоци за земјишните парцели, во периодот 2015-2017 година по втор пат во државата ќе се изврши **обезбедување на нови воздушни снимки на територијата на Република Македонија, производство на гео-референцирани ортофото карти, иницијален слој на дигитализација** на физичките блокови и дигитален теренски модел, контрола на квалитетот на новите податоци, како и усогласување на постоечките дигитализирани податоци за парцелите преку консултација со земјоделците. Ажурирањето на податоците ќе биде реализирано преку поддршка обезбедена од ИПА.

После подготовка на новата основа, базата на податоци на СИЗП ќе биде редовно **ажурирана со нови информации од промените пријавени од страна на земјоделците и од страна на АФПЗРР контролорите од лице место** за што пореално отсликување на реалната состојба на теренот. Во овој период преку теренски посети е потребно да се утврди точната употребата на земјоделското земјиште идентификувано во СИЗП како претежно лозови насади (804 ха), и земјоделско земјиште кои е евидентирано како долгогодишни насади - овошни и лозови (дополнителни 7.049 ха).

**СИЗП системот ќе биде целосно прилагоден во насока на спроведување на новите агроеколошки мерки** како дел од политиката на поддршка во следниот период, но и заради подготовка во поддршка на мерките кои се дел од т.н. "greening" кој вклучува: одржување на пасиштата, одржување на еколошки области (EFAs) и диверзификација на културите. Промените ќе се однесуваат воглавно на надградба на системите со нови податоци кои вклучуваат пасишта и еколошки области (EFAs) со финализација на комплетен слој на дигитализирани пасишта на целата територија на државата врз основа на новите ортофото карти, и производство на нов или надграден слој за еколошки области – EFAs[74]. Средства за изработка и набавка на овие податоци предвидено е да се користат од ИПА фондовите на ЕУ, како и од буџетот на РМ во 2016 година.

Покрај воведувањето на агро-еколошките мерки, останати мерки од областа на руралниот развој и примената на вкрстената сообразност ќе ја зголеми потребата за **понатамошна интеграција на СИЗП податоците со други регистри и бази на податоци од областа на животната средина и земјоделството**. Овде би се вклучиле таканаречените НАТУРА 2000 области кои дополнително треба да бидат дефинирани, обележување на Подрачја со ограничени можности (LFA) во согласност со барањата на ЕУ, означување на зони кои се чувствителни на нитрати.

**Во 2019 година ќе се обезбеди анализа за можностите за промена на пристапот на употреба на СИЗП парцелите** како основа за пријавување за финансиска поддршка, односно употреба на катастарските парцели за дефинирање на максимално прифатливата површина која би изнесувала пресек помеѓу реално

[74] Еколошка област која се состои од површини кои директно влијаат на биодиверзитетот како што се: земјиште оставено како угар, пејзажни карактеристики, тераси, заштитни зони, пошумени области или површини кои индиректно влијаат на биодиверзитетот преку намалување на користењето на влезови на фармата, како што се областите опфатени плодоред и зимски зелена покривка.

обработливата површина и површината која е во сопственост (катастарската парцела) на земјоделското стопанство.

За ефикасно управување со СИЗП системот, потребно е **одделението за идентификација на земјишни парцели задолжено за СИЗП, значително да ги зголеми човечките ресурси** од моменталните два на најмалку 5 постојано вработени со соодветни квалификации кои се неопходни за ефикасно управување и одржување на овој исклучително комплексен систем.

### 3.4.3 Зајакнување на институционалниот капацитет на релевантните институции

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** основана како независно тело на државната администрација со статус на правен субјект во 2008 година ги спроведува националните политики за финансиска поддршка, а од декември 2009 година агенцијата е акредитирана за спроведување на три мерки од ИПАРД програмата.

За следниот плански период главни институционални области на зајакнување на агенцијата се: надминување на констатираните недостатоците во деловите на веќе функционалната структура особено од страна на ревизорите од ЕК, понатамошно зајакнување на контролниот систем особено после превземањето на директното извршување на контролите на лице место во 2012 година, и поставување на оптимален капацитет за новите мерки на политиките на поддршка финансирани од националниот буџет и средствата на ЕУ.

**Агенцијата за храна и ветеринарство** (АХВ) е надлежен орган за координација на законодавството и контролните системи за прашањата од обласа на безбедност на храната и храната за животни, ветеринарна и фитосанитарна политика како и за комуникација со институциите на Европската Унија од истите области.

Во наредниот период акцентот ќе биде ставен на напорите за континуиран **напредок на професионалното извршување на задачите на вработените** во АХВ - особено на државните службеници, официјалните ветеринари и инспектори за храна преку обезбедување на интегрирани програми за обуки но и воспоставување на систем за контрола на квалитет. Зајакнување на техничкиот капацитет за обучување на инспекциските служби за храна е од особено значење за ефикасно функционирање на системот на безбедност на храна и обезбедување на ефективни контроли. Во тој контекст, планирани се подготовки за **акредитација на инспекциските служби** на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Европскиот стандард – EN 45004 или друг стандард соодветен за работењето на службите.

**Унапредување на постојниот систем на проценка на ризик и комуникација со ризик** со воспоставување на потребните организациони структури и механизми, е еден од условите за оперативност на АХВ во реализирање на политиката и стратегијата за безбедност на храна. Унапредувањата особено треба да се направат во полињата на мониторинг и присмотра, РАФФС, научните испитувања на

селектирани теми, лабораториско аналитичка поддршка, соработка со други институции и обезбедување на научно мислење. Структурните и функционалите измени и унапредување на постојните структури и механизми и функционалното одвојување на проценката на ризик и управувањето со ризик и обезбедување на позиција на независност на структурата за проценка на ризик се неопходни за постигнување на зацртаните цели. Соодветна база на информации и нивна анализа од своја страна е предуслов за експертско и реално научно мислење.

Како еден од елементите на проценката на ризик и управувањето со ризик и другите функции на АХВ, неопходно е и обезбедување на соодветен капацитет на лабораториско аналитички испитувања кој ќе се постигне преку опремување на лабораториите во системот и нивна акредитација. Ефективно централно управување е неопходно да се обезбеди дека наведените лаборатории се во функција на потребите на АХВ во однос на нивните научно-технички и инфрастуктурни услови.

Во случај на кризи и вонредни настани кои се ризик или закана по здравјето на луѓето, животните и животната средина ќе се воспостави, односно унапреди организационата структура, механизмите и обезбедувањето на ресурси за подготвеност за давање на ефективен одговор со сценарија за делување и нивото на реакција при дефиниран степен на сериозност на опасноста.

АХВ треба да воспостави структура и механизам за директна комуникација со сите заинтересирани и засегнати субјекти како во однос на одредени научни мислења и проценки, така и во однос на резултатите на мониторинг програмите и официјалните контроли, но и проследување и комуникација на одлуките во контекс на управувањето со ризик.

Реорганизацијата и трансформацијата на државно-финансираната советодавната служба **Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството**, е дел од неопходната реформа за поставување на новиот ефикасен концепт за функционирање на квалитетни советодавни услуги во служба на постигнување на проектираната цел и реалните потреби на земјоделството во Република Македонија. Улогата и местото на агенцијата ќе биде поставено согласно интерните можностите и капацитет за исполнување на обврските кои произлегуваат од новиот концепт на Националниот советодавен систем. Промените ќе бидат регулирани со изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството со кој треба да се постигне соодветно попрецизно изразување на статусот, одговорностите, поголемата ефикасност и отчетност во реализација на активностите на Агенцијата.

Како дел од напорите за подобрување на системот на истражување, иновации на нови технологии, трансфер на знаење и подобрување на човечките ресурси во земјоделството покрај потребата за зајканување на капацитетот и опременоста на научно-образовните институции, за следниот период во областите дефинирани како приоритетни за земјоделските политики ќе се развие и **систем на овластување за јавни услуги на високо-образовните и научо-истражувачки институции** во нивна надлежност (обуки, дообуки, анализи, истражување, прибирање на податоци итн).

Потреба за зајкнување на управувачкиот капацитет во сите деловни на функционирањето, особено ќе има новоформираното **АД Водостопанство на Македонија**.

## 3.5 Следење на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020

Редовното следење на спроведувањето на стратегијата ќе се врши преку **годишни информации до Владата на Република Македонија подготвени од страна на МЗШВ до крајот на тековната година**.

**На половината од периодот на спроведување на стратегијата во текот на 2017 година ќе биде направена анализа на исполнетоста на реализација на стратегијата и ефектите од спроведените политики**. Врз основа на анализата ќе се направи ажурирање на текстот од стратегијата. Прегледот за постигнувањата на исполнетост на стратешките определби и ажурираниот текст на стратегијата треба да се достави на одобрување до Владата на Република Македонија најдоцна до јуни 2017 година.

Постапките на проценка на спроведувањето на националната стратегија и нејзиното ажурирање на половината од стратешкиот период, ќе биде доуредено како обврска во Законот за земјоделство и рурален развој.

Спроведувањето на политиките за поддршка како важен дел од севкупните политики во земјоделството и руралниот развој, согласно закон, ќе се реализира преку Годишниот извештај за спроведување на Програмата за финансиска поддршка кој редовно годишно ќе се поднесува до Владата на РМ.

## 3.6 Оперативен план за спроведување на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020

| Специфична цел / Област на интервенција / Мерки и активности | Време на спроведување | | | | | | | Резултат / индикатор | Надлежно тело | Износ и извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | | | |
| Специфична цел | 1 Реструктурирање на земјоделско-прехранбениот сектор - справување со неповолната структура и модернизација на секторот | | | | | | | | | |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **1.1 Модернизација и диверсификација на технолошкиот процес на постоечките земјоделско-прехранбени бизниси** | | | | | | | | | |
| **Модернизација на растителното земјоделско производство** | | | | | | | | | | |
| **1. Кофинансирање на трошоците за инвестиции во модернизација на растителното земјоделско производство**. Продолжување на мерката за поддршка на подигање на нови лозови и овошни насади, изградба, реконструкција и модернизација на пластеници и стакленици за производство на зеленчук и овошје, замена на старите и неефикасни системи за наводнување со микро иригациони системи и набавка на земјоделска механизација и опрема. Инвестициите се кофинансираат преку Програмата за ФПРР и ИПАРД 2007-2013 програмата, Мерка 101 – Инвестиции на земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ, и ИПАРД 2014-2020, Мерка 1.1 - Инвестиции во физичка инфрастуктура на земјоделските стопанства | | | | | | | | Резултати и индикатори за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата | МЗШВ, АФПЗРР и УСАИД | Алокација на средства за мерката според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата / Извор: Буџет на АФПЗРР и ИПАРД |
| **2. Подобрени услови за инвестирање во ефикасни методи за наводнување и максимазација на приносите и приходите од дадениот земјишен ресурс на земјоделските површини.** Промоцијата на мерките и овозможување на советодавни услуги за дефинирани култури како пченката и сончогледот ќе се реализираат преку посебна програма која ќе ги вклучува следниве активности: | | | | | | | | 2.500 ха пченка и сончоглед воведени под систем на наводнување капка по капка | МЗШВ и АПРЗ | 360.000 УСД за 2014 г. и 460.000 УСД во 2015 г. од Проектот за експанзија на мали бизниси на УСАИД, 300.000 € за 2016 г., и зголемени износи над 1 мил. € до 2020 г. од Програма за ФПРР |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Зголемено кофинансирање на инвестициите во нова опрема за наводнување, обезбедени поголеми финансиски средства за директни плаќања и за реализација на мерката и проширен опфатот на културите за кои е наменета мерката | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет за зголемување на интензитетот на кофинансирање на мерката на 65%, директните плаќања зголемени на 12.000 ден/ха и други поволности за стимулирање на воведување на наводнувањето | МЗШВ | / |
| - Подготовка на пакет советодавни упатства за правилен избор на технологијата на наводнувањето, наводнување на почвата согласно условите и културите и усогласеност на наводнувањето со останатите агро-технички мерки за максимизација на приносите и приходите од даден земјишен ресурс | | | | | | | | Подготвен пакет советодавни упатства за културите, а најмалку за пченка и сончоглед | АПРЗ | Извор: Буџет на АПРЗ-оперативни трошоци |
| - Спроведување на програмата за зголемување на приносите на пченка (и др. култури) со поповолните услови за кофинансирање на инвестициите во нова опрема за наводнување проследена со задолжителниот пакет на советодавни упатства за примена на правилни агро-технички мерки за максимазација на приносите и приходите | | | | | | | | - Подготвена програма за зголемување на приносите на пченка и сончоглед со годишна динамика и реализирање на годишните активности<br>- Програма за зголемување на приносите на пченка и сончоглед реализирана од 2016 г. | АПРЗ | Извор: Буџет на АПРЗ-оперативни трошоци |
| - Спроведување на кампања за ефектите од воведеното, односно подобрено наводнување преку системите капка по капка и друга современа технологија. | | | | | | | | - Реализирани промотивни активности поврзани со спроведување на програмата<br>- Земјоделците информирани за поволностите од инвестициите во наводнувањето | МЗШВ и АПРЗ | 200.000 денари / Извор: Буџет на МЗШВ и АПРЗ |
| **3. Искористување на потенцијалите на производството во контролирани услови**. Во таа насока ќе се спроведат следниве активности: | | | | | | | | | | |
| - Кофинансирање на реконструкција и модернизација на пластеници и стакленици за производство на зеленчук и овошје | | | | | | | | Индикаторите за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата | МЗШВ | Алокација на средства за мерката според ИПАРД програмата / Извор: ИПАРД програма |
| - Подготовка на студија за подобрување на искористеноста на геотермалната енергија за земјоделско производство преку следниве чекори: Анализа на стакленичките објекти во РМ за испитување на одржливоста во инвестирањето во постоечките во однос на подигањето на нови стакленици кои ќе користат алтернативни енергенси; Мапирање на постоечките извори на геотермална енергија и проверка на ограничувања на пристапот на нови субјекти; Испитување на можностите за искористување на расположливите геотермални ресурси кои сега не се експлотираат и дефинирање на поддршката за изведување на геолошки истражувања; и Идентификација на расположливите земјишни ресурси во подрачјата со геотермална енергија | | | | | | | | Реализирана студија која вклучува:<br>- анализа на постоечка состојба и потенцијали за развој на подсекторот<br>- мапа на постојни капацитети со ниво на пристап на нови субјекти до ресурсот<br>- дефинирање на потецијални геотермални ресурси и дефинирана државна поддршка за изведување на геолошки истражувања<br>- мапа на расположиво државно земјиште кое има пристап до сегашни и идни наоѓалишта на ресурси | МЗШВ, ангажирана стручна институција | 140.000 евра, Извор: МЗШВ/Донаторски средства - УСАИД, СДЦ |
| - Презентирање на инвестициони пакети на слободно | | | | | | | | - Подготвени предлог инвестициони проекти | Ангажирана | Извор: Агенција за промоција на |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| земјоделско земјиште во државна сопственост со пристап на геотермална енергија пред домашни и странски инвеститори | | | | | | | | - Предлог инвестициони проекти презентирани на домашни и странски инвеститори | стручна институција, Агенција за промоција на извозот и ПСИ | извозот и ПСИ-оперативни трошоци |
| **4. Трансформација на дополнителните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал за житните и фуражни култури во задолжително користење** | | | | | | | | - Задолжителната употреба на сертифициран семенски материјал со поддршка од 12.000 ден/ха и постепеното намалување на износот за другите стопанства по 1.000 ден. годишно вклучено во Програмата и уредба за ФПЗ за 2015 година и реализирано континуирано<br>- Зголемена употреба на сертифициран семенски материјал | МЗШВ, АФПЗРР | Зголемување на износот на мерката 1.1. за 5% во 2015 г. и по 10% годишно во следниот период/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **5. Правилна примена на основните агротехнички мерки, одржување на насадите и спречување на обраснувањето на поледелските обработливи површини** со непожелна вегетација и плевели како дел од минималните барања за ДЗПиЗЖС | | | | | | | | - Условеноста на директните плаќања со минималните барања за ДЗПиЗЖС вклучена во Програмата за ФПЗ и Уредба<br>- Опфатени сите корисници на финансиска поддршка со условите за ДЗПиЗЖС до 2020 | МЗШВ | / |
| **6. Повисок процент на кофинансирање на инвестициите од 65% за подигање на современи интензивни насади од овошни култури** на слабо бујни подлоги | | | | | | | | - Законот за ЗРР изменет заради зголемување на интензитетот на кофинансирање на мерката<br>- Реализација на повисоката поддршка за интензивни насади со Програмата и уредбата за ФПРР од 2016 година | МЗШВ, АФПЗРР | Зголемување на износот на мерката за 2% во 2015 г. и по 5% годишно во следниот период/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **Реонизација на растителното земјоделското производство и подобрување на ефективноста на инвестициите** | | | | | | | | | | |
| **7. Подготовка на педолошка карта на Република Македонија и „Македонскиот почвен информациски систем“** | | | | | | | | | | |
| - Извршени теренски наоди, лабораториските анализи на собраните почвени профили и дигитализација на податоците | | | | | | | | Обезбедени податоци за почвените профили и графички дигитализирани во единствена база на податоци | МЗШВ, Научни и истражувачки институции | 340.000 УСД / Техничка поддршка обезбедена од ФАО |
| - Пропишување на условите кои треба да ги исполнуваат овластените лабаратории кои се занимаваат со анализа на хемискиот и физички состав на почвата и обврската за тековно внесување на податоците од анализите | | | | | | | | Законот за земјоделско земјиште изменет заради уредување на условите за овластените лабаратории и обврската за внесување на податоците во базата | МЗШВ | / |
| - Овластување на лабараториите | | | | | | | | Овластени лабаратории кои ги исполнуваат условите согласно закон | МЗШВ | / |
| - Модификација и подобрување на софтверскиот систем за пристап на лабараториите до базата на податоци | | | | | | | | Софтверот прилагоден за online внесување на податоци за агро-хемиските анализи | МЗШВ со вклучени институции | Од предвидени средства за одржување на софтверот / Извор: **Б**уџет на институции |
| - Започнување на процесот на задолжителен внес на податоци | | | | | | | | Редовно внесени податоци од агро-хемиските анализи на почвата во системот | Вклучени институции и | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | лабаратории | |
| **8. Спроведување на реонизација на растителното производство.** Реонизацијата ќе се спроведува преку следниве активности: | | | | | | | | | | |
| Реонизацијата ќе ги опфати активностите на:<br>- детерминирање на реоните во кои ќе бидат означени демонстративни полиња,<br>- извршување на опити,<br>- подготовка на листи на препорачани култури и сорти за секој од производните региони. | | | | | | | | - Производна карта со демаркација на производни региони за подобноста на земјоделските култури, видови и сорти<br>- Реонизација на области погодни за лозарство<br>- Мапирани површини со погодни почвено-климатски услови за производство кои не се обработуваат | МЗШВ, научно-истражувачки институции во соработка со земјоделци, советодавни служби и УХМР | 680.000 долари / Донаторска поддршка и Буџет на МЗШВ |
| - Проценката на големината на потребните јавни инвестиции во инфраструктура (пат, струја, наводнување) за пристап кон моментално необработените површини | | | | | | | | Идентификување на јавните инвестиции во инфраструктура за проширување кон необработените површини | МЗШВ научно-истраж. институции | ” |
| **9. Воведување на инструмент задолжително мислење за погодност за подигање на овошен насад** со препорака за сортиментот, подлогите, садниот материјал и технологијата на одгледување. Обврската ќе биде законски уредена и внесена во системот на финансиска поддршка на РР, со уредено овластувањето на лицата даватели на мислењето. | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет за уредување на: обврската за задолжително мислење за погодност за подигање на овошен насад, финансиската поддршка за истата и системот за овластување на давателите во текот на 2016 година и во Програмата и уредбата за ФПРР од 2016 година | МЗШВ | / |
| **Конверзија на непрофитабилното земјоделско производство и промена на сортната структура** | | | | | | | | | | |
| **10. Конверзија на производството на поледелски култури во други трудоинтензивни земјоделски култури** кои генерираат поголеми приходи од единица површина или се барани на пазарите. Дополнителни директни плаќања од 30% ќе бидат обезбедени за период од првите три години на конверзија. | | | | | | | | - Законот за ЗРР изменет за внесување на можноста за дополнителната поддршка<br>- Дополнителни директни плаќања вклучени во Програмата и уредбата за ФПРР од 2016 година | МЗШВ, АФПЗРР | Зголемување на износот на соодветните мерки за 1% во 2016 г. и по 5% годишно во следниот период/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **11. Зголемување на производството на декоративни, лековити и зачински растенија**, преку следниве чекори: | | | | | | | | | | |
| **-** Подготовка на подзаконски акти за одгледување и промет на на декоративни, лековите и зачински растенија растенија | | | | | | | | Подзаконски акти објавени во Сл. Весник | МЗШВ | 300.000 € / Извор: Донаторска поддршка |
| - Изработка на 10 протоколи за позначајните плантажни култури (лаванда, оригано, нане, камилица) на отворено и во заштитени простори (босилек) | | | | | | | | Подготвени и дистрибуирани 10 протоколи за позначајните плантажни култури | МЗШВ | “ |
| - Обезбедување на човечки капацитет во МЗШВ посветен за следење на овој тип на производство | | | | | | | | Обезбеден опис на работни задачи во МЗШВ - Сектор Земјоделство | Техничка поддршка | Согласно средства од Буџетот на МЗШВ |
| **12. Овозможување на услови за поголемо производство на афион** | | | | | | | | | | |
| - Дополнителна финансиска поддршка за афион од 60 денари | | | | | | | | Дополнителната финансиска поддршка за | МЗШВ, | 300.000 ден/год. дополнителни |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| по кг (или дополнителни 3.000 денари по ха) | | | | | | | афион вклучена во Програмата за ФПРР од 2015 година и реализирана | АФПЗРР | средства/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| - Анализа и надминување на институционалните проблеми за производство на афион од аспект регулаторната и институционална свера | | | | | | | Направена ревизија на подзаконските акти и предложени измени и подобрување | МЗШВ и учесниците во секторот | / |
| **13. Финансиската поддршка за кофинансирање на реконструкцијата на лозови и овошни насади овозможена и за други култури кои се различни од постоечката** | | | | | | | Модификација на ИПАРД Програмата за примена на мерката за реконструкција на повеќегодишни насади и реализирана | МЗШВ | Во рамките на алокацијата на средства за мерката во ИПАРД програмата |
| **14. Поддршка на реконструкција на постојаните овошни и лозови насади** со кофинансирање на инвестициите за обновување и модернизација на насадите во висина од 50% | | | | | | | - Мерката за реконструкција на постојаните насади вклучена во ИПАРД програмата, редовно објавувана и реализирана<br>- Реконструирани овошни и лозови насади според индикатори од ИПАРД програмата | МЗШВ и АФПЗРР | Алокација на средства според ИПАРД програмата / Извор: ИПАРД |
| **15. Изготвување на нова осовремена сортна листа на овошни и лозови култури** препорачани врз основа на резултатите од досегашните истражувања, пазарни трендови и извршената реонизација на производството | | | | | | | - Објавена нова осовремена сортна листа на овошни и лозови култури<br>- Осовремен сортиментот на новите овошни и лозови насади | МЗШВ, научно истражувачки институции | 2,5 милиони ден/ Извор: Донаторска поддршка и Буџет на МЗШВ |
| **Домашно производство на семенски и саден материјал** | | | | | | | | | |
| **16. Обезбедување на поддршка на производството на семенски материјал од домашни сорти и хибриди на житните култури** во вид на директни плаќања и тоа:<br>- Финансиска поддршка за производство на сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација со модифицирање на начинот на спроведување на поддршката од плаќање по површина во поддршка по произведен и одобрен семенски материјал<br>- Финансиска поддршка за производство на предосновен и основен семенски материјал | | | | | | | - Мерките за поддршка на производството на семенски материјал од домашни сорти и хибриди на житните култури вклучени во Програмата и уредбата за ФПЗ и реализирани | МЗШВ, АФПЗРР | 15 милиони денари годишно / Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **17. Обезбедување на поддршка за кофинансирање на 50% од прифатливите трошоци за инвестициите за подигање на нови матичњаци од базен материјал** | | | | | | | - Мерката за кофинансирање на инвестициите вклучена во Програмата и уредбата за ФПРР од 2016 година и реализирана | МЗШВ, АФПЗРР | Износ вклучен во рамките на мерката за поддршка за подигање на расадници/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **18. Формирање на уште две калемарски центри со по 20 ха матичњаци од базен материјал** за производство од околу 3 милиони сертифицирани лозови резници. Врз основа на пријавен интерест за инвестиции во подигање на нови матичњаци на објавен повик (вклучително и од странски инвеститори), реализацијата на инвестицијата може да биде спроведена и на принципот јавно-приватно партнерство со претходно детално утврдени услови на инвестицијата (утврдување на лозни подлоги, технологија на производство и согледување на реална потреба од лозни калеми по сорти, | | | | | | | - Објавен повик за интерест за инвестиции во подигање на нови матичњаци (вклучително за јавно-приватно партнерство)<br>- Дефиниран модел за реализација на инвестицијата<br>- Изградени две калемарски центри со 20 ха матичњаци од базен материјал<br>- Производство од околу 3 милиони сертифицирани резници финасирани до | МЗШВ<br><br>МЗШВ<br><br>АФПЗРР | Износот проценет врз основа на дефиниран модел за реализација на инвестицијата и големина на јавно учество/ Извор: Буџет на АФПЗРР |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| избор на локации и износот на финансиско учество). По потреба државата ќе обезбеди локации на слободно земјоделско земјиште во државна сопственост за таа намена. | | | | | | | | крајот на планскиот период | | |
| **19. Финансиска поддршка за кофинансирање на набавката на матични растенија од категорија основен саден материјал во овоштарството и поддршка за откуп на лиценцни права за патентирани сорти во висина од 50 % од трошоците** | | | | | | | | - Мерката за кофинансирање на набавката на матични растенија од категорија основен саден материјал во овоштарството и поддршка за откуп на лиценцни права за патентирани сорти вклучена во Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година и реализирана<br>- Зголемено производство на основен саден материјал во овоштарството | МЗШВ, АФПЗРР | 6 милиони денари јавно кофинансирање / Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **20. Финансиска подршка во вид на директни плаќања за произведена сертифицирана овошна садница од категоријата стандарден и за произведена садница од категоријата сертифициран virus free саден материјал** | | | | | | | | - Мерката за директни плаќања за произведена сертифицирана овошна садница од категоријата стандарден и за произведена садница од категоријата сертифициран virus free саден материјал вклучена во Програмата и уредбата за ФПЗ за 2016 година и реализирана<br>- Зголемено производство на сертифицирана овошна садница | МЗШВ, АФПЗРР | 10 милиони денари годишно/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **21. Организација на семепроизводство за градинарско производство на автохтони популации** (како на пример куртовска капија, бучински кромид, домат јабучар и др.) | | | | | | | | Домашно семепроизводство за градинарско производство на автохтони популации | | |
| - Спроведување на анализи и почетни истражувања за дефинирање на автохтоните популации, локации на производство и издвојување на почетниот матерјал | | | | | | | | Реализирани истражувања и подготвени студии со: дефинирани автохтони популации, локации на производство и издвоен почетниот матерјал | МЗШВ и техничка поддршка | 70.000 евра/ Извор: Донаторска поддршка |
| - Поставување на селекциски и семепроизводни парцели за прочистување и тестирање на новите сорти и производство на семе | | | | | | | | - Поставени селекциски и семепроизводни парцели за прочистување и тестирање на новите сорти<br>- Произведено семе и достапно за градинарите | “ | “ |
| - Обезбедување на средства од буџетски програми за обезбедување на континуитет на активноста и нејзино финансирање. Деловниот план ќе вклучува намалување на буџетските издатоците и замена на финансирањето на активностите од продажба на семе | | | | | | | | - Обезбедена буџетска подпрограма за поддршка на одржување на парцелите и производството на семе<br>- Промоција и дистрибуција на семето | МЗШВ | 2,5 милиони денари/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| **22. Започнување на производство на градинарски расад во Република Македонија и широко користење на расад произведен во санитарно-безбедни, безвирусни услови, наместо расад подигнат во домашни услови** | | | | | | | | Започнато производство на градинарски расад во РМ и негова широка употреба | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Кофинансирање на 50% од прифатливите трошоци за поставување на расадници за производство на градинарски расад | | | | | | | | - Мерката за кофинансирање на трошоците за поставување на расадник за производство на градинарски расад вклучена во Програмата и уредбата за ФПРР и реализирана | МЗШВ | Алокација на средства според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој / Извор: Буџет на АФПЗРР |
| - Обезбедување на финансиска поддршка во вид на директни плаќања за произведено и продадено младо растение со определување на максималната продажна цена. Мерката од претходниот период ќе продолжи да се спроведува и до 2020 г. | | | | | | | | - Мерката за директни плаќања за произведено и продадено младо растение вклучена во Програмата и уредбата за ФПЗ и реализирана | МЗШВ | / |
| - Финансиската поддршка по површина за градинарско производство во контролирани услови ќе биде условена со користење на здравствено-безбеден расад | | | | | | | | - Измените во спроведувањето на директните плаќања вклучени во Програмата и уредбата за ФПЗ за 2017 г. | МЗШВ | / |
| **23. Финансиска подршка за спроведување на DUS тестот и** регистрација на сорти во висина од 50% од трошоците. | | | | | | | | - Мерката за финансиска подршка за спроведување на DUS тестот и регистрација на сорти вклучена во Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година и реализирана<br>-Најмалку една сорта регистрирано годишно | | 300.000 денари годишно/ Буџет на АФПЗРР |
| **24. Континуирано одржување на регистрите на повеќегодишни насади - лозови, овошни и маслинови во МЗШВ и нивно надградување** | | | | | | | | Редовно годишно ажурирање на податоците од страна на земјоделците | МЗШВ | Средствата дел од трошоците за одржување на ЕРЗС/СИЗП софтвер/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| **Модернизација, интензификација и диверсификација на сточарското производство** | | | | | | | | | | |
| **25. Кофинансирање на трошоците за инвестиции во модернизација на сточарското производство** и технолошко усовршување на производниот процес вклучително: изградба на нови и реконструкција на објектите за одгледување на молзни и гојни животни (вклучително одгледувалишта, помошните објекти со обезбедување на инфраструктура во објектите, модернизација на системите за молзење, хранење и поење и складови за добиточна храна) и опрема за подготовка на храната, како и опрема, прибор и помагала кои се користат во пчеларското производство. Инвестициите ќе опфаќаат и набавка на основно стадо со подобрени генетски карактеристики од признати одгледувалишта и набавка на пчелни матици и роеви од регистрирано одгледувалиште од домашно потекло. Инвестициите ќе се кофинансираат со 50% од прифатливите трошоци преку Програмата за ФПРР и ИПАРД програмата Мерка број 101-Инвестиции на земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ | | | | | | | | Индикаторите за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата | МЗШВ и АФПЗРР | Алокација на средства за мерката според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата / Извор: Програма за ФПРР и ИПАРД |
| **26. Финансиска поддршка за кофинансирање на трошоците** | | | | | | | | - Мерката за кофинансирање на вештачкото | МЗШВ и | Износ согласно досегашната |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **за вештачко осеменување** од регистрирани центри за вештачко осеменување за унапредувањето на популацијата во репродуктивните и комерцијални одгледувалишта | | | | | | | | осеменување вклучена во Програмата за ФПРР и реализирана<br>- Унапредена популацијата во репродуктивните и комерцијални одгледувалишта | АФПЗРР | висина на мерката усогласен со побарувачката од корисниците/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **27. Финансиска поддршка за** одобрени институции - Станици за тестирање и Центри за производство на семе стручни работи кои ќе се изведуваат | | | | | | | | - Обезбедена посебна мерка на поддршка за набавка на педигриран јуници и машки приплодни грла овци и кози и др. мерки за Станици за тестирање и Центри за производство на семе во Програмата за ФПРР за 2016 г.<br>- Формирани одобрени институции - Станици за тестирање и Центри за производство на семе | МЗШВ и АФПЗРР | 3 милиони денари годишно/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **28. Спроведувањето на одгледувачки мерки преку признатите организации на одгледувачи на добиток.** Одгледувачките мерки треба да се насочени кон интензификација на системите за одгледување на специјализираните млечни и комбинирани раси кои овозможуваат целосно исполнување на нивниот генетскиот потенцијал за производство на млеко и месо**.** Реализацијата на активностите на признатите одгледувачки организации ќе се поддржува преку финансирање на програми за обуки на членовите на организацијата за: одгледувачки и производни технологии, хигиенски пракси, добра нутритивна пракса, квалитет и безбедност на храна и менаџмент на стопанството. Поддршката ќе се уреди со измени во Законот за ЗРР и спроведе преку годишните програми и уредби | | | | | | | | - Подобрена интензификација на системите за одгледување на специјализираните млечни и комбинирани раси кои овозможуваат целосно исполнување на нивниот генетскиот потенцијал за производство на млеко и месо<br>- Законот за ЗРР изменет заради уредување на признатите организации како корисници на поддршката и дефинирање на типот на поддршка<br>- Мерките за поддршка на признатите организации вклучени во Програмите и уредбите за финансиска поддршка за 2016 г. и реализирани<br>- Кофинансирани 5 програми за обуки на членовите на одгледувачката организација | МЗШВ, АФПЗРР | 350.000 денари/годишно почнувајќи од 2016 година, Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **29. Зголемување на опфатот на поголема популација на грла во контрола на производните особини**, преку следниве активности: | | | | | | | | Поширен опфатот на грла во системот за следење на производните карактеристики | | |
| - Континуирано спроведувањето на матично книговодство, мониторинг и утврдување на генетскиот квалитет и принос во сточарството преку овластени институции | | | | | | | | Техничката мерка за покривање на трошоците за уматичување на грлата вклучена во Програмата за ФПРР и реализирана | Овластени институции, МЗШВ, АФПЗРР | 8 мил. денари до 2015, и зголемување до 2018 г. Со зголемување на поддршката за уматичените грла од 2018 г., обврската за плаќање/ кофинасирање на трошоците постепено ќе се трансферира на сточарите/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| - Зајакнување на капацитетот на признатите организации на | | | | | | | | - Подготвен оперативен план за | Овластени | 450.000 евра/ Извор: |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одгледувачи на добиток за спроведувањето на матично книговодство, мониторинг и утврдување на генетскиот квалитет и принос во сточарството. Јакнењето на капацитетите на признатите организации за спроведување на следење на производните карактеристики ќе се реализира преку обуки од страна на овластени институции и преку обезбедена техничка поддршка | | | | | | | | воспоставување и институционално зајакнување на системот<br>- Реализирани предвидените активности за зајакнување на капацитетот на признатите организации<br>- Превземени активности за следење на производните карактеристики од признатите организации од 2018 година | институции, Признати организации, МЗШВ и техничка поддршка | Донаторска поддршка |
| **-** Постепено зголемување на директните плаќања во сточарството по 5% годишно за уматичените грла со истовремено намалување на поддршката за грлата надвор од системот на следење. Во 2021 година ќе се направи евалуација на спроведување на активностите и разгледа можноста финансиската поддршка да биде обезбедена само за грлата во системот на контрола на производните особини | | | | | | | | - Изменет начинот на реализација на мерките на директни плаќања вклучени во реализација во Програмата и уредбата за ФПЗ за 2018 година<br>- Реализација на селекцијата и следење на генетските карактеристики преку признатите организации | МЗШВ | / |
| **30. Обезбедување на финансиска поддршка за кофинансирање на инвестициите за изградба или адаптација на гоилишта** во кои ќе се зголемува гојната маса на машките и шкартираните женски телиња | | | | | | | | - Поддршката за кофинансирање на инвестициите за изградбата или адаптација на гоилишта вклучена во Програмата за ФПРР за 2016 и реализирана<br>- Зголемен бројот на гоилишта | МЗШВ | 10 милиони денари годишно/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **31. Обезбедување на континуирани активности за трансфер на знаење до одгледувачите за правилното одгледување, исхрана и профилакса кај говедата** од страна на признатите организации на производители, преку следниве активности: | | | | | | | | Зголемено знаење на членовите на организациите за областите на обука пренесено преку самите признатите организации на одгледувачи | | |
| - Уредување на поддршката за обука на членови на признатите организации од страна на организациите како корисници | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет за уредување на поддршка за обука и типот на корисниците | МЗШВ | / |
| - Подготовка на пакет на обука за правилното одгледување, исхрана и профилакса кај говедата | | | | | | | | Подготвен пакет за обука | АПРЗ, признати организации | / |
| - Реализација на обуките преку признатите организации | | | | | | | | - Мерките за поддршка на обуките вклучена во Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година и реализирани | МЗШВ и АФПЗРР | Дополнување на финансика поддршка за обуки за 5% од 2016 година |
| **32. Проширената репродукција и зголемување на основното стадо на овци и кози.** Обезбедување на дополнителна финансиска поддршка по грло зачувано женско јагне и јаре, во висина на нивото на досегашната поддршка од 700 денари/грло | | | | | | | | Мерката за проширена репродукција и зголемување на основното стадо вклучена во Програмата и уредба за ФПЗ и реализирана | МЗШВ | 90 милиони денари годишно/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **33. Формализација на живинарските бизниси од мал обсег** (алтернативни системи на одгледување на несилки со слободни системи на одгледување во објект, или во двор-испуст) преку: | | | | | | | | Стимилирање на развојот на живинарските бизниси од мал обсег и подобрување на безбедноста на храната | | |
| - Правно регулирање на обемот на производство на дејноста, статусот на производителите, условите за трговијата, посебните услови во делот на ветинарното здравство и безбедноста на храната после спроведување на анализа за потребата за измена на актите | | | | | | | | Подзаконските акти во делот на сточарството, безбедноста и квалитет на храна изменети и дополнети | МЗШВ | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Обезбедување на финансиска поддршка за набавка на јарки вселени во објект за несилки и финансиска поддршка за: произведено и продадено јајце и колење на вгоени бројлери во сопствени кланични капацитети (60 денари по бројлер) | | | | | | | | - Мерка за кофинасирање на набавка на јарки вселени во објект за несилки вклучена во Програма за ФПРР за 2016 г. и реализирана<br>- 500 илјади јарки вселени во објект, обезбедена поддршка за 260 мил. јајца и 300.000 бројлери заклани во сопствени капацитети, а одгледани во алтернативни и интегрирани системи на одгледување | МЗШВ, АФПЗРР | 90 мил. денари годишно за набавка на јарки вселени во објект и 18 мил. денари годишно за финансиска поддршка за колење на вгоени бројлери |
| **Модернизација и технолошко усовршување на производниот процес во капацитетите за преработка на земјоделски производи** | | | | | | | | | |
| **34. Кофинансирање на трошоците за инвестиции во модернизација и технолошко усовршување на производниот процес во капацитетите за преработка на земјоделски производи за:**<br>**-** Изградба и реконструкција на производните објекти, вклучително инвестиции во комуналната и друга инсталација;<br>- Набавка на опрема за: винарски визби, капацитети за преработка на овошје и зеленчук, во капацитети за преработка на млеко и производство на млечни производи;<br>- Модернизација и технолошко осовременување на постојните капацитети за млеко, кланичните капацитети за говеда, свињи, овци/јагниња и живина и инвестиции во воспоставување на кланични капацитети за живина, како и<br>- Преструктуирање на производните капацитети за преработка на месо.<br>Инвестициите се кофинансираат преку Програмата за ФПРР и ИПАРД програмата, Мерка 103 - Инвестиции на преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ односно Мерка 1.3 - Инвестиции во физички средства кои се однесуваат на преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи (ИПАРД 2014-2020) | | | | | | | | Резултати и индикатори за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата | МЗШВ, АФПЗРР | Алокација на средства за мерката според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата / Извор: Програма за ФПРР и ИПАРД |
| **35. Создавање на правни услови за производство на ароматизирани вина** преку соодветни измени и дополнувања во правната рамка | | | | | | | | Закон за вино изменет заради регулирање на условите за производство на ароматизирани вина | МЗШВ | / |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **1.2 Започнување на нови земјоделски бизниси и преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија** | | | | | | | | |
| **1. Поттикнување на започнување на нови земјоделски бизниси** со поддршка обезбедена на млади земјоделци заинтересирани да се занимаваат со земјоделска дејност преку: | | | | | | | | Зголемен интерес на младите во руралните средини за занимавање со земјоделска дејност и отворени нови бизниси | | |
| - Обезбедување на финансиска поддршка за реализација на | | | | | | | | Мерката за поддршка на млад земјоделец | МЗШВ, | Износ согласно досегашната |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| бизнис идеите на млади земјоделци наменети за целосно покривање на трошоците на start-up инвестицијата | | | | | | | | вклучена во Програмата за ФПРР и уредбата и реализирана | АФПЗРР | висина на мерката усогласен со побарувачката од корисниците/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **-** Зголемени директни плаќања за млад земјоделец за 5% во однос на основниот износ на директните плаќања за период од пет години после превземање на стопанството | | | | | | | | Зголемувањето на износот на директни плаќања вклучен во Програмата за ФПЗ и уредбата | МЗШВ, АФПЗРР | Износ согласно досегашната висина на мерката усогласен со побарувачката од корисниците/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **2. Преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија.** Интензитетот на поддршката на кофинансирање на трошоците од инвестициониот проект за категоријата на мали земјоделски стопанства кои сакаат да преминат во повисока, втора целна категорија ќе изнесува 90%, додека стопанствата кои од втора целна категорија преминуваат во стопанства од прва целна категорија ќе добијат поддршка за реструктуирање со кофинансирање на 70% од трошоците | | | | | | | | Подобрена структурата на земјоделските стопанства во однос на дистрибуцијата според големина на капацитет со зголемено учество на стопанства во втора и прва целан категорија, а намален бројот намалите земјоделски стопанства | | |
| - Правно уредување на развојната категоризација на стопанствата и на мерката за финансиска поддршка за преминување на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет за уредување на развојната категоризација на стопанствата и на поддршката за преминување во повисока категорија | МЗШВ | / |
| - Уредување на начинот на финансирање на мерката адаптиран на реалните можности на земјоделските стопанства за обезбедување на почетен обртен капитал за инвестирање, кои ќе го финансираат само делот на приватното кофинансирање од 10%, односно од 30%, а јавното кофинансирање ќе биде обезбедено директно на набавувачот/банката од страна на АФПЗРР и пропишување на интерни процедури за спроведување на мерката во АФПЗРР | | | | | | | | - Законот за основање на агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој изменет во делот на можност стопанствата за оваа мерка да го финасираат само на делот на приватното кофинансирање<br>- Пропишани интерни процедури за спроведување на мерката | АФПЗРР | / |
| - Спроведување на кампања за популаризација на мерката со информирање на земјоделците од целните групи - малите стопанства и стопанства од втора целна категорија | | | | | | | | Реализирана кампања на локални и национални медиуми, и преку активностите на АПРЗ и националните земјоделски асоцијации | МЗШВ, АПРЗ | 300.000 денари годишно/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| - Огласување на мерката и нејзино спроведување | | | | | | | | Мерката за поддршка на преминувањето на земјоделските стопанства во повисока развојна категорија вклучена во Програмата за ФПРР за 2016 година и реализирана | АФПЗРР | 50 милиони денари годишно, и понатамошно зголемување согласно интересот/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **3. Обезбедување на дополнителни директни плаќања за прозводителите на житни и маслодајни растенија кои имаат потенцијал за развој, постигнуваат повисоки приноси и ги применуваат сите минимални услови за вкрстена сообразност**, односно за стопанствата од прва целна категорија со производен капацитет од 10-50 ха ќе им се исплаќа полн износ на финансиска поддршка (или зголемување | | | | | | | | Дополнителните услови за мерката уредени во уредбата за директни плаќања од 2015 година | МЗШВ | Зголемување на износот на мерката 1.1. за 1% во 2015 г. и по 2% годишно во следниот период/Извор: Буџет на АФПЗРР |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| за 40%) доколку: задолжително користат сертифициран семенски материјал, ги применуваат сите барања за вкрстена сообразност, водат евиденција за примена на препорачаните агротехнички мерки, и остваруваат принос поголем од 4 т/ха за пченица, односно 3 т/ха за јачмен, рж и овес, 5,5 т/ха пченка и 1,6 т/ха за сончогледово семе. | | | | | | | | | |
| **Достапност на градежно земјиште за земјоделски инвестиции** | | | | | | | | | |
| **4. Обезбедување на градежни парцели за инвестиции за земјоделски намени до нивните постоечки бизниси** | | | | | | | Проширување на производните активности на земјоделските стопанства | | |
| - Спроведување на кампања за информирање на земјоделците за можноста за поддршка во пренамената на државно земјоделско земјиште за инвестиции за земјоделски намени | | | | | | | Реализирана кампања на локални и национални медиуми, и преку активности на АПРЗ и национални земјоделски асоцијации | МЗШВ | 150.000 денари/ Извор: Буџет на МЗШВ и АПРЗ |
| - Објавување на редовен годишен јавен повик за заинтересираност за локации за инвестирање во непосредна близина на постоечките производни капацитети | | | | | | | Објавен јавен повик во национални медиуми за идентификување на потреба за градежна парцели за инвестирање | МЗШВ | 30.000 денари годишно/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| - Трансформација и продажба на парцелите | | | | | | | Продадени парцели и реализирани инвестиции | МЗШВ,Единици на ЛС/ МТПП | / |
| **5. Редовно објавување на слободни градежни парцели за маркетинг и преработувачка дејност во поголемите производни региони** за овоштарство (Росоман, Берово, Ресен, Охрид, Тетово, Валандово) и градинарство (струмичко-гевгелискиот регион). | | | | | | | - Трансформирани и продадени парцели идентификувани по јавниот повик<br>- Реализирани нови инвестиици во маркетинг и преработувачката дејност | МЗШВ, Единици на ЛС/ МТПП | / |
| **Поттикнување на влез на директни странски инвестиции во земјоделско-прехранбениот сектор** | | | | | | | | | |
| **6. Подготовка на водич за инвестирање во земјоделско-прехранбениот сектор во Македонија** | | | | | | | Испечатен водич за инвестирање во земјоделско-прехранбениот сектор во Македонија | МЗШВ | 70.000 евра /Извор: Донаторска поддршка |
| **7. Подготовка на предлог-проекти за инвестирање во земјоделско-прехранбениот сектор во Македонија** кои ќе ги опфатат областите на компаративни предности, увозно-зависни земјоделски подсектори каде има можност за супституција за задоволување на домашниот пазар, браунфилд инвестиции и заеднички вложувања во активни домашни капацитети врз основа на идентификуван интерес | | | | | | | Подготвени предлог проекти за инвестирање во земјоделско-прехранбениот сектор во Македонија | МЗШВ, Агенција за СИПИ | / |
| **8. Спроведување на активности за привлекување на странски инвестиции во македонскиот земјоделско-прехранбен сектор.** Предлог проекти за атрактивни инвестиции во секторот кои ќе бидат понудени на потенцијалните инвеститори. | | | | | | | Предлог проектите за инвестирање во земјоделско-прехранбениот сектор вклучени во промотивните активности на Агенција за СИПИ | Агенција за СИПИ во соработка со МЗШВ | Буџет на Агенција за СИПИ |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **1.3 Консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште по стопанство** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Консолидација и окрупнување на земјоделското земјиште** | | | | | | | | | | |
| **1. Донесување на интерни процедури и методологии за спроведување на консолидациони проекти** | | | | | | | | Донесени интерни процедури и методологии за спроведување на проектите | МЗШВ | / |
| **2. Кадровско и техничко екипирање на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште** преку дополнителни вработувања во Секторот за консолидација на земјоделско земјиште (СКЗЗ) и набавка на опрема и софтвер за оптимализација на решенијата за консолидација | | | | | | | | - Двајца нови вработени во СКЗЗ<br>- Набавен софтвер и опрема | МЗШВ | Издатоците за бруто плата вклучени во буџет на МЗШВ 13.500 УСД за опрема од проект ФАО/ Извор: Буџет на МЗШВ (за плати) и ФАО проект за софтвер и опрема |
| **3. Спроведување на консолидациони проекти на размена на земјоделско земјиште** | | | | | | | | Спроведени постапки на консолидација со доброволна размена на земјиште согласно барање од корисници | МЗШВ | Износ вклучен во буџет на СКЗЗ/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| **4. Пилотирање на консолидациони проекти со распределба на земјоделско земјиште.** Процесот на консолидација ќе започне да се спроведува преку два проекти за консолидација во два региони на државата од кои еден со распределба на парцели и инфраструктурни вложувања, а другиот со доброволна размена | | | | | | | | Реализирани два проекти за консолидација во два региони | МЗШВ, техничка поддршка | 435.000 УСД/ Извор: Проект за пилотирање на консолидација на земјоделско земјиште финансиран од ФАО |
| **5. Спроведување на консолидациони проекти со распределба на земјоделско земјиште** | | | | | | | | Реализирани најмалку четири регионални проекти за консолидација | МЗШВ, техничка поддршка | до 5.000.000 евра/ Извор: ИПА 2015 техничка поддршка |
| **6. Подготока на план за комуникација и спроведување на редовни таргетирани (во подрачјата за консолидација) и национални кампањи.** Кампањите ќе бидат фокусирани особено на локалните медиуми со презентирање на реални позитивни искуства на земјоделци од завршени проекти на консолидација | | | | | | | | - Спроведени кампањите како дел од консолидационите проекти и редовни годишни национални кампањи на локални и национални медиуми, и преку активности на АПРЗ и национални земјоделски асоцијации<br>- Земјоделците информирани за процесот на консолидација | МЗШВ, техничка поддршка | Кампањите како дел од консолидационите проекти вклучени во буџетот на проектите, за националните кампањи по 200.000 ден годишно/ Извор: донаторски проекти и буџет на МЗШВ |
| **7. Ограничување на физичката делба на парцели помали од два хектари**, преку континуитет на правното дејство на постоечкото ограничување од Законот за ЗЗ | | | | | | | | Намаленораситнување на земјоделско земјиште по основ физичка делба преку наследување | МЗШВ | / |
| **8. Подигање на прагот на минималната површина на поддржани новоподигнати повеќегодишни насади од 0.3 ха на 0.5 ха** заради поттикнување за окрупнување на производните парцели во овоштарството | | | | | | | | - Изменети критериуми во Уредбата за ФПРР<br>- Зголемена големина на парцелите со повеќегодишни насади | МЗШВ | / |
| **Подобрување на мобилноста на пазарот на земјоделско земјиште** | | | | | | | | | | |
| **9. Воспоставување на регистер за напуштено земјоделско земјиште**, одржување на истиот и обезбедување на континуирана размена на податоците со единиците на локална самоуправа (ЕЛС) надлежни за оданочување на истото | | | | | | | | - Воспоставен регистер на напуштено земјоделско земјиште кој редовно се ажурира<br>- Редовна размена на податоци со ЕЛС | МЗШВ и техничка поддршка | 60.000 € за подготовка на софтверско решение/ Извор: Донаторска поддршка |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **10. Анализа на мобилноста на пазарот на земјиште со предлог мерки за негово подобрување.** Анализата треба да ги процени главните причини за недоволната мобилност на пазарот на земјоделско земјиште и да предложи мерки од различните типови на политики: даночна, кредитна, земјоделска, наследно право итн, во насока на подобрување на динамиката на пазарот | | | | | | | | - Реализирано истражување со предлог мерки<br>- Резултатите од истражувањето со предлог мерки преземнтирани пред ВРМ | МЗШВ и техничка поддршка | 25.000 €/ Извор: Донаторски поддршка |
| **11. Распределба на преостанатото слободно земјоделско земјиште во државна сопственост од околу 6.000 ха** кое ќе се додели на користење под закуп на заинтересирани земјоделци до 10 ха, поголеми капитално-интензивни инвестиции, привлекување на странски инвестиции и за производство на добиточна храна за одгледувачи на добиток | | | | | | | | - Распределни вкупно 2.400 ха со големина до 10 ха, 3.000 ха на комерцијални огласи, 600 ха за сточарско производство<br>- Зголемено земјоделско производство на нововклучените површини | МЗШВ | / |
| **12. Поддршка за инвестициите кои се реализираат на земјоделски површини обезбедени со трансформација од неземјоделско земјиште или земјоделско необработено земјиште** преку кофинансирање на трошоците за подготовка на земјиштето и трансформација во обработливо со зголемен процент од 65% и инвеститорите ќе бидат ослободени од закупнина во првата година, а полниот износ на закупнината за овие површини ќе го достигнат во 5-та година со постепено зголемување (30% во 2-та г., 50% во 3-та г., 80% во 4-та г.). | | | | | | | | - Законот за ЗЗ и Законот за ЗРР изменети за уредување на предвидените олеснувања и мерките на финансиска поддршка за трансформација на неземјоделско или земјоделско необработено земјиште во обработено земјиште<br>- Мерките на финансиска поддршка вклучени во Програмите и уредбите за финансиска поддршка од 2016 година и реализирани во континуитет | МЗШВ, АФПЗРР | Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **13. Продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.** Заради успешно спроведување на постапките на продажба на земјиштето, ќе се спроведат мерки на: | | | | | | | | | | |
| - Подготовка на редовни годишни планови за надзор над одредбите за регистрирањето на откупувачите и извозниците и исполнување на условите за занимавање со промет со земјоделски производи на дефиниран примерок на оператори за надзор, и редовно полугодишно известување до ВРМ. | | | | | | | - Дефиниран годишен план и примерок за надзор<br>- Два пати годишно известување на ВРМ за резултатите од надзор на одредбите за уредување на пазарите | ДИЗ | “ |
| **2. Обезбедена функционалност и континуирана достапност до податоците на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС).** Системот редовно продолжува да функционира во прибирањето, обработката и дисеминација на податоците со ледниве промени во делот на подобрување на пристапот: | | | | | | | Подобрено информирање на пазарните субјекти за состојбите на пазарите во насока на донесување на правилни одлуки | | |
| - Зголемување на фрекфенцијата на објавување на податоците особено во периодите на сезонски пикови и брзи промени на цените за најважните 5 земјоделски производи | | | | | | | - Дневно известување за движењето на цените за периодите на сезонски пикови | МЗШВ-ЗПИС | / |
| - Обезбедување на анализи и информации за предвидувања на трендовите од веродостојни светски извори и дистрибуцијата на новите податоци до електронските адреси на сите членови на земјоделските стопанства евидентирани во ЕРЗС | | | | | | | Систематизираните информации за пазарите доставувани до електронските адреси на сите членови на земјоделските стопанства | МЗШВ-ЗПИС | / |
| - Превземање на пазарните податоци од други државни институции (АХВ, итн) и од новоформираните пазарни одбори за потребите на ЗПИС | | | | | | | - Процедурите за размена на податоци донесени и спроведувани<br>- Обезбеден поголем обем на податоци за корисниците | МЗШВ-ЗПИС | / |
| - Промена на класификацијата на производите согласно Законот за квалитет на земјоделски производи (и спроведувањето на одредбите од страна на субјектите) | | | | | | | - Новата класификацијата на производите вклучена во ЗПИС | МЗШВ-ЗПИС | / |
| - Подготовка на детален месечен билтен на ЗПИС на понудата и побарувачката на производите за стратешки важните производи и производите за кои се води политика на интервенции на пазарите (пченица, свежо свинско месо и јајца) | | | | | | | Редовни месечни билтени подготвени и вклучени во анализата за состојбите на пазарите | МЗШВ-ЗПИС | / |
| **3. Државно предфинансирање на инвестиции со кои се надминуваат проблеми од подсекторски карактер.** Инвестициите ќе бидат целосно финансирани од државата, а имплементирани од страна на правни субјекти формирани од функционални групации на најголемите производители на национално ниво со степен на државно кофинансирање регулиран во законските измени. Износот на приватното кофинансирање ќе биде исплатен на државата во даден временски период прилагоден на спроведување на инвестицијата и развојот на бизнисот, но не подолго од 8 | | | | | | | Обезбеден начин на реализација на финансиската поддршка кој е соодветен за спроведување на покрупни инвестициони зафати со кои се надминуваат проблеми од подсекторски карактер | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| години. Започнувањето на спроведување на оваа мерка претпоставува: | | | | | | | | | | |
| - Правно уредување на мерката за државно предфинансирање на инвестиции од подсекторско значење во Законот за ЗРР како дел од системот на финансиска поддршка | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет за внесување на интегрираните проекти како дел од системот на финансиска поддршка | МЗШВ | / |
| - Консулатации со официјално препознаени и функционални групации на најголемите производители на национално ниво за дефинирање на инвестициите од подсекторски интерест | | | | | | | | Спроведени директни консултации со таргетираните потенцијални инвеститори и дефинирани инвестиции | МЗШВ | / |
| - Огласување и спроведување на мерката за државно предфинансирање на инвестиции од подсекторско значење | | | | | | | | Мерката за државно предфинансирање на инвестиции вклучени во Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година и реализирана во континуитет | МЗШВ | Средства алоцирани според интересот на подсекторските претставници за конкретен идентификуван проект |
| - Реализација на инвестициите (на пр. фабрика за преработка на јајца во течен производ, кланица за прецизно конфекционирање на домашно свежо свинско месо, инвестиции поврзани со производството на бројлерско месо, капацитет за справување со вишокот на млеко или млеко од несоодветен квалитет, обезбедување на продажна инфраструктура на регионално или национално ниво, поголеми складишни или заеднички преработувачки капацитети и др.) | | | | | | | | Реализирани најмалку 2 интегрирани проекти и надминати структурни слабости во дадените подсектори | МЗШВ и АФПЗРР | “ |
| **4. Интервенции на пазарот на пченица и брашно** преку инструментите на интервентен откуп на пченица, инструментот поддршка за складирање по пониска цена за складирање или покривање на трошоците за складирање на одделни земјоделски производи во државните складишта и приватно складиштење | | | | | | | | Постапката за примена на поддршката за складирање на земјоделските производи уредена и применета по одлука на ВРМ во ситуации во кои се исполнети условите | МЗШВ | / |
| **5. Интервенции на пазарот на свинско месо.** Интервенцијата на отстранување на месото од пазарот ќе се извршува во насока на негова преработка во капацитетот за обработка и расекување на свинските полутинки според начинот во ЕУ или складирање на месото. Воведувањето на мерката Интервенции на пазарот на свинско месо побарува исполнување на соодветни предуслови од инвестирање на кланицата за конфекционирање на свинското месо воспоставена преку државното предфинансирање на инвестициите од заедничко подсекторско значење, воведување на СЕУРОП стандардот и: | | | | | | | | Уредена постапка за спроведување на интервенцијата за отстранување на вишокот на свинско месо од пазарот | | |
| - Измени на Законот за квалитет на земјоделски производи за воведување на постапка за инструментот за интервенции на пазарот | | | | | | | | Законот за ЗРР/Законот за квалитет на земјоделски производи изменети заради воведување на постапка за интервенции на пазарот на свинско месо | МЗШВ | / |
| - Спроведување на инструментот по пројавени сериозни пазарни нарушувања во вид на финансиска поддршка за компензација на разликата во увозните и домашните цени на | | | | | | | | Инструментот на интервенции на пазарот на свинско месо спроведен во законски дефинирани ситуации на нарушување на | МЗШВ, АФПЗРР, Пазарен одбор | Средствата за интервенција ќе бидат одредени во зависност од големината на нарушување на |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| свежо свинско месо согласно информациите од одборот за пазарот на свинско месо и поддршка за складирање. | | | | | | | | пазарот | за пазарот на свинско месо | пазарот. |
| **6. Интервенции на пазарот на јајца.** Интервенцијата ќе се спроведува од страна на подсекторот преку подсекторскиот капацитетот за преработка на јајцата во течни јајчани производи после неговата изградба, како и по профункционирање на пазарниот одбор за пазарот на јајца | | | | | | | | Одстранети од пазарот вишокот на јајца и обезбедена стабилност на цената и преработени во течен производ | Правно лице кое управува со фабриката за преработка на јајца во течен производ | Трошоци покриени од страна на правното лице кое стопанисува со фабриката за преработка на јајца во течен производ |
| **7. Мерка за зелена резидба на лозовите насади** | | | | | | | | - Законот за вино изменет заради уредување на постапката за мерката за зелена резидба на лозовите насади<br>- Намален вишокот на грозје во услови на нарушен пазар и подобрен квалитетот | МЗШВ, АФПЗРР | Средствата за интервенција ќе бидат одредени во зависност од големината на нарушување на пазарот |
| **8. Поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи** и дистрибуција на откупените производи за подобрување на квалитетот на исхраната на одредени категории лица вклучени во државниот образовен, здравствен и социјален систем | | | | | | | | - По одлука на ВРМ, уредени подзаконските акти од Законот за ЗРР за примена на мерката поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук, и млеко и млечни производи и спроведена интервенцијата<br>- Надминати пазарни нарушувања | МЗШВ, АФПЗРР | Средствата за интервенција ќе бидат одредени во зависност од големината на нарушување на пазарот, обемот на откупот на производите и опфатот на лицата до кои се доставуваат производите |
| **9. Посебни мерки за заштита на пазарот при опасност од сериозни нарушувања на пазарот со земјоделски производи**, и тоа во вид на: пропишување на дополнителни увозни давачки над минимална цена на граница и врзување на количини на увоз на одредени земјоделски производи со откупот на земјоделски производи произведени во РМ | | | | | | | | - Посебните мерки за заштита на пазарот реализирани во ситуации на опасност од сериозни нарушувања на пазарот со земјоделски производи<br>- Надминати пазарни нарушувања и обезбедена стабилност на приходите на производителите | МЗШВ | / |
| **10. Државна помош во форма на дополнително зголемени директни плаќања** на веќе постоечките мерки во однос на претходно планираниот износ, или воведување на нови мерки на поддршка заради обезбедување на минимално ниво на приходи на земјоделските производители | | | | | | | | Програмата и уредба за ФПЗ изменети заради зголемување на износот на поддршка или воведување нови мерки со цел обезбедување на нивото на приходи на производители при пазарни нарушување | МЗШВ | Средствата за интервенција ќе бидат одредени во зависност од големината на нарушување на пазарот |
| **11. Регулирање на вишокот на земјоделски производи преку организирање на откуп и преработка на производите** во тврди или полутврди сирења и вино, и дистрибуција за потребите на институциите и вработените во државната и јавна администрација. Мерката ќе се употребува во услови на многу сериозни кризи на непредвиден вишок на земјоделските производи во одредени временски периоди во текот на годината. Инструментот треба да се уреди во Законот за ЗРР | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет заради воведување на инструментот за регулирање на вишокот на производи преку организирање на откуп, преработка (во тврди или полутврди сирења и вино), и дистрибуција на производите за потребите на институциите на државна и јавна администрација | МЗШВ | Средствата за интервенција ќе бидат одредени во зависност од големината на нарушување на пазарот |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **2.5 Воведување на повисоки стандарди за квалитет и заштита на квалитетот на земјоделските производи** | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Поддршка за воведување на пазарни стандарди за квалитет на земјоделските производи.** Поддршката ќе биде обезбедена за покривање на трошоците за сертификација и анализи за производителите кои воведуваат системи и стандарди за квалитет ГЛОБАЛГАП, а производителите кои веќе го имаат воведено стандардот ќе добиваат дополнителни 20% повисоки директни плаќања од основните | | | | | | | | - Мерките за поддршка на воведувањето на пазарни стандарди за квалитет ГЛОБАЛГАП вклучени во Програмите и уредбите за финансиска поддршка и реализирани<br>- 30% поголем број на апликанти за мерките за воведување на пазарни стандарди во однос на изминатиот период | МЗШВ, АФПЗРР | Износ по мерката во Програмата за ФПЗ и Програмата за ФПРР од 2013 г. ќе се зголемува со динамика согласно интересот на апликантите/ Износ: Буџет на АФПЗРР |
| **2. Заштита на квалитетот на земјоделските производи.** Заокружувањето на системот на заштита на квалитетот на земјоделските производи и обезбедување на негова полна функционалност ќе се остварува преку спроведување на следниве активности: | | | | | | | | Системот на заштита на квалитетот на земјоделските производи целосно функционален, а интересот на производителите за заштита на квалитетот зголемен | | |
| - Целосно заокружување на институционалниот и правен систем на заштитата на квалитетот на земојделските производи во МЗШВ како надлежна иституција во врска со обезбедување на спроведливост на постапката од подзаконските акти за заштита на квалитетот | | | | | | | | - Одделението за заштита на квалитетот на земјоделските производи со доволен број на обучени вработени<br>- Постапките за заштита на квалитетот се спроведуваат редовно согласно закон и интерни процедури | МЗШВ | / |
| - Обезбедување на поддршка за заштитата на квалитетот преку кофинансирање на трошоците за: упис во регистарот на корисници на заштитени ознаки, трошоците за лабораториска анализа, контрола и сертификација за заштитени ознаки од страна на овластените верификациски тела. Ќе се обезбеди и дополнителна финансиска поддршка по единица производ употребен како суровина за производи со заштитен географски назив и поддршка за етикетирање и обележување на производите со заштитена ознака | | | | | | | | - Мерките за поддршка за заштитата на квалитетот вклучени во Програмите и уредбите за финансиска поддршка, и реализирани<br>- 30% поголем број на апликанти за мерките за финансиска поддршка во однос на изминатиот период | МЗШВ, АФПЗРР | Износ по мерката во Програмата за ФПЗ и Прогрмата за ФПРР од 2013 г. ќе се зголемува со динамика согласно интересот на апликантите/ Износ: Буџет на АФПЗРР |
| - Реализирање на национална кампања за промоција на процесот на заштита на земјоделските и прехранбени производи наменета за производителите, како и кампања за потрошувачите за популаризирање на веќе заштитените производи | | | | | | | | - Спроведени редовни годишни национални кампањи на локални и национални медиуми, и преку активности на АПРЗ и национални земјоделски асоцијации<br>- Земјоделците запознати за корисностите и постпките за заштита на квалитетот | МЗШВ | 200.000 денари годишно/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| - Спроведување на активности за промоција и заштита на географското потекло на дел од најзначајните македонски производи со веќе препознаен извозен потенцијал како што е македонското јагне. Активностите на заштита и промоција ќе бидат спроведени со иницијатива на МЗШВ преку асоцијација на производители и извозници на јагнешко месо. Активностите ќе вклучат зајканување на капацитетот на институциите за заеднички настап и промоција на надворешните пазари и план за следниот период | | | | | | | | - Реализирани активности за заштита на географското потекло на македонското јагне, зајканување на капацитетот на институциите за заеднички настап и стратегија за следниот период и промоција на надворешните пазари<br>- Поголема додадена вредност на македонското јагне на надворешните пазари | МЗШВ, Асоцијација на производители и извозници на јагнешко месо | 200.000 €/ Извор: Донаторска поддршка |
| **3. Заштитата на географското потекло на виното**. Заштитата | | | | | | | | Системот на заштита на географското | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на географското потекло како важен дел од подобрување на пазарната позиција на македонското вино ќе се докомплетира преку: | | | | | | | | потекло на виното целосно функционален, а интересот на производителите за заштита на потеклото зголемен | | |
| - Измени на Законот за вино и подзаконските акти заради доусогласување на националната правна рамка која го уредува начинот и постапките за производство и означување на вино со географски назив (особено кај вината со контролирано и гарантирано потекло - ВКГП) со оние кои се применуваат на ниво на ЕУ | | | | | | | | Законот за вино и подзаконските акти изменети заради доусогласување на начинот и постапките за производство и означување на вино со географски назив со законодавството на ЕУ | МЗШВ, техничка поддршка | 150.000 €/ Извор: ИПА техничка поддршка (Активностите може да се комбинираат со ИПА проектот за спроведување на минималните стандарди за квалитет на виното број 2.3/6) |
| - Воведување на мерки за финансиска поддршка за стимулирање на корисници на заштитен географски назив (ВКГП вина) и компензација на производни трошоци за: подготовка на елаборат за ВКГП вино, за контрола и сертификација на производство на ВКГП вино, за запишување во меѓународен регистар на заштитен географски назив | | | | | | | | Мерките за финансиска поддршка за заштитата на геоафското потекло на виното вклучени во Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година и реализирани | МЗШВ, АФПЗРР | 6 милиони денари годишно во Програмата за ФПРР/ Буџет на АФПЗРР |
| **4. Изработка на катастар на пчелна паша.** Врз основа на катастарот, Сојузот на пчеларски здруженија во соработка со локалните пчеларски здруженија ќе може да започне со воспоставување ред за испаша за рационално користење на пашата. За добиениот мед од локациите одредени за селидбено пчеларење треба да се издава сертификат за неговото потекло, кој ќе го издава институцијата која ќе биде надлежна за спроведување на анализа. Активностите ќе вклучат и усогласување на институционална поставеност и политиките на поддршка во апикултурата со европските. | | | | | | | | - Воспоставен катастар на пчелна паша<br>- Поставен ред за испаша за рационално користење на пашата<br>- Овлатена институцијата која ќе биде надлежна за спроведување на анализа на медот<br>- Издавање на сертификат за потекло на медот<br>- Обезбедена поголема додадена вредност на македонското мед на домашниот и надворешните пазари | МЗШВ, техничка поддршка | 450.000 €/ Извор: ИПА техничка поддршка за Усогласување на институционална поставеност и политиките на поддршка во апикултурата со acquis на ЕУ |
| **5. Изработка на регистар на автохтоните млечни производи и унифицирање на практиките за нивно користење и имплементирање како национална посебност**. Активностите ќе вклучат анализирање, теренско скенирање и систематско снимање на условите и начинот на производство на традиционалните млечни производи и документирање на податоците. | | | | | | | | - Теренско скенирање и систематско снимање на условите и начинот на производство на традиционалните млечни производи завршено и податоците документирани<br>- Заштита на традиционалните рецепти за производство на млечни производи и нивно користење од страна на производителите кои ги исполнуваат условите<br>- Промовирани традиционални производи | МЗШВ, техничка поддршка | 150.000 €/ Извор: ИПА техничка поддршка |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **2.6 Промоција на македонските земјоделско-прехранбени производи** | | | | | | | | | |
| **1. Национална промоција на македонските производи на нови или недоволно застапени и алтернативни пазари**, преку следниве активности: | | | | | | | | Диверсифициран извозот на македонските производи по дестинации и подобрена домашна потрошувачка на македонски производи | | |
| - Подготовка на годишна Програма за национална промоција на | | | | | | | | Годишна Програма за национална | МЗШВ и | 450.000 € годишно/ Износ: Буџет |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| македонските производи на нови или недоволно застапени и алтернативни пазари во соработка со интересите и преференциите на националните здруженија на производители и извозници | | | | | | | | промоција на македонските производи на нови или недоволно застапени и алтернативни пазари подготвена и одобрена од страна на ВРМ | препознаени економски партнери | на АФПЗРР |
| - Дефинирана униформна препознатливост која треба да ја претстави Република Македонија како винска земја (“Вина од Македонија“), односно земја на квалитетни градинарски производи и овошје со осмислени визуелни симболи, видео клип и маркетинг концепт кој се разликува по извозни дестинации и земјоделски производи | | | | | | | | Визуелни симболи, видео клип и маркетинг концепт за настап на странските пазари дефиниран по извозни дестинации и земјоделски производи и употребувани при настаните на национална презентација на надворешните пазари | “ | “ |
| - Реализација на Програмата за национална промоција со учество на саемските манифестации и други промотивни активности | | | | | | | | - Активностите за национална промоција на македонските производи вклучени во годишните Програми и уредби за ФПРР и реализирани согласно програмата | “ | “ |
| **2. Истражување на соодветните начини за пристап на нови и алтернативни потенцијални пазари** за пласман на македонските земјоделски производи иницирани и спроведени од страна на национални здруженија на производители и извозници на земјоделски производи од РМ | | | | | | | | 4 студии за истражување на нови и алтернативни потенцијални пазари за пласман на македонските земјоделски производи спроведени од страна на национални здруженија на производители и извозници | МЗШВ и техничка поддршка | 380.000 €/ Извор: Донаторска поддршка |
| **3. Кофинансирање на посета на реномирани странски новинари/критичари на државата** и областите во кои е најзастапено лозарското производство и производството на вино, и за подготовка и финансирање на статии за винарството во РМ во реномирани светски списанија (Harpers, Decanter, Wine Spectator, Weinwirtschaft, Weinwel) | | | | | | | | Мерката за кофинансирање на посета на реномирани странски вински новинари/критичари вклучена во Програмата за ФПРР за 2017 година и реализирана. | МЗШВ, АФПЗРР | Активноста во 2015 и 2016 година ќе биде реализирана преку техничка поддршка, а од 2017 финансирана од Буџетот на АФПЗРР во износ од 800.000 денари годишно |
| **4. Унапредување на веќе склучените трговски аранжмани со покренување на иницијативи за подобрување на условите за увоз на македонското вино на тие пазари -** ЕФТА Договорот (односно билатералните договори со четирите земји: Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија), билатералниот договор со Швајцарија и подобрување на аранжманот за извоз на вино со Турција | | | | | | | | Иницирани разговори за унапредување на трговската либерализација и постигнување на подобрени услови за пласман на македонското вино | МЗШВ и МЕ | / |
| **5. Кофинансирање на дел од трошоците за брендирана и современа амбалажа која има повисока цена, а е услов за пласирање на производите на попребирливите пазари, особено на европските.** Ваквата поддршка покрај за производителите на вино во следниот период ќе биде обезбедена и за производителите на градинарски производи | | | | | | | | Мерката за кофинансирање на трошоците за брендирана и современа амбалажа за виното и градинарските производи вклучена во Програмата за ФПРР и реализирана | МЗШВ, АФПЗРР | 25 мил. денари за амбалажа за виното (тековна мерка) и 20 мил. денари за градинарските производи годишно (дополнителни импликации)/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **6. Поддршка на националните асоцијации на производители (признати национални економски партнери) за спроведување на маркетинг кампањи за зголемување на потрошувачката на македонски производи од домашниот** | | | | | | | | - Мерката за кофинансирање на 50% од трошоците за спроведување на маркетинг кампањи за зголемување на потрошувачката на македонски производи | МЗШВ, АФПЗРР, националните асоцијации на | 900.000 денари/ Извор: Буџет на АФПЗРР |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **пазар.** Промоцијата ќе се однесува на генеричките производи од домашно потекло, и особено производи со знак за квалитет за ознака за потекло, географска ознака, традиционален специјалитет. Една од кампањите ќе вклучува запознавање на потрошувачите со придобивките од умерената консумација на вино, особено за корисните состојки што ги содржат македонските вина | | | | | | | | од домашниот пазар вклучена во Програмата за ФПРР за 2016 година и реализирана во континуитет<br>- Маркетинг кампањи за зголемување на потрошувачката на македонски производи од домашниот пазар реализирани од националните асоцијации на производители | производители | |
| **7. Уредување на посебноста во декларирањето на производството од домашно потекло во однос на тоа од увоз.** Посебна категорија за одбележување ќе бидат свежите домашни производи (млеко, свинско и бројлерско месо) | | | | | | | | - Законот за квалитет на земјоделските производи изменет за внесување на одредби за уредување на посебноста во декларирањето на производството од домашно потекло во однос на тоа од увоз<br>- Поголема препознатливоста на домашните производи на пазарот | МЗШВ | / |
| **8. Организирање на национални настани од ревијален и натпреварувачки карактер за дадени производи** на кои ќе се презентираат најдобрите достигнувања во конкретниот подсектор | | | | | | | | - Мерката за организирање на национални настани за дадени производи од ревијален и натпреварувачки карактер вклучена во Програмата за ФПРР за 2015 година и реализирана во континуитет | МЗШВ, АФПЗРР | 450.000 денари годишно/ Износ: Буџет на АФПЗРР |
| **9. Обезбедување на финансиска поддршка за отворање на специјализирани продавници за квалитетни македонски земјоделски производи** како што се преработки од овошје и зеленчук, млечни и месни преработки и вино, поддржани од Програмата за ФПРР | | | | | | | | - Мерката за кофинансирање на трошоците за отворање на специјализирани продавници за квалитетни македонски земјоделски производи објавена во Програмата за ФПРР 2016 година<br>- Најмалку 2 продавници отворени до 2020 година | МЗШВ, АФПЗРР | 800.000 денари годишно/ Износ: Буџет на АФПЗРР |
| Специфична цел | 3 Подобрување на условите за живот и за одвивање на економските активности во руралните средини | | | | | | | | | |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **3.1 Обезбедена одржливост на економските активности во руралните средини** | | | | | | | | | |
| **1. Директни плаќања за земјоделско производство.** Директните плаќања ќе се исплаќаат по тип и износ според Националната програма за земјоделство и рурален развој за периодот 2013-2017 година, а по динамика согласно однапред дефиниран „Календар за субвенции“. Според НСЗРР предвидена е промена во реализирање на директните плаќања кај поддршката на подсекторот живинарство и градинарство | | | | | | | | - Резултати и индикатори за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој<br>- Обезбедена соодветна поддршка на приходот на земјоделските стопанства<br>- Директните плаќања за 2015 година модифицирани според НСЗРР 2014-2020 | МЗШВ и АФПЗРР | Алокација на средства по мерките на директни плаќања според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **2. Обезбедување на поддршка за диверсификација на економските активности во руралните средини** преку Мерка 302-Диверзификација и развој на рурални економски активности од ИПАРД 2007-2013 програмата и Мерка 3.2-Диверсификација | | | | | | | | Резултати и индикатори за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата | МЗШВ и АФПЗРР | Алокација на средства за мерката според Национална програма за развој на земјоделството и рурален |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на земјоделско стопанство и развој на руралните бизниси од ИПАРД 2014-2020 програмата (почнувајќи од 2015 година) | | | | | | | | | | развој и ИПАРД програмата / Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **3. Реализација на посебна кампања за презентирање на мерката 302 преку споделување на искуствата од успешно реализираните проекти од Република Македонија, регионот и ЕУ** во подрачјата со исклучителни услови за спроведување на инвестициите предвидени со оваа мерка, особено во ридскопланинските подрачја. Активностите ќе бидат финансирани преку Мерката Техничката помош од ИПАРД. | | | | | | | | - Спроведени редовни годишни кампањи на локални и национални медиуми, и преку активности на АПРЗ и национални земјоделски асоцијации<br>- Земјоделците информирани за поддршката на проектите за диверсификација на економските активности во руралните средини | МЗШВ и АФПЗРР | 400.000 годишно/ Извор: ИПАРД |
| **4. Намалување на данокот на додадена вредност за добиточната храна и живите животни од 18 на 5%** | | | | | | | | - Одлука на ВРМ за намален Данокот на додадена вредност за добиточната храна и живите животни од 18 на 5%<br>- Обезбедени дополнителни средства во билансот на одгледувачките стопанства за инвестиции и проширување на земјоделските бизниси, и намалена нелегалната трговија со товен добиток | ВРМ, МФ | Износот е вкалкулиран како фискални импликации за загуба за Буџетот на РМ |
| **5. Бенефицирана даночна политика за земјоделските производители** преку ослободување од плаќањето на персонален данок на доход на приходите од земјоделска дејност во висина до 300.000 денари, и паушално пресметување на данокот од 10% на основица на 20% од остварените приходи од земјоделска дејност до 1,3 мил. денари | | | | | | | | - Земјоделците оданочени по пониски даночни стапки<br>- Обезбедени повеќе средства за земјоделците кои може да бидат насочени кон подобрување на земјоделската и другите економски дејности | ВРМ, МФ | Износот е вкалкулиран како фискални импликации за загуба за Буџетот на РМ |
| **6. Обезбедувањето на обртен и основен капитал за поддршка на тековното работење и на инвестициите во земјоделското производство, преработката на земјоделски производи и трговијата со поволни услови преку МБПР, вклучително и директни кредитирање за откуп на земјоделски производи** | | | | | | | | - Кредитирани земјоделско-прехрамбените бизниси, инвестиции и трговија по поволни услови во висина од 3-5 мил евра кредитни пласмани годишно<br>- Докапитализирана МБПР за реализација на руралното кредитирање | МФ, МБПР | Износот на субвенцијата е вкалкулиран како фискална импликација на буџетот за покривање на пониската камата во однос на комерцијалната |
| **7. Обезбедување на пристап до поволните кредити преку МБПР за земјоделските задруги и прилагодување на производот според спецификите на задругите** | | | | | | | | Променети условите на кредитирањето во делот на корисници и вклучување на земјоделските задруги | МБПР, Комитет на политики | / |
| **8. Подобрување на достапноста на работна сила во земјоделството со обезбедување на поддршка за ангажирањето на работници за екстензивно или полуинтензивно одгледување овци и говеда со надомест на трошоците за нето-плата.** Поддршка од овој тип ќе биде обезбедена и за раководителите на земјоделските задруги, секретарите во канцелариите на пазарните одбори и на националните здруженија препознаени како социјално-економски партнери | | | | | | | | - Мерката за надомест на трошоците за нето-плата вклучена во Програмата за ФПРР и реализирана во континуитет<br>- Обезбедена достапноста на работна сила во земјоделството, особено во помалку атрактивните подсектори екстензивно или полуинтензивно одгледување овци и говеда ( и поддршка на работата на земјоделските задруги пазарните одбори, и на | МЗШВ, АФПЗРР | 18,5 мил денари годишно со динамика на промена на износот согласно побарувањата на корисниците/ Извор: Буџет на МЗШВ |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | националните здруженија) | | |
| **9. Обезбедување на финансиска поддршка за формирањето на ЛАГ-ови**, јакнењето на нивниот капацитет и спроведувањето на иницијативите и активности на заедницата вклучени во локалните стратегии за рурален развој преку мерките од националната програма за руруален развој и мерката Мерка 3.3-Подготовка и спроведување на Локални развојни стратегии – ЛИДЕР пристап почнувајќи од 2017 година. Дополнително за зајакнување на инстиуционалниот капацитет на ЛИДЕР пристапот ќе се обезбеди ИПА техничка поддршка | | | | | | | | - Мерката за финансиска поддршка за формирањето на ЛАГ-ови, јакнењето на нивниот капацитет и спроведувањето на иницијативите на заедницата од локалните стратегии вклучена во Програмата за ФПРР за 2016 и ИПАРД II програмата од 2017 г. и реализирана во континуитет<br>- Зајакните локални капацитети за планирање на развојот и спроведување на иницијативите на заедницата | МЗШВ, АФПЗРР, ЛАГ-ви | - 0,2 мил. € во 2015 и 2016 и 0,5 мил. € 2017, 2018 и 2019/ Извор: ИПАРД<br>- 948.750 €/ Извор: ИПА Проект за LIDER и поддршка за Советодавен систем во земјоделството во Република Македонија (дел од проектни активности) |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **3.2 Реновирање и изградба на руралната инфраструктура** | | | | | | | | | |
| **1. Реализација на вложувања во инфраструктурата на македонското село** преку финансирање на инвестициите за: Изградба на локална патна инфраструктура и инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи; Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини (селски улици, плоштади, зелени површини и/или шеталишта); Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја за поврзување на населени места – села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација. Поддршката за инвестициите за подобрување на руралната инфраструктура ќе се финансира преку националната Програма за ФПРР, а после акредитацијата на мерката од 2017 година 3.1-Подобрување и развој на руралната инфраструктура и од ИПАРД 2014-2020 Програмата | | | | | | | | Резултати и индикатори за реализирани инвестиции според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД Програмата | МЗШВ и АФПЗРР | Алокација на средства за мерката според Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој и ИПАРД програмата / Извор: Буџет на АФПЗРР и ИПАРД |
| **2. Акредитација на мерката 3.1 - Подобрување и развој на руралната инфраструктура** за финансирање на инвестициите преку ИПАРД програмата | | | | | | | | Акредитирана мерка 3.1 и реализирани инвестиции | МЗШВ и АФПЗРР | 29 мил. € годишно во 2015 и 2016 година/ Извор: ИПАРД |
| **3. Изградба и реновирање на хидромелиоративната инфраструктура.** Големите инфраструктурни инвестиции ќе се реализираат преку следниве активности: | | | | | | | | Реализирани големи хидромелиоративни инфраструктурни зафати и обезбедено проширување на наводнуваните површини | | |
| - Подготовка на десетгодишен плански документ „План за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015-2025 година" и усвојување од страна на ВРМ | | | | | | | | „План за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015-2025 година" усвоен од страна на ВРМ | МЗШВ, ВРМ | 20 милиони евра годишно/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| - Реформи во системот на управување со инфраструктурата за наводнување и одводнување преку формирање на единствена институција АД во државна сопственост Водостопанство на Република Македонија и зајакнување на неговиот капацитет | | | | | | | | Донесен закон за формирање и формирано АД во државна сопственост „Водостопанство на Република Македонија" за централизирано управување со водостопанската инфраструктура во РМ | МЗШВ | Предвидени буџетски средства согласно организациона поставеност на АД/ Извор: Буџет на АД „Водостопанство на Република Македонија" |
| - Подготовка на елаборати и планови за изградба на зафати и акумулации од помал обем за иницијалниот период 2015-2016 г. | | | | | | | | Подготвени елаборати и планови за мини акумилации за период 2015-2016 г. | МЗШВ, ДЕК | 2 мил. €/ Извор: ИПА |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Реализација на инфраструктурни зафати во наводнувањето согласно Планот за инвестирање вклучително:<br>- рехабилитација и реконструкција на инсталираната инфраструктура за наводнување и одводнување заради постигнување на нивна одржливост и заштеди на вода,<br>- доградба и проширување на постоечките хидросистеми со цел зголемување на наводнуваната површина во државата и<br>- изградба на нови големи капитални објекти | | | | | | | | Рехабилитирана и реконструирана инсталираната инфраструктура за наводнување и одводнување, доградени и проширени постојни хидросистеми и изградени нови големи капитални објекти во македонскиот хидро-систем согласно „План за инвестирање во водостопанската инфраструктура за периодот 2015-2025 г.“ | АД во државна сопственост Водостопан-ство на РМ | “ |
| **4. Овозможување на модалитет за приватно инвестирање во помали инфраструктурни проекти за наводнување по пат на јавно-приватно партнерство и концесионирање** | | | | | | | | - Направена анализа за модалитет за приватно инвестирање во помали инфраструктурни проекти за наводнување<br>- Измена на законската рамка за овозможување на спроведување на модалитет за приватно инвестирање | МЗШВ, АД во државна сопственост Водостопан-ство на РМ | / |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **3.3** | | | | | | | **Подобрена социјална сигурност на руралното население** | | |
| **1. Бенефицирано регулирање на социјалните придонеси за пензиско и здравствено осигурување за активните членови на земјоделски стопанства.** Член на ЗС со дефинирана големина на приходи или ЗС со правен статус, кој се занимава само со земјоделска дејност ќе плаќа помали износи на месечни придонеси на задолжителното социјално осигурување во однос на придонесите на соодветните категории на осигуреници кои остваруваат приходи од други дејности | | | | | | | | - Бенефицирано регулирање на социјалните придонеси за пензиско и здравствено осигурување соодветно уредено за активните членови на земјоделски стопанства во законите од сферата на задолжително социјално осигурување<br>- Подобрена социјалната сигурност на земјоделското и рурално население | ФПИОМ, ФЗОМ | Износот на субвенцијата е вкалкулиран како фискална импликација на буџетот за покривање на пониските придонеси за земјоделците во однос на другите осигуреници/ Извор: Буџети на ФПИОМ, ФЗОМ и МТСП |
| **2. Јавно финансирање на инвестиции за изградба и реконструкција на јавна социјална инфраструктура во руралните средини** и тоа на: младински и рекреативни центри, клубови за стари лица, интернет клубови, објекти за културни манифестации и слично. Инвестициите се финансираат во висина од 100% од трошоците за изградба на објектите | | | | | | | | - Мерката за финансиска поддршка на инвестициите во јавна социјална инфраструктура во руралните средини вклучена во Програмата и уредбата за ФПРР и реализирана<br>- Изградени објекти од јавна социјална инфраструктура | МЗШВ и АФПЗРР | 4,2 мил € за 2015 г. од Програма за ФПРР и преку ИПАРД 0,53 мил. € за 2016 г., 1,2 мил. € за 2017 г., 2,7 мил. € за 2018 г., 3,7 мил. € за 2019 г. и 4 мил. € за 2020 г / Буџет на АФПЗРР и ИПАРД |
| **3. Спроведување на активни политики за намалување на невработеноста преку Министерството за труд и социјална политика** (МТСП) кои вклучуваат обезбедување на капитал (5.000 € по лице) за започнување на мали земјоделско-прехранбени бизниси | | | | | | | | - Активните политики за намалување на невработеноста преку обезбедување на грант за започнување на мали бизниси вклучени во Програмите на МТСП и реализирани.<br>- Започнати нови земјоделски бизниси поддржани од програмата | МТСП | Согласно годишна Програма за започнување на земјоделски бизниси/ Извор: Буџет на МТСП |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **3.4** | | | | | | | **Подобрување на положбата и улогата на руралната жена** | | |
| **1. Обезбедување на поддршка во висина од 70% од износот на минималната нето плата во државата за активен женски** | | | | | | | | - Поддршката за активен женски член во земјоделското домаќинство вклучена во | МЗШВ | / Извор: Буџет на АФПЗРР |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **член во земјоделското домаќинство** кое ги исполнува следниве услови: возраст до 40 години за стекнување на правото на поддршка, во брак со член на земјоделско стопанство и мајка на најмалку едно дете, невработена, домаќинка и активно го одржува земјоделското домаќинство кое е во населено место со помалку од 200 жители. Поддршката ќе биде реализирана како директни плаќања или покривање на износот на задолжително осигурување | | | | | | | Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година и релизирана во континуитет<br>- Намалување на миграцијата на жените од руралните средини и зголемен бројот на жени во руралните средини | | |
| **2. Обезбедување на подобрени услови при рангирањето на инвестициони проекти предложени од страна на жена** носител на земјоделско стопанство | | | | | | | - Преференцијалните услови во корист на руралната жена вклучени во Програмата за ФПРР и ИПАРД програмата<br>- Поголем број на жени носители на ЗС корисници на политиките на поддршка | МЗШВ и АФПЗРР | / |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **3.5 Заживување на депопулационите рурални подрачја** | | | | | | | | |
| **1. Подготовка на законско решение за ревитализација на региони** формирани од недостапни, заостанати и депопулациони рурални заедници преку следниве активности: | | | | | | | Започнати активни политики за ревитализација на овие региони и подбрена состојбата во однос на извршување на економски активности и миграции | МЗШВ, техничка поддршка | 240.000 €/ Извор: Донаторска поддршка |
| - Подготовка на најмалку три студии со сеопфатни економско-социјални анализи за потенцијалите за развој, анализа на оправданоста за дефинирање засебни решенија и избор на регион за кој ќе се донесе посебен закон (одлука на ВРМ) | | | | | | | - Подготвени студии за три региони<br>- Донесена одлука од страна на ВРМ за избор на регионот за кој ќе се прави закон | “ | “ |
| - Подготовка на законско решение за едно од подрачјата (опционо зависно од одлука на ВРМ) | | | | | | | Подготвено и донесено законското решение за избраниот регион | МЗШВ, интер-министерска работна група | “ |
| - Спроведување на политиките пропишани со закон (опционо зависи од донесување на законот) | | | | | | | Реализирани активности согласно законско решение | Надлежни институции | Износ дефиниран согласно вклучени политики во законот/ Извор: Буџети на надлежни институции |
| **2. Подобрување на одржливоста на традиционалниот начин на производство и преработка на земјоделските производи, пред се на млекото,** преку: | | | | | | | Продолжување на традиционалниот начин на производство под гарантирани услови за обезбедена безбедност на храната | | |
| - Правна дерогација во спроведувањето на барањата за безбедност на храна кај традиционалните млечни производи и утврдување на минималните барања за безбедност на производите со традиционален карактер | | | | | | | - Релевантните законски и подзаконски акти од областа на безбедноста на храната уредени во насока на дерогација на барањата за безбедност за традиционалните производители | МЗШВ, АХВ, претставници од секторот | / |
| - Обезбедување на поддршка со дополнителни поволности за инвестициите за специјализирани погони во високопланиски подрачја (мандри) во типизирани објекти кои ги задоволуваат неопходните барања за безбедност на производите | | | | | | | - Мерките на поддршка за инвестициите за специјализирани погони во високопланиски подрачја за исполнување на минималните барања според закон уредени со дополнителни поволности во Законот за | МЗШВ, АФПЗРР | Начинот и износот на поддршка дефиниран дополнително/ Извор: Буџет на АФПЗРР |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | ЗРР и вклучени во Програмата и уредбата за ФПРР за 2016 година<br>- Традиционалните високопланински капацитети усогласени според стандардите | | |
| - Овозможување на легализација на објектите кои преработуваат традиционални производи | | | | | | | | - Обезбедена институционална и советодавна поддршка на субјектите кои преработуваат традиционални производи за легализација на производните објекти | МЗШВ | / |
| - Спроведување на програми за едукација на специјализираните мали погони за преработка на млеко во однос на примена на стандардни технологии и неопходните посебни барања за безбедност на храна. Активноста ќе се реализира како проект финансиран од донаторска помош | | | | | | | | - Спроведени програми за едукација на специјализираните мали погони за преработка на млеко со постигнување на дерогираните услови преку признатите организации<br>- Подобрено знаење на производителите за безбедноста на храната и додадена вредност на нивните производи | МЗШВ, техничка поддршка и признати организации | 150.000 €/ Извор: Реализирано како проект финансиран од донаторска поддршка |
| **3. Обезбедување на дополнителна помош за вршење на земјоделска дејност од 15% повисоки директни плаќања, повисок степен на кофинансирање на инвестиционите проекти и обезбедување на поволност во рангирањето на проекти поднесени од носител на ЗС од подрачјата со ограничени можности за земјоделска дејност**. Интензитетот на јавната помош ќе изнесува 60% за инвестиции промовирани во планински области и 65% за инвестиции во планински области што ги промовираат млади земјоделци | | | | | | | | - Преференцијалните услови во корист на производителите од подрачјата со ограничени можности вклучени во националните програми за финансиска поддршка и ИПАРД програмата<br>- Обезбедена одржливост на земјоделските активности во подрачјата со ограничени можности за земјоделска дејност | МЗШВ и АФПЗРР | Дополнителните износи на поддршка вклучени во националните програми за финансиска поддршка и ИПАРД програмата/ Извор: Буџет на АФПЗРР и ИПАРД |
| Специфична цел | 4 Континуиран пристап до знаењето и инвестирање во човечкиот капитал во земјоделството | | | | | | | | | |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **4.1 Воспоставување на ефикасен советодавен систем во земјоделството** | | | | | | | | | |
| **1. Правно регулирање на воспоставувањето на советодавен систем во земјоделството.** Во насока на правно регулирање на воспоставувањето на Советодавниот систем во земјоделството во РМ ќе се донесе системски Закон за советодавниот систем во земјоделството во РМ кој ќе ги опфати областите од предвидената реформа и ќе се измени и дополни Законот за основање на АПРЗ (во делот на усогласување со сегашниот правен статус на институцијата, потребите реструктурирањето на АПРЗ и зајакнување на координацијата со МЗШВ и научно-истражувачкиот сектор) | | | | | | | | - Закон за советодавен систем во земјоделството во РМ, измени на ЗЗРР и на Законот за основање на АПРЗ и подзаконски акти од Законот за советодавен систем објавени во Сл. весник на РМ | МЗШВ, АПРЗ, техничка поддршка | 948.750 €/ Извор: ИПА Проект за LIDER и поддршка за Советодавен систем во земјоделството во Република Македонија (дел од проектни активности) и Буџет на МЗШВ |
| **2. Дефинирање на советодавните услуги кои се дел од системот на советодавни услуги по области.** Согласно целите и политиките на НСЗРР и идентификуваната потреба за | | | | | | | | - Годишна уредба врз основа на ЗЗРР објавена во Сл.весник | “ | “ |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| советодавна поддршка во нивна имплементација, ВРМ на предлог на МЗШВ на годишна основа ќе ги одредува: изборот на државно-финансираните советодавни услуги по области и соодветниот процент на поддршка, типот на давателите на услуги за дефинирани советодавни услуги, износот и висината на советодавната услуга | | | | | | | | | | |
| проширен опфатот на расите, и тоа за оние за кои ќе бидат обезбедени институционални услови за уматичување и регистрација | | | | | | | | - Обезбедени дополнителни приходи на одгледувачите на македонски автохтони раси на животни и стимул за понатамошно производство | | |
| **2. Зголемување на процентот на кофинансирање на 70 % за набавката на автохтони видови или раси од признати домашни одгледувалишта** | | | | | | | | - Законот за ЗРР изменет заради уредување на поголемиот интензитет на кофинанирање од 70% и можност за дополнителната поддршка<br>- Дополнителни директни плаќања вклучени во Програмата и уредба за ФПРР од 2015 г. | МЗШВ | Зголемување на износот на мерката за 5% во 2015 г. и по 10% годишно во следниот период / Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **3. Финансирање на заштитата на биодиверзитетот од ИПАРД програмата.** Финансирањето ќе се реализира после 2017 година откако ќе се обезбеди акредитација на Мерката Зачувување на локалните загрозени видови на животни и растенија за заштита на биодиверзитетот вклучително на локалните раси Праменка и Буша, и автохтоната сорта на винова лоза Станушина како дел од Агроеколошката Програма | | | | | | | | - Мерката за Зачувување на локалните загрозени видови на животни и растенија за заштита на биодиверзитетот акредитирана во 2016 година<br>- Финансирање на заштитата на биодиверзитетот од ИПАРД програмата после 2017 година | МЗШВ, АФПЗРР | Согласно алокација на средства за мерката во ИПАРД програмата/ Извор: ИПАРД |
| **4. Поддршка на оддржување на колекционите насади на сорти и автохтони популации** кои се во употреба и се барани на пазарот (куртовска капија, бучински, јабучар, тетовски грав), но во фаза на исчезнување поради недоволната количина или недостатокот на квалитетен семенски материјал. Поставувањето на селекциски и семепроизводни парцели организирани под надзор на стручните научно-истражувачки институции ќе биде поддржано од донаторски средства, а долгорочно од наменска буџетска програма до покривање на поголем дел од трошоците од продажба на семето | | | | | | | | - Избрани традиционални сорти и локални популации според генетска типизација и степен на сличност<br>- Поставени селекциски и семепроизводни парцели организирани под надзор на стручните научно-истражувачки институции<br>- Обезбедено семепроизводство од колекционите насади на сорти и автохтони популации<br>- Поддршка на оддржување на колекционите насади на сорти и автохтони популации од наменска буџетска програма и сопствени приходи | МЗШВ, научни истражувачки институции, техничка поддршка | 650.000 €/ Извор: Проект финансиран од донаторска поддршка |
| **5. Обезбедување на дополнителна финансиска подршка за одгледување на насади од автохтоните сорти** во висина до 30 % од висината на основните директни плаќања | | | | | | | | - Мерката за дополнителна финансиска поддршка за одгледување на насади од автохтоните сорти вклучена во Програмата и уредбата за ФПЗ и реализирана<br>- Обезбедени дополнителни приходи на одгледувачите на насади од автохтоните сорти и стимулирани за понатамошно производство | МЗШВ, АФПЗРР | 1 мил.денари годишно/ Извор: Буџет на АФПЗРР |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **6.5 Ефикасно справување со отпадот од земјоделско производство, производство и употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството** | | | | | | | | | |
| **1. Пилотирање на систем за ефикасното справување на растителните остатоци кои преставуваат отпад во** | | | | | | | | Започнати активности за ефикасното справување на растителните остатоци кои | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **овоштарско и лозарско производство,** преку спроведување на следниве активности: | | | | | | | | преставуваат отпад во овоштарско и лозарско производство | | |
| - Подготовка на студија за исплатливост со дефинирање на елементи на системот за управување со отпадот вклучително избор на пилот регион за спроведување на активностите, модел за избор на операторот и типот на поддршката | | | | | | | | - Студијата за исплатливост подготвена<br>- Избран пилот регионот за спроведување на активностите, моделот за избор на операторот и типот на поддршката | МЗШВ, техничка поддршка | 400.000 €/ Извор: Проект финансиран од донаторска поддршка |
| - Реализација на активностите за воведување на систем на управување со отпад од овоштарско и лозарско производство во најмалку еден регион во државата | | | | | | | | Реализирани активности за воведување на систем на управување со отпад од овоштарско и лозарско производство во најмалку еден регион во државата зависно и согласно анализата на исплатливост | “ | “ |
| **2. Инфраструктурно уредување на складиштењето на арското ѓубре кај сточарски стопанства на национално ниво** | | | | | | | | Уредено складиштењето на арското ѓубре кај поголемите сточарски стопанства на национално ниво | | |
| - Идентификација на големината на потребните инвестиции на национално ниво, и по потреба изменети законски одредби во насока на реализација на инвестициите со вметнување на задолжителноста и степенот на финансирање на инвестициите | | | | | | | | Направена анализа за идентификација на големината на потребните инвестиции на национално ниво и по потреба изменети Законот за ЗРР и други акти | МЗШВ, техничка поддршка | 500.000 €+3 мил.€/ Извор: ИПА или друга донаторска поддршка и ИПАРД програма за инвестициите |
| - Подготовка на проектна градежна документација | | | | | | | | Проектната градежна документација комплетирана во фази | “ | “ |
| - Реализација на инвестициите во изградба на капацитети за складирање на арското ѓубриво. Кофинансирањето на инвестициите преку ИПАРД програмата ќе реализрано со висок процент на интензитет на поддршката (до 100%) | | | | | | | | Инвестициите во изградба на капацитети за складирање на арското ѓубриво постапно реализирани во целата држава | “ | “ |
| **Употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството и енергетска ефикасност во земјоделското производство** | | | | | | | | | | |
| **3. Обезбедена финансиска поддршка за кофинансирање на инвестициите за употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството и енергетска ефикасност во земјоделското производство** | | | | | | | | - Мерките за кофинансирање на инвестициите за употреба на обновливи извори на енергија во земјоделството и енергетска ефикасност во земјоделското производство вклучени во националната Програма за ФПРР и ИПАРД програмата и релализирани<br>- Заштеда на трошоци за енергија на земјоделските стопанства | МЗШВ, АФПЗРР | Износите вклучени во мерки од националната Програма за ФПРР и ИПАРД програмата/ Извор: Буџет на АФПЗРР и ИПАРД |
| **Мерки и активности за област на интервенција** | **6.6 Прилагодување на земјоделскиот сектор кон климатските промени** | | | | | | | | | |
| **1. Мерки и активности согласно листа на усвоени мерки со Третата национална комуникација кон UNFCCC** | | | | | | | | | | |
| **Политики на поддршка за осигурување на земјоделското производство** | | | | | | | | | | |
| **2. Обезбедена финансиска поддршка за кофинансирање на трошоците за полисата за осигурување на земјоделските капацитети** од основни ризици во висина од 60% за дефинирани земјоделски култури и со максимални осигурани | | | | | | | | - Мерката за финансиска поддршка за кофинансирање на трошоците за полисата за осигурување вклучена во Програмата и уредбата за ФПЗ и реализирана | МЗШВ | 40 мил. денари со прилагодување на износот во периодот според интересот на корисниците/ Извор: Буџет на |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| површини по корисник | | | | | | | | - Зголемен број на земјоделци со осигурано производство | | АФПЗРР |
| **3. Проширување на опфатот на осигурувањето и на дополнителните ризици** со осигурителна полиса која ги покрива "сите ризици" кои може да предизвикаат штета на приносот од климатски, природни и биолошки опасности | | | | | | | | - Понудени поволни услови за осигурување преку новиот модел на покривање на сите ризици со индексно осигурување<br>- Подобрена сигурноста и извесноста на земјоделското производство | Проект за развој на осигурителен пазар од катастрофални ризици | Износ на средства како контрибуција на државата вклучени во Регионалниот фонд за реосигурување Еуропа Ре |
| **4. Зајакнување на институционалниот капацитет на водечките институции за справување со климатските промени** во насока на успешно спроведување на мерките од Третата национална комуникација кон UNFCCC во националните политики | | | | | | | | - Транспонирани мерки од Третата национална комуникација кон UNFCCC во националните политики и редовно следена нивна имплементација<br>- Реализирани обуки на водечките институции за справување со климатските промени | МЗШВ, УХМР, техничка подршка | 350.000 УСД/ Извор ФАО, Проект за прилагодување кон климатски промени |
| **СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2020** | | | | | | | | | | |
| **1. Ажурирање на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2013-2017 на половината од нејзиното спроведување** | | | | | | | | Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2013-2017 ажурирана согласно НСЗРР | МЗШВ, техничка поддршка | 40.000 €/ Извор: Проект финансиран од донаторска поддршка |
| **2. Донесување на нова Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022** | | | | | | | | Донесена Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 | " | 80.000 €/ Извор: Проект финансиран од донаторска поддршка |
| **3. Доуредување на надлежностите за политиките во земјоделско-прехрамбениот сектор** преку: | | | | | | | | Доуредени надлежностите за политиките во земјоделско-прехрамбениот сектор во РМ | | |
| - Формализирање на процесот на превземање на надлежностите во земјоделскиот и прехранбениот сектор во една институција - Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство | | | | | | | | Законот за организација и работа на органите на државната управа изменет и дополнет во делот на работите кои ги врши МЗШВ (член 21) | МЗШВ, ВРМ | / |
| - Измени во организационата поставеност на МЗШВ и уредување на описот на работните места врз основа на превземените надлежности | | | | | | | | Изменет акт за организација на МЗШВ | МЗШВ | / |
| **4. Редовно функционирање на мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства во Република Македонија**, преку следниве активности: | | | | | | | | Преку ФАДН системот редовно следење на економско-финансиското работење на земјоделските стопанства | | |
| - Подготовка на годишен план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства и годишно ажурирање на примерокот согласно планот | | | | | | | | Редовено подготвен годишен селекционен план и годишно ажурирање на примерокот | МЗШВ | / |
| - Одржување на софтвер за ФАДН | | | | | | | | Непречено функционирање на софтверот во поддршка на ФАДН системот | МЗШВ | 0,6-1 милион денари годишно/ Извор: МЗШВ |
| - Прибирање, контрола на квалитетот и обработка на податоци | | | | | | | | Континуирано прибирање, контрола на | МЗШВ, АПРЗ | 1 мил. денари годишно/ Извор: |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| од примерок од 600 земјоделски стопанства | | | | | | | | квалитетот и обработка на податоците | | Буџет на МЗШВ |
| - Прибирање, контрола на квалитетот и обработка на податоци од зголемен број на опфатени земјоделски стопанства во репрезентативниот примерок | | | | | | | | Континуирано прибирање, контрола на квалитетот и обработка на податоците од зголемен бројот на стопанства | МЗШВ, АПРЗ | 2 мил. денари годишно/ Извор: Буџет на МЗШВ |
| - Имплементација на новите измени во ЕУ Регулативата за ФАДН во националниот ФАДН системот и подобрување на квалитетот на податоците (креирање на нови тестови) | | | | | | | | Потполно усогласен националниот ФАДН систем со ЕУ ФАДН систем и подобрен квалитет на податоците | МЗШВ, АПРЗ, техничка поддршка | 1,2 мил €/ Извор: ИПА Проект за ЗИС (дел од проектните активности) и друга ИПА техничка поддршка |
| - Подобрување на употребата на податоците од системот преку редовни презентации на резултатите од ФАДН наменети за различите корисници и користење на податоците во процесот | | | | | | | | - Редовни презентации на резултатите<br>- Подобрена употребата на податоците од системот за анализа на земјоделската | " | " |
| на анализа на земјоделската политика | | | | | | | | политика | | |
| - Надоградување на институционалниот капацитет на вработените во системот на ФАДН преку реализација на обуки и работилници | | | | | | | | Учество на вработените на PACIOLI конференцијата за ФАДН и др. настани | МЗШВ, АПРЗ | 350.000 денари годишно/ Извор: Буџет на МЗШВ и донаторски проекти |
| **5. Редовно функционирање на Земјоделскиот пазарен информативен систем**, преку следниве активности: | | | | | | | | Обезбеден тековен увид во пазарите со земјоделски производи преку ЗПИС | | |
| - Обезбедување на редовно собирањето на пазарните податоци и информации од сите репортери и сите пазари вклучени во системот, и проверка на квалитетот и веродостојноста на податоците | | | | | | | | Континуирано собирање на пазарните податоци од репрезентативни пазари | МЗШВ | 500.000 денари годишно/ Извор: Буџет на МЗШВ и 120.000 €/ ИПА Проект за ЗИС во износ од 700.000 € (дел од проектните активности) и друга ИПА техничка поддршка |
| - Реализирање на постојани обуки за јакнење на капацитетот и вештините на репортерите, за надминување на евидентираните слабости и обуки при воведување на подобрувања на системот | | | | | | | | Реализирани постојани обуки за јакнење на капацитетот и вештините на репортерите | МЗШВ, техничка поддршка | " |
| - Организирање на редовна промоција и обуки за корисниците на пазарните податоци за деловните и други субјекти | | | | | | | | Реализаирани промоции и обуки за корисниците на пазарните податоци | МЗШВ | " |
| - Подобрување на пристапот до податоците за корисниците со редовно објавување на неделни и месечни извештаји за одредени групи на производи со актуелни пазарни информации и со идните движењата на цените на земјоделските пазари, и дневни податоци поврзани со сезонскиот карактер на производите | | | | | | | | Објавување на неделни и месечни извештаји за одредени групи на производи со актуелни пазарни информации<br>Објавување на дневни податоци за дефинирани производи поврзани со сезонскиот карактер на производите | МЗШВ | " |
| - Подобрување на институционалниот капацитетот на системот во неговиот придонес во креирањето на земјоделската политика во делот на пазарните податоци преку правилно анализирање на податоците, следење и предвидување на трендови и презентирање на наодите во опции на политиката | | | | | | | | Подобрена употребата на податоците од ЗПИС за анализа на земјоделска политика | МЗШВ, техничка поддршка | " |
| **6. Континуирано подобрување на земјоделските статистики** преку следниве активности: | | | | | | | | Подобрен квалитет и усогласеност на податоците и размена помеѓу институциите | | |
| - Воспоставување на работни групи во четири клучни области | | | | | | | | Воспоставени 4 меѓуинституционални | МЗШВ, ДЗС и | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на земјоделските статистики | | | | | | | работни групи | др. инсттиуции | |
| - Подготовка на акциски планови на работните групи со активности за подобрување на квалитет на податоците, усогласување на веродостојноста на исти податоците од различни извори, подобрена размена на помеѓу институциите | | | | | | | Подготвени акциски планови на работните групи | “ | ИПА Проект за ЗИС во износ од 700.000 € (дел од проектните активности), друга ИПА техничка поддршка и буџети на вклучени институции |
| - Реализација на акциските планови на работните групи | | | | | | | - Реализирани активности по акциските планови на работните групи | “ | “ |
| **7. Обезбедување на функционална оддржливост на процесот на евидентирање на земјоделските стопанства и ажурирање на нивните податоците во Единствен регистар на земјоделски стопанства и упис на графичките податоци за обработливите површини во Системот за идентификација на земјишните парцели**. Покрај тековно спроведување на редовните активности ќе се овозможи и: | | | | | | | Контиунирано внесени податоците за земјоделските стопанства во ЕРЗС и СИЗП и ажурирани | МЗШВ | Финансирано со редовни буџетски средства на МЗШВ и/или вклучените институции намените за функционирање на системите |
| - Редовно одржување и надградување на Интегрираниот ЕРЗС/СИЗП систем, како и ИСАК софтверот на АФПЗРР за спроведување на идните измени на политиките на директни плаќања за вкрстена сообразност и агроеколошките мерки, и спроведувањето на политиките за РР и ИПАРД програмата | | | | | | | Редовно обезбедено одржување и надградување на Интегрираниот ЕРЗС/СИЗП систем, како и ИСАК софтверот на АФПЗРР | МЗШВ, АФПЗРР, софтверска компанија | “ |
| - Постигнување на целосна интероперабилност помеѓу елементите од ИСАК со поврзувањето на базата на податоци од системот за идентификација и регистрација на животни со ЕРЗС | | | | | | | Постигната целосна интероперабилност помеѓу елементите од ИСАК вклучително и со базата на податоци од системот за идентификација и регистрација на животни | МЗШВ, АХВ, АФПЗРР | “ |
| - Електронско поднесување на единственото барање за финансиска поддршка и воведување на можност за поднесување на барање по интернет | | | | | | | - Електронско поднесување на единственото барање за финансиска поддршка<br>- Поднесување на барање по интернет | АФПЗРР | “ |
| - Анализа на функционирањето и усогласеноста на спроведување на постапките и процедурите на интегрираниот систем за администрирање и контрола на политиките на поддршка | | | | | | | Направена анализа на функционирањето и усогласеноста на спроведување на постапките и процедурите на ИСАК и идентификувани чекори за корекција | МЗШВ, техничка поддршка | ИПА Проект за надградба на ЗИС во износ од 700.000 € (дел од проектните активности) |
| - Континуирано зајканување на човечкиот капацитет во МЗШВ, АФПЗРР и АХВ за одржување на базите и регистрите кои се дел од Земјоделскиот информативен систем, и потесно дел од Интегрираниот систем за администрација и контрола. Во таа насока потребно е пополнување на неколку позиции во МЗШВ задолжени за одржување на постоечките системи и нивно надградување и соодветно решавање на статусот на постојните вработени со понизок степен на образование | | | | | | | - Вработени дополнителен број на ИТ позиции во МЗШВ и соодветно решен статусот на постојните вработени со понизок степен на образование | МЗШВ, АФПЗРР и АХВ | Буџет на РМ – дополнителни средства за вработување и унапредување |
| **8. Надградување на СИЗП** преку следниве конкретни активности: | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Обезбедување на нови воздушни снимки на територијата на Република Македонија, производство на гео-референцирани ортофото карти, иницијален слој на дигитализација на физичките блокови и дигитален теренски модел и контрола на квалитетот на новите податоци | | | | | | | | Обезбедени нови воздушни снимки на територијата на РМ, производени гео-референцирани ортофото карти, иницијален слој на дигитализација на физичките блокови и ДТМ и контрола на квалитетот на новите податоци | МЗШВ, техничка поддршка | 700.000 €/ Извор: ИПА финансиран Проект за надградба на СИЗП |
| - Усогласување на постоечките дигитализирани податоци за парцелите преку консултација со земјоделците | | | | | | | | Корегирани или внесени нови дигитализирани податоци за парцелите преку консултација со земјоделците | МЗШВ, техничка поддршка | Средства од ИПА финансиран Проект за надградба на СИЗП и редовни буџетски средства на МЗШВ |
| - СИЗП базата на податоци редовно ажурирана со нови информации од промените пријавени од страна на земјоделците и од страна на контролорите на АФПЗРР од лице место | | | | | | | | СИЗП редовно ажурирани со нови информации од промените пријавени од страна на земјоделците и од страна на АФПЗРР контролорите од лице место | МЗШВ | Редовни буџетски средства на МЗШВ за функционирање на системите |
| - Утврдување на точната употреба на земјоделското земјиште идентификувано во СИЗП како претежно лозови насади и земјоделско земјиште под долгогодишни насади - овошни и лозови преку подетална идентификација со новите податоци и теренски посети | | | | | | | | Идентификувана точната употреба на земјоделското земјиште кое се води како претежно лозови насади и земјоделско земјиште под долгогодишни насади - овошни и лозови | МЗШВ | “ |
| - Надградба на СИЗП со нови податоци за спроведување на новите агроеколошки мерки и подготовка "greening" концептот, вклучително финализација на комплетен слој на дигитализирани пасишта на целата територија на државата врз основа на новите ортофото карти, и производство на нов или надграден слој за еколошки области – EFAs | | | | | | | | Внесени нови слоеви на податоци за спроведување на новите агроеколошки мерки и подготовка "greening" концептот | МЗШВ | Средства од Проект за СИЗП финансиран од ИПА финансиран Проект за СИЗП и редовни буџетски средства на МЗШВ за функционирање на системите |
| - Анализа за можностите за промена на пристапот на употреба на СИЗП парцелите како основа за пријавување за финансиска поддршка | | | | | | | | Направена анализа за можноста за промена на системот | МЗШВ | “ |
| - Зголемување на човечките ресурси од моменталните два на најмалку пет постојано вработени во одделението за идентификација на земјишни парцели | | | | | | | | 3 нововработени во одделението за идентификација на земјишни парцели | МЗШВ, МФ | Износ пресметан во масата за плати и продонеси/ Извор: Буџет на РМ |
| **9. Зајакнување на институционалниот капацитет на релевантните институции за политиките за земјоделство, руралниот развој и безбедноста на храната согласно плановите за нови вработувања во секоја институција засебно** | | | | | | | | - Пополнети нови или испразнети работни места<br>- Обучени нови вработени<br>- Изменета и подобрена систематизација на работни места | Институции за политиките за земјоделство, РР и безбедност на храната | Согласно буџетите на секоја институција засебно |
| **10. Следење на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020** | | | | | | | | | | |
| - Реализација и редовно следење на краткорочните активности од Оперативниот план на стратегијата за периодот 2014 и првата половина од 2015 година кои ќе бидат презентирани во форма на заклучоци до Владата на Република Македонија | | | | | | | | Активностите за периодот 2014 и првата половина од 2015 година реализирани според заклучоците и ВРМ информирана за напредокот | МЗШВ | Согласно предвидените средства во НСЗРР и буџетите за 2014 и 2015 година |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Правно уредување на постапките на проценка на спроведувањето на националната стратегија и нејзиното ажурирање на половината од стратешкиот период во Законот за ЗРР | | | | | | | | Законот за ЗРР изменет за уредување на постапките на проценка на спроведувањето на националната стратегија и нејзиното ажурирање | МЗШВ | / |
| - Редовно следење на спроведувањето на стратегијата преку годишни информации до ВРМ подготвени од страна на МЗШВ до крајот на тековната година | | | | | | | | Годишни информации доставени до ВРМ за следење на спроведувањето на стратегијата | МЗШВ | / |
| - Поставување на систем на мониторинг и евалуација на реализација на поставените резултати и индикаторите во стратегијата, и анализа на квантитетот и причините за остапувањата | | | | | | | | Поставен функционален систем за редовен мониторинг и евалуација на реализација на планираните резултати и индикатори и обучени вработени во Секторот за анализа | МЗШВ | 200.000 €/ Извор: Проект финансиран од донаторска поддршка |
| - Анализа на исполнетоста на реализација на стратегијата и ефектите од спроведените политики на половината од периодот на реализација и ажурирање на текстот од стратегијата | | | | | | | | Ревизија на исполнетоста на реализација на стратегијата и ефектите од спроведените политики на половината од периодот на реализација<br>Ажурирање на текстот од стратегијата | МЗШВ | “ |
| **11. Дефинирање на приоритетни обуки, дообуки, анализи, предвидувања, истражување, прибирање на податоци итн за потребите на формулирање и спроведување на земјоделските политики кои ќе бидат обезбедувани преку овластување за јавни услуги** на високо-образовните и научо-истражувачки институции во нивна надлежност преку следниве активности: | | | | | | | | Подобрен квалитетот на земјоделските политики | | / |
| - Промена на Законот за ЗРР за уредување на постапките на овластување на високо-образовните и научо-истражувачки институции за обезбедување на јавни услуги во дефинирани области | | | | | | | | - Законот за ЗРР изменет за уредување на постапките на овластување на високо-образовните и научо-истражувачки институции за обезбедување на јавни услуги во дефинирани области | МЗШВ | / |
| - Овластени јавни услуги на високо-образовни и научо-истражувачки институции за дефинирани услуги | | | | | | | | - Овластени јавни услуги на високо-образовни и научо-истражувачки институции за дефинирани услуги | МЗШВ, Овластени институции | |
| - Реализација на приоритетни обуки, дообуки, анализи, истражување, прибирање на податоци итн преку овластените организации | | | | | | | | - Реалирани јавните услуги во делот на формулирање и спроведување на земјоделските политики (обуки, дообуки, анализи, предвидувања, истражување, прибирање на податоци, итн) | МЗШВ, Овластени институции | 5 милиони денари годишно/ Буџет на МЗШВ и АФПЗРР |

# ПРИЛОЗИ

**Прилог 1. Структура на исплатени средства по политики и подсектори за периодот 2007-2013 година**

| Подсектор/година | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2.012 | 2.013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поледелство и градинарство | 210.837.531 | 494.999.968 | 765.222.496 | 961.005.949 | 1.045.718.488 | 1.043.531.920 | 1.064.522.528 |
| Лозарство и овоштарство | 41.056.595 | 391.499.055 | 702.211.669 | 1.114.321.044 | 1.176.469.961 | 983.023.681 | 816.019.140 |
| Тутун | | 491.199.778 | 725.619.919 | 1.392.772.796 | 1.582.514.322 | 1.259.426.637 | 1.678.160.862 |
| Производство на семенски и саден материјал | 1.430.000 | 435.000 | 38.560.955 | 49.205.233 | 39.271.067 | 32.422.184 | 34.031.749 |
| Агрохемиски или педолошки анализи на почвата | | | 4.000 | 6.077.748 | | | |
| Говедарство | 413.046.968 | 651.328.541 | 664.409.452 | 832.211.786 | 869.037.567 | 831.029.554 | 923.879.601 |
| Овчарство | 222.194.860 | 327.123.983 | 597.417.347 | 710.783.979 | 647.735.353 | 680.530.119 | 723.550.485 |
| Козарство | 15.016.100 | 32.315.278 | 38.509.071 | 45.820.227 | 39.242.972 | 45.928.006 | 60.503.200 |
| Свињарство | 47.233.050 | 79.922.500 | 103.726.438 | 126.676.238 | 113.637.700 | 87.792.900 | 92.087.600 |
| Живинарство | 7.127.318 | 7.347.768 | 24.791.242 | 30.873.949 | 21.233.217 | 14.292.305 | 28.677.574 |
| Пчеларство, одгледување ноеви, полжави | 1.328.400 | 56.152.415 | 82.926.472 | 111.286.597 | 99.171.393 | 85.854.878 | 100.774.142 |
| Стандарди за безбедност во земјоделско производство и контрола на квалитет | 2.259.921 | 2.600 | 3.245.782 | 3.457.873 | | | |
| Органско земјоделско производство | | 27.919.791 | 41.756.865 | 95.145.045 | 59.486.727 | 27.795.845 | |
| Државна помош во земјоделството (општи мерки) | 25.148.958 | 82.413.070 | 209.843.407 | 21.058.371 | 49.339.461 | 153.836.290 | 56.970.466 |
| **Програма за финансиска поддршка во земјоделството Реализација на средства** | **986.679.701** | **2.642.659.747** | **3.998.245.115** | **5.500.696.835** | **5.742.858.228** | **5.245.464.319** | **5.579.177.347** |
| **Рибарство и аквакултура** | 5.717.899 | | 10.574.438 | 27.550.340 | 35.338.702 | 46.164.861 | 33.564.745 |
| **Рурален развој** | 75.000.000 | 132.199.966 | 294.467.842 | 199.826.976 | 4.282.424 | 140.410.964 | 488.098.444 |
| **Вкупно реализирано средства за финансиска поддршка МКД** | 1.067.397.600 | 2.774.859.713 | 4.303.287.395 | 5.728.074.151 | 5.782.479.354 | 5.432.040.144 | 6.100.840.536 |
| **Вкупно реализирано средства за финансиска поддршка €** | 17.356.059 | 45.119.670 | 69.972.153 | 93.139.417 | 94.024.055 | 88.325.856 | 99.200.659 |

## Прилог 2. Области на советодавните услуги покриени со Советодавниот систем во земјоделството во Република Македонија

1. Усогласеност со барањата за вкрстена сообразност и употреба на методи на добра земјоделска и еколошка пракса во земјоделско производство кои овозможуваат зачувување на квалитетот на почвата и водите
2. Примена на подобрени производни практики, технологија и воведување на иновации во растителното и сточарско земјоделско производство (особено во насока на зголемување на продуктивноста), извршување на други економски активности во руралните средини, маркетингот и подобрување на квалитетот на земјоделските производи
3. Реструктуирање на земјоделските стопанства и преминување во повисоки развојни категории
4. Започнување на земјоделски активности од страна на млад земјоделец
5. Одржлив развој на економските активности на малите земјоделски стопанства и диверзификација на економските активности
6. Организирање и здружување на земјоделските стопанства на пазарна основа
7. Организација и олеснување на реализацијата на интегрираните проекти за зајакнување на синџирот на вредност на земјоделските производи
8. Олеснување на пристапот на корисниците до политиките на поддршка во земјоделството и руралниот развој, и до останати фактори на производство (земјоделско земјиште, капитал и работна сила)
9. Подобрено управување со земјоделското стопанство, вклучително сметководство на земјоделско стопанство
10. Правилна примена на обврските од агроеколошките мерки на рурален развој прилагодување на земјоделското производство кон условите на опкружувањето, климатските промени и движењата на пазарите
11. Обезбедување на безбедност на храната, здравје на растенијата и интегрирано управување со штетниците, здравје и благосостојба на животните
12. Заштита на здравјето и животот на луѓето при извршување на земјоделските активности
13. Подобрување на општите услови на живот во руралните средини, особено во области со ограничени услови на производство
14. Други минимални законски барања кои треба да ги спроведе земјоделското стопанство или приоритети насочени кон развојот на земјоделското стопанство кои се идентификувани од страна на носителите на земјоделската политика, од земјоделското стопанство, формите на здружување на земјоделците или единиците на локална самоуправа.

**Приоритетни области за советодавни пакети за периодот 2014-2020 година**

- *Минималните потребни знаења и искуство за одгледување на пчелни семејства по принципите на Добрата пчеларска практика* со што се намалуваат ризиците за појава на загуби на пчелните семејства и добивање пчелни производи со потребниот квалитет.
- *Теоретско-практични обуки за подигнување на свеста кај одгледувачите на медоносни пчели за практикување на принципите на Добрата хигиенска практика*.
- *Обуки за пчеларите за нивно оспособување за следење на нивото на инвадираност со крлеж* и одредување на ефектот од употребата на средства за третирање, вклучително и органски.
- *Теоретско-практична обука за пчелари - почетници* (задолжителна)
- *Подобрување на исхраната, негата, хигиената и микроклиматските услови за одгледување на говедата*.
- *Примена на нови современи технологии во производство на млеко и говедско месо, стандарди за безбедност на храната, подобрување на квалитетот на млекото*. За семејните одгледувачишта со мал број на говеда, покрај генетскиот квалитет на говедата, поголем проблем претставува неправилното одгледување, исхрана и профилакса кај говедата. Покрај селекцијата на приплодните говеда, оптимализацијата на оброците за говедата, исхрана на говедата според типот и нивото на производство и соодветна микроклиматска и ветеринарна превентива, во голема мерка треба да ги намалат производните трошоци и подобрување на млечноста и гојноста за 20 до 40%.
- *Едукација на фармерите за правилна, односно избалансирана-оптимализирана, исхрана заради подобрување на хемискиот состав на млекото*, односно количеството на протеини и безмаслена сува материја, како битни фактори во формирањето на цената и квалитетот на млекото (со примена на аналитичниот пристап од секоја фарма поединачно).
- *Аспекти во делот на безбедноста, квалитетот и продуктивноста во млекопроизводството*
- *Програми за едукација и промоција на производителите за значењето и процедурите за заштита на млечните производи* посебно во руралните средини (заштита на производите со географски ознаки, традиционални специјалитети или како органски млечни производи и сл);
- *Примена на фармски пракси за ублажување на сезонската понуда на млеко и јагнешко месо*
- *Примена на соодветен избор на сорти на жита за одреден производен регион, начин на примена на агротехника во насока на зголемување на приносите и употреба на сертифициран семенски материјал*, и примена на постојаните законски одредби за квалитет и безбедност на храната.

- *Конверзија на производство на интензивни култури на мали површини особено во услови на производство без наводнување во други попрофитабилни култури кои генерираат поголеми приходи од ограничени површини* – житни култури во градинарски, овошни лозови или индустриски растенија отпорни на суша.
- *Производство на сончоглед како втора култура* во услови на наводнување, користење на хибриди и сорти со кратка вегетација како пострни посеви и сеидба која се одвива веднаш по жетва на есенските жита. Оваа технологија би овозможила зголемување на искористеноста на системите за наводнување, а би вовела и две нови технологии како што се no-tillage и капковото наводнување кај поледелските култури.
- *Примена на земјоделски практики во производството на грозје насочени кон квалитетот на произведеното грозје наместо кон квантитет и соодветна манипулација на винското грозје при берба.* Обуките и информативни кампањи ќе се однесуваат на надминување на несоодветната берба и ракување со грозјето во испораката до винарските визби (често пати грозјето се доставува до подрумите еден ден по бербата што му штети на квалитетот на грозјето и доведува до неконтролирана ферментација), што понатаму се одразува и на квалитетот и конзистентноста на конечниот производ - виното.
- *Запознавање на придобивките од примена на нови производни технологии во градинарството и овоштарството*. Промоција нови технологии во производството на отворено и во заштитени простори со цел зголемување на обем и квалитет на производство со пониски трошоци за производство.
- *Правилна доработка и послебербени процеси во градинарсктото и овоштарското производство* за намалување на процентот на производи кои пропаѓаат после бербата, односно не стигнуваат до потрошувачите поради несоодветното постапување. Преку правилно планирање треба да се избегне цикличната хиперпродукција и неможноста за пласман, соодветен избор на сортата во поглед на агротехниката и послебербените процеси (ладење, чување, транспорт и др.), правилен термин и начин на берба, современа и соодветна амбалажа, правилен избор на сортата или видот во однос на вкусот на потрошувачите, соодветен квалитет според важечките стандарди, соодветни објекти и опрема за изведување на послебербените процеси, добро обучен кадар за планирање и изведување на процесите.

## Прилог 3. Предлог научно-истражувачки области и проекти во земјоделството и руралниот развој за периодот 2014-2020 година

Во насока на подготовка на повеќегодишната научно-истражувачка програма за периодот 2014-2020 година, ќе биде анализирана потребата за вклучување на следниве предлог проекти:

### Растително производство

1. **Модернизирање на производство на јаболка со воведување на современи сорти, подлоги и интензивна технологија на одгледување.**
2. **Воведување на интегрален концепт на подигање и одгледување на насади од круша.**
3. **Интродукција и проучување на нови сорти и подлоги од коскести овошни видови** (праска, кајсија, слива, цреша, вишна) со цел осовременување на производството.
4. **Воведување на современи технологии на чување на овошјето** (јаболка, круша, праска, цреша) во мали складишни капацитети.
5. **Воведување на технологии за преработка на овошје во индивидуални капацитети во руралните средини** (сушење на овошјето производство на нови производи од овошје).
6. **Адаптирање на производството кон климатските промени технологии**, особено за заштеда на водата и фертиригација.
7. **Воведување нови селекционерски програми кое ќе овозможат создавање на домашни сорти.** Со ова ќе се овозможи финансирање на домашните научни институции кои преку претходно одобрени проекти од МЗШВ, ќе можат да работат на селекционерски програми за создавање на домашни сорти од различни култури, преку користење на различен генетски материјал, вклучувајќи ги и автохтоните сорти.
8. **Научно-истражувачки активности во примарното тутунско производство.** Истражувањата на почви засадени со тутун со цел да се изврши идентификација на недозволени количини на тешки метали во тутунската суровина и утврдување на прагот на нивната контаминација според законските прописи и според светските стандарди на загаденост, како и систематска контрола на плодноста на почвите засадени со тутун. Заради подобрување на генетската база со создавање и воведување на нови типови на тутун во производството на Република Македонија предвидена е мерка со која се очекува да се подобри и унапреди структурата, квалитетот на тутунските типови, како и да се зголеми производството на тутун. Со цел на зачувување на богатиот генетски материјал од многубројните стари сорти и популации од исчезнување треба да се обезбеди траен механизам на финасирање на ген банката која се наоѓа во Институтот за тутун во Прилеп. Ген банките во принцип

на краток рок се вложувања без профит, но во иднина зачуваниот генетски материјал од нивна страна би имал голема економска и научна вредност.

9. **Селекционирање на сорти афион кои би биле прилагодени на климатски услови во Македонија** со акцент на сортите кои се поприлагодливи на сушни временски услови.

## Сточарство

10. **Истражувања на тестни пчеларници на различни локалитети за одредување на критичното нивото на инвадираност со крлеж**, одредување на ефектот од употреба на соодветни средства за третирање и сузбивање на крлежот, одредување на вистинското време на третирање и утврдување на нивниот ефект. Истражувањата се насочени кон подготовка на Програмата за сузбивање на Варооза кај пчелите и ќе бидат во времетраење од три години.

11. **Истражувања и анализи на состојбата со пчелната паша** за обезбедување на препораки за тоа кои растенија треба да бидат вклучени во Програмата за подобрување и проширување на пчелната паша во времетраење од две години.

12. **Состојби со имплементацијата на потребни знаења и искуства по принципите на Добрата Земјоделска Пракса во сточарското производство** со предлог мерки за поголема примена кај критичните точки

13. **Алтернативни системи на одгледување на живина – можности и ограничувања.** Истражувањето треба да обезбеди насоки и препораки за условите, средствата и постапките за започнување на бизнисот или надградување на веќе посотоечкиот бнизнис на одгледувањето во повисок обем на производство. Во истражувањето ќе бидат вклучени и производни перформанси на автохтоните раси животни во производни системи со висок и низок инпут, со примена на компаративно истражување на приходите од автохтоните и благородните раси на домашни животни заради дефинирање на нивото на приход од автохтоните видови домашни животни кој обезбедува одржливо производство во руралните средини при одгледување во постојните услови

14. **Изработка на студија за обемот и потребите од формирање на репродуктивни одгледувалишта во овчарството и козарството**

15. **Инвентаризација, карактеризација, заштита и конзервирање на биолошката разновидност на автохтоните соеви млечно-кисели микроорганизми низ бачилата во р. Македонија**

16. **Истражување на состојбата на мандрите во насока на задоволување на минималните барања за безбедност на храна** и овозможување на нивна регистрација со предлог мерки за типови на инвестициона поддршка

17. **Оцена на модел на одржлива (профитабилна) говедарска фамилијарна фарма за производство на:**

- **Млеко.** Истражувањето треба да ги постигне следниве цели: изнаоѓање конкретни информации за потребен број млечни крави по фарма, со оптимално производство на млеко по фарма, потребен број хектари на земјоделски површини, број на вработени, потербна механизација, систем на одгледување, молзење, изѓубрување, исхрана, сместување, нега и продажба на млеко во откупни центри, со цел да се оствари профитабилно говедарско производство на фамилијарно ниво, зависно од локацијата (низински или ридско-планински дел).
- **Месо.** Истражувањето треба да ги постигне следниве цели: изнаоѓање конкретни информации за потребен број гојни говеда по фарма, со оптимално производство на месо по гојно јуне до негова финална маса, потребен број хектари на земјоделски површини, број на вработени, најсоодветен систем на гоење според категориите и исхраната, тип на гоење (интензивно, полуинтензивно и екстензивно), исхрана, објекти за сместување, нега и продажба на гојните говеда во откупни кланични капацитети, со цел да се оствари профитабилно говедарско производство на фамилијарно ниво, зависно од локацијата (низински или ридско-планински дел).
- **Комбинирано производство на млеко и месо.** Истражувањето треба да ги постигне следниве цели: изнаоѓање конкретни информации за потребен број млечни крави и гојни говеда по фарма, со оптимално производство на млеко по крава и месо по гојно јуне до негова финална маса, потребен број хектари на земјоделски површини, број на вработени, најсоодветен систем на одгледување млечни крави и системи на гоење според категориите и исхраната, исхрана, објекти за сместување, нега и продажба на кравите, подмладокот и гојните говеда во откупни центри (млекари и кланични капацитети), со цел да се оствари профитабилно говедарско производство на фамилијарно ниво.

**IV.** Оваа стратегија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.